**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ СВ: КИРИЛ И МЕТОДИЈ СКОПЈЕ**

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ

**ИНСТИТУТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ, ОДБРАНА И МИР**

**ПОСЛЕДИПЛОМСКИ СТУДИИ ОД ОБЛАСТА НА БЕЗБЕДНОСТА**

**МАГИСТЕРСКИ ТРУД:**

# Улогата и законските рамки на Специјалните Сили на САД – за борба против тероризмот во националните граници и странство


**Ментор** **Изработил**

**Проф.Др. Митко Котовчевски** **Васе Николовски**


**Скопје 2012 година**

**Скопје 2012 год.**

## С о д р ж и н а

**Вовед** 5 стр.

**1. Специјалните сили на САД 15 стр.**

- 1.1 С А Д (Уводни напомени) 15 стр.

- 1.2 Воено ангажирање со употреба на специјалните сили на Армијата на САД – Вовед 16 стр

- 1.2.1 Зелени Беретки дел од специјалните сили на САД 20 стр.

- 1.2.2 75. Ренџерски полк/Регимента (Rangers) 34 стр.

- 1.2.3 Морнарички Фоки СЕАЛ - (NAVY SEALS) 43 стр.

- 1.2.4 Извидувачки сили на Корпусот на Маринците на САД (United States Marine Corps - USMC Force Reconnaissance - Force Recon) 55 стр.

- 1.2.5 1 ва Специјална сила Оперативен одред – Делта (Падобрански), Делта Форс, Делта одред - 1st Special Forces Operational Detachment-Delta 57 стр

- 1.2.6 160та Авијациска регимента/полк на специјалните сили на САД – (160th SOAR) 75 стр.

- 1.3 Антитерористички единици на американската полиција „SWAT" тимови 77 стр.

- 1.4 Лидерството во специјалните сили на САД 81 стр.

- 1.5 Соработка на специјалните сили на САД со останатите специјални сили на земјите членки на НАТО 86 стр.

- 1.6 Проширувањето на НАТО со земји од Јадранската група – Југоисточна Европа ќе има влијание врз Улогата на специјалните сили на САД. 86 стр.

- 1.7 Дејството на специјалните сили на САД во странство 87 стр.

**2. Тероризам и терористички методи 88 стр.**

- 2.1 Тероризам и терористички методи Вовед 88 стр.

- 2.2 Употреба на терористички методи: неколку примери 96 стр.

- 2.3 Дебата околу терористичките методи 98 стр.
- 2.4 Финансирање на тероризмот 98 стр.
- 2.5 Тероризам спонзориран од државите 113 стр.
- 2.6 Определување на факторите кои придонесуваат за развој на тероризмот 114 стр.

**3. Стратегијата на САД за борба против тероризмот 118 стр.**

- 3.1 Мулти димензионална стратегија 118 стр.
- 3.2 Американската 3Д стратегија за уништување на тероризмот 119 стр.
- 3.3 Тимови за специјален одговор на тероризмот во рамките на војската и полицијата 120 стр.
- 3.4 Системи за раководење со информациите во поддршка на борбата против тероризмот 122 стр.
- 3.5 Целна ориентираност 123 стр.
- 3.6 Намерите на САД и непријателската перцепција 125 стр.
- 3.7 Судир на цивилизации и одговорот на САД како да се превенира таквиот судир 127 стр
- 3.8 Искуството на САД со Ал Каеда треба да биде предупредување 129 стр.
- 3.9 Утврдување на реалните потреби од неопходните информации за успешно справување со тероризмот 130 стр.
- 3.10 Соработката на специјалните сили на САД со останатите специјални сили од земјите членки на НАТО 140 стр.
- 3.11 Стратегијата, доктрината, законските рамки и можности на специјалните сили на САД за соработка со специјалните сили на Република Македонија 142 стр.
- 3.12 Државите - спонзори на тероризмот цел на стратегијата на САД за борба против тероризмот 143 стр.

**4. Одговорот на САД за борба против тероризмот 154 стр.**

- 4.1 Новиот одговор на САД против тероризмот 154 стр.
- 4.2 Трансформација на одбранбениот систем на САД 155 стр.

- 4.3 Пораз на постојаниот тероризам – првиот елемент на 3Д стратегијата – одговорот на САД 161 стр.

- 4.4 Идни активности за спречување на тероризмот - вториот елемент на 3Д стратегијата – одговорот на САД 164 стр.

- 4.5 Противтероризам 167 стр.

- 4.6 Геостратегија 180 стр.

- 4.7 Геополитика 180 стр.

- 4.8 Воен конфликт 181 стр.

- 4.9 Безбедноста на државата 193 стр.

- 4.10 Обединет систем за команда и контрола со терористичкиот инцидент 197 стр.

## 5. Нормативно правната рамка и легислативата на САД за борба против тероризмот 200 стр.

- 5.1 Устав на Соединетите Американски Држави - (Constitution of the United States of America) 200 стр.

- 5.2 Устав на САД полн текст амандмани од 1-10 (Bill of rights) 208 стр.

- 5.3 Устав на САД Ратификувани амандмани 210 стр.

- 5.4 Закон за противтероризам од 1996 година 213 стр.

- 5.5 Законската регулатива неопходна за делување на специјалните сили на САД – САД Патриотски закон (USA PATRIOT Act) 227 стр.

- 5.6 Улогата и ефикасноста на легислативата во борбата против тероризмот 259 стр.

## 6.Заклучок 264 стр.

## 7. Извори на информации и користена литература - Библиографија 269 стр.

# Вовед

## 1. Формулирање на истражувањето

Денешниот свет го карактеризираат брзи и динамични промени кои со себе носат нови и често непредвидливи ризици и опасности по безбедноста на државите. Распаѓањето на биполарниот светски поредок доведе до појава на нови воени и не воени закани и предизвици за државите кои се зголемија по интензитет, простор и време. Покрај овие закани се појавија и нови неконвенционални закани, закани кои како да воскреснаа со распаѓањето на биполарниот светски поредок, закани кои својата кулминација ја достигнаа на 11 септември 2001 година – терористичките закани. Тероризмот преставува се поопасна и посложена закана за националната безбедност на САД. Како најпогодена држава на светско ниво се најде преостанатата светска сила победникот од студената војна - САД. Одговорот кој ќе следи на ваквиот напад врз САД ќе биде образложен преку нивното најдобро и најделотворно оружје за не масовно уништување; Специјалните Сили на САД кои според својата бројност и посебните намени кои ги извршуваат како и нивната заедничка координација која се врши преку здружената команда за специјални сили. Улогата која што ја извршуваат во секој воен конфликт во кој што биле ангажирани САД дали директно или индиректно. Прикриените тајни операции кои што се извршувани за да се заштитат државните интереси на САД. Како и законските рамки за борба против тероризмот во националните граници и странство со кои што специјалните сили на САД се ограничени, како и нивните акции се поддржани од страна на 160та Авијациска регимента на специјалните сили на САД. Военото ангажирање со употреба на специјалните сили на Армијата на САД после 11 септември 2001 година во кои се вклучени армиските морнаричките и специјалните одреди на корпусот на маринците.

Армиските сили на САД се делат на;

- Зелени Беретки,

- Ренџери, (Rangers)

Морнаричките сили се преставени со;

- Морнарички Фоки (NAVY SEALS)

Корпусот на Маринците на САД;

- извидувачки сили United States Marine Corps (USMC) Force Reconnaissance (Force Recon)

Како и посебниот Делта одред;

Како посебни единици со специјална намена во склопот на Специјаните сили на САД и Здружената команда на специјалните сили на САД спаѓаат и 160та Авијациска регимента на специјалните сили на САД – (160th SOAR) – сили кои служат за брзо и прикриено пренесување на специјалните сили секаде каде што е тоа потребно на земјината топка.

Покрај силите кои што делуваат надвор од територијата САД имаат развиено и Антитерористички единици на американската полиција „SWAT“ тимови кои што се делат на федерални тимови и тимови кои што се наоѓаат во склопот на посебните полициски департменти.

За да се направи еден научен осврт за работата на овие специјални сили ќе мора да се навлезе и во нивното минато да се утврди како тие се создале која била причината за нивното создавање како и промените кои тие ги претрпеле. Како внатрешните промени кои тие ги претрпеле во самата внатрешна организација така и во самиот команден систем кој се менувал со текот на годините како и растечката потреба за нивниот ангажман како во самата држава за полициските и федералните сили така и потребата за нивниот ангажман надвор низ целиот свет за воените единици.

Ќе се осврнеме и на законските рамки преку кои тие се ангажираат ингеренциите кои самите единици ги имаат да дејствуваат самостојно така и законските рамки преку кои тие дејствуваат како и командната структура преку која се пренесуваат наредбите посебно наредбите за борба против тероризмот. Ќе бидат вклучени и овластувањата кои што овие единици ги имаат за дејствување како на територијата на САД така и низ целиот свет.

САД како преостаната светска сила можеме да кажеме дека и во иднина ќе преставуваат најголем предизвик за терористичките организации како и најпрестижна цел за секој терористички напад како поради нивната положба

како светска супер сила така и поради нивната огромна економска и воена моќ. Тука посебно се истакнува и обележувањето на САД како најголем непријател на Исламот од страна на лидерот на наголемата и најопасната терористичка организација Ал Каеда - Осама Бин Ладен. Како и поддршката која ја има оваа терористичка организација од земјите опоненти на политиката на САД кои сепак не повеќе јавно но сепак тајно ја поддржуваат оваа терористичка организација.

Оттука главниот проблем на ова истражување би бил колку е успешна улогата која што ја имаат Специјалните Сили на САД – како и колку се успешни законските рамки за борба против тероризмот како во националните граници така и во странство. Одговорот секако треба да се бара во тоа што има соодветна тежина од научен аспект но и од практичен аспект. Односно истражувањето треба да одговори на прашањето какви се резултатите кои се добиени од примената на законските рамки како и од примената на самите специјални сили и дали тие ја имаат исполнето својата улога - задача во борбата против тероризмот.

## 2.Досегашни истражувања

Во Република Македонија постои одреден фонд на стручна литература која ги проучува географските, геостратегиските и геополитичките детерминанти на специјалните сили на САД како и законските рамки кои се применуваат од администрацијата на САД во борбата против тероризмот како дома така и во странство.

Сепак не постојат доволно научни истражувања кои поблиску ја обработуваат проблематиката поврзана со улогата и законските рамки на специјалните сили на САД – за борба против тероризмот во националните граници и странство.

Создавањето, самите почетоци развојот на специјалните сили по самите родови нивниот развој за до ден денес да се развијат во најсовршеното оружје за борба против тероризмот како и нивниот најголем подем за време и после заливската војна и да го достигнат денешниот подем. Како и нивниот најголем развој за време на државниот секретар за одбрана Доналд Рамсфелд. Оттука ќе се обидам преку ова истражување да дојдам до нови сознанија за работи кои досега не се

истражувани. Поради овие елементи како и фактот што проблематиката е актуелна и е во корелација со последните светски настани, нејзината динамика заслужува такво внимание. Посебно истражувањето ќе биде фокусирано на безбедносните предизвици кои се поставуваат пред силите за специјани дејства на САД и ќе биде насочено кон добивање на нови сознанија и согледување дали примената на специјалните сили како и законските рамки преку кои тие дејствуваат влијае кон намалување на терористичките закани по територијата и виталните интереси на САД или пак со употребата на силите и сегашните закони и правила според кои тие дејствуваат само ја влошува положбата на САД во очите на меѓународната јавност со што се поттикнува појава на нови конфликти ширум светот како и се поттикнуваат нови напади на територијата на САД.

### 3. Цели на истражувањето

Ако се земе во предвид сложеноста на истражувачкиот проект мора да се води сметка и за детална проценка на факторите кои ја сочинуваат; улогата и законските рамки на специјалните сили на САД – за борба против тероризмот во националните граници и странство.

Оттука научната цел на истражувањето ќе биде;

а)Општа научна цел

***Оттука општа научна цел*** на ова истражување ќе биде да се утврдат основните фактори кои влијаат врз улогата и законските рамки на Специјалните Сили на САД – за борба против тероризмот во националните граници и странство.

Улогата и законските рамки на Специјалните Сили на САД – за борба против тероризмот во националните граници и странство според кои тие се водат. Понатаму вниманието на ова истражување ќе биде насочено кон историските фактори, како тие ја одредуваат положбата на специјалните сили во севкупната политика на САД и нивното влијание од создавањето до ден денес (развојниот процес на овие сили обука и опрема, поставеност) како и самото надградување на овие тајни (специјални) сили во борбата против тероризмот во националните граници и во странство.

б) Задачи на истражување

Со оглед на општата цел , посебни цели на истражување ќе бидат;

- да се утврди дали влијанието на националната политика за борба против тероризмот дома и во странство придонесува кон зголемување на улогата на специјалните сили како и зголемувањето на нивниот буџет

- да се утврдат законските рамки според кои дејствуваат специјалните сили на САД – законски рамки кои произлегуваат од уставот на САД претседателските одредби како и некои од законите кои се подоцна усвоени.

- да се утврди постоење на недостатоци и неусогласености на малите земји со политиката на САД во борба против тероризмот;

- да се утврди влијанието на американската надворешна политика врз улогата и законските рамки на Специјалните Сили на САД – за борба против тероризмот во националните граници и странство.

- да се утврди стратегијата, доктрината, законските рамки и можности на специјалните сили на САД за соработка со специјалните сили на земјите членки на НАТО.

- да се утврди дали проширувањето на НАТО со земји од Јадранската група – Југоисточна Европа ќе има некакво влијание врз Улогата на специјалните сили на САД.

- да се утврди стратегијата, доктрината, законските рамки и можности на специјалните сили на САД за соработка со специјалните сили на Република Македонија;

## 4. Предмет на истражувањето

Основен предмет на истражувањето е улогата и законските рамки на Специјалните Сили на САД – за борба против тероризмот во националните граници и странство.

Дефинирањето на предметот на истражувањето ќе се изведе постапно, од причина што предметот содржи повеќе под поими кои ќе помогнат за комплетно операционализирање на проблемот

**Специјални сили или поточно сили за специјални операции (кој е нивниот општ назив) се воени единици формирани и тренирани за да извршуваат мисии за неконвенционално војување, против терористички акции, извидување, директна акција и извршување на акции во трети земји. Специјалните сили обично се составени од мали групи на високо обучени војници кој се вооружени и снабдени со специјална опрема и се раководат според принципот на само доволност, прикриеност, брзина и тимска работа.**

**Тероризам – преставува во суштина криминална повреда на скоро секој национален или меѓународен правен кодекс. Нелегална противзаконска примена на закана за употреба на сила и примена на систематско насилство, односно извршување на убиства, закани, сеење на страв од страна на поединци, групи или организации, насочени против севкупното население (или негови делови), сопственоста и владата со цел, да се промени политичкиот курс и да се остварат нивните политички и социјални цели.**

**Противтероризам**

**- Антитероризам – активност за преземање на одбранбени мерки со цел да се постигне редуцирање на ранливоста на поединците и имотот од терористичките акти. Ваквите „Одбранбени мерки“ вклучуваат примена на ограничен одговор спрема терористите и терористичките организации.**

**- Контратероризам – подразбира примена на офназивни мерки превземени со цел да ги попречат, одвратат и да одговорат на сите терористички закани.**

***Геостратегијата*** преставува врзулка на географските, политичко - географските и геополитичките содржини со она што има воено и стратегиско значење, односно преставува рамка која ја објаснува стратегијата на државите и нејзините варијетети пред се со географските фактори и географската положба.

***Геополитиката*** е правец во сваќањето на политичката географија според кој географските фактори особено територијата имаат пресудна улога во организирањето на политичкиот облик на општеството и водењето на државната политика, односно преставува составен дел од политиката на државата.

***Воен конфликт*** преставува користење на вооружена сила од страна на воените сили на две или повеќе држави или помеѓу држава и најмалку една организирана вооружена група и како последица на воените дејствија во текот на една година има најмалку 10 погинати или 100 повредени лица.

***Трансформација на одбранбениот систем*** преставува процес чиј облик ќе ја промени природата на воената конкуренција и кооперација со комбинација на концепти, способности, луѓе и организација кои ќе ги употребат земјите во своја корист, а со цел да се справат и заштитат од неконвенционални и асиметрични закани, да се прифати стратегиската позиција на земјата во градење на мирот и стабилноста во светот.

## 5. Основна хипотетичка рамка

Врз основа на општиот пристап на проблемот на ова истражување ќе ја поставиме следнава општа или генерална хипотеза;

***Улогата и законските рамки на Специјалните Сили на САД – за борба против тероризмот во националните граници и странство - влијае врз општата состојба и безбедноста на САД во остварување на сопствените стратешко безбедносни интереси и цели.***

Покрај општата хипотеза ги поставуваме и следниве **посебни хипотези:**

- Дејството на специјалните сили на САД во националните граници и во странство во голема мера е предодредено од националните

законски регулативи и политички определби – насоки во кои се движи политиката на САД;

- Дејството на специјалните сили на САД во националните граници (дома) е предодредено од националните законски регулативи и уставот на САД;
- Дејството на специјалните сили на САД во странство е предодредено од националните законски регулативи и уставот на САД како и од моменталната состојба на теренот за која што одлучува командантот кој што е одговорен за борбената група;
- Соработката на специјалните сили на САД со останатите специјални сили од земјите членки на НАТО како и другите земји партнери е регулирано како со законски регулативи така и од моменталната состојба на теренот и моменталната политичка состојба;

Како **поединечни хипотези** би ги издвоиле;

1. Законската регулатива не смее да претставува препрека за ефикасно дејствување на специјалните сили на САД (дома и во странство).
2. Воената моќ со употреба на специјалните сили е значајна компонента во борбата против тероризмот.
3. Нерешените антагонизми и појавата на национализмот во одредени држави во светот влијаат врз појавата на тероризмот.
4. Од ефикасното дејствување на специјалните сили на САД во голема мера зависи и ефикасноста на борбата против тероризмот.

**6. Методи на истражувањето**

Секако дека изборот на метода за собирање на податоци пред се зависи од предметот на истражување но изборот на методот во голема мера зависи и од доброто познавање на неговите можности и особини.

Од методолошка гледна точка ова истражување има интегрален, квалитативен и квантитативен пристап. Со ова истражување се дојде до сознание кои фактори ја одредуваат положбата на специјалните сили на САД и како тие влијаат врз решавањето на конфликтите во кои учествуваат САД.

Посебна примена во истражувањето најдоа следните методи;

- ***Компаративна метода*** - Се употреби во сите случаи за споредба на улогата и законските рамки на специјалните сили на САД – за борба против тероризмот во националните граници и странство. Наспроти фунцијата која што ја имаат некои од другите специјални сили на водечките сили на НАТО Алијансата.

Од методолошка гледна точка ова истражување има;

- ***Дескриптивен карактер*** – Со кои се дава поширок опис и разработка на улогата и способностите на специјалните сили на САД – како и законските рамки за борба против тероризмот во националните граници и странство.

Во истражувањето се користени секундарни извори на податоци, научна и стручна литература од области кои третираат вакви проблеми, документи од безбедноста и одбраната, заклучоци и др.

- ***Историографскиот метод*** - Најде примена со цел да се осознаат и искористат искуствата од минатото за периодот за кој постои научно - верификувана документација. За овој проблем на истражување значајно се опфаќа значењето и улогата на САД за време на студената војна, после распаѓањето на биполарниот светски поредок се до првата деценија од 21 век. Како и историскиот развиток на специјалните сили на САД како и надградбата на законските рамки (амандманите од Уставот на САД и Патриотскиот закон на САД) според кои тие се водат и дејствуваат.

- ***Анализа на содржината*** – Најде своја примена во анализа на историографките податоци и теориските сознанија, анализа на научни конференции, анализа на текстови, книги, анализа на весниците; „Ројтерс“, „Њу Јорк Тајмс“, „ Дневник “, „Утрински весник“, „Калибар“, „Le Monde“, „ Foreign affairs“, „Military Officer“, „The Economist“, „Jane‘s Defence Weekly“ за периодот од јуни 2009 до март 2012 година, документи од безбедноста и одбраната на Северноатлантската алијанса и интернет веб страни.

До потребните основни вредности во анализата на содржината се дојде со употреба на квалитативна анализа т.е. фрекфентна и семантичка анализа. Врз основа на добиените резултати се утврди степенот на варијабилноста помеѓу

причината, појавата и состојбата што се истражува и ќе се утврди нејзиниот степен на корелација.

Анализата, обработката и донесувањето на заклучоците од овој дел на истражувањето преставуваат добра основа за понатамошни постудиозни проучувања.

# 1. Специјалните сили на САД

## 1.1 С А Д

## (Уводни напомени)

САД (United States of America) се трета најголема држава во светот со вкупна површина од 9.826.675 км квадратни и трета држава во светот по бројност на жители со преку 300 милиони жители (312.850.000) предвидено за 2011 веднаш по Кина и Индија. На север се граничи со Канада додека пак на југ се граничи со Мексико. Бруто - домашниот производ во 2011 година изнесувал 15.065 милијарди US долари. Бруто – националниот производ по глава на жител за 2011 година изнесува 48.147 US долари.

САД се федерална република која е составена од 50 држави. Според амандманот 14 од уставот на САД, граѓаните на САД и на државата во која живеат се граѓани кои се родени во земјата или се натурализирани. Претседателскиот систем е инаугуриран со усвојување на првиот (засега и единствен) Устав од 1787 година. Во членот шест стои Американскиот Устав е „врховен закон на државата“. Тој во основа воспоставува поделба на власта помеѓу државите и сојузната државна власт и помеѓу одделни гранки на сојузната власт. Основната структура на секоја од гранките на сојузната власт – извршната, законодавната и судската е изнесена во Уставот, но конкретна форма на секоја од гранките на власт не е специфицирана. Наместо тоа, секоја од нив, се развива во согласност со развојот на потребата на државата. Уставот ја покажува својата флексибилност и одржување чекор со потребите на американското општество кое постојано расте и се менува.

Претседателот на САД е глава на државата и на Владата тој е единствен извршен авторитет на вооружените сили и на надворешните работи, неговата или нејзината позиција како глава на една од двете главни политички партии и сигурноста во канцеларијата за најмалку четири години ја прави позицијата премногу моќна.

## 1.2 Воено ангажирање со употреба на специјалните сили на Армијата на САД - Вовед

**Специјални сили или поточно сили за специјални операции (кој е нивниот општ назив) се воени единици формирани и тренирани за да извршуваат мисии за неконвенционално војување, против терористички акции, извидување, директна акција и извршување на акции во трети земји. Специјалните сили обично се составени од мали групи на високо обучени војници кој се вооружени и снабдени со специјална опрема и се раководат според принципот на само доволност, прикриеност, брзина и тимска работа.**

**Американски армиски сили организирани, обучени и опремени посебно да изведуваат специјални операции. Специјалните сили имаат пет примарни мисии; неконвенционални борбени дејства (УВ), странска внатрешна одбрана (ФИД), директна акција (ДА), специјално извидување (СР) и контратероризам (ЦТ).**

**Неконвенционални борбени дејства** е широк спектар на воени и паравоени операции, обично со долго траење, претежно водени од домашни сили кои се организирани, обучени, опремени, поддржани и насочени во различен степен од надворешен извор. Тоа вклучува герилска војна и други директни офанзивни, неприметни, прикриени или тајни операции, како и индиректни акции на субверзија, саботажа, разузнавање и бекство познато и како **(УВ).**

**Странска внатрешна одбрана** позната и како **(ФИД).** Преставува учество на цивилни и воени агенции на една влада во какви и да е акциони програми преземени од друга влада за да се ослободи и заштити општеството од субверзија, беззаконие и бунтување. Примарната улога на силите за специјални операции во оваа меѓуагенциска активност е да се обучуваат, советуваат или на друг начин да им се помогне на домашните воени и паравоени сили.

**Директна акција** позната и како **(ДА).** Преставува краткотрајни напади и други офанзивни акции од помали размери од страна на силите за специјални операции со намера да спречат, уништат или нанесат штета на одредена цел или да уништат, заробат или надоместат одреден персонал или материјал. Во водењето на овие операции, силите за специјални операции може да применат брза тактика, тактика од заседа или тактика на директен напад; да постават

мини и други средства; да изведуваат напади од страна со оган од воздух, земја или поморски платформи; да обезбедат термално водење за прецизно наведувана муниција – бомби и да изведуваат независна саботажа.

**Специјално извидување** познато и како **(СР).** Преставува акции на извидување и набљудување изведени од силите за специјални операции со цел да обезбедат или верификуваат, преку визуелно набљудување или други колективни методи, информации кои се однесуваат на способностите, намерите и активностите на актуелниот или потенцијалниот непријател или да обезбедат податоци кои се однесуваат на метеоролошките, хидрографските или географските карактеристики на одредена област. Тоа вклучува утврдување на целта, проценка на областа и извидување после удар.

**"Контратероризам е специјална мисија за посебно организирани, обучени и опремени единици на специјални сили. Познати како СФ.***

**Контратероризам преставува збир од офанзивни мерки што се преземаат со цел да се спречи, одврати или да се одговори на терористички акт, или документирана закана за таков акт".*** (пожелно е секогаш да се користат при контратероризам специјалните сили кои се обучени за тоа во спротивно резултатите завршуваат катастрофално)

**Специјалните сили на САД се составени од; Зелени Беретки, Ренџери (Rangers), Морнарички Фоки (NAVY SEALS), Извидувачки сили на Корпусот на Маринците на САД - United States Marine Corps (USMC) Force Reconnaissance (Force Recon), Делта Форс - 1st Special Forces Operational Detachment - Delta, 160та Авијациска регимента на специјалните сили на САД или (160th SOAR), Антитерористички единици на американската полиција „SWAT" тимови.**

Сите погоре наведени специјални сили на САД или нивни посебни оддели (департманти) се квалификувани за изведување на контратероризам.

Специјалните сили на САД имаат учествувано во сите конфликти од втората светска војна до ден денес во кој што директно или пак индиректно (прикриено) учествувале САД. Специјалните сили на САД ги штитат интересите на својата земја секаде каде што тоа е потребно при што ги користат сите можни средства и знаења кои им се достапни за да ги постигнат определените цели. Подетално за историјатот, опременоста (средствата),

* Митко Котовчевски – Слаѓана Божиновска Македонско – Англиски речник на разузнавачка терминологија 2009 стр.70

поставеноста, бројноста, обуката, нивните способности и мисии во кој што имаат учествувано (колку што е тоа достапно од изворите на информации за овие тајни единици) ќе дознаеме подоле каде што секоја единица е обработена посебно.

## Историјат на специјалните сили на САД

***Мото на спец.сили на САД; Да се ослободат поробените - De opresso liber***

**Првата сила за специјални операции** од Втората светска војна се смета за претходник на денешните специјални воени сили на САД. Во пролетта 1942 британскиот Началник за заеднички операции, заменик адмирал Лорд Луис Монбатен, му го претставил на американскиот началник на генералштабот Генерал Џорџ Ц. Маршал проектот испланиран од англиското цивилно лице, Џефри Н. Пајк, за развој на специјална опрема за користење на снежни и слабо достапни планински терени. (Слика 1. Амблем кој го носела првата сила на специјални операции две вкрстени стрели на индијанските скаути) Овој план бил наречен PLOUGH, и бил наменет за напади на критичните точки како што се хидроелектричните централи во Норвешка од кој што зависела германската експлоатација на рудните богатства. Американските производители кој што работеле на производството на специјална опрема за проектот развиле гасеничарско возило познато како **Weasel** со стандардизирана ознака познато како **M29**.




Генерал Маршал заклучил дека елитните сили регрутирани во Канада и во САД би биле најдобрата воена организација за извршување на нападите и ударите; тој го избрал американскиот потполковник Роберт Трион Фредерик да ја состави, организира, вежба и командува со Американско – Канадската 1ва сила за специјални операции.(U.S.-Canadian 1st Special Service Force).

Составена од 3 полка секој составен од два баталјона, единицата станала посебна гранка на службата, со заштитен знак (амблем две вкрстени стрели на индијанските скаути). Припадниците на оваа единица биле обучени за разурнување со експлозиви, алпинизам, амфибиски нападни дејства, скијање како и го имале совладано основниот падобрански курс. Тие се бореле под сојузничка команда со голема храброст и одличен успех во Норвешките планини, Северна Африка, Италија и јужна Франција. Американско –

Канадската 1ва сила за специјални операции.(U.S.-Canadian 1st Special Service Force) го добиле својот прекар „Ѓаволска Бригада“ за време на воената кампања во Италија од извадок на дневникот на мртов германски офицер кој имал напишано: „Црните Ѓаволи се насекаде околу нас секогаш кога ќе излеземе на борбените линии и никогаш не можеме да ги видиме“. Бригадата била деактивирана – распуштена во Јужна Франција кон крајот на Втората светска војна.

Првата од новоформираните групи на специјални сили, 10-та група на специјални сили, била активирана во **Fort Bragg**, северна Каролина на 20.06.1952. Таа станала нуклеусот на Центарот за специјално војување, познат сега како **John F. Kennedy Center** за воена помош во **Fort Bragg**. Следната единица која што била формирана била 77-та група на специјални сили, која што била активирана во Fort Bragg на 25.09.1953. Биле користени на следните места:

- Виетнамска војна, 1952-1972
- Боливија, 1965-1968
- Венецуела, 1965-1968
- Гватемала, 1965-1968
- Колумбија, 1965-1968
- Доминиканска Република, 1965-1968
- Ел Салвадор Хондурас Никарагва
- Операција Праведна Кауза (Just Cause), 1989
- Операција Пустински Штит (Desert Shield), Ирак, 1990
- Операција Пустинска Бура (Desert Storm), Ирак, 1991
- Операција Трајна Слобода (Enduring Freedom), Авганистан, 2001
- Операција Слобода за Ирак, Ирак, 2003

Специјалните Сили на САД кои според својата бројност како и посебните намени кои ги извршуваат како и нивната заедничка координација која се врши преку здружената команда за специјални сили. Улогата која што ја извршуваат во секој воен конфликт во кој што биле ангажирани САД дали директно или индиректно. Прикриените тајни операции кои што се извршувани за да се заштитат државните интереси на САД. Како и законските рамки за борба против тероризмот во националните граници и странство со кои што специјалните сили на САД се ограничени, како и нивните акции се поддржани

од страна на 160та Авијациска регимента на специјалните сили на САД. Военото ангажирање со употреба на специјалните сили на Армијата на САД после 11 септември 2001 година во кои се вклучени армиските морнаричките и специјалните одреди на корпусот на маринците.

**Армиските сили на САД се делат на;**

## 1.2.1 Зелени Беретки дел од специјалните сили на САД




Специјалните сили на Армијата на САД познати уште како Зелени Беретки, се Сила за специјални операции на Американската Армија тренирани за неконвенционално ратување и специјални операции. (Слика 2. амблемот на зелените беретки) Тие се основани од полковник Арон Бенк на 19 јуни 1952 година во Форт Браг како 10та Група за специјални операции. За време на војната во Виетнам единицата е брзо проширена. На 01.10.1982 година 1та специјална оперативна команда е првобитно активирана (1st Special Operations Command). Сите групи на специјални сили се ставени под оваа команда. На 27.11.1990, името на оваа команда е променето во Команда на специјалните сили на армијата на САД, **(US Army Special Forces Command).**

Војниците на специјалните сили примарно се користени за потпомагање и обука на армиите на пријателските режими за уништување на комунистичките фракции како и за помагање на герилските фракции кои што САД ги поддржува.

На оперативно ниво, специјалните сили се вообичаено составени од 12 луѓе "А" Тимови составени од 2 офицера како и 10 подофицери. Секој член се смета за експерт во своето поле на воени специјалности **(Military Occupational Specialties) (MOS)** како што се: лесни оружја, експлозиви, медицина, комуникации и др. Секој член исто така е обучен за уште една специјалност така што тој може да го замени другиот член доколку тој биде повреден или пак

убиен при почетокот на акцијата. Како додаток на сето тоа, на секој член му е добро познат јазикот на земјата во која што ќе ја извршуваат мисијата.

Сите членови на армиските специјални сили се два пати доброволци, прво се доброволци по падобранство во армијата на САД а подоцна и како доброволци во специјалните сили. Поголемиот дел од обуката на специјалните сили се извршува во Форт Браг, северна Каролина, и тоа се однесува на Квалификациониот курс. Курсот има 3 фази, во првата фаза се усовршуваат воените вештини, во втората фаза се усовршува полето на воени специјалности **(Military Occupational Specialties - MOS)** и во третата фаза се усовршуваат операциите извршувани од мали единици каде што тимовите увежбуваат и организираат послабо обучени борбени групи.

**Факти за Зелените беретки како дел од специјалните сили на САД**

**Примарна Мисија на зелените беретки е неконвенционалното војување.**

"Неконвенционално војување е широк спектар на воени и паравоени операции, обично со долго траење, претежно водени од домашни сили кои се организирани, обучени, опремени, поддржани и насочени во различен степен, од надворешен извор. Тоа вклучува герилска војна и други директни офанзивни, неприметни, прикриени или тајни операции, како и индиректни акции на субверзија, саботажа, разузнавање и бекство. Познато и како УВ." *

**Единицата за прв пат е формирана на 19 - ти Јуни 1952 година во базата Форт Браг.**

Единици кои се во составот на зелените беретки;

- Команда на специјални сили:
- 1ва Група на специјални сили (Падобранска), - активна
- 3та Група на специјални сили (Падобранска)., - активна
- 5та Група на специјални сили (Падобранска), - активна
- **6та Група на специјални сили**, - издвоени од составот на другите групи
- 7ма Група на специјални сили (Падобранска). - активна
- **8ма Група на специјални сили**, - издвоени од составот на другите групи
- 10та Група на специјални сили (Падобранска). - активна
- 11та Група на специјални сили - резерва

* Митко Котовчевски – Слаѓана Божиновска Македонско – Англиски речник на разузнавачка терминологија 2009 стр. 91

- 12та Група на специјални сили - резерва
- 19та Група на специјални сили (Падобранска) Национална Гарда.
- 20та Група на специјални сили (Падобранска),Национална Гарда,
- Група за вежбање
- **Цивилни работи и командата за психолошки операции, како и**
- **77та Група на специјални сили.**

**Две чети по една распоредена во Германија (поранешна Западна Германија) и Јужна Кореја**

- 38та Чета на специјални сили ,
- 46та Чета на специјални сили.
- Командата за воено советување Виетнам/Група за истражување и надгледување (сиви операции растурена по завршувањето на војната во Виетнам)*
- **Провинциска Група за извидување - Република Виетнам (сиви операции растурена по завршувањето на војната во Виетнам)**
- Штаб на специјални сили Провинциски Оддел Кореја (сиви операции)*
- **Јасна Светлина Република Виетнам (сиви операции растурена по завршувањето на војната во Виетнам)***
- (Forces Armee Nationes Khmeres/)United States Army Republic of Vietnam индивидуална Група како и останатите групи формирани од специјалните сили на САД: Joint Casualties Resolution Center (сиви операции растурени по завршувањето на војната во Виетнам)*
- Special Forces Advisors Republic of Vietnam, White Star – Hotfoot (сиви операции растурена по завршувањето на војната во Виетнам)*

Штабот на зелените беретки е сместен во Форт Браг, Северна Каролина, Соединети Американски Држави – (Fort Bragg, North Carolina, United States)

**Состав на „Зелените Беретки“:**

А специјалната Група се состои од; 3 Баталјони, секој со по 3 Б тима, 18 А тима како и баталјонска чета за подршка на специјалните сили.

Одредот на Военото разузнавање (MI) е составен од 3 тима за специјални операции (3 SOT-As [Special Operation Team-A] кои заминуваат во акција заедно со тимовите на А специјалната Група тие служат за да обезбедат разузнавачки информации (SIGINT and EW)**. Тие немаат во својот состав приклучено тимови за испрашување на заробеници.

* за сивите операции не е познато дали се сеуште активни. ** Митко Котовчевски – Слаѓана Божиновска Македонско – Англиски речник на разузнавачка терминологија 2009 стр. 323 и стр. 238

Баталјонот на специјалните сили означен како Ц оддел (C-Detachment) и е составен од штаб и секции за поддршка:
Командант на одредот – баталјонот е со чин потполковник заменикот е со чин мајор.

Персонал со: Аѓутант (Капетан), Офицер за Разузнавање (Капетан), Офицер за операции (Капетан), Офицер за снабдување (Капетан), Команден подофицер (Sergeant-Major), подофицер за разузнавање со чин главен наредник (Master Sergeant), Подофицер за операции со чин главен наредник (Master Sergeant), Подофицер за снабдување со чин наредник 1 класа (Sergeant 1st Class), Администратор со чин персонален наредник (Staff Sergeant), Постар теренски радио мајстор со чин наредник (Sergeant), и 4 теренски радио оператори со чин наредник (Sergeants).

Една чета на специјалните сили е составена од 6 тима (1 падобрански, 1 нуркачки, 4 пешадиски) - (1 HALO, 1 SCUBA, 4 "Ruck") и 1 команден тим означен како Б тим – (1 B-Team). Секој тим е независна оперативна единица познат како напаѓачки оддел или **ODA (Operational Detachment Alpha).** Б тимот е всушност штабот или командниот и контролниот елемент на А тимовите познат како **(ODB - Operational Detachment Bravo).**

**Оперативен оддел на специјалните сили Алфа (SFOD-A):**

Примарниот оперативен елемент на Четата на специјалните сили е А тимот. А тимот се состои од 12 војници припадници на специјалните сили; 2 офицера и 10 наредници. Сите членови на тимот се квалификувани специјалци со помината основна обука и со завршени посебни специјалности. Тие исто така зборуваат повеќе јазици.

А тимот е скоро неограничен во своите можности да оперира во непријателска територија и позадина. А тимовите можат да се инфилтрираат или извлечат од местото на операцијата по воздух, копно или вода. А тимот може да оперира на неопределено време на оддалечени локации со мала или никаква надворешна поддршка. Тие се навистина независни, само одржувачки оддели. А тимовите рутински им помагаат ги обучуваат и советуваат останатите американски и сојузнички воени сили како и агенциите на САД со директна воена акција дадена од соодветните претпоставени. Сите членови на одделите се оспособени

за советување, помагање и насочување како и обука на персонал до ниво на баталјон.

А тимовите се нумерирани како ODA-### (Пример-ODA-345). Ова значи оперативен оддел Алфа, првата бројка ја преставува групата втората и третата бројка ги означуваат баталјонот нивното одредиште. Ознаката ODA која завршува на 4 означува падобрански тим - (HALO Team); тие кои завршуваат на 5 означуваат борбени нуркачи – (SCUBA team) .

Структура на А тим:*

- **Командир на одделот (по 1 во секој тим) Ранг: 0-3, Капетан - (DETACHMENT COMMANDER (1 per "A Team") Rank: 0-3, Captain)** Прв во командната структура на тимот. Тој е одговорен за одржување и осигурување на оперативната спремност на сите аспекти на А-тимот. Тој може да командува или да советува борбено помалку спремни единици до ниво на Батлјон.
- **Техничар на одделот (1 во "A-Team") Ранг; офицер потпоручник W0-1 и повисок - (DETACHMENT TECHNICIAN (1 per "A-Team") Rank: W0-1 & up.)** Тој е главно командувачки во отсуство на командирот на одделот, служи како технички и тактички советник во сите аспекти на операциите на специјалните сили; ги надгледува сите активности на персоналот, ги извршува психолошките операции (PSYOPs) како и помага при решавање на цивилните проблеми на персоналот, поседува културни, регионални и лингвистички способности како и го координира и кратко рочното и долго рочното планирање. Тој може да командува или да советува борбено помалку спремни единици до ниво на Батлјон.
- **18 Зулу - Наредник во специјалните сили (1 во “А Тим”) Наредник во тим Ранг: Е-8, главен наредник - (18 Zulu - SPECIAL FORCES OPERATIONS SERGEANT) (Master Sergeant)** – Наредникот на тимот е најстариот подофицер во тимот. Тој е одговорен за надгледување на сите операции на тимот како и работа со подофицерскиот персонал во тимот. Понекогаш познат како “таткото на тимот”, тој е обично човекот кој

* DoD official web page и „Господари на Хаосот“ – тајната историја на специјалните сили на САД од Линда Робинсон АЕА Издавачи Мисла Скопје, 2005 извадоци – делови од целата книга.

раководи со тимот. Тој може да регрутира нови членови, да организира, подучува и надгледува борбено помалку спремни единици до ниво на баталјон.

- **Помошник наредник за операции (1 во А тим) Ранг: Е-7 наредник 1 класа – (18 Fox - ASSISTANT OPERATIONS SERGEANT (1 per "A Team") O&I Sergeant (Rank: E-7, Sergeant First Class)).** Му помага на тимскиот наредник во сите аспекти од работата со тимот. Планира, координира и ги насочува разузнавањето во А тимот, собирањето на податоците, анализата, заклучоците и нивната употреба. Тој ги испрашува и се грижи за непријателските заробеници. Тој може да обучува советува или води борбено помалку спремни единици до ниво на чета. Тој присуствува, одржува состаноци и контакт со пријателските патроли во подрачјето на дејствата.
- **Наредник специјалиста за оружје во специјалните сили (2-ца во А Тим) наредник за оружје Ранг: Е-7, Наредник 1 класа - (18 Bravo - SPECIAL FORCES WEAPONS SERGEANT (2 per "A Team")Weapons Sergeant (Rank: E-7, Sergeant First Class)); Помошник наредник за оружје - Ранг персонален наредник Е-6 - (Asst. Weapons Sergeant (Rank: E-6, Staff Sergeant))** Експерти за оружје. Способни за отварање оган и искористување на секое лесно оружје во светот, како што се пиштоли, пушки, автомати, минофрлачи, против тенковски пушки и фрлачи на гранати. Тие исто така ги обучуваат членовите на одделот како и сите други за кои што ќе им биде наредено да ги подучуваат. Двата експерти за оружје ги употребуваат сите конвенционални и не конвенционални тактики и техники како тактички лидери на мисијата. Тие се одговорни за тактичката безбедност на А Тимот. Секој може да тренира, советува или води борбено помалку спремни сили до големина на чета.
- **Наредник во спец.сили за инженериски работи (2-ца во Тим) инжинериски наредник (Ранг Е-7, Наредник 1 класа) – (18 Charlie - SPECIAL FORCES ENGINEER SERGEANT (2 per "A Team) Engineer Sergeant (Rank: E-7, Sergeant First Class)); Помошник инженериски наредник - Ранг; персонален наредник Е-6 - (Asst. Engineer Sergeant (Rank: E-6, Staff Sergeant))** Експерти за уништување. Тој може да

изгради како и да го уништи скоро секој објект. Тој е способен да изгради или уништи од колиба до школо. Клучен играч во секоја цивилна мисија. Секој може да тренира, советува или води борбено помалку спремни сили до големина на чета.

- **Наредник во спец. сили – болничар (2-ца во А тим) наредник болничар Ранг: Е-7 Наредник 1 класа – (18 Delta - SPECIAL FORCES MEDICAL SERGEANT (2 per "A Team") Medical Sergeant (Rank: E-7, Sergeant First Class)); Помошник Наредник болничар (Ранг: персонален наредник Е-6 – (Asst. Medical Sergeant (Rank: E-6, Staff Sergeant))** Спасувач на животи. Тој не е просечен болничар. Тој ги применува најновите медицински и хируршки зафати и процедури. Тој е способен да се справи со секоја трауматична повреда добиена на бојното поле, како и применува превентивна медицина. Тој е составен дел од цивилните акциони програми со кој се помага домицилното население при мисиите во странство. По завршувањето на курсот за болничари во спец. сили нивните медицински можности се зголемуваат: одржување во живот при сериозна траума, помали хируршки зафати, стоматологија па дури и ветеринарни процедури. Секој може да тренира, советува или води борбено помалку спремни сили до големина на чета.
- **Наредник за врски во специјалните сили (2-ца во А Тим) Наредник за комуникации (Ранг: Е-7, наредник 1 класа) – (18 Echo - SPECIAL FORCES COMMUNICATIONS SERGEANT (2 per "A Team") Communications Sergeant (Rank: E-7, Sergeant First Class)); Помошник на наредникот за комуникации (Ранг: персонален наредник Е-6) - (Asst. Communications Sergeant (Rank: E-6, Staff Sergeant))** Човекот за комуникации (врски). Негова одговорност е да воспостави и да одржува врски. Тој ги употребува најновите телекомуникациски системи како и сателитските комуникации (тој исто така го носи и најтешкиот ранец во тимот). Тој има многу значајна и витална улога во секоја мисија во која заминуваат специјалните сили. Секој може да тренира, советува или води борбено помалку спремни сили до големина на чета.

**Оддел на специјалните сили Браво (SFOD-B)**

А Тимот не може да замине или да извршува задачи без претходна поддршка од Б тимот. Б тимот се состои од 11 луѓе и преставува командна структура на четата на специјалните сили. Б тимот дејствува како команда и контрола на А тимовите кој се наоѓаат во четата. Б тимот воспоставува и работи како Напредна оперативна база - (AOB)

**Функции на Б тимот:**

- Планирање и извршување (водење) на специјални операции самостојно или како дел на поголема оперативна група;
- Обука и подготовка на А-тимовите за извршување на мисиите;
- Операции за инфилтрација и извлекување на тимовите од воздух, копно и вода;
- Спроведува операции во оддалечени и непријателски територии на подолг временски период со минимална надворешна поддршка или насочување на операциите;
- Развиваат, организираат, опремуваат, обучуваат и советуваат или насочуваат борбено помалку спремни состави до големина на полк;
- Ги обучуваат, советуваат и помагаат на останатите американски или сојузнички сили и агенции.

**Структура на Б-Тим:**

- **Командир на чета во специјалните сили Ранг: 0-4, Мајор – (SPECIAL FORCES COMPANY COMMANDER) - (CO)** Командирот на четата ја презема командата врз персоналот и елементите кои се распоредени или придодадени на четата. Кога четата ќе воспостави Напредна оперативна База (AOB), тој ја презема улогата како AOB командир.
- **Извршен офицер Ранг: 0-3, Капетан – (EXECUTIVE OFFICER) - (XO)** Тој раководи со персоналот во четата и ги распределува функциите кои што персоналот треба да ги извршува. Тој ги координира работите 18 Зулу –Наредник во специјалните сили ги насочува и надгледува административните и логистичките процедури во четата.
- **Четен техничар Ранг – Поручник и повисоко – (COMPANY TECHNICIAN: Rank: W0-1 and up, Warrant Officer).** Тој ги презема сите одговорности кои што спаѓаат во организација, увежбување,

разузнавање и контраразузнавање (Безбедносни активности) како и борбените операции на четата како и на нејзините одделенија.

- **Четен наредник во специјалните сили – Ранг: главен наредник E-9 – (18 Zulu- COMPANY SERGEANT MAJOR 18 Зулу Rank: E-9, Sergeant Major)** Тој е најстариот и најискусниот во четата и тој е личен советник на командирот на четата по прашања во врска со персоналот. Тој ги надгледува дневните подготовки, вежби, и административните работи на персоналот во четата.
- **Наредник во специјалните сили за операции - Ранг: Главен наредник E-8 – (18 Zulu - SPECIAL FORCES OPERATIONS SERGEANT 18 Зулу Rank:–E-8, Master Sergeant)** Тој му помага на XO и на четниот техничар во извршувањето на нивните должности. Кога четата и нејзините оддели не се под обврска да извршат некоја задача тие ја составуваат четната програма за обука на персоналот со одобрување на командирот на четата.
- **Помошник на наредникот во специјалните сили - Ранг: Наредник 1 класа E-7,– (18 Fox - ASST. OPERATIONS SERGEANT 18 Фокс Rank:–E-7, Sergeant First Class).** Тој му помага на наредникот за операции во специјалните сили во извршувањето на неговите должности.
- **Наредник Болничар во специјалните сили - Ранг: Наредник 1 класа E-7 - (18 Delta - SPECIAL FORCES MEDICAL SERGEANT 18 Делта – Rank:E-7, Sergeant First Class)**. Тој обезбедува рутинска, превентивна и итна медицинска грижа за целата чета како и за сите придодадени сили. Тој исто така ги обучува сите сојузнички сили во сите воени услови и ги подучува за основните итни и превентивни медицински мерки. Тој собира медицински информации и дава совети на целиот персонал во четата за сите здравствени прашања.
- **18 Ехо – Наредник за комуникации во специјалните сили (2 во Тим) Наредник за комуникации - Ранг: Наредник 1 класа E-7 – (18 Echo - SPECIAL FORCES COMMUNICATIONS SERGEANT (2 per "B Team") Rank:E-7, Sergeant First Class); Асистент за комуникации наредник Ранг E-6 персонален наредник - (Asst. Communications Sergeant (Rank: E-6, Staff Sergeant)).** Наредникот за комуникации го советува командирот на четата околу комуникациските работи и го

подготвува четниот план за комуникации. Тие ги инсталираат, оперираат и ја одржуваат целокупната четна комуникациска опрема. Тие исто така ги обучуваат членовите на одделите како и припадниците на борбено помалку спремни состави околу опремата за комуникации.

- **Наредник за снабдување Ранг: персонален наредник Е-6 – (SUPPLY SERGEANT, Staff Sergeant).** Тој е главниот логистички планер. Тој ги координира работите со баталјонскиот С-4 како и со наредниците за снабдување во одделите така што ги задоволува логистичките потреби на четата и нејзините оддели.
- **АБХО Наредник на четата Ранг: Наредник – (NBC NCO E-5, Sergeant)** Тој ги надгледува, чува и одржува четните АБХО средства. Тој исто така помага во воспоставувањето работењето и искористувањето на АБХО одбранбените мерки.

## Организација на зелените беретки;

Има пет активни групи на специјални сили, две во резерва и две во националната гарда:

- Прва област на операции: Пацифик и источна Азија. Локација: Форт Луис, сојузна држава Вашингтон;
- Трета оперативна област: Карибите и Западна Африка. Локација: Форт Браг Северна Каролина;
- Петта оперативна област: Југозападна Азија и Североисточна Африка Локација: Форт Кембел, Кентаки;
- Седма оперативна област: Централна и Јужна Америка. Локација :Форт Браг, Северна Каролина;
- 10 оперативна област: Европа и Западна Азија. Локација: Форт Карсон Колорадо;
- 11та (Армиска Резерва). Локација: Форт Меаде, Мериленд.
- 12 та (Армиска Резерва). Локација: Арлингтон Хајтс, Илиноис;
- 19та (Национална Гарда). Операциона област: Азија. Локација Камп Вилиамс, Јута;
- 20 та (Национална Гарда). Операциона област: Европа и Западна Азија Локација: Бирмингем Алабама;

- 2 истурени чети (една во Германија и една во Јужна Кореја);

**Тимови за специјални проекти** - овие тимови не се класифицирани како специјални сили и не се на списокот на специјални сили (за организација и опрема). Војниците кои се преместени од специјалните сили во нив се преместени привремено од Командата на специјални сили и се ставени под командата на министерството за одбрана. Тие ги нарекуваат во специјалните сили „тимови со долга коса" како објаснување за нивното убаво облекување, тие вршат различни „црни" и „сиви" операции и услуги.

**Тимови - единици за поддршка:**

- 112ти Сигнален Баталјон
- 528ми Баталјон за поддршка
- Четна група за поддршка на специјалните сили
- Оддел за воено разузнавање (MI)
- **Оддел за поддршка**
- **Оддел за сигнализација**
- **Медицински оддел - секција**
- **Персонална секција - оддел**

**Критериуми**

За да се стане дел од Армиските зелени баретки, кандидатот мора да биде ментално и физички многу издржлив, да може да издржи тешки физички напори како и да се соочи со сите предизвици што следат. Кон сето тоа секој кандидат мора да ги исполнува следните услови:

- Да е маж, од 20-30 години **(нема место за жени во специјалните сили);**
- Да е граѓанин на САД;
- Да има најмалку средно образование;
- Да го има положено Општиот технички испит со најмалку 110 поени резултат и испитот за борбени операции со најмалку 98 поени;
- Да има чисто минато без криминално досие;
- **Да се квалификува и да е доброволец за падобранство;**
- Да го помине Тестот за знаење на јазик на Министерството за одбрана
- Да постигне минимум 60 поени на секој тест или вкупно преку 229 на армискиот Физички тест;

Ако ги исполнува сите претходни услови тогаш кандидатот може да отиде на **курсот за подготовка за во специјални сили - (SOPC)**. Ова е 30 дневен курс кој се поминува во Форт Браг и кој е направен за да им помогне на војниците за да се подготват за селективниот курс во специјалните сили. Тој се фокусира на физичкото тренирање на кандидатите (кондицијата) како и на една од нај важните вештини кои ги имаат специјалните сили - навигација. Овој курс не им гарантира на кандидатите дека ќе го поминат **Селективниот курс за влез во специјалните сили - (Special Forces Assessment/Assignment and Selection) (SFAS)**.

Следната етапа е 24 дневен селективен курс со преживување на кој што на тест ќе бидат ставени интелигенцијата, агилноста и снаодливоста. Ако регрутот го помине, тој може да продолжи со курсот за специјални сили.

Селективниот курс за специјални сили се состои од 5 фази (II-VI). Ако го завршите и овој дел тогаш станувате војник во специјалните сили - еден од армиските експерти за неконвенционално војување.

Фазата во која се стекнуваат индивидуалните вештини (II) се состои од навигација, тактики на мали единици и вежби со вистинска муниција.

За време на третата фаза наречена - **Воено оперативни специјалности - MOS (III)** кандидатот се здобива со вештините кои се потребни за здобивање со посебна вештина која се определува врз основа на вашето минато, желби и способности. Има курсеви за: Офицер во спец.сили, наредник за оружје во спец.сили, наредник за комуникации во спец.сили, болничар наредник во спец.сили (кој трае најдолго - 23 недели), наредник за инжинерија во специјални сили.

Заедничкото вежбање фаза четири (IV) се состои од; доктрината на специјалните сили, нивната организација, тактиките за неконвенционално војување, операции за директна акција, методи и инструкции како и падобрански и возачки вештини и тактики. Регрутот ќе замине за Северна Каролина каде што се одржува вежба за неконвенционално војување. Таму регрутот ќе изведува вежба во која тој ќе биде дел од Оперативниот оддел Алфа (ODA). Посебните вештини на регрутот како и неговите вештини ќе бидат оценувани.

Учење јазици е петата фаза (V) е клучна фаза на квалификациониот курс. Познавање на уште еден странски јазик е дел од тоа да се биде Зелена беретка. Арапски, Шпански, Кинески и Руски се само дел од јазиците кои се учат.

Преживување, Заобиколување, Отпори, Бегство (SERE) ќе го завршат тренирањето на кандидатот за курсот за специјални сили фаза 6 SFQC (VI).

Како војник во специјалните сили мора да бидете така добро обучен да комплетно може да се претопите во друга култура. Ќе го научите јазикот течно да го зборувате на земјата за која сте определени, обичаите и традициите, со што всушност станувате вистински граѓанин на таа држава.

Опрема која ја користат вообичаено специјалните сили на САД Зелени Беретки: радио слушалки, шлем со каиш и можност за монтирање додатоци, заштитни очила, матарка, пакување со храна, карабин, пешадиски модифицирани чизми со бели чорапи, М-9 пиштол и футрола со додатоци, рамки за пиштол, М-4 со каиш и 8 рамки, ноќен визир, батерија, снајперски нишан, ранец со прибор за јадење и панцирен елек со плоча.

Тие исто носат прибор за прва помош и светлечки стапчиња за означување 2 комплета, гајки, ракавици од номекс, заштитна маска, саат и специјални возила.

Копнениот транспорт е особено подобрен. Одделите при специјалните сили за специјални возила се сега подобро опремени секој оддел е опремен со 4 хамери, 3 приколки за хамерите и 2 модифицирани крос-мотори Кавасаки KLR-250. Опремени со резервни делови и со гориво, единиците се самодоволни и можат да оперираат и на оддалеченост и до 1200 милји од базата. Во нивната примарна мисија–уфрлување и извлекување на специјалните оддели тие можат да пренесуваат целосно опремен оперативен оддел А. Тие помагаат при пренесувањето на тешките товари. Вратите на нивните Хамери се пренаменети како и самите возила се модифицирани за потребите на секоја мисија. Мотоциклите се наменети за брзо возење по нерамен терен. Тие најчесто се употребуваат за извидување и за поврзување со другите единици.

За инфилтрација по вода Зелените беретки користат приспособен кајак (Klepper folding). Тој може да носи 2 луѓе и неколку стотини фунти опрема тивко со 8 километри на саат. Тој може да се расклопи за 5 минути и да се смести во еден ранец со тежина од 40 килограми кој е носен од еден човек.

За скок од голема височина со ниско отворање – (HALO) и скок од голема височина со високо отворање (HAHO), специјалните сили користат

високо модифициран цивилен падобран (MTI-XX), кој може да лебди во воздухот со часови и со него можат да се поминат километри оддалеченост. За скоковите од голема височина (HALO) или (HAHO) падобранците вдишуваат кислород од 2 компресирани боци со кислород. Компасот кој им е монтиран на градите им помага да го најдат местото на спуштање во поново време се користат со (GPS). Ранците им се прицврстени околу појасот и колковите така што кога ќе дојдат на околу 3 метри височина од земја ги откачуваат.

Во Армијата на САД терминот специјални сили се однесува на сите компоненти на Командата на специјалните сили на САД: какви што се Армиските Ренџери на САД, 1от Оперативен оддел на специјалните сили познат



како ДЕЛТА ("Delta Force"), Психолошкиот оддел за цивилни работи, 160та Авијациска регимента - (ноќни демначи) – 160th SOAR ("Night Stalkers"), Морнаричките Фоки – (СЕАЛ) како и Специјалните бродски единици - (Special Boat Units), Специјалните сили на Воздухопловството како и Специјалните сили на маринците. *(Слика 3. На сликата: Генерал Полковник Вилијам П Јарбороу се среќава со претседателот на САД Џон Кенеди во Форт Брaг во 1961. Јарбороу се смета за еден од основачите на Специјалните Единици на Армијата на САД)* Овие единици имаат единствени можности и се борат со неконвенционална тактика најчесто своите операции ги извршуваат тајно затоа тие и го добиле називот специјални." U.S. Special Forces" се однесува ексклузивно на Армиските специјални сили на САД, непосредно познати како Зелени Беретки називот го добиле по нивната Зелена беретка.

Додека пак фразите "special forces" и "special operations forces" се најчесто користени погрешно или пак се сметаат како синоними, во воената терминологија тие не се идентични.

Мисијата на Командата за специјалните операции на Армијата на САД е да организира, обучува, пополнува, опремува, финансира, раководи, мобилизира, праќа и ги одржува Армиските специјални сили за да можат успешно да ги извршуваат специјалните операции низ целиот свет како што се спроведување самостојни операции, поддршка на останатите единици, обезбедување на политиката на САД секаде низ светот, поддршка на американските амбасадори,

како и на сите агенции на САД како што ќе им биде наредено. “За да водите мала единица мора да бидете раскажувач. Кога вежбате или пак правите брифинг нагласете како акциите кои ги преземате влијаат врз самата организација нормите и вредностите. Бидете специфични – прецизни. Секоја акција може да биде интерпретирана преку вредностите и нормите на вашата организација. Појаснете им на луѓето како нивните акции влијаат позитивно или негативно на целокупните норми и вредности. Следниот пат кога ќе сакате да наградите некој од тимот направете да сватат сите членови на тимот дека вие не ја наградувате толку самата акција колку што ги наградувате вредностите и нормите кои се подигнати со самата таа акција. Единствениот начин вие да влијаете врз тимот во моментот кога сте во акција со засилувањето на нивното сваќање и обврзување на правилата на вашата единица – организација. Тоа мора да биде врежано во нивните срца и само вие можете да го сместите таму”.*(дел од обуката за лидери во специјалните сили)




## 1.2.2 75. Ренџерски полк (Регимента) (Rangers)**

***Мотото на 75. Ренџерски полк (регимента) како дел од специјалните сили на САД; Ренџерите секогаш први – (*Rangers *Lead The Way)*** *(Слика 4. Амблемот на 75. Ренџерски полк (Регимента))*

Американските армиски Ренџери биле формирани како специјална единица на војската на САД. Денес тие се елитната лесна пешадија на армијата на САД. Региментата денес се користи како брза сила за разместување.

Името Ренџер за прв пат било користено за време на војната на кралот Филип со индијанците 1670-1675 за време на овој период капетанот Бенџамин Чрч основал чета на ренџери во 1670. Следниот пат името ренџер е користено 1754 и се однесува на Роџеровите ренџери. Капетан Роберт Роџерс организирал 9 чети за време на Француско индијанската војна 1754 - 1763. Единицата била распуштена по конфликтот. Исто така за време на Американската Револуција од 1763 – 1775 и за време на граѓанската војна од 1861-1865 биле формирани ренџерски чети. По конфликтот четите повторно биле распуштени. Сите

*.COL Maureen K. Leboeuf, "Developing a Leadership Philosophy," *Military Review* (May-June 1999), pg. 28.

** DoD official web page - Darragh Shaun, Ренџери и специјални сили, Army 12/85

ренџерски единици од тоа време имале едно нешто заедничко - сите тие се бореле на не конвенционален начин. Се до Втората Светска војна кога ќе се формира нова единица на Ренџерите.

На Западната граница тие биле активирани на 19.06.1942 година за време на Втората Светска Војна по углед на британските командоси. Вкупно 7 ренџерски баталјони биле формирани за време на војната. Ренџерските баталјони од 1-5 биле распоредени и се бореле во: Африка, Сицилија, Италија и Франција. На Пацификот 6-тиот ренџерски баталјон се борел во Нова Гвинеја и на Филипините. За време на истиот период Мериловите Пљачкаши (Merils Marauders) се бореле во Бурма. Иако тие не биле означени како ренџерска единица, тие се бореле како таква. Сите единици се распуштени по завршувањето на војната.

Кога Генералот Маршал ја посетил Велика Британија во април 1942 за да се забрза инвазијата преку каналот Ла Манш тој се сретнал со Адмиралот лорд Луис Монтбатен главнокоманувачкиот во штабот на здружените сили **(British Combined Operations Headquarters - COHQ),** и притоа го посетил тренинг центарот за командоси во Шкотска. Во тренинг центарот за командоси во Шкотска ген. Маршал го согледал начинот на кој што американските војници ќе се здобијат со поголемо борбено искуство пред борбените дејства. По негова наредба полковникот **Луцијан К. Трускот** се сретнал со британските инструктори за подобро да се разработи планот. Тој **(Трускот)** предложил едницата да се вика Ренџер. По предлогот на **(Трускот)** поголемиот дел од единицата требало да се приклучи на привремена основа и по завршувањето на неколку месечните операции да се вратат во своите претходни единици**.** Ген. Маршал го одобрил предлогот и на 19.06.1942 **(Трускот)** официјално ја активирал единицата 1от Ренџерски Баталјон во Северна Ирска.

Како командант на баталјонот, Трускот го одбрал капетанот **Вилијам О. Дарби.** Во тоа време **Дарби** служел како аѓутант на Генерал Мајор Расел П.Хартли - командант на американските сили во Северна Ирска. Кога Хартли го предложил Дарби за во командата на новата единица Трускот го примил со недоверба, но за кусо време тој открил дека младиот офицер имал извонредни можности како во изведувањето на своите должности така и со својот надворешен изглед и со својот интелект и снаодливост. Неговата доверба била оправдана од младиот офицер. 31 годишниот Дарби, дипломец на Вест Поинт

од 1933, наскоро ги покажал своите можности како во стекнување на довербата на своите претпоставени така и во големата посветеност кон своите луѓе.

Користејќи го моделот на британските командоси, Дарби енергично ја организирал единицата. Гласините за формирањето на новата единица, и повикувањето на доброволци, наскоро се појавиле на огласните табли на 34та Пешадиска Дивизија како и на 1та Оклопна Дивизија како и во другите единици кои што биле стационирани во Северна Ирска. Дарби и офицер од персоналот на Хартли ги интервјуирале и ги селектирале офицерите за новата единица кои за возврат ги интервјуирале подофицерите и војниците избрани за мисијата, особено предност се давала на атлетски градените доброволци кои биле во добра психо-физичка кондиција. Регрутите, рангирани од 17-35 години биле од сите делови на САД, тие вклучувале поранешен скротувач на лавови како и полнокрвен Сиукс индијанец. Исто така неколку единици пробале да им ги подметнат своите проблематични војници. Поголемиот дел од доброволците се пријавиле бидејќи сакале да бидат дел од елитните сили или едноставно сакале авантура. Како што доброволците пристигнувале во кампот на баталјонот, Дарби ги поредил во Командна чета како и 6 чети со по 67 луѓе секоја, организациски така поставени да се жртвувала огнената моќ за возврат се добила самодоволност во однос на издржливоста на самата единица и повеќекратното се зголемила подвижноста на единицата.

Напредниот тренинг за командоси на баталјонот траел 3 месеци. Веднаш по пристигнувањето во Форт Вилиамс во Северна Шкотска, регрутите биле подложени на истоштувачки марш до нивниот камп во сенката на замокот **(Achnacarry Castle)** каде што цел месец биле подложени на ригорозни кондициони вежби. Идните Ренџери биле подложени на вежби со тешки трупци, вежби со пречки, брзи маршеви низ планините како и преминување на брзи реки, под будното око на британските командоси кои им биле инструктори. Кон сето тоа, тие добиле и дополнителна обука за оружје, обука за блиска борба, улични борби, патролирање, ноќни операции и обука за пловење со мали бротчиња. Со ваквите тренинзи се обидувале што повеќе луѓето да ги доведат до вистинска борба во вежбите била користена и вистинска муниција. Во една прилика еден од ренџерите земал активирана граната која била фрлена од страна на британскиот инструктор во нивниот чамец и ја фрлил во езерото каде што и експлодирала. Во почетокот на Август баталјонот бил

префрлен во Аргајл, Шкотска каде што тренирале амфибиски операции заедно со кралската морнарица и подоцна биле префрлени во Данди каде што биле отседнати во приватни куќи и увежбувале напади на осамени објекти и на крајбрежната одбрана.

За време на Корејската војна вкупно 8 ренџерски чети биле активирани. Единиците се покажале одлично во конфликтот и во 1954 тие биле обединети во составот на 75та Пешадиска регимента. Единицата е зголемена до 13 чети и активно учествувала за време на Виетнамската Војна 1950-1975.

Во јануари 1974 година членови од оваа единица го формираат јадрото на 1от баталјон, 75та Ренџерска Регимента (Ренџери). 2от баталјон е активиран за неколку месеци. Овие единици своето прво борбено крштевање го добиваат во мисијата Орлова Канџа (Eagle Claw) во Иран 1975. Тие исто така се активирани за време на операцијата Нужен - Итен Бес (Urgent Fury) во Гренада во 1983. Ова резултирало со активирање на уште еден ренџерски баталјон и создавање на Ренџерски региментален Штаб. Во 1986 година единицата е преименувана во 75та Ренџерска регимента. Оперативната големина на единицата изнесува штаб и 3 баталјони. Секој баталјон ротира за време од еден месец (приправност) како сили за дејство во секое време на секое место. Тие исто така мора да бидат подготвени да заминат каде и да било во светот за време од 18 саати.

За време на операцијата Праведна Цел (Just Cause) во Панама во Декември 1989 и операцијата Пустинска бура (Desert Storm) 1991 Ренџерите играле важна улога. Во 1993 година тие се дел од Наменските сили Ренџер во Сомалија. Во 2002 тие учествуваа во војната против Талибанскиот режим во Авганистан како и во војната против Ирак две години подоцна.

Интересно за оваа единица е тоа што таа има најголем процент на подофицери кои подоцна станале офицери во Армијата на САД.

Преименувана : 1954, 75та пешадиска регимента (Ренџер)

**Главната мисија на 75. Ренџерски полк (регимента) од специјалните сили на САД е директна акција. Единицата како професионален состав за прв пат е формирана на 19 јуни 1942 и поради повеќе причини е распуштена во декември 1945 поради новите политичко економски односи во светот е повторно активирана – формирана во октомври 1950 година.**

**Единицата од 25.01.1989 го носи името 75. Ренџерски полк (регимента) – (75 Ranger Regiment).**

## Единици кои ги сочинувале ренџерските сили како дел од специјалните сили на САД за време на Втората светска војна

- 1Ренџерски Баталјон (формиран 19.06.1942 година, распуштен декември 1945 година),
- 2ри Ренџерски Баталјон (формиран 01.04.1943 година, распуштен 23.10.1945 година)
- 3ти Ренџерски Баталјон (формиран 19.04.1943 година, распуштен декември 1945 година),
- 4ти Ренџерски Баталјон (формиран 19.04.1943 година, распуштен декември 1945 година),
- 5ти Ренџески Баталјон (формиран 14.09.1943 година, распуштен 02.10.1945 година),
- 6ти Ренџерски Баталјон (формиран 25.09.1943 година, распуштен 20.12.1945 година),
- 29ти привремен Ренџерски Баталјон (формиран 20.12.1943 година, распуштен декември 1945 година)

**Поради новите политичко економски односи во светот единици под името ренџер се повторно активирани – формирани во октомври 1950 година.**

- 1ва Ренџерска чета (Падобранска) (формирана во Октомври 1950 година),
- 2 ра Ренџерска чета (Падобранска) (формирана во Октомври 1950 година)
- 3та Ренџерска чета (Падобранска) (формирана во Октомври 1950 година),
- 4та Ренџерска чета (Падобранска) (формирана во Октомври 1950 година),
- 5та Ренџерска чета (Падобранска) (формирана во Октомври 1950 година),

- 6та Ренџерска чета (Падобранска) (формирана во Октомври 1950 година),
- 7ма Ренџерска чета (Падобранска) (формирана во Октомври 1950 година),
- 8ма Ренџерска чета (Падобранска) (формирана во Октомври 1950 година),

Во 1954 година единиците (четите) кои го носеле името ренџер се обединуваат под командата на 75. пешадиска регимента (Ренџер). Бројот на четите се зголемува на 13 до крајот на Корејската војна во 1954 година.

**Со новата доктрина на САД, Пентагон на 25.01.1974 година ја реформира командата на 75 та пешадиска регимента (Ренџер) (чии што припадници се повеќе го користеле името 75. Ренџерска регимента - во наш превод полк) Со новата реформа од четите се формирани 3 баталјони. Единицата од 25.01.1989 го носи името 75. Ренџерски полк (регимента) – (75 Ranger Regiment). Бројната состојба на единицата изнесува околу 2300 луѓе.**

**Сегашен состав на 75. Ренџерски полк (регимента) – (75 Ranger Regiment).** Полкот е составен од команда на 75. Ренџерски полк (регимента) и 3 баталјони кои се разместени;

- 1от Баталјон се наоѓа во (Hunter Army AirField, Georgia.),
- 2от Баталјон се наоѓа во (Fort Lewis, Washington),
- 3от Баталјон се наоѓа во (Fort Benning, Georgia.)



(*Слика 5.: Ренџери под полна боева опрема*)

Секој баталјон се состои од: Штаб (командант со чин полковник) а во Штабот на командантот влегуваат: офицер за комуникации, офицер за огнена поддршка, хирург, воен адвокат на единицата, офицер од

воздухопловството задолжен за временските услови и офицер од воздухопловството за воздухопловна пловидба. Чета за поддршка на штабот, елементи за огнена поддршка, вод за врски, вод за извидување и безбедност, тим за медицинско лекување – болничко, 3 борбени чети со Баталјонски штаб

Штаб на самата чета (HHC) со:

Тим за огнена поддршка – (USAF FAC), медицински тим, комуникациски тим (врскари), тим за поддршка, 3 стрелечки вода (секој со по 45 луѓе), секој стрелечки вод е составен од 3 стрелечки одделенија секое одделение е составено од 3 огнени тима како и од митралеско одделение. Сите водачи на одделенија се по чин постари наредници (Staff Sergeants) а лидерите на тимови се најмалку наредници (Sergeants).

Војниците специјалисти се еднакви на каплари. Оние кои го имаат ренџерскиот амблем ја завршиле ренџерската обука и може по потреба да бидат водачи на тимови. Сите припадници на ренџерите носат традиционално зелена беретка а на ракавите ознаката (Ranger).

Водот за оружје (околу 23 луѓе)

Штабот на 75 та Ренџерска регимента се наоѓа во Форт Бенинг, Џорџија, САД

Падобранска школа: сите мора да ја завршиле падобранската школа (да бидат падобранци).

Програма за индоктринација на ренџерите **(Ranger Indoctrination Program - RIP):** Трае 3 и пол недели програма направена да се отфрлат сите оние кои што нема да издржат. Темпирани маршеви со трчање, пливање како и тестови за воени вештини. По завршување на програмата тие што издржале го добиваат називот ренџери и се вклопуваат во баталјоните каде што продолжуваат со оперативната обука. По 6-12 месеци тие можат да ја посетат Ренџерската школа за обука.

Фаза за прилагодување на ренџерите **(Ranger Assessment Phase - RAP)** трае 5 дена и се одржува во Форт Бенинг, Џорџија. Тестовите за примање во Ренџерската школа се состојат од прелиминарни тестови и тестови од областа на воените вештини:

1 фаза – **Камп Дарби, Џорџија.** Покрива борба гради в гради, патролирање, напредна навигација, лидерство, техники за преживување, прелиминарен тест за пречки и курс за истите, терenски вежби.

2ра фаза за пронаоѓање на скриени патеки - **Dugway Proving Grounds, Јута.** Покрива преживување во пустина, патролирање, борбени вежби, напредни борбени техники, (заседи, преминување препреки со бодликава жица, напади, и др.) теренски вежби.

3та фаза – **Камп Мерил, Џорџија.** Покрива планински операции.

4 та фаза – **Еглин Воздухопловна База, Флорида.** Покрива операции во џунгла и мочуришни операции, додатни напредни борбени техники, операции со мали бродови, теренски вежби.

## Оперативни вежби

Секој баталјон вежба 48 недели годишно за да ја одржи борбената кондиција. Физичко тренирање 5 дена неделно за да се одржи кондицијата. За време од 3 години секој баталјон вежба во екстремно ладни услови и во амфибиски услови. Џунгла, планина и пустина - вакви вежби се одржуваат најмалку еднаш годишно. Вежби во урбана средина се одржуваат секои 6 месеци.

Офицери и подофицери во ренџерите: сите мора да имаат завршено ренџеска школа и сите офицери мора претходно да имаат најмалце една година служба на лидерска позиција, во некоја друга единица (најмалце прв поручник).

Армијата ја одржува високата борбена готовност на 75та Ренџерска Регимента/полк. Секој баталјон може да замине на мисија во секој дел од светот за време од 18 часа. Заради значењето на 75та Ренџерска Регимента/полк таа мора да поседува повеќе способности од другите единици. Овие способности вклучуваат:

- инфилтрација и извлекување по земја, вода и воздух.
- извршување на директни операции.
- извршување на препади.
- спасување на персонал и специјална опрема.
- спроведување на конвенционални или специјални операции.

Единицата ги поддржува дејствата на одредот Делта во противтерористичките акции.

За да се одржи подготвеноста Ренџерите вежбаат постојано. Нивното вежбање вклучува арктички, пустински, планински и операции во џунгла како и амфибиски вежби. Филизофијата за вежбање на 75та Ренџерска

Регимента/полк вклучува виско ниво на готовност: како што е тренинзи за подигање на перформансите на персоналот, како и се нагласуваат вежбите во кои што се користи боева муниција со кои се доведуваат припадниците до многу по реални ситуации во кои се пази на основните воени вештини како и безбедноста. Се вежба ноќе, во лоши временски услови, или пак на тешко достапни терени. Низ тренингот Ренџерите се учат да го очекуваат неочекуваното.

Сите офицери и подофицери се 4 кратни доброволци – во Армијата, Падобранската Школа, Ренџерската регимента/полк, и Ренџерската школа. Избраниците на 75та Ренџерска Регимента/полк мора да ги исполнуваат тешките физички, ментални и морални критериуми. Сите офицери и подофицери мора да бидат падобранци, и да имаат завршено ренџерска школа и мора да имаат демонстрирано одлична ефикасност за местото кое сакаат да го добијат.

По назначувањето во Региментата/полкот како офицерите така и постарите подофицери ја посетуваат Ренџерската програма за ориентација **(ROP)** со која подобро ќе се интегрираат во Региментата/полкот. Ренџерската програма за ориентација ги запознава со правилата во Региментата оперативните процедури позицијата на командирот како и стандардите на Ренџерите. Назначените војници во Региментата поминуваат низ Ренџерската индоктринациска програма **(RIP)** која ги зема во обзир физичката спремност на поединецот како и основните стандарди во Региментата/полкот. Војниците мораат да ги поминат Ренџерската програма за ориентација **(ROP)** или Ренџерската индоктринациска програма **(RIP)** за да бидат назначени во 75та Ренџерска Регимента/полк.

Помладите војници кој не се квалификувани Ренџери мора да идат на пред ренџерски курс, кој ќе ги подготви (ментално, физички и психички) за Ренџерскиот Курс. Резултатот на ваквата селекција како и процес на обука е секој Ренџер да биде подготвен ефективно за големите физички и ментални напори кои се бараат од секој поединец.

Секој Ренџерски Баталјон е составен од 660 луѓе персонал распореден во 3 стрелечки чети како и командна чета.

Ренџерските баталјони се лесни пешадиски баталјони и имаат мал број на возила како и потешки оружја. Стандардните системи на оружја кои се во

состав на секоја единица се: 84мм ренцерски противтенковски систем, 60мм минофрлачи, M240B митралези, 81мм минофрлачи, Mark 19 RP MM фрлач на гранати, 120мм минофрлачи, Stinger противавионски ракети како и сите типови и видови на лесни пешадиски оружја кои ги користат и останатите специјални сили на армијата на САД.

## Силите за специјални операции на морнарицата на САД се претставени со;

## 1.2.3 Морнарички Фоки СЕАЛ - (NAVY SEALS)*

**Мотото на силите за специјални операции на морнарицата на САД; Само минатиот ден беше лесен - The only easy day was yesterday**

Морнаричките Фоки се сили за специјални операции на морнарицата на САД (**U.S. Navy's Special Operations Force (SOF)**. Силите се специјализирани за основни подводни разурнувања – експлозии (**Basic Underwater Demolition - BUD)** како и за напади и препади на



(Слика 6. Значка со амблемот на СЕАЛ)

површински пловни објекти, воздушни и копнени операции (**Sea, Air, or Land - SEAL). Овие тимови се популарно наречени СЕАЛ (Sea, Air, Land).** Тимовите поминуваат низ тешка воена обука. Овие вежби се наречени Основни подводни разурнувања/СЕАЛ (**Basic Underwater Demolition/SEAL - BUD/S)** и се спроведуваат во поморскиот центар за специјално војување во Коронадо (**Naval Special Warfare Center in Coronado).** Припадниците овде се среќаваат со пречки кои ги развиваат нивната издржливост, лидерство како и способноста да работат како тим.

На 01.01.1962 Претседателот Џон Ф. Кенеди (**John F. Kennedy)** го потпишал документот со кој се проширува неконвенционалното војување. Во одговор на променетата улога Морнарицата ги одобрила тимовите на Морнаричките Фоки 1 и 2. Формирани од персонал од Тимови за подводно минирање (**Underwater Demolition Teams - UDTs)**, тие биле формирани да водат антигерилско војување и поморски операции, како и операции на реки.

Во јануари 1962 година на првите **СЕАЛ** тимови им било одобрено да

* „Специјални сили“ – полковник Владимир Терповски Прима Скопје април 1998 стр. 56. - DoD official web page

спроведуваат неконвенционално војување, противгерилско војување како и тајни поморски и речни операции. Овие тимови се именувани како **СЕАЛ** тим еден на Западниот брег и **СЕАЛ** тим два на источниот брег.

Тимовите биле пратени на задачи веднаш по нивното формирање и откако станале оперативни. Нивното прво ангажирање било за време на кубанската криза во 1962 година. За време на кризата како и после неа тие исто така спроведувале акции и во Виетнам се до 1973 година.

После Виетнам нивна прва операција во која што зеле активно учество е Нужен – Итен Бес **(Urgent Fury)** во Гренада во 1983. Во истата година сите преостанати тимови за подводно минирање - **UDTs** тимови **(Underwater Demolition Teams)** биле преименувани како **СЕАЛ** или **СЕАЛ** возила за испорака **(SEAL or SEAL Delivery Vehicle (SDV) Teams.)** Во 1989 тие исто учествувале во Панама за време на операцијата Праведна Цел **(Just Cause)**, Заливската Војна 1990 и 1991. Во 1992 и 1993 единицата земала учество и во Сомалија како дел од наменските сили Ренџер во операцијата Враќање на Надежта **(Restore Hope).** Тие исто така учествувале во фаќањето на воени криминалци во Поранешна Југославија.

**СЕАЛ** тимот ***седум*** и **СЕАЛ** тимот ***десет*** биле формирани во март и април 2002. Тие се формирани со персоналот од останатите шест тима. Сега секој од осумте тима е составен од 6 вода во споредба со 8те вода претходно. Осумте тима овозможуваат по стабилна ротација за приправност на тимовите.
**Примарна мисија на СЕАЛ единицата е неконвенционално војување додека пак секундарна мисија е против револуционерно војување. СЕАЛ единицата е формирана во јануари 1962 година.**

**Единици – тимови од кои е составена СЕАЛ единицата**

- СЕАЛ Тим 1, (Формиран јануари 1962 година сеуште активен во флотата на Пацификот)
- СЕАЛ Тим 2, (Формиран јануари 1962 година сеуште активен во флотата на Атлантикот)
- СЕАЛ Тим 3, (формиран 1983 година сеуште активен)
- СЕАЛ Тим 4, (формиран 1983 година сеуште активен)
- СЕАЛ Тим 5, (формиран 1983 година сеуште активен)

- СЕАЛ Тим 6 (формиран 1983 година), (Распуштен 1995), (официјално – неофицијално сиви операции одговорни за фаќањето и убиството на Осама Бин Ладен)
- СЕАЛ Тим 7, (Формиран во март 2002 година сеуште активен)
- СЕАЛ Тим 8, (формиран 1983 година сеуште активен)
- СЕАЛ Тим 10 (Формиран во април 2002 година сеуште активен)
- Група за Развој или **(DEVGROUP Формирана 1995)**

Штаб

Поморски Команден Центар за Специјално Војување, Сан Диего, Калифорнија САД. **(Naval Special Warfare Command Centre, San Diego, California, United States)**

Најдобрите специјални сили на морнарицата на САД се **СЕАЛ** (Вода, Воздух и Земја) тимовите чија што историја почнува со првата група на доброволци избрани од морнаричките баталјони за конструкција **(Naval Construction Battalions - SeaBees)** во пролетта 1943. Овие доброволци биле организирани во специјални тимови наречени морнарички борбени единици за уништување **(Navy Combat Demolition Units' - NCDUs).** Единиците биле со задача за извидување и чистење на плажите од сите видови на пречки за трупите кои што требало да извршуваат амфибиски напади, тие со тек на време еволуирале во извидувачко Борбени Нуркачи **(Combat Swimmer Reconnaissance Units – NCDUs)** се истакнале за време на Втората светска војна како во Атлантикот така и во Пацификот.

Во 1947, Морнарицата ги организирала своите први подводни офанзивни ударни единици. За време на Корејската Војна, овие подводни тимови за уништување **(Underwater Demolition Teams - UDTs)** земале учество во мисијата кај Инчон како и во други мисии како и акции во кои биле уништувани мостови и тунели кои биле достапни од вода. Тие исто така извршувале и ограничени акции за чистење на мини во пристаништата и реките.

За време на 1960те години секоја гранка на вооружените сили на САД формирала своја противбунтовничка сила. Морнарицата го приспособила персоналот од **UDT** да формира посебни сили наречени СЕАЛ тимови. Јануари 1962 година го означува одобрувањето на СЕАЛ тимовите - СЕАЛ тимот еден во флотата на Пацификот и СЕАЛ тимот два во флотата на Атантикот. Вториот тим вежбал во Литл Крик, Вирџинија **(Little Creek, Virginia,)** а тимот СЕАЛ

еден вежбал во Коронадо, Калифорнија **(Coronado, California)**. И двата тима биле меѓу првите што биле мобилизирани за време на Кубанската криза 1962 година. Овие тимови биле развиени да спроведуваат неконвенционален начин на војување како и прикриени операции како во морска така и во речна и во мочуришна средина.

Истовремено со формирањето на поморски оперативни групи за поддршка на СЕАЛ **(UDTs, SEAL teams),** се формирале и две други единствени единици: Бродска поддршка како и скокачи на плажа **(Boat Support and Beach Jumpers)** за помош при планирањето, истражувањето и развојот за време на Виетнамската војна, **(UDT's)** изведувале извидувачки мисии додека пак СЕАЛ тимовите извршувале офанзивни операции. Во 1967 година поморските оперативни групи за поддршка **(Naval Operations Support Groups)** биле преименувани во Поморски групи за специјално војување **(Naval Special Warfare Groups - NSWGs)** како што растела инволвираноста во лимитираниот конфликт и во специјалните операции. За време на истиот овој период оперативци од СЕАЛ тимовите биле пратени во Виетнам како воени советници на Јужно Виетнамските воени сили. Како што се зголемувал интензитетот на војната тие помагале при нападите и извршувањето на патролите по делтата на реката Меконг како и по Рунг Сат специјалната зона. Тимови од 6-8 СЕАЛ би патролирале до зоната каде поставувале заседи или до некое село во непријателската територија каде поставувале заседи за да добијат информации. Тие биле познати по нападите кои ги извршувале врз локалните водачи на ВИЕТКОНГ како и на водачите на Северно Виетнамската Армија и нивната инфраструктура фокусирајќи се на политичките и воените водачи. Тие од Северно Виетнамците го добиле називот **Луѓето со зелени лица**. За нивно фаќање или заробување биле нудени големи награди. Ниеден СЕАЛ никогаш не бил фатен од страна на Северно Виетнамците. Последниот СЕАЛ вод заминал од Виетнам на 07.12.1971. Последниот СЕАЛ советник заминал од Виетнам во март 1973. За време на овој период големината на СЕАЛ тимовите била зголемена на 6 тима. СЕАЛ тимовите изгубиле 46 свои припадници но се тврди дека имаат убиено 200 пати повеќе Виетконг војници од тоа што имаат изгубено. Нивната репутација со Виетнамците е искажана со прекарот што тие го добиле **Ѓаволите со зелени лица**.

Во 1983 година, преостанатите тимови за подводно минирање **(Underwater Demolition UDT's)** биле пренаменети во СЕАЛ тимови или како СЕАЛ возила за испорака со тоа потребите за хидрографско извидување како и за подводно уништување станале СЕАЛ мисии.

Првата голема операција после Виетнам, во која што СЕАЛ тимовите земале учество била операцијата Нужен Бес - **(Urgent Fury)** во Гренада во 1983 година. Во истата година сите останати подводни тимови за уништување биле преименувани и пренаменети како СЕАЛ тимови или како СЕАЛ возила за испорака. Во 1989 година тие стапиле во акција во Панама за време на операцијата Праведна Цел – **(Just Cause)**, како и во Заливската војна во 1990 и во 1991 година. За време на операцијата Пустинска бура Морнаричките Фоки извеле преку 200 мисии без да изгубат ниту еден човек. Во 1992 и во 1993 година единицата оперирала и во Сомалија како дел од наменските сили **РЕНЏЕР** за време на операцијата Враќање на Надежта – **(Restore Hope)**. На крајот од 20 от век тие ловеа воени криминалци во Бивша Југославија.

Поморската команда за специјално војување станала оперативна на 16.04.1987, во поморската амфибиска база Коронадо во Сан Диего, Калифорнија. Нејзината мисија е да ги подготви Поморските сили за специјално војување да ги извршуваат нивните мисии како и да развиваат специјални стратегии доктрини и тактики.

Во 1995 СЕАЛ тимот 6 -СЕАЛ тимот за противреволуционерно војување, бил распуштен .и тој бил заменет со Групата за Развој – **(Development Group или DEVGROUP).** Оваа единица на хартија била развиена како единица за тестирање и евалуација – оценување.

Во 2001 СЕАЛ тимовите во голем број заминале за Авганистан – за време на американската инвазија на Авганистан. Од тогаш па наваму тие се константно присутни во овој регион.

**Факти за Морнаричките Фоки (СЕАЛ):**

Операции во кои учествувале:

Во 1963 година Првата Виетнамска Војна – присутност на дел од припадниците на СЕАЛ тимот еден во Да Нанг - Виетнам, во служба на командата на ЦИА **(CIA-COS).**

Во 1964 година СЕАЛ станале компонента на военото разузнавање во Виетнам **(military-CINC)**.

25.10.1983 година операција Нужен Бес – **(Urgent Fury)** во Гренада.

20.12.1989 година операција Праведна Цел - **(Just Cause)** во Панама.

14.08.1992 - Декември 1993 операции; Овозможување на Олеснување - **(Provide Relief),** Враќање на Надежта – **(Restore Hope),** Продолжување на Надежта – **(Continue Hope)** во Сомалиа.

Март 2002 година операција Анаконда – **(Anaconda)** во американската инвазија на Авганистан.

Март 2003 година учествувале во инвазијата на Ирак.

Сите СЕАЛ тимови се командувани од морнарички командир **(Navy Commander** код **O-5).** Се до 2002 сите СЕАЛ тимови се состоеле од 8 оперативни СЕАЛ водови како и команден елемент. Од 2002 година секој СЕАЛ тим се состои од 6 вода. Водот на СЕАЛ е најголемиот оперативен елемент кој нормално ќе биде ангажиран да изведе тактичка мисија. Операции извршувани од повеќе водови не се планираат без претходни поголеми подготовки и увежбувања. СЕАЛ водот обично е командуван од морнарички поручник (О - 3). СЕАЛ водот се состои од 16 припадници и може да биде поделен на две одделенија или на четири елементи. Сите СЕАЛ припадници на водот се квалификувани нуркачи, падобранци и минери (оспособени за минирање на сите видови на објекти.)

Се до 2002 година сите СЕАЛ водови како и другите морнарички сили за специјално војување кои заминувале во акција надвор од САД оперирале под оперативна контрола на командирот на претходницата на СЕАЛ тимот додека пак постариот офицер под чија команда бил тимот останувал во матичната база. Од 2002 година командирот на СЕАЛ тимот заминува заедно со тимот. СЕАЛ тимовите се лоцирани во специфични региони. Сите тимови се делат на две големи групи на Тимови на западниот брег и Тимови на источниот брег. Осумте тимови дозволуваат постабилен циклус на смена на персоналот и редовна ротација на тимовите во странство.

Еден тим од секој брег ќе биде на извршување на своите задачи во странство за 6 месеци по завршување на циклусот од 6 месеци тимот се заменува со друг тим кој исто останува во странство 6 месеци додека другите тимови продолжуваат со својата 18 месечна меѓу мисиска обука.

Во секој циклус, силовите 6 месеци ќе вежбаат како индивидуи а 6 месеци ќе вежбаат како тим. Шест месеци пред да заминат во мисија, тимовите ќе вежбаат

заедно со одделите со специјални бродови (**Special Boat detachments**), СЕАЛ возилата за достава (**SEAL delivery vehicles**), како и мобилните тимови за комуникации, тактичките крипто логистички тимови како и тимовите за ослободување од експлозиви. Овие тимови се означени како Морнарички ескадрони за специјално војување и вежбаат заедно со СЕАЛ тимовите како една единица пред заминување. Останатите одделенија не се приклучуваат на тимовите се до нивното заминување на мисија.

Командната структура исто така е доста променета од формирањето на СЕАЛ тимовите и таа ќе продолжи да се менува по потреба на околностите заради извршување на задачите на самата единица.

Тимовите кои се испратени во мисија во странство се поддржувани од специјални групи за логистичка поддршка (**Logistic Support Units**). Овие единици се потчинети на секоја Морнаричка специјална група за војување на секој брег. Тие ги сочинуваат административната и логистичката функција кои порано биле извршувани од тимовите. Ова им дозволува на тимовите да се фокусираат на увежбување и на изведување на операциите. *(Слика 7. дел од Пеколната Недела)*



**Обука на СЕАЛ тимовите**

Основно подводно демолирање СЕАЛ (**Basic Underwater Demolition/SEAL - BUD/S**) се спроведува во Поморскиот центар за специјално војување во Коронадо (Сан Диего, Калифорнија) и трае 26 недели.

Вежбите и должноста на СЕАЛ се на доброволна основа. Многу студенти на основното подводно демолирање СЕАЛ (**Basic Underwater Demolition/SEAL - BUD/S**) додека сеуште се на обука немаат желба да продолжат и понатаму со обуката бидејќи не можат да ги издржат тешките физички и ментални напори и самите се откажуваат од курсот (**Drop On Request, или DOR**).

Офицерите како и подофицерите поминуваат низ истата програма, која што е така направена да се развие нивната издржливост и цврстина, лидерство како и способноста за тимска работа. Традицијата на откажување **(DOR)** се состои од оставање на каишот од шлемот до јарболот на кој што е закачено ѕвоно и се чука на ѕвоното 3 пати. Обично се губат во почетната фаза околу 70-80 посто од кандидатите дел од нив си одат бидејќи не можат да издржат додека пак дел поради здобиените повреди не се во можност да продолжат со курсот. Морнарицата никогаш не дава точен број за тоа колку кандидати се откажуваат од курсот. Повеќето од кандидатите се откажуваат пред завршувањето на Пеколната Недела **(Hell Week)** и само неколку кафеави кошули **"brown shirts"** (тие кои ја поминале пеколната недела носат кафеави маици наместо бели) се откажуваат од Основно подводно демолирање СЕАЛ - **(BUD/S)** програмата.

Нема начин да се предвиди колку од кандидатите ќе се откажат **(DOR)** за време на курсот за Основно подводно демолирање СЕАЛ – **(BUD/S).** СЕАЛ инстукторите велат дека во секоја генерација околу 10 посто од кандидатите едноставно немаат доволно физички можности да ги издржат напрегањата други 10-15 посто ќе поминат доколку не се повредат. Останатите 75-80 проценти зависи дали ќе ја зграбат можноста зависно од нивната мотивација. За време од еден циклус се има случено и ниеден кандидат да не ја заврши програмата.

Секој кандидат кој ќе ја напушти обуката уште во првата фаза пред да ја заврши пеколната недела доколку повторно се пријави и биде прифатен мора да почне од почеток или **(INDOC)**. Кандидатите кои поради повреда или друга причина се откажале по завршувањето на пеколната недела се враќаат назад во зависност од тоа како ќе одлучи бордот на инструктори дали ќе се вратат како почетници од првиот ден или ќе се вратат на 5от ден. Секој кандидат за Основно подводно демолирање СЕАЛ - **(BUD/S)** кој сам ќе се откаже после пеколната недела ја поминува повторно пеколната недела и го има истиот статус како и тие што се откажале пред и за време на пеколната недела. Ако се пријават за Основно подводно демолирање СЕАЛ - **(BUD/S)** тие мораат да ја завршат пеколната недела повторно. Има многу СЕАЛ кои паднале 2 или повеќе пати на Основно подводно демолирање СЕАЛ – **(BUD/S)** пред комплетно да го завршат курсот. Во сите СЕАЛ има само еден поединец кој успешно ја завршил

пеколната недела три пати. Тој го завршил курсот комплетно после третото аплицирање.

Назначувањето за Основно подводно демолирање СЕАЛ – **(BUD/S)** е условно и мора претходно да го поминеш психофизичкиот тест. Психофизичкиот тест е така направен за да се осигураат дека сите кандидати кои ќе се пријават за СЕАЛ програмата да имаат постигнато определено ниво на физичка и кондициона спремност пред да пристигнат на Основно подводно демолирање СЕАЛ **(Basic Underwater Demolition/SEAL - BUD/S)**.

Тестот за физичка спремност е следен:

Минимум што треба да се исполни:

500-јарди пливање слободен стил за време под 12:30 минути.

Најмалце 42 склека за време од 2 минути.,

најмалку 50 чучњеви за време од 2 минути,

најмалку 6 подигања на вратило (без престан без определено време)

Трчање од 1.5 милји во чизми и долги пантолони за време од највеќе 11.30 минути.

Видот на луѓето мора да биде од 20/20 некорегиран или да се корегира на 20/20. СЕАЛ кандидатите може да се пријават за операции за корекција на видот.

Повторно погоре спомнатите резултати се минимумот што секој СЕАЛ треба да го исполни за да влезе на Основно подводно демолирање СЕАЛ **(Basic Underwater Demolition/SEAL - BUD/S)**. Од напредните кандидати се очекува за многу да ги надминат минималните очекувања. Резултати за вреднување се следните:

- 500 јарди слободно пливање за помалку од 10.00 минути,
- 79 склека за помалку од 2 минути,
- 79 чучњеви за помалку од 2 минути.,
- 11 подигања на вратило едно по друго без престан и без времетраење,
- трчање на 1.5 милји во долги пантолони со чизми за помалку од 10.20 минути.

По пристигнувањето во командата на поморската база за специјално војување, пријавените за Основно подводно демолирање СЕАЛ **(Basic Underwater Demolition/SEAL - BUD/S)** веднаш се праќаат на припреми фаза позната како Одмор од физичкото напрегање и заздравување **("PTRR", или Physical Training Rest and Recuperation PTRR)** во оваа фаза се ставаат и сите

оние кои се откажале и повторно аплицирале за Основно подводно демолирање СЕАЛ (**Basic Underwater Demolition/SEAL - BUD/S**). Уште еднаш сите кандидати имаат медицински преглед со пополнувањето на кандидатите веднаш се почнува со курсот.
Основно подводно демолирање СЕАЛ (**BUD/S**) се состои од 5 неделна фаза Курс за индоктринација познат како **(INDOC).**

## *Прва Фаза*

Првата фаза ги покрива физичкото кондицирање и трае 8 недели. Фазата е дизајнирана да ги тестира физичката и психичката издржливост на кандидатите. Првите 2 недели на првата фаза се користат за да се постигне спремноста да се помине 3 недела позната уште како Пеколна Недела.

За време на овој период, од недела навечер се до петок попладне, кандидатите можат да спијат само 4 саата, (како ќе бидат тие 4 часа на одмор поделени и дадени на кандидатите зависи од самите инструктори и нивната проценка). За цело време на пеколната недела кандидатите се секогаш водени и песокливи и развиваат што е познато како влечење низ пеколната недела тоа е начин на одење со кој се заштитува кожата под солените и влажни алишта кој доколку не се применува може да го раскрвават кандидатот. Последниот ден од пеколната недела е познат како ден за кој ќе зажалите за кој кандидатите ползат и се лизгаат низ водата испрљана со ѓубре во специјалните базени направени за тоа додека со маневарска муниција се пука над нивните глави и топовски удари пукаат насекаде околу нив.

За време на целата прва фаза, кандидатот ќе биде тестиран регуларно секојдневно трчање (4 милји), пливање (2 милји) како и поминување на пешадиски и други пречки. Првата фаза ги учи кандидатите за важноста на присебноста, ладнокрвноста како и тимската работа.

## *Втора Фаза*

Втората фаза покрива нуркање и исто така трае 8 недели. Во оваа фаза студентите учат како да нуркаат со апаратура за подводно нуркање (**SCUBA - Self Contained Underwater Breathing Apparatus**). Кандидатите ќе научат како да користат отворен и затворен систем за нуркање. Физичкото кондицирање

продолжува и понатаму но не е толку напорно како во првата фаза. Втората фаза ги претвора кандидатите во Основни борбени нуркачи.

## *Трета Фаза*

Последната фаза ги покрива воените дејствија на земја и трае 9 недели. Кандидатите ќе патуваат до островот Сан Клементе и ќе ги учат основите за поставување на експлозиви, извидување и тактики на војувањето на копно. Физичкото тренирање повторно ќе ги стави на предизвик студентите. Тие учат за навигација на земја, тактики на мали единици, патролирање, тактики на грабнување, пешадиски тактики и воени експлозиви.

## *Напредно вежбање*

После Основното подводно демолирање СЕАЛ **(Basic Underwater Demolition/SEAL - BUD/S)**, кандидатите мора да ги изучуваат Морнаричките стратегиски воздушни операции **(Navy's Strategic Air Operations - SAO)** школото се наоѓа во пустината надвор од Сан Диего. Се до 2003, Армијата ги обучуваше Морнаричките тимови за специјално војување за падобранско слободно паѓање (Navy Special Warfare teams to freefall). Новото училиште дозволува повеќе СЕАЛ како и посадите на борбените средства за специјално војување **(Special Warfare Combatant Crewmen - SWCC)** да станат способни за изведување на слободни скокови како и способни за скокови од големи височини со ниско отварање **(HALO - High Altitude Low Opening)**. По завршување на 3 неделната школа на Морнаричките стратегиски воздушни операции **(SAO)** тие го добиваат својот код за класификација за Морнаричко специјално војување **(Naval Special Warfare Classification - NEC)**. Конечно последната пречка што кандидатите треба да ја поминат пред да почнат да работат во СЕАЛ тим е да го поминат Квалификациониот тренинг за СЕАЛ **(SEAL Qualification Training**, или **SQT)**, кој всушност трае 15 недели. Овој курс од 15 недели се изведува во и околу Поморската амфибиска база Коронадо. По завршувањето на овој курс, кандидатите официјално стануваат СЕАЛ и се здобиваат со игла со амблемот на СЕАЛ или трозабецот на СЕАЛ. По назначувањето во тим, новите СЕАЛ, преминуваат во фазата на понапредно вежбање за време од циклус кој трае 18 месеци пред нивната прва задача во

странство која трае 6 месеци и тие не се сметаат за искусни се додека не поминат најмалце 3 циклуси во странство.

*Опрема која што ја користат Морнаричките Фоки:*

Опрема за изведување на скокови од голема височина со ниско отворање (ХАЛО); Одело за изведување на скокови; Борбен елек; Ракавици од Номекс за скокови; Шлем за изведување на скокови; PVS-21 Ноќни визири; Чизми Oakley Assault Boot; Систем за глобално позиционирање; Торбица со ГПС Global, Штитници за колена; падобран за ХАЛО скокови; Падобрански ранец; Локатор за позиционирање; Повеќе наменски нож; Алтиметар за Хало скокови; MCU 2/P Заштитна маска, прибор за дишење во хелихоптер; Батериска ламба MS-2000(M); Светлечки стапчиња за означување; Радиостаница SABER I; Личен прибор за јадење; Платформа за пад со падобран; Заш. Маска со торбица W/ MOLLE; Појас за спасување; Прибор за подводно поставување експлозиви; Борбена униформа Version 5 RAID Battle Dress Uniform; Маскирна капа за џунгла; Типови на тактички елеци; Панцирни и полупанцирни тактички елеци; фокусни леќи со монтер; Маска за нуркање; Титаниумски ракавици за нуркање и помошна опрема, костум за нуркање; ракавици за изведување на скокови од номекс; фокусни леќи со монтер PVS-21 NVG; Маска за нуркање; шлем со спец. Додатоци; модул за подводно дишење LAR-V Mod 2; Подводен воен ГПС; водоотпорен ранец; подводен радиоприемник; Чизми за нуркање; Мерач за длабочина; Компас за нуркање; Локатор (Visual Identification Projector Signal Light); Саат G Watch; Подполнење; појас со тегови; Специјални прибори; Опрема за блиска борба; Лесен шлем PRO-TEC; Помошна опрема за шлем; Десантна униформа; Персонален прибор за навигација; Држач за испалување на ракети од рамо; Појас со држачи; Тактички елек со плочи; Штитници за нозе; Систем за вода за во пустина; Торбичка за компас и за батерија; Светилка Magpul Mss M93; Прибор SPIE Harness; Ракавици; Падобрански ракавици; Наочари T-800; Компас; Саат за нуркање; Повеќе наменски нож; појас со додатоци; СЕАЛ прибор Navy SEAL CQB; Тип на униформа Raid Battle Dress Uniform (B.D.U); Оклоп за тело TP-1E; Тактички елек; Спец.шлем PRO-TEC; модифицирани наочари за падобранство; Наочари за ноќно гледање AN/PVS-5; Тактички ранец; Заш. Маска со футрола MCU 2/P; Носач за прибор за јадење со стробо светлина; Футрола со две рамки за на бут; M-9 пиштол; Светлосни стапчиња; Универзална футрола за на нога; Ракавици за пукање; GORE-TEX

чизми; прва помош LPU-21/P; СЕАЛ појас за спасување; Тактичка светилка и др.

*Дел од Оружјата кои ги користат и ги имаат во својот арсенал припадниците на СЕАЛ:*

Пиштоли: Colt Government M1911A1, Smith & Wesson Model 39/Mark 22 Mod 0, Beretta M92F/FS (M9 Pistol), Heckler & Koch MK23 Mod 0 (SOCOM pistol), SIG-Sauer P226 и др.

Типови на малокалибарски автомати: Thompson submachine gun series, Ingram Model 10 and Model 11, Heckler & Koch MP series и др.

Пушки: Colt M16, Colt M4, M14 battle rifle, Heckler & Koch G-series, Kalashnikov AK-47 и др.

Снајперски пушки: Barrett M82 series и др.

Снајперски пушки (12,5mm): M-21, KAC SR-25 и др.

Оружја за поддршка; АТ-4 противтенковски ракети, М-870 Автоматска сачмарка, М-60 Митралези, Фрлачка на гранати М-79, Митралези МК-43 и М-2НВ, Против авионски ракети SAW и др.

Возила: повеќе наменско возило, пустинско возило и сите останати типови на возила потребни за секоја мисија посебно.

## 1.2.4 Извидувачки сили на Корпусот на Маринците на САД (United States Marine Corps - USMC Force Reconnaissance - Force Recon) *




Корпусот на Маринците на САД - извидувачки сили (United States Marine Corps - USMC Force Reconnaissance - Force Recon) (Слика 8. Амблемот кој го носат припадниците на Извидувачките сили на Корпусот на Маринците на САД) може да се сметаат за сили кои се во составот на корпусот на маринците на САД но по својата подготвеност се наоѓаат на исто ниво како: Морнаричките Фоки, или на останатите специјални сили на Армијата на САД -

* Darragh Shaun, Ренџери и специјални сили, Army 12/85 стр. 11

(иако нивните мисии на некој начин се разликуваат од оние на останатите специјални сили на САД). Тие не се наоѓаат под командата на специјалните сили на САД, сепак нивната обука како и нивната намена кажуваат поинаку. Извидувачите на Маринците на САД изведуваат високо специјализирани мисии, со мало ангажирање на сили, високо ризични операции, како што се: амфибиски, акции длабоко во непријателската територија, извидување и др. Помагаат при специјални мисии (оружја за масовно уништување НХБО, уништување на радари како и ракетни системи). Помагаат при наведување на бомби (ласерско нишанење на целта како за авионски бомби така и за наведувани ракети). Спроведуваат операции со помал опсег напади на платформи за гас и нафта, спроведуваат истраги и испрашувања како и изведуваат мисии на киднапирање и запленување на материјали од посебна природа. Спасување на заложници и воени затвореници е исто во нивниот опис на работа.

Извидувачките сили на Корпусот на Маринците прв пат биле промовирани во 1954, во базата на маринците Камп Пенделтон, Надвор од Сан Диего, Калифорнија кога бил формиран првиот експериментален извидувачки тим. Извидувачките сили на Корпусот на Маринците не треба да се мешаат со Маринските експедициски сили (способни за специјални операции) **Marine Expeditionary Units (Special Operations Capable) {MEU(SOC)}** бидејќи **Marine Expeditionary Units (Special Operations Capable) {MEU(SOC)}** се по искусни во длабоко извидување и стратегиско извидување и повремено извршуваат и други должности освен извидувачки.

Мисиите на Извидувачките сили на Корпусот на Маринците го опфаќаат следниот дијапазон на акции: Директна Акција, Стратегиско извидување, Неконвенционално војување, Противтероризам, Претражување на терен и спасување, Специјални активности назначени од владата.

**Единицата е формирана во 1954 година во базата на маринците Камп Пенделтон надвор од Сан Диего (Калифорнија).**

Единици кои ги сочинуваат извидувачките сили на корпусот на маринците

- 1ва извидничка чета,
- 2ра извидничка чета,

- 3та извидничка чета,
- 4та извидничка чета,
- 3ти извиднички Баталјон,
- Чета за длабоко извидување и патролирање.

Штабот на извидувачките сили на корпусот на маринците е сместен во базата Камп Пенделтон, Калифорнија, САД. За овие сили многу малку се знае а уште помалку се пишува но за да бидеш припадник на оваа специјална единица покрај тоа што кандидатот мора да има претходно служено во корпусот на маринците (да има посебно високи оценки) тој мора да поседува посебни способности и вештини.

### 1.2.5 1ва Специјална сила Оперативен одред – Делта (Падобрански), Делта Форс, Делта одред - 1st Special Forces Operational Detachment-Delta

**1ва Специјална сила Оперативен одред – Делта (Падобрански) – (1st Special Forces Operational Detachment - Delta (1st SFOD-D))** е една од најтајните од **прв ред специјални сили** наменета за противтерористички и единица за специјални мисии – задачи. Попозната како Делта, или Делта сила, била формирана под назив Прв Оперативен одред на специјалните сили – Делта и е директно потчинет на Министерството за одбрана како **група за борбена употреба**. Оваа единица е елитна специјална единица и има свое одделение – и се води како армиско одделно одделение при Обединетата команда на специјалните сили. Делта силата е примарна противтерористичка единица на САД.

Примарните задачи на Делта силата се противтерористички, директна акција и акции од високо значење, иако тоа е одред кој е способен за голем дијапазон на акции од прикриен карактер вклучително но не лимитирано само на спасување на заложници и директни напади на други борбени групи.

**1ва Специјална сила Оперативен одред – Делта (Падобрански)** (понатаму Делта) е активиран за почетна дата на постоењето на единицата се води **21.11.1977 година** – (дата на формирање) Структурата на единицата според

нејзината припадност се наоѓа во Армијата на САД. Единицата е предвидена за изведување на сите видови на специјални операции и спаѓа во специјалните сили од прв ред. Големината или бројноста на самата единица е воена тајна. [1]

ДЕЛТА единицата е дел од Командата за специјални операции на САД,

**1 ва Специјална сила Оперативен одред – Делта (Падобрански) - 1st Special Forces Operational Detachment-Delta (Airborne)**




(Слика 9. Армија на САД Команда за специјални операции амблем кој го носат припадниците на ДЕЛТА Одредот)

---

Здружена команда за специјални операции, Армија на САД команда за специјални операции. Гарнизонот на ДЕЛТА како и штабот се сместени во Форт Браг Северна Каролина (35.12047,-79.363775). **1ва Специјална сила Оперативен одред – Делта (Падобрански)** може да се најде, за него да се чита или пак самите припадници како и останатите единици од армијата на САД ги ословуваат и со следните прекари; Делта форс, Делта, Д - Бојс, ЦАГ - (CAG). ДЕЛТА единицата од своето формирање до денес има учествувано во сите високо ризични мисии во кои што имало ангажирање директно или индиректно од страна на САД, бидејќи повеќето од мисиите се тајни и за нив можеби јавноста и никогаш нема да дознае ние ќе се посветиме на оние за кој што има податоци каде што ДЕЛТА единицата неможела да дејствува без да биде забележана од тие операции ќе ги издвоиме; Операција Орлова Канџа - (Operation Eagle Claw), Операција Нужен Бес - (Operation Urgent Fury), Операција Праведна Цел - (Operation Just Cause), Операција Опасна Киселина - (Operation Acid Gambit), Операција Пустинска Бура - (Operation Desert Storm),

Операција враќање на надежта - (Operation Restore Hope), Операција Готска Змија - (Operation Gothic Serpent), Операција Одржување на слободата - (Operation Enduring Freedom), Операција Слобода за Ирак - (Operation Iraqi Freedom).

## Историјат на 1 ва Специјална сила Оперативен одред – Делта (Падобрански)

Одредот Делта бил формиран после серија на добро медиумски публикувани терористички инциденти во 1970 те години што ја довело владата на САД да формира против терористичка единица.

Клучни воени и владини личности уште во 1960 те биле информирани околу моделот врз основа на кој би се формирала ваков вид на единица. Чарлс Беквит (Charles Beckwith), член на Специјалните сили на Армијата на САД (US Army Special Forces) служел како офицер за размена (exchange officer) со британскиот 22 САС полк – регимента (British Army's Special Air Service - 22 SAS Regiment). После неговото враќање, Беквит (Beckwith) презентирал детален извештај со кој ја напомнал ранливоста на Армијата на САД поради немањето на единица од типот на САС – тип на единица во својот состав. Специјалните сили на Армијата на САД во тој период се фокусирале на неконвенционалното војување (unconventional warfare), но Беквит ја препознал потребата не само од „учители , туку и од извршители.“[4] Тој предвидел високо адаптибилни и комплетно автономни мали тимови со широк спектар на специјални вештини за директна акција и противтерористички мисии. (direct action and counter-terrorist) Тој ги брифирал воените и владините челници, кој биле многу отпорни (не сакале) да се формира нова специјална единица која ќе фигурира надвор од специјалните сили, или пак која ќе ја смени досегашната практика и методи на дејствување. Конечно во средината на 1970–те , како што растеле терористичките закани, челниците од Пентагон му одобруваат на Беквит (Beckwith) да ја формира единицата.[5]

Беквит (Beckwith) пресметал дека ќе му бидат потребни околу 24 месеци за да биде единицата спремна за акција. Во меѓувреме 5та Група на специјални сили

(5th Special Forces Group) ја формира Плава Светлина. (Blue Light) Плава светлина бил мал противтерористички контингент кој функционирал се додека Делта не станала потполно оперативна во раните 1980 ти години.

На 4 ноември 1979, кратко откако делта била формирана, 53 Американски граѓани биле заробени и држени како заложници во Амбасадата на САД во Техеран, Иран. Единицата била активирана и и била доделена операцијата Орлова Канџа (Eagle Claw), на единицата и било наредено тајно да влезе во земјата и да ги спаси заложниците со употреба на сите средства ноќта помеѓу 24 и 25 април 1980 година. Операцијата била откажана после проблемите со транспортот и несреќите кои се случиле за време на операцијата. Комисијата која што била задолжена за инспекција зошто мисијата била неуспешна открила 23 проблеми кои се јавиле за време на операцијата помеѓу кои и незнаењето на пилотите за временските услови кои ги чекаат како и повеќе проблеми околу комуникацијата помеѓу различните единици кои што учествувале во мисијата како и кој врз што има ингеренции како и клучниот момент кога настанува судир помеѓу хеликоптер кој што бил вклучен во мисијата и воздушниот танкер кој што требал да му наполни гориво, механичките проблеми кој што се јавиле кај други два хелихоптери со што се намалил бројот на хелихотери од осум на пет (минималниот број за извршување на мисијата бил шест) и тоа се случува кога хелихоптерите требало да наполнат гориво со што мисијата била откажана.[6]

После неуспешната операција владата на САД дава зелено светло за формирање на неколку нови единици помеѓу кои и 160та Авијациска регимента за специјални операции (160th Special Operations Aviation Regiment - Airborne), исто позната и како ноќни демначи (*Nightstalkers)*, била формирана специјално за Делта одредот нивно пренесување до местото каде што требало да дејствуваат како и нивно извлекување од местото на акција со намера да нема повеќе проблеми и недостатоци од типот на оние кои се случиле за време на операцијата Орлова Канџа (Eagle Claw). Морнарицата на САД го формира Сеал тимот шест (SEAL Team Six) за слични инциденти кои би се случиле на море. Здружената команда за специјални операции (Joint Special Operations Command) била формирана за контрола и надгледување на заедничките вежби и

усклaдување на заедничките операции помеѓу противтерористичките единици на различните гранки на воените сили на САД.

## Организација и структура на 1ва Специјална сила Оперативен одред – Делта (Падобрански)

Единицата е под организација на Командата за специјални операции на Армијата на САД (US Army Special Operations Command) - (USASOC) но е под контрола на Здружената команда за специјални операции (Joint Special Operations Command ) - (JSOC). Скоро сите информации околу единицата се воена тајна строго доверливо и детали околу поедини мисии или цели операции се тешко достапни или пак воопшто не се знае за нив. Неколку извори вклучително и книгата Внатре во Делта Форс (*Inside Delta Force)* од командниот наредник Ерик Л. Хејни (Command Sergeant Major Eric L. Haney) во пензија ни дава до знаење дека бројноста на единицата варира од 800 – 1000 членови, заедно со персоналот за поддршка:

## Назив на одредот Делта и кодни ознаки

- D – Команда и контрола (штаб)
- E – Комуникации, разузнавање и административна поддршка (вклучува финансии, логистика, медицински одсек, истражување и развој, технологија и електроника и др.) (разузнавање - Intelligence)
- F – оперативна рака (тимови на оператори)
- Медицинскиот одсек во својот состав има доктори специјалисти во Форт Браг и во неколку други бази кои работат прикриено тимовите на доктори можат да бидат испратени и во мисии надвор во други американски бази онаму каде се спрема некоја тајна операција и секогаш се спремни да пружат помош на повредените доколку има потреба.
- Оперативна поддршка на трупите, или ("The Funny Platoon"), е внатрешен разузнавачки орган на Делта. Тие произлегле преку големите и долги несогласувања помеѓу самата единица и останатите разузнавачки агенции кои им доставуваат податоци околу мисијата. (Intelligence

Support Activity) Тие се инфилтрираат во земјата каде што треба да се изврши операцијата за да приберат клучни податоци кои се потребни за да се изврши мисијата.

- Авиацискиот скавдрон иако Делта се потпира скоро целосно на 160та Авијациска регимента за специјални операции (160th Special Operations Aviation Regiment) како и врз помошта од воздухопловството на САД како при вршење на операции за нивно пренесување до целта како и нивно извлекување сепак во самата единица има мал авиациски скавдрон кој се користи за определени ситуации. Овој авиациски скавдрон се состои од 12 АН- 6 јуришни и МН-6 транспортни хелихоптери (иако оваа бројка најверојатно е зголемена). Не е познато дали пилотите се земаат од военото воздухопловство, 160та Авијациска регимента за специјални операции или пак тоа се припадници на Делта кои што имаат дополнителна обука за пилоти.
- Оперативно Истражувачка секција
- Оперативно крило

Структурата на Делта форс е слична на онаа на Британската 22 САС регимента единицата која што го има инспирирано креаторот на Делта форс Чарлс Беквит. Во книгите Денес не е добар ден за умирање; Некажаната приказна за операцијата Анаконда, преку магазинот Армиски Времиња (*Army Times)* како и преку многу други публикации од писателот Шон Нејлор (Sean Naylor) се дознава дека оваа единица брои околу 1000 оперативци од кои околу 250 па и повеќе се оперативци кои се обучени за спроведување на директна акција и разузнавачки мисии.[7] (direct action and reconnaissance missions).[7] Има три главни оперативни скавдрони;

- **А Скавдрон**
- **В Скавдрон**
- **С Скавдрон**

Овие скавдрони се базирани на структура слична на онаа на организацијата на (САС Сабја Скавдрон - SAS "Sabre Squadron") и секој скавдрон има од 75 до 85

оперативци.[8] Секој сабја скадрон е составен од три трупи, една снајперска трупа (за поддршка), и две јуришни трупи за директна акција секоја трупа може да оперира и во помали тимови кои можат да бидат составени од 4-6 оперативци. Според сведочењето дадено пред комисијата/комитетот за вооружените сили на 29 јуни, 2006 од страна на Мајкл Викерс Делта како и сите останати специјални сили на САД е предвидено доколку има потреба својата големина да ја зголеми за една третина т.е. да се формира веднаш и четврт сквадрон.

## Регрутирање за кандидати во Делта одредот

Скоро сите регрути доаѓаат од специјалните сили на САД како и 75та Ренџерска регимента, но има и оперативци кои дошле од други делови на армијата на САД.[9] Од 1990 година Армијата има постирано известување за прием на нови кандидати во 1от ССОО – Д (1st SFOD-D)[10] (само скратеното име се појавува во сите конкурси) за која што се верува дека всушност е прием и регрутирање на нови членови на Делта форс. Иако армијата официјално тоа никогаш го нема потврдено. Официјално за прием во Делта форс може да се најде само во официјалниот весник на Форт Браг (Параглајд) каде што се истакнува името Делта Форс и каде што се истакнува дека единицата за потребите на службата бара луѓе од армијата кои се подготвени во секое време и на секое место да извршуваат мисии и се истакнува се бараат луѓе кои поседуваат посебни вештини.[11] Понатаму се истакнува дека сите кандидати мора да бидат од машки пол по армиски ранг од Е-4 до Е-8, како и да имаат најмалку две и пол години служба останато од договорот со армијата да имаат 21 и повеќе години на старост како и да имаат натпросечен тест на (Armed Services Vocational Aptitude Battery test) како и да поминат на интервјуто за прием во единицата.

## Селективен процес за прием во Делта

Според книгата на Haney (*Inside Delta Force)* селективниот процес е опишан во детали. Тој го опишува почетокот на селективниот курс; тој почнува со стандардните тестови во кои се вклучени склекови, чучњеви и трчање од 2 миљи (3.2км) назачки лазење од 100 метри како и пливање од 100 метри под полна облека. Кандидатите на селективниот курс откако ќе го исполнат овој дел

преминуваат на следниот дел каде што учат и исполнуваат тестови по навигација во кој е вклучен 18 миљи (29 км) целоноќна навигација со 40 фунти (18 кг) тежок ранец. Како што напредува селективниот курс така должината на маршевите се зголемува така се зголемува и тежината на ранецот кој се носи но се намалува времето за кој што треба да се помине теренот. Физичкиот дел од селективниот курс завршува со 40 миљи (64 км) марш со 45 фунти (20 кг) тежок ранец преку многу див и напорен терен овој марш се завршува за определено време со навигација каде што треба да се наоѓаат точки по кој се одвива маршот. Според Хејни (Haney) времето за кое што треба да биде завршен маршот го знае само главниот инструктор на селективниот но сепак крајните проценки како и критериумите кој останува а кој го напушта селективниот се оставени на инструкторите кои се задолжени за тимовите. [12][13] Менталниот дел од селективниот почнува со голем број на психолошки тестови. Тогаш кандидатите се под лупа на инструкторскиот тим, психологот на единицата како и под строгото око на командантот на единицата секој кандидат е соочен со куп прашања кој треба да ги одговара со голема прецизност и брзина и за целото тоа време тој е прекинуван од некого од погоре наведените се со цел негово ментално исцрпување. Кога ќе заврши ова интревју командантот на единицата му приоѓа на кандидатот и му соопштува дали тој е примен или е одбиен. Доколку кандидатот е прифатен во Делта Форс тогаш тој поминува низ 6 месечен тренинг курс за основен оперативец (6-month Operator Training Course - OTC), каде што се стекнува со противтерористичка и против разузнавачка обука и техники. Во овој дел се вклучени и стрелање од сите типови на оружје како и зголемување (подобрување) на прецизноста на кандидатот.[13] ЦИА (Central Intelligence Agency's) посебно нејзиниот таен оддел Дивизијата за специјални активности (Special Activities Division - SAD) по специфично нејзината елитна група за специјални операции (Special Operations Group - SOG) често регрутира докажани оперативци од Делта Форс.[14]

## Обука на 1ва Специјална сила Оперативен одред – Делта (Падобрански)

**Тренинг Курс за оперативец (Основен тренинг курс ОТК – (ОТС)анг);** Според книгата Внатре во Делта Форс (*Inside the Delta Force)* на Ерик Хејни (Eric Haney,) Основниот тренинг курс (ОТС) се состои од следните делови. Иако тој се има променето од пишувањето на книгата до денеска сепак неговата должина сеуште е околу 6 месеци.

-Стрелање

- Кандидатите пукаат во неподвижни мети од близина додека не постигнат 100 % прецизност тогаш тие преминуваат на подвижни мети.
- Кога стрелачките вештини ќе бидат максимално усовршени тогаш тие преминуваат на обука во куќата за стрелање каде што увежбуваат чистење на куќа со заложници. На почетокот се почнува со еден студент, па двајца истовремено па тројца и на крај да се стигне до четворица. Откако се увежбува тимот од четворица тогаш се додаваат и заложниците покрај непријателите.

-Минирање и обивање.

- Кандидатите учат како да обиваат сефови, коли и сите останати типови на брави.
- Минирање и како да направат бомба од приручни средства.

-Обединети вештини. ФБИ, ФАА (FBI, FAA), и други агенции се користат во текот на обуката како и нивни совети и инструктори кои се обучени за заложнички ситуации. Делта тимовите увежбуваат и упади во авиони и други воздухоплови. (Delta Air Lines)

- Новите Делта оперативци користат експлозиви како и сите останати свои техники кои ги здобиваат при изведувањето на акциите за спасување на заложници така и при акциите за елиминација на опасни терористи при што се вклучени и јуришни трупи кои добиваат поддршка од снајперските тимови. Акциите се изведуваат на различни локации.

- Сите кандидати учат како да постават снајперска позиција околу зграда во која се наоѓаат заложници. Сите учат и знаат како да постават комуникациски центар и да ракуваат со него. Иако Делта има специјализирани снајперски тимови сепак сите припадници поминуваат низ обука за снајперисти.

- Кандидатите тогаш повторно се враќаат во куќата за обука со заложници каде што куклите кои служат како заложници се заменуваат со вистински луѓе – кандидати за Делта – форс единицата. Во овие вежби се користи вистинска муниција, за тестирање на кандидатите како и за стекнување на доверба едни помеѓу други.

**-Трик на занатот** – за време на креирањето на единицата (Делта), припадници на ЦИА биле користени за обука и учење на разузнавачките вештини.

- Кандидатите учат различни техники на разузнавање како средби со контакти, кратки средби, преземање, разузнавачки техники и сигнали знаци за распознавање, сигнали за опасност и распознавање, разузнавање и контраразузнавање.

-ВИП обезбедување (Директорско обезбедување) припадници на стејт департментот и тајната служба – нивни инструктори го држеле овој дел од обуката при формирањето на единицата и првите години по нејзиното формирање.

- Кандидатите имаат обука за возење и како да ги користат возилата како нападни и одбранбени оружја.

- Тие учат техники преземени од тајната служба за тоа како да заштитат ВИП и други дипломати кои се на мисија.

-Крајна вежба

- Краен тест при кој што кандидатите ги комбинираат и ги употребуваат сите техники и тактики кои што ги научиле до тогаш.

Иако ова се главните вештини кои се учат во секој Основен тренинг курс сепак секој курс има некои новини во себе со што се разликува од претходните.

Делта Форс повремено има заедничка обука – вежби со слични единици од земјите НАТО – сојузнички како што се Австралискиот САС полк, Британскиот САС, канадскиот Здружени наменски сили 2, Францускиот ГИГН, Германскиот КСК и Израелскиот Сајарет Матакал. Тие прават заеднички акции и со поморските СЕАЛ тимови како и со (SWAT) тимот на ФБИ за спасување на заложници. (Австралискиот САС полк/ регимента - Australian Special Air Service Regiment, Британскиот САС полк/регимента - Special Air Service, Канадските здружени наменски сили 2 - „Joint Task Force 2, Француските ГИГН - GIGN, Германските КСК - KSK, и израелските Сајарет Матакал - Israeli Sayeret Matkal, СЕАЛ ДЕВГРУ - (DEVGRU).[15] и тимот на ФБИ за спасување на заложници - FBI's Hostage Rescue Team.)

## Униформа која ја користи 1ва Специјална сила Оперативен одред – Делта (Падобрански)

Пентагон строго ги контролира информациите кои протекуваат за Делта Форс и јавно одбива да дава какви и да е коментари за активностите на единицата како и за самата единица. Припадниците на Делта имаат голема автономија и флексибилност. За да го прикријат својот идентитет тие ретко кога носат униформа најчесто носат цивилна облека или пак делови од цивилна облека и униформа. Кога носат исклучиво воена униформа тогаш на униформата немаат никакви ознаки ниту пак имиња и презимиња или пак на кој род од армијата припаѓаат. Дозволени се сите типови на флизури кои што сака да носи како и дозволено е да имаат брада мустаќи и т.н. со што би се избегнало препознавање на припадниците на оваа единица дека се воени лица.[13][16]

## Операции и тајни задаци (прикриени акции)

Поголемиот дел од задачите и операциите кои што ги извршуваат припадниците на Делта Форс се високо тајни и за нив никогаш нема да чуеме. Но сепак некој операции не е возможно да се скријат од јавноста. Имало и многу случаи кога Делта Форс биле во приправност и чекале наредба да тргнат во акција но сепак во последен момент акцијата била откажана. Од познатите операции можеме да ги вброиме;

## Операција Орлова Канџа (Operation Eagle Claw)

Првата операција во која што Делта Форс биле ангажирани почнала ноќта после постигнувањето на оперативната подготвеност на единицата на 4 ти ноември 1979 година кога иранските студенти ја нападнале и ја освоиле Американската амбасада во Техеран (Иран). Делта Форс веднаш била назначена како единица која што ќе треба да го изврши извлекувањето на заробените американски дипломати тие веднаш ги почнале подготовките за препад и диверзија на амбасадата и спасување на заложниците во која што зеле учество и воени инженери кои имале детален план на амбасадата. Планот бил сложен составен од повеќе етапи кои морале да бидат со голема прецизност секоја етапа да се поклопи со претходната. Во планот биле вклучени ноќен упад со хелихоптери во кој што биле употребени и ноќни визири од првата генерација. Спасувачките сили требало да бидат уфрлени со помош на авион од типот Ц – 130 (Херкулес) ноќно време на определена локација во пустината надвор од Техеран на место наречено Пустина еден (Desert One), каде што требало да се сретнат со групација на хелихоптери од типот (RH-53 Sea Stallion) кои полетале од УСС Нимиц носачот на авиони кој се наоѓал во Индискиот Океан. Хелихоптерите требало да бидат наполнети со гориво на земја со помош на специјални црева кој што биле закачени на авион од типот Ц – 130 (Херкулес). Понатаму хелихоптерите и спасувачките сили кои што биле составени од Делта Форс и Ренџери требало да одлетаат до определена локација надвор од Техеран каде што требало да останат сокриени до следната вечер. Кога Делта тимот требало да се одвезе со помош на маскирани камиони до амбасадата каде што биле држени заложниците да ја нападне амбасадата и да ги спаси заложниците и заедно со нив да се постават на фудбалскиот стадион кој бил во близина на амбасадата каде што требало да пристигнат хелихоптерите и да ги земат. Со хелихоптерите тие требало да се одвезат до аеродромот кој што претходно требало да биде заземен од ренџерите. Со помош на авиони од типот (C-141) тие требало комплетно сите учесници во акцијата да се качат во авионите и да полетаат оставајќи ги позади себе хелихоптерите кои што требало да бидат уништени на самиот аеродром.

За несреќа, хелихоптерите предизвикале каснење на мисијата со што таа била откажана уште во првата етапа на Пустина еден (Desert One), кога биле изгубени доволно хелихоптери кој од истрошеност, од песочна олуја, пилотска грешка, и од расипана хидраулика  така што командирите кои учествувале во мисијата доаѓаат до заклучок дека бројот на хелихоптерите е под потребниот минимум за извршување на мисијата и му предложиле на претседателот Картер мисијата да биде одложена, тој го прифаќа предлогот. Како што спасувачките тимови го напуштале времениот камп Пустина еден, еден од хелихоптерите се удира во еден од авионите на специјалните сили на САД од типот Ц- 130 при што следи голема експлозија и паника при што хелихоптерите се напуштени во брзање а со нив и голем дел од плановите за спасувачката мисија кој што паднале во ирански раце со што се оневозможени и сите понатамошни планови и обиди за спасување на заложниците.[13]

## Централно американски операции

Делта била вклучена постојано во акциите во Централна Америка, посебно во борбите со Салвадорската револуционерна група (Central America, Salvadoran Farabundo Marti National Liberation Front) како и при асиситрањето на ЦИА и контрашите во Никарагва.(Central Intelligence Agency - funded Contras in Nicaragua.)[13]

## Операција Нужен Бес (Urgent Fury)

Втората Делта мисија која била лансирана во раните утрински часови во првиот ден од операцијата Нужен Бес (Operation Urgent Fury) во Гренада. Делта имале задача да го нападнат затворот Ричмонд Хил и да ги спасат затворениците кои што биле таму држени. Затворот бил изграден врз остатоците на тврдина од 18 – ти век и не можело да му се пријде од три страни кои имале стрмни падини обраснати со џунгла, затворот имал само една достапна страна четвртата која што имала еден тесен пат кој бил обраснат со високи дрвја. Затворот бил така поставен да не било возможно слетување со хелихоптер. Ричмонд Хил се наоѓа на едната страна од тесната долина на другата страна од долината се наоѓа друга стара тврдина Форт Фредерик која се наоѓа на повисоко ниво и во која што бил

сместен еден гарнизон на војската на Гренада. Од Форт Фредерик гарнизонот лесно можел да ја покрие целата долина со оган од лесно оружје како и со помош на митралезот кој го имале. Во оваа долина и под баражен оган на гарнизонот хелихоптерите на делта влетале во долината и ја почнале својата акција во 6.30 сабајлето.[потребен *цитат*]

Хелихоптерите на наменските сили 160 - (160 SOAR) влетале во долината и ги насочиле своите носови кон затворот. Бидејќи не можеле да слетаат, тимовите кои што биле во нив морале да се спуштаат по јажиња. Како што почнале припадниците на Делта да се спуштаат тие се нашле во вкрстен оган од една страна на нив пукале чуварите на затворот додека од другата на нив пукале војниците од гарнизонот од Форт Фредерик. Според очевидци на настанот хелихоптерите кои што можеле веднаш го напуштиле местото и излегле од долината. Најмалку еден пилот на хелихоптер одбил да влезе во вкрстениот оган и да ги истовари припадниците на Делта тимот еден од пилотите дури и под закана одбил да ги однесе на местото каде што требало да се спуштат.[17]

## Летот на Аеропостал 252

На 29 јули 1984 летот на Аеропостал 252 од Каракас до островот Куракао бил киднапиран. Два дена подоцна авионот од типот ДЦ - 9 бил заземен од командосите на Венецуела кои ги убиле киднаперите потпомогнати и под покровителство на Делта Форс. [18][19]

## Киднапирањето на бродот Ахиле Лауро

Претседателот Роналд Реган им наредил на тимот шест на морнаричките фоки и на Делта Форс за време на киднапирањето на бродот Ахиле Лауро да бидат спремни да го заземат бродот и да ги ослободат заложниците.

## Операција Тркалезно Шише (Operation Round Bottle)

Делта форс планирала операција за 3 тима кој што требало да влезат во Бејрут, Либан за да ги спасат заложниците кои биле држени од Хезболах, но акцијата била прекината кога преговорите почнале да водат по нагорна линија кога преговарачите успеале да договорат размена на заложниците во замена за

оружје. Операцијата била целосно откажана кога се појавила сторија во Лос Анџелес Тајмс во која што била откриена Иранската – Контра афера.[20]

## Операција Тешка Сенка (Heavy Shadow)

Во неговата книга Убиството на Пабло (*Killing Pablo)*, Марк Бовден (Mark Bowden) уверува дека снајпер припадник на Делта Форс најверојатно го убива Пабло Ескобар колумбискиот нарко бос. Нема цврст доказ за ова и целата заслуга се припишува на Колумбиските сили за безбедност.

## Операција Праведна Цел (Just Cause)

Пред да биде преземена операцијата Праведна Цел (Operation Just Cause) од силите на САД имало и други операции кои им биле доделени на специјалните сили на САД. Операцијата Опасна Киселина - (Operation Acid Gambit) била доделена на Делта Форс тие требало да го спасат и вратат дома Курт Мус (Kurt Muse) кој бил држен затворен во Панама Сити во затворот Карсел Модело. Уште една важна операција која им била доделена на Делта била операцијата Вешт Пакет - (Operation Nifty Package), тоа е операцијата за фаќањето на генерал Мануел Антонио Нориега.(Manuel Antonio Noriega).

## Операција Пустински Штит/Пустинска Бура (Desert Shield/Desert Storm)

Делта Форс биле испратени за време на операцијата Пустинска Бура (Desert Storm) во регионот и имале голем број на задачи и обврски. Во овие обврски спаѓале и обезбедување на блиска поддршка лично обезбедување на генералот Норман Шварцкоф во Саудиска Арабија. Армиските офицери побарале да биде намалено обезбедувањето на генералот но безуспешно. Делта Форс исто така била задолжена и со потрага по скад ракетните системи (SCUD missiles) заедно со останатите специјални сили како на САД така и на Коалицијата.

## Операција Готска Змија (Gothic Serpent)

На 3 –ти октомври 1993, припадници на Делта Форс биле испратени заедно со Армиските ренџери во конфликтот во Могадишу, Сомалија под шифра операција Готска Змија (gothic serpent). Тие имале задача да заробат неколку од главните заповедници на Мохамед Фарах Адид (Mohammed Farah Aidid') како и уште неколку други цели со висока важност. Мисијата била компромитирана откако два хелихоптера од типот Блек Хок (MH-60L Blackhawk) биле соборени со помош на РПГ. Ова резултирало со отпочнување на битка во која што пет припадници на Делта Форс го изгубиле животот (шестиот бил убиен од минофрлачки оган неколку дена подоцна) шест Армиски Ренџери, пет припадници на хелихоптерските единици, двајца војници припадници на 10 та Планинска дивизија (10th Mountain Division) е вкупниот биланс на жртви од страната на САД во оваа операција. Проценките за загуби на Сомалиска страна се од 133 војници (бунтовници) пријавени од страна на Секторскиот команданат на Адид се до 1500 – 2000 проценка од страна на Американскиот Амбасадор во Сомалија.[22] Во 1999 писателот Марк Боуден (Mark Bowden) ја објавил книгата падот на црниот сокол (*Black Hawk Down: A Story of Modern War) во која што се опишани настаните од 3 октомври 1993 и битката во Могадишу.*(Battle of Mogadishu).[16] Книгата накусо ја опишува инволвираноста на Делта Форс во операцијата пред почетокот како и кусо по завршувањето на операцијата. Книгата е претворена во филм од режисерот Ридли Скот во 2001 година.

## Против терористичка обука

Во јануари 1997, мал тим како претходница и 6 припадници на Британскиот САС биле испратени во Лима, Перу по што уследило заземањето на амбасадата и ослободувањето на Јапонскиот Амбасадор.[23]

## Сиетл самит на Светската трговска организација (WTO)

Припадници на Делта Форс исто така биле вклучени во обезбедувањето на конференцијата која се одржала во Сиетл во 1999 посебно биле ангажирани за против хемиски напад. [24]

## Операција Одржување на Слободата (Enduring Freedom)



(Слика 10. Делта Форс и британски СБС командоси на Тора Бора, Авганистан ) Делта Форс исто така биле ангажирани и во Авганистан во борбата против Талибанците во 2001 година. Делта Форс била јадро на новата единица која што била формирана за ловење на цели од висока важност како Осама Бин Ладен, така и на други високи функционери на Ал Каеда и високи Талибански функционери. Почетокот на операцијата одржување на слободата (Operation Enduring Freedom) Една од операциите во кој што учествувала оваа група е и воздушниот напад врз аеродромот во Кандахар врз главниот штаб на Мула Мухамед Омар (Mullah Mohammed Omar) во кој што учествувале и Ренџерите. Иако мисијата на Делта била промашување бидејќи тие не го фаќаат Мухамед Омар сепак Ренџерите го заземаат аеродромот[26]. Оваа ново формирана наменска единица била составена од наменски сили 11 (Task Force 11), наменски сили 20 (Task Force 20), наменски сили 121 (Task Force 121), наменски сили 145 (Task Force 145) и наменски сили 6-26 (Task Force 6-26). Делта Форс своите операции ги зголемува во 2009 година во Источен Авганистан. Морнаричкиот СЕАЛ тим 6 ("The Navy's SEAL Team 6), понекогаш нарекуван Поморска специјална воено развиена група, (Naval Special Warfare Development Group, or DEVGRU;) Армиската прва специјална сила Оперативен одред делта, или Делта Форс (the Army's 1st Special Forces Operational Detachment-Delta, or Delta Force); 75 – та Ренџерска Регимента (the 75th Ranger Regiment); 160 Авијациска Регимента за

специјални операции (the 160th Special Operations Aviation Regiment); 24 тиот Сквадрон за специјални тактики на воздухопловството на САД, ( the Air Force's 24th Special Tactics Squadron); како и други елементи од други дури и потајни од овие единици и организации за разузнавање имаат убиено или заробено повеќе од 2000 припадници и челници во Авганистан припадници на Хакани (Haqqani) мрежа која е една од најсилните во талибанското движење.[27]

**Операција Слобода за Ирак** (Слика 11. Фотографијата е сликана во Мосул за време на У денот и последниот ден од владеењето на Карзаи (Qusay's)). Припадниците на Делта Форс можат да се видат како се борат во првите редови на 1st BDE 101st A/B DIV Припадниците на Делта носат (MICH) шлемови.



Една од неколкуте операции во кои што Делта играла главна и клучна улога се во 2003 година при инвазијата на Ирак. Тие прикриено имаат влезено во Багдад,[28] како претходница. Нивните задачи вклучувале водење на воздушните напади, градење на разузнавачка мрежа како и саботирање на ирачките комуникации. Тие имале и клучна улога во април 2004 година за време на операцијата Фантомски Бес (Operation Phantom Fury) кога биле приклучени најчесто како снајперисти во четите на Корпусот на Маринците (USMC). [29]

Делта форс исто така учествувале и при нападот и опсадата на градот Мосул (Mosul) каде Удај (Uday) и Кусај Хусеин (Qusay Hussein) се убиени, тие учествувале и при барањето и фаќањето на Садам Хусеин (Saddam Hussein.) Исто така се претпоставува дека Делта се одговорни за убиството на Ал Заркави

тие се наоѓале северно од Вакува (Baquba) на 7 јуни 2006 година при што направиле верификација дека целта Заркави е на видик и дека целта е потврдена со што побарале и воделе воздушен напад со кој што е убиен Ал Заркави (Al-Zarqawi).[30]

Како посебни единици со специјална намена во склопот на Специјаните сили на САД и Здружената команда на специјалните сили на САД спаѓаат и 160та Авијациска регимента на специјалните сили на САД или 160th SOAR – сили кои служат за брзо и прикриено пренесување на специјалните сили секаде каде што е тоа потребно на земјината топка.

## 1.2.6 160та Авијациска регимента/полк на специјалните сили на САД или 160th SOAR.*




160та Авијациска регимента/полк на специјалните сили на САД служи за поддршка на специјалните сили на САД (Слика 12. амблемот на 160та Авијациска регимента/полк на специјалните сили на САД) како воздушна поддршка (160th Special Operations Aviation Regiment - 160th SOAR). Таа се вклучува во тајните операции и ги превезува најчесто ДЕЛТА специјалните сили како и по потреба ги превезува и останатите специјални сили на САД.

160та Авијациска регимента/полк на специјалните сили на САД **(160th SOAR)** е уште и наречена Ноќни демначи бидејќи најголемиот дел од својата работа ја извршуваат ноќе.

160та Авијациска регимента/полк на специјалните сили на САД **(160th Special Operations Aviation Regiment (Airborne))** обезбедува авијациска поддршка за Армиските специјални сили. Регимантата/полкот се состои од MH-6 и AH-6 лесни хелихоптери, MH-60 хелихоптери и MH-47 тешки ниско летечки борбени хелихоптери. Можностите на 160та Авијациска регимента/полк на специјалните сили на САД **(160th SOAR (A))** еволуираат уште од раните 1980ти години.

* Eric L. Haney, 'Inside Delta Force: The Story of America's Elite Counterterrorist Unit', Delacorte Press, 2002 pg.53.

Брзо после неуспешната мисија за спасување на заложниците во Иран, мисијата Пустина еден **(Desert One)**, Армијата формирала специјална авијациска единица. Единицата ги привлече најдобрите пилоти во армијата и веднаш се почна со интензивни тренинзи за изведување на ноќни операции со низок интензитет. Единицата стана самостоен Баталјон на 16.10.1981 година. Означена како **160ти Авијациски Баталјон** единицата популарно била наречена **Наменски сили 160** поради константното присоединување и испраќање на луѓе во разни мисии. Нивното фокусирање на ноќни мисии резултираше со нивниот прекар **Ноќни демначи**. На 16.05.1990, единицата била реорганизирана, означена како **160th SOAR (A)** и била придодадена на **Командата за специјалните операции на Армијата на САД.**

Регментата/полкот моментално се состои од 3 баталјони, командна чета Авијациската специјална чета за увежбување, како и 2 исфрлени чети лоцирани во Јужната команда на САД и Командата на САД на Пацификот. 1от и 2от баталјон се лоцирани во Форт Кемпбел (Fort Campbell), Кентаки, додека 3от баталјон е лоциран на Хантер војниот аеродром (Hunter Army Airfield), Џорџија. Организационата структура на 160та Авијациска регимента/полк на специјалните сили на САД (160th SOAR (A)) дозволува регментата/полкот веднаш да се приспособи на потребите на мисијата.

160та Авијациска регимента/полк на специјалните сили на САД (160th SOAR (A)) активно ги бара и ги прима најдобрите пилоти во армијата како и целокупните екипажи кои се на располагање во Армијата. Едно од уникатните барања на единицата се сите членови на единицата да бидат 3 кратни доброволци: во Армијата, Воздухопловството и во 160та Авијациска регимента/полк на специјалните сили на САД **(160th SOAR (A)).** Еднаш назначените, новодојдените офицери како и подофицерите поминуваат низ основниот селективен курс. Офицерскиот селективен курс трае 20-28 недели додека курсот за подофицерите трае само 3 недели. Постојат уште две нивоа на квалификации - потполно квалификуван за мисија како и водач на ескадрон. Вообичаено времетраење за завршување на овие нивоа се: 2 ниво 12-24 месеци и 3 ниво 36-60 месеци.

Професионализмот како и можностите на оваа единица се развиваат низ програмата наречена „вежбај како што ќе се бориш“ и во нивните вежби и операции се вклучени сите претходни борбени искуства: од Виетнам, Нужен

Бес (Urgent Fury) во Гренада, Главна Шанса (Prime Chance) во Персискиот Залив, Праведна Цел (Just Cause) во Панама, Пустински Штит/Пустинска Бура (Desert Shield/Desert Storm) во Кувајт и Наменски сили Ренџер во Сомалија.

## 1.3 Антитерористички единици на американската полиција „SWAT“ тимови*

Покрај силите кои што делуваат надвор од територијата на САД. САД имаат развиено и Антитерористички единици на американската полиција „SWAT“ тимови кои што се делат на федерални тимови и тимови кои што се наоѓаат во склопот на посебните полициски департменти/оддели кои делуваат ексклузивно само на територијата на САД.

Според податоците на ФБИ во САД има околу 5 милиони следбеници на милитантни групи кои се одлучни при остварувањето на своите сепаратистички цели да применат и терористички удари. Земајќи ја во предвид латентната опасност од внатрешен тероризам како и во поново време увезениот тероризам од исламските земји американскиот конгрес одлучил за обука на посебните единици на американската полиција за противтерористички дејства да оддели 2.366.000.00 американски долари, со назнака тој буџет константно да се зголемува секоја година за 8-10 %. По терористичките удари врз САД од 11 септември тие издвојувања се повеќекратно зголемени.

SWAT тимовите се специјализирани антитерористички единици на американската полиција кои се користат во борба против тероризмот и криминалот ексклузивно на територијата на САД. SWAT тимовите се формирани во осумдесетите години, додека пак нивната дејност е ограничена стриктно на територијата на САД. Овие антитерористички единици делуваат во тимови кои се составени од 4, 6 или пак 8 луѓе. Во сите поголеми градови на САД постојат еден или повеќе вакви тимови, додека пак припадниците на SWAT тимовите не извршуваат класични полициски задачи туку секогаш се во

* Preparedness Against Terrorism Act of 2000 (H.R. 4210) SWAT federal units

приправност за извршување на посебните задачи. Во малите градови во САД припадниците на SWAT тимовите извршуваат редовни полициски задачи, но така што можат многу брзо да се организираат за извршување на посебните антитерористички задачи. Најквалитетно и најдобро исполнување на акцијата гарантира осумчлениот тим (водач на тимот, снајпериста, помошник на водач на тимот А, двајца членови на тимот, помошник водач на тимот и двајца членови на тимот Б). Секој член на SWAT тимот мора да задоволува одредени психофизички критериуми. Од психолошки аспект мора да има, позитивни карактерни особини, просечна или пак натпросечна интелигенција, желба за стална надоградба и напредување во службата. Посебно ја изучуваат тактиката на делување на терористичките групи и организации. Во пракса секогаш се користи стекнатото знаење од дотогашните акции. Мора да биде зрела личност, супериорен во проценките при развојот на ситуацијата како и при донесувањето на одлуките, бидејќи ваквите единици мораат во дел од секундата да донесуваат одлуки дали да одземат нечиј живот или пак да постапат поинаку. Во ваквите единици нема место за индивидуалци, нарцисоидни личности и љубителите на сопствената популарност. Просечната старост на припадниците на SWAT тимовите се движи околу 30 години.

### 1.3.1 Начин на делување на SWAT тимовите

Познато е дека терористичките акции се изведуваат кога е темно или пак при лоши метеролошки услови. Ноќта е природна маска за секој терорист или пак криминалец. За органите на правдата т.е. антитерористичките единици, постои само еден проблем како во своја корист да ги претворат мракот или пак лошите временски услови. Искуствата покажуваат дека борбеното делување ноќе или пак при лоши временски услови завршуваат успешно додека пак дење таквата акција е практично неизводлива. Во ваквите акции безбедноста изненадувањето и брзината се факторите кои се потребни за успех. Посебно во ваквите услови се истакнуваат снајперистите, како и пасивните уреди за набљудување и ноќните нишански справи. Успехот на нивната акција зависи од психолошката стабилност на борците, нивната физичка спремност како и способноста да владеат со својата опрема како и спремноста на сите припадници на единицата. Овие специјализирани антитерористички единици

посебно внимание посветуваат на маскирноста при изведувањето на акцијата. Тие обично употребуваат разни камуфлажни средства како повеќе би се стопиле со околината. Припадниците на SWAT тимовите користат најмодерна комуникациска опрема како и сите други видови на техники за комуникација. Во Америка, обично се случува после терористичкото дејство терористот-ите да земат еден или повеќе заложници по што се забарикадируваат во определен објект. Во овие случаи SWAT тимовите обично користат посредници во преговорите (за тоа специјално обучени полициски преговарачи). Преговарачите се обично стручно образовани луѓе – психолози или пак тоа се обично водачите на SWAT тимовите кои имаат поминато специјална обука за преговарачи. Тактичките експерти за вакви ситуации А. Масад (Ayoog Massad) и др. Х. Шолсберг (Harvey Schollsberg) – пензиониран психолог на Њујоршката полиција кој е познат и како татко на модерната техника за преговарање и посредување во заложнички кризи за нивно разрешување по мирен пат. Тие двајца тврдат дека е пожелно да им се овозможи на извршителите на делото контакт со медиумите. Тие тврдат дека тоа е безбедносен вентил и како една од главните отстапки со која може да се преговара со починителот на делото. Тие понатаму тврдат дека не е добро да се пресечат телефонските водови, бидејќи покасно е многу тешко да се воспостави контакт. Што работат SWAT тимовите кои ќе се затекнат први на местото на настанот? Тие прво пронаоѓаат засолниште кое им овозможува добар преглед на ситуацијата. Преку средствата за врски го известуваат претпоставениот и по потреба бараат соодветна помош. Првиот контакт не се воспоставува преку разгласни уреди, бидејќи така емитувањето е растргнато додека пак гласот на преговарачот делува заканувачки и застрашувачки, секогаш треба да се проба да се воспостави телефонски линк со терористот – починителот на кривичното дело. Задачата на преговарачот е да ја замрзне ситуацијата и сторителот на делото да го смири со што единицата може да прејде во молскавична акција. Изведувањето на акцијата мора да биде кратко, брзината при изведување молскавична бидејќи чекањето е временска бомба која секој момент може ситуацијата да ја претвори во пекол. SWAT тимовите се врвно обучени, психофизички подготвени и стабилни подготвени во секое време за секој вид на антитерористичка активност. Тие делуваат темелно, и многу успешно ги применуваат искуствата од претходните акции. Теоретска обука и настава изведуваат секоја седмица во

траење од 10 часови со помош на врвни експерти од американската полиција и разузнавачките служби. Осумчлениот тим е современо опремен и вооружен.

## 1.3.2 Опрема и вооружување на SWAT – тимовите

Водачот на тимот покрај сопствената опрема носи и радиостаница и вооружен е со пушка М-16; снајперистот покрај личната опрема носи и радиостаница, и вооружен е со снајперска пушка калибар ремингтон 223 или поголем калибар зависно од потребата на акцијата; помошникот на 2 тим покрај личната опрема наоружан е со сачмарка калибар 12 како и пиштолски адаптер за лансирање на гранати; членот на 1 от тим вооружен е со сачмарка калибар 12 плус сопствената опрема членот на 2 от тим е вооружен со М-16 останатите припадници се вооружени со М-16 и носат основна муниција од 12 комплети. Секој носи по една димна бомба од воен тип, една граната со солзавец и по една шок бомба. Вооружените со сачмарки носат борбен комплет од 50 куршуми, од кој 25 мораат да бидат 00. Снајперистот како најударен дел на тимот, вообичаено е вооружен со снајперска пушка (Winchester M-70), калибар 30-60 или 0.308 инчи со длабина 3-9 * 40 (Redfield), потоа АП-180, калибар 223 рем. (2056мм * 45) со соодветен дурбин или специјалната снајперска пушка „Remington“ 40* 8 со потпирачи и калибар 0.308 Win. Од сачмарките најчесто користат „Winchester“ модел 916 и „Remington“ модел 870, и двете со калибар 12.

Од автоматските пушки најчесто користат М-16 А-1, со цврст оквир и посебен адаптер за брза промена на оквирот и постамент.

Најчесто користени пиштоли и револвери се „Smith & Wesson“ модел 59 и FN (Huge Power), калибар 9мм, револвер магнум 357 cal.

Во опремата на SWAT тимовите има и разни разбивачи на блокади, гранати од разни модели разни рачни бомби со различно полнење солзавец, CS, двогледи ноќни визири и разни оптички помагала.

**(SWAT)** тимовите се специјализирани антитерористички единици на американската полиција кои се користат во борба против тероризмот и криминалот ексклузивно на територијата на САД.

Дејството на специјалните сили на САД во националните граници (дома) е предодредено од националните законски регулативи и уставот на САД;

## 1.4 Лидерството во специјалните сили на САД

Овој текст ги покажува ефектите на неодамна ревидираната теорија за ситуационото лидерство во Американската Армија (U.S. Army Field Manual 22-100), Лидерството во Армијата во врска со теоријата за ситуационото лидерство. Тоа го открива развитокот на адаптираните модели на лидери и теории и ги зема во обзир подобрувањата кои со подобрувањето на теоријата за лидерство може да влијаат кон подобрување на способностите на лидерите во борба во постојаната оперативна средина. [1]

Приспособливото лидерство во денешната Армија се повеќе добива на значење со техничко-технолошките промени како и со намалувањето на персоналот во сите родови на армијата но со зголемување на квалитетот и професионалноста. Адаптивното лидерство е потребно во денешната комплексна и двосмислена воена средина. Технологијата како и зголемениот проток на информации придонесуваат кон зголемување на брзината на оперативната ситуација. Теренскиот прирачник на Армијата на САД, Лидерството во Армијата на САД има многу придонесено за подобрување на лидерството како во стилот така и во создавањето на лидери. [2] Овие стилови се додадени кон арсеналот на стилови кои може да ги користи лидерот за да го обликува однесувањето, емоциите како и организационата поставеност на своите потчинети.

### 1.4.1 Успешен борбен лидер

Предвидувањата за успешен борбен лидер вклучуваат: лидерот да има прв степен на борбено искуство, поминато време во единицата, добри односи со сите во единицата, огромно познавање на работата како и блиско познавање на безбедносното опкружување на самата единица како и способноста да се познае и да се направи правата работа во право време. [4] Сето ова води до создавање на

доверба помеѓу самата борбена група која своето најголемо влијание го пројавува во борбени услови. Социјалната подршка е многу важна за успешно и ефективно лидерство кај пониските нивоа на лидерство. Карактеристиките кои го истакнуваат ефективниот борбен лидер може и да не се исти со карактеристиките кои го идентификуваат назначениот лидер.

Т.О.Јакобс истакнува дека лидерите на бојното поле мора да ја познаваат динамиката на Армиските правила за да можат да се соочат со предизвиците и да изнајдат нови решенија за новите предизвици. Лидерот мора постојано да бара нови алтернативни решенија за новите ситуации. Лидерите на пониските нивоа мора да поседуваат повеќе иницијатива и да гледаат малку подалеку како и да бидат по толерантни кон своите потчинети во борбени ситуации – посебно во борбени ситуации да не ги бараат сите потребни церемонии за обраќање. [11]

Личните особини, ставови, вредности и минатото искуство влијаат на лидерскиот стил и изведба. Ситуационите фактори како и способноста и мотивацијата на следбениците исто така влијаат на лидерскиот стил и изведба. Лидерот мора внимателно да пристапува на ситуационите фактори и да ги приспособува своите лидерски способности наспроти моменталната состојба. Лидерот мора да го зголемува трансакционото лидерско однесување со трансформационото однесување за да влијае значително на своите следбеници.

Џејмс Хант и Џон Блер ги опишуваат во нивниот хеуретички модел елементите кои денес влијаат на воените лидери. Како што е покажано во фигура еден, моделот е дизајниран да го промовира разбирањето на клучните лидерски карактеристики на идното бојно поле како и големината која таквиот удар ќе ја има врз војниците, командирите како и врз армијата како организација. Моделот вклучува природни и организациони фактори (макросодржајни фактори - macrocontingency factors); таквите фактори се специфични за помали единици, задачи и индивидуи (микросодржајни фактори - microcontingency factors); како и опсегот на една индивидуа или една единица како и ефективноста која што таа може да ја покаже. Моделот ги покажува ситуационите варијабли кои што вршат притисок врз лидерите како и врз нивната ефектива на бојното поле. [20]

Лидерството е есенцијален елемент на борбена моќ и не смее да се остави на случајноста. Развојот на лидерите мора внимателно да се планира и да се извршува како и секоја друга операција. Полковникот Доналд М. Крег го опишува развојот на лидерите како модел кој се состои од три столба: институционен тренинг и едукација каде што вештините се потребни како и знаењето за да се извршуваат работните задачи; оперативните задачи за да се подобрат лидерските вештини, да се зголеми – прошири знаењето на самиот лидер како и да се оформи лидерското однесување; саморазвитокот, каде што лидерите произлегуваат од учењето, искуството и личното надоградување.[60] Овој модел е зголемена верзија на армиската брошура 35058 - Развојот на лидерите за Американската Армија. [61]

Трансакционото лидерство се користи краткотрајно во ситуации каде што нема доволно време да се реагира освен со директно лидерство. Пример за вакви ситуации се безбедносните мерки и мерките кои се преземаат кога единицата е под оган. [24]

За да се направи еден научен осврт за работата на овие специјални сили ќе мора да се навлезе и во нивното минато да се утврди како тие се создале која била причината за нивното создавање како и промените кои тие ги претрпеле. Како внатрешните промени кои тие ги претрпеле во самата внатрешна организација така и во самиот команден систем кој се менувал со текот на годините како и растечката потреба за нивниот ангажман како во самата држава за полициските и федералните сили така и потребата за нивниот ангажман надвор низ целиот свет за воените единици.

Ситуационото лидерство е популарен и широко распространет модел кој подразбира користење на повеќе од еден лидерски стил во зависност од ситуацијата посебно при развојот на потчинетите во армијата. Тоа подразбира како што потчинетите ја совладуваат обуката се здобиваат со знаење, искуство тие ќе бидат способни да ги извршуваат задачите со помалку влијание од страна на лидерот. Некој од нив со тек на време може да станат лидери. Тоа е комплексен модел со комплексни варијабли. Лидерството и лидерските стилови се концепти кои предизвикуваат дефиниција. Спремноста на потчинетите е повеќе димензиона и е многу тешко да се измери. Моделот на ситуационото лидерство продолжува да се користи во сите армиски служби и родови.[67] ***MR***

## Давање приоритет на безбедноста

Кон секоја задача треба да приоѓаме од безбедносен аспект. При секој тренинг треба да се внимава на безбедноста на луѓето. Според најновите испитувања на РЕНД корпорацијата, повредите и смртните случаи во Армијата, полицијата и противпожарната служба се три пати поголеми од сите случаи заедно во сите останати професии заедно и се сместуваат во 15 најризични професии во светот. Значи армиската и полициската служба се опасни, затоа секое увежбување и применување на безбедносните мерки е полезно. [28]

Полициската и армиската работа развиваат силно чуство за безбедност. Бидејќи во овие организации припадниците својата безбедност ја ставаат во рацете на своите колеги, во ваквите организации се наградува допридносот за личната безбедност. Ова е едно објаснување за кодот на молчење кои ги обвива овие организации. Многу помалку ќе го искодошите својот колега на повисоките органи доколку вашиот живот и безбедност зависат од него. Личната сигурност е најсилниот мотивационен фактор за промена на полициското и военото однесување. Ако не е најсилниот тогаш е блиску до врвот.

Лидерството ги тера луѓето да ја дадат својата верба и доверба на еден лидер кои тие ќе го следат и за кого тие се волни да го дадат најдоброто од себе. Лидерите мораат да бидат способни да ги инспирираат своите следбеници со демонстрирање на супериорни кавалитети; телесни, умствени и карактерни. Нивниот успех потекнува од способноста да ги инспирираат своите потчинети да мислат, чувствуваат и да се однесуваат како и самите лидери. Со својата надареност лидерот и понатаму може да го усовршува својот карактер. [29]

Фелд Маршалот Бернард Монтгомери од Велика Британија го дефинирал лидерството како „Волја да се доминира, заедно со карактерот кој што ја инспирира довербата“. Да се води и да се доминира над останатите, за да се постигне тоа лидерот треба да поседува силен и енергичен карактер, сенс за цел и насока, интегритет, ентузијазам како и морална храброст. Луѓето се угледуваат на своите лидери и му веруваат на нивниот суд, лидерите ги инспирираат и ги бодрат своите следбеници. Навистина, Фелд Маршалот Сер

Вилијам Слим од Австралија гледа на лидерството како на „Проекција на самата личност". Во наширока смисла, лидерството е целта кон која сите офицери како и подофицери мораат постојано да чекорат доколку сакаат да останат достојни на својот ранг и чинот кој го имаат. [59]

**САД** како преостаната светска сила можеме да кажеме дека и во иднина ќе преставуваат најголем предизвик за терористичките организации како и најпрестижна цел за секој терористички напад како поради нивната положба како светска супер сила така и поради нивната огромна економска и воена моќ. Тука посебно се истакнува и обележувањето на САД како најголем непријател на Исламот од страна на лидерот на наголемата и најопасната терористичка организација Ал Каеда - Осама Бин Ладен. Како и поддршката која ја има оваа терористичка организација од земјите опоненти на политиката на САД кои сепак не повеќе јавно но сепак тајно ја поддржуваат оваа терористичка организација.

Успешноста на специјалните сили на САД законските рамки и овластувања кои произлегуваат од Патриотскиот закон на САД се гледа преку намалениот број на терористички напади во последно време посебно во САД и во земјите на европската унија. Резултатите кои се добиени од примената на патриотскиот закон се огромни посебно во делот на приморувањето на непријателските држави спонзори на тероризмот да соработуваат со САД поради стравот од воен одговор и воени удари на САД врз овие земји. Воени удари во кои што предничат воздухопловството и специјалните сили на САД кои во содејство со тајните служби за разузнавање ги извршуваат најдлабоките и најсмртоносните удари врз терористите. Одговорот на САД е брз и смртоносен по терористите и нивните организации кои се десеткувани. Но мораме да напоменеме дека борбата против тероризмот е долготрајна и макотрпна а за нејзините резултати може и никогаш да не чуеме но самото отсуство на терористички напади ни ја покажува реалноста. Специјалните сили ја имаат исполнето својата улога - задача во борбата против тероризмот, но тоа не е задача која е завршена таа мора повторно и повторно да се извршува секојпат на различна локација и во поинакви услови.

## 1.5 Соработка на специјалните сили на САД со останатите специјални сили на земјите членки на НАТО

Стратегијата, доктрината, законските рамки и можности на специјалните сили на САД се силно изразени во соработката со специјалните сили на земјите членки на НАТО.

Силите за специјални дејствија на САД извршуваат; советничка и инструкторска улога во голем дел земји кои се во НАТО пактот или пак се претенденти за членство во НАТО Алијансата. Советничката и инструкторската улога на специјалните сили на САД се извршува како во полициските така и во воените единици на засегнатите земји со што нивните специјални сили се здобиваат со потребното знаење и искуство од најновите случувања на теренот во борбата со терористичките структури. САД својата помош ја комплетираат и со опремување на силите за специјални дејствија на нивните земји партнери во борбата со терористите. Истото може да се види и од погоре наведениот текст каде што се споменуваат специјалните сили на САД како и соработката со останатите специјални сили посебно силите од НАТО пактот.

## 1.6 Проширувањето на НАТО со земји од Јадранската група – Југоисточна Европа ќе има влијание врз Улогата на специјалните сили на САД.

Со самото зголемување на соработката на земјите од југоисточна европа со специјалните сили на САД се учат стандардите кои ги имаат и кои ги бараат специјалните сили на САД. Се постигнуваат нови стандарди во опремата и вооружувањето на постоечките специјални сили на земјите од Југоисточна европа. Специјалните сили на САД можат после извршеното доусовршување на специјалните сили на овие земји да изведуваат заеднички вежби и акции со што се постигнува поголема кохезија на тимовите и подобра координација со сојузничките елементи. Тоа всушност е и пренесување на доктрината на НАТО. Специјалните сили од овие земји веќе се користат во борбата против тероризмот со што САД самите добиваат големо олеснување и притоа можат да ослободат дел од своите специјални сили кои се веќе подолго време вклештени во Ирак и

во Авганистан каде што се цело време во акција. Покрај намалувањето на притисокот врз своите специјални сили САД исползуваат и финансиска поткрепа (самото чинење на специјалните сили на земјите од Југоисточна европа е многу помало отколку она на специјалните сили на САД). Не смееме да заборавиме дека врвот на копјето или пак острицата на мечот ќе биде и понатаму сочинета исклучиво од специјалните сили на САД секојпат кога влогот ќе биде голем.

## 1.7 Дејството на специјалните сили на САД во странство

Предодредено од националните законски регулативи и уставот на САД како и од моменталната состојба на теренот за која што одлучува командантот кој што е одговорен за борбената група.;

Пример: На 01.01.1962 Претседателот **John F. Kennedy** го потпишал документот со кој се проширува неконвенционалното војување. Во одговор на променетата улога Морнарицата ги одобрила тимовите на Морнаричките Фоки 1 и 2. Формирани од персонал од Тимови за подводно минирање (**Underwater Demolition Teams-UDTs)**, тие биле формирани да водат антигерилско војување и поморски операции, како и операции на реки. **(во делот за специјалните сили има комплетен осврт која единица на специјалните сили кога е формирана и нејзината намена)**

# 2. Тероризам и терористички методи

## 2.1 Тероризам и терористички методи

## Вовед

**"Тероризам** – Пресметана употреба на насилство или закана за насилство со цел да се всади страв; со намера да се присилат или заплашат владите или општествата, во постигнувањето на целите кои се генерално политички, религиозни или идеолошки." *

**"Тероризам – преставува во суштина криминална повреда на скоро секој национален или меѓународен правен кодекс. Нелегална противзаконска примена на закана за употреба на сила и примена на систематско насилство, односно извршување на убиства, закани, сеење на страв од страна на поединци, групи или организации, насочени против севкупното население (или негови делови), сопственоста и владата со цел, да се промени политичкиот курс и да се остварат нивните политички социјални и други цели."****

"Тероризмот претставува тактика која се користи во мир, при конфликт или војна, тактика во која што се користи настан – терористички напад со кој се означува транзицијата од мир во конфликт или војна." ***

*"Од тие причини, тероризмот, само со неколку исклучоци, е забранет за време на војна, како и за време на мир (Хашката регулатива од 1907 година и Женевската конвенција од 1949 година)".* ***

Од погоре споменатите дефиниции се потенцира дека тероризмот преставува **калкулирана употреба на насилство** што значи дека терористите знаат што прават (терористичкиот акт не е случаен), изборот на нивната цел е селективен, планиран и рационален, односно тие имаат (проекција) за очекуваните ефекти од терористичкиот напад. Тоа ја потврдува констатацијата дека терористичкото

* Митко Котовчевски – Слаѓана Божиновска Македонско – Англиски речник на разузнавачка терминологија 2009 стр. 162

**** Д-р Митко Котовчевски; „Современ тероризам" Македонска цивилизација Скопје 2003 година** 26 стр.

***** Д-р Митко Котовчевски; „Современ тероризам" Македонска цивилизација Скопје 2003 година** 27 стр.

насилство не е ниту спонтано, ниту случајно, туку напротив, тоа мошне прецизно се планира и се изведува.

Тероризмот преставува психолошки чин планиран да влијае врз јавноста, неговата цел е да предизвика страв, што имплицира дека тој страв е насочен кон некој друг, а не само кон жртвата.

Во овие дефиниции се утврдени и целите на тероризмот кои секогаш во суштина се политички, како што екстремистите водени од религиозни, идеолошки и други убедувања, најчесто бараат политичка сила за да го присилат општеството да се прилагоди кон нивните барања – „погледи на светот“. Со самото потенцирање на целите на тероризмот во оваа дефиниција се прави целосна дистинкција помеѓу тероризмот и другите видови на насилство насочени кон лична добивка, како што е криминалното насилство. Кога станува збор за примена на насилство во определени активности на организираниот криминал. Погоре наведената дефиниција дава таква можност само за ситуации кога се настојува да се оствари определено влијание врз политиката на владата, од страна на определени структури на организираниот криминал.

Тероризмот претставува општа пракса и во редовите на бунтовниците, но тие не мора да бидат оквалификувани како терористи доколку се борат – покорат (ги почитуваат) правилата на војната и доколку не се вмешаат во оние форми на насилство кои се идентификуваат како терористички дела. Војната е предмет на правилата на меѓународното воено право, додека терористите не признаваат правила (ниедна личност, место, објект од значење не се имуни на терористичкиот напад). Нивната непредвидливост и очигледната случајност (без претходна најава во најголемиот дел од терористичките напади) и ја отежнува на владата заштитата на потенцијалните жртви. Иако постои јасна правна дисциплина и детерминираност, таа многу ретко ги попречува терористите во извршувањето на своите „свети задачи“ кои секогаш се оправдани со нивните „повисоки закони“.

Борбата против тероризмот се дели на две главни категории **антитероризам и контратероризам**. Неопходен е план во кој се вклучени антитерористички и контратерористички дејства. Планот треба да ја редуцира ранливоста во однос на распоредувањето на единиците и персоналот во борбата против тероризмот во мирновремени услови, како и вклучување мерки за превенција и справување со тероризам.

**- "Антитероризам – активност за преземање на одбранбени мерки со цел да се постигне редуцирање на ранливоста на поединците и имотот од терористичките акти. Ваквите „Одбранбени мерки" вклучуваат примена на ограничен одговор спрема терористите и терористичките организации."***

**- Контратероризам – подразбира примена на офанзивни мерки превземени со цел да ги попречат, одвратат и да одговорат на сите терористички закани.**

Контартероризмот вклучува низа мерки за превенција и справување со тероризмот. Тоа преставува финална фаза на борбата против тероризмот. Контратероризмот е реактивен и бара голема готовност и прецизно планирање. Видот на ангажираните сили и команди во контратерористичките операции зависи од локацијата, типот на инцидентот и од степенот на неопходната сила.*

Тероризмот секогаш бил вест, но никогаш повеќе отколку во последните 30 години. Повеќе од 8000 инциденти на интернационален тероризам се имаат појавено од 1968 година, според информации добиени од базата на податоци на Универзитетот Св. Андреј во Шкотска (St. Andrews University in Scotland). Ова можеби не е најисцрпен податок но сепак ја истакнува сериозноста на инцидентите кои земаат човечки животи, предизвикуваат повреди како и предизвикуваат големи материјални штети. Секогаш при секој терористички инцидент страдаат невини цивилни жртви.

Во текстот подоле ќе вршиме анализа на некои од методите кои се употребени од страна на терористите како и ќе посочиме некои терористички инциденти кои биле извршени од страна на терористи кои имаат извршено влијание врз светската јавност помеѓу 1968 – 2005. Методите, кои ќе бидат истакнати подоле не биле секогаш извршувани од анонимни терористи или терористички групи, и ова поглавје ќе посвети внимание на дебатата која сеуште се води помеѓу палестинците дали да продолжат или да се откажат од нивната интифада. Исто така ќе дадеме опис и на дилемата која пак владеела помеѓу борците на Африканскиот Национален Конгрес во Јужна Африка дилема со која сеуште се соочуваат оние активисти кои знаат дека **само силата се важи**. Имено, дали да користат методи на терор или пак не? Тероризмот

* Види повеќе во - Антитероризам Д-р Радослав Гаќиновиќ Београд 2005 стр.31

спонзориран од државите е исто така тема на која ќе посветиме внимание тема која има голема важност во денешниот свет. Како и не смееме да го заборавиме финансирањето на тероризмот.*

Најистакнати терористички злодела во последните 36 години.*

Оваа листа може да послужи за да добиеме појасна слика за терористичката фреквенција - честотата, природа и локација:

- 1968 Јули - киднапирање на летот Рим Телавив од страна на 3 Палестинци (12 киднапирање на авион таа година). Размена на патниците за Палестинци затворени во израелските затвори. Решен со преговарање.
- 1968 Лондон Лутата Бригада (The Angry Brigade) млади лондончани активирале 25 бомби помеѓу 1968-71 година
- 1970 Јордан Август – Палестинците киднапираат 4 авиони. Еден слетува во Каиро 3 се дигнати во воздух при враќање во Јордан.
- 1971 Уругвај Сер Џефри Џексон, британскиот амбасадор, киднапиран од страна на Тупамаросите, држен како заложник 8 месеци.
- 1972 Минхен – 8 Палестинци – терористи (група Црн Септември) ги земаат за заложници Израелските олимписки натпреварувачи и бараат ослободување на 236 Палестински затвореници. При престрелка со полицијата убиени се 5 од 8 терористи како и сите 9 заложници.
- 1972 аеродромот Лод, Израел – Јапонските терористи (како подршка на Палестинците) користат пиштоли и гранати убиваат 26 а повредуваат 80.
- 1973 Чиле – септември – претседателот Салвадор Аленде убиен во атентат.
- 1974 Парис – Јапонски терористи поставуваат бомба во дискотека, убиваат 2 ранети 35 луѓе.
- 1975 Виена ОПЕК самит состанок на министри киднапирани министри, подоцна ослободени. Германско - Палестински терористи.

* Terrorism by David J. Whittaker publications 2002 revised ed. 2007. pg. 137

- 1977 Ханс Мартин Шлејер (Hans Martin Schleyer), германски индустријалец, киднапиран и убиен од Фракцијата на црвената армија (Red Army Faction).
- 1977 Март – Рим Алдо Моро, поранешен премиер, киднапиран од Црвената Бригада (Red Brigade), убиен по 2 месеца. Припадниците на Црвените Бригади се товарат за 14591 напад за време од 1969-1987.
- 1977 Сомалија – Летот на Луфтханза за Шпанија киднапиран од Германско – Палестински терористи. **Германските командоси** убиваат 3 и заробуваат еден терорист при ослободување на заложниците.
- 1978 Етиопија – обид за атентат на египедскиот претседател Хосни Мубарак неуспешен.
- 1979 Техеран – Ноември напад на амбасадата на САД од страна на **исламски студенти** кои држат 52 дипломати како заложници 444 дена. Неуспешен обид за спас на заложниците. Спасувачката мисија одложена од страна на претседателот на САД Џими Картер.
- 1979 Ирска – ИРА го убива Лорд Монтбатен со дигање во воздух на неговиот рибарски брод.
- 1980 Болоња – Август – Италијанска десничарска група дига во воздух железничка станица убиени се 84, повредени 180.
- 1980 Минхен – Септември – германска десничарска група подметнува бомба на Октоберфест убиени 14, повредени 215.
- 1981 Рим – Мај обид за убиство на папата Јован Павле II од страна на турски терорист неуспешен.
- 1982 Лондон – Јули – ИРА автомобил бомба експлодира помеѓу трупите на коњичката гарда.
- 1983 Бејрут – Април – Амбасада на САД, **Исламски Џихад** самоубиствен напад со автомобил бомба убиени 69.
- 1983 Бејрут – Октомври – напад на американскиот и францускиот штаб, **Исламски Џихад** самоубиствен напад со автомобил бомба, убиени 299.
- 1983 Лондон – декември - ИРА бомба во стоковната Херодс.

- 1984 Амритсар, Индија – Сики терористи го заземаат златниот храм. Индиските безбедносни сили го заземаат храмот 100 мртви.
- 1984 Либан – Тери Ваит (Terry Waite), надбискуп грабнат и држен како заложник до 1992.
- 1984 Брајтон – Октомври – напад со бомба обид за убиство на британскиот премиер Маргарет Тачер.
- 1984 Лондон – декември – ИРА бомба во дискотека.
- 1985 Јуни – Рим Каиро лет од TWA 847, грабнат од терористите на Хезболах, кои бараат размена за 776 затвореници. Авионот е однесен за Бејрут, Алжир, Бејрут. 39 Американски заложници мажи се држени како заложници интензивни преговори за ослободување со огромно залагање на претседателот Реган.
- 1986 Западен Берлин – Април – дискотека популарна помеѓу еврејската популација поставена бомба од страна на Либанските терористи.
- 1986 Наполи – Јуни – Јапонски терористи поставуваат бомба во клуб во кои се собираат Американски војници, убиваат 5, повредени 17.
- 1988 Локерби, Шкотска – Декември – при лет активирана бомба на Пан Ам 103 летот, веројатно од **Либански** терористи убиени 259 патници и 11 локални жители при падот на авионот.
- 1989 Чад – Август – активирана бомба при лет на францускиот авион од страна на Исламски Џихад, убиени 171.
- 1991 Парис – Шарпур Бакхтиар, поранешен Ирански премиер, убиен од Ирански терористи.
- 1991 Лондон – неуспешен обид за минофрлачки напад на Даунинг стрит при состанок на кабинетот.
- 1991 Њу Јорк – Февруари – Светскиот трговски центар. **Сунитски терористи** обид за уништување со бомба и со гас. Делумен успех 10 убиени, многу повредени.
- 1993 Бомбај – Февруари – возвратен удар за оштетување на исламски храм убиени 400, 1000 повредени.

- 1993 Вако, Тексас – Април - масовно самоубиство на сектата **Давидски култ** (Branch Davidian cult). Истрагата на ФБИ покажува 71 мртви.
- 1993 Сомалија – Октомври – кола бомба експлодира во касарната на трупите на ОН убиени 18. Се сомничи **Ал Каеда.**
- 1994 Алжир – ГИА (Groupe Islamique Arme) напад со автоматско оружје убиени 8, повредени 180.
- 1994 Ерусалим – Ортодоксен Евреин влегува во Џамија и почнува да убива убиени 29, ранети 150.
- 1995 Лондон – Канари Ворф бизнис комплексот бомбардиран од ИРА убиени 2 повредени илјадници.
- 1995 Токио – Март – нервен гас напад на метрото од страна на сектата Аум Шинрикјо убиени 12 повредени 5000.
- 1995 Оклахома сити – Април – поставена бомба од страна на Тимоти Мекувеиг од **Христијанските патриоти**.
- 1995 САД – Јуни – **Унабомбер** (Unabomber) пратени писма бомби по пошта убиени 3, повредени 21. Фатен и заробен.
- 1995 Израел – Ноември – премиерот Јицак Рабин убиен од страна на ортодоксен евреин.
- 1996 Ерусалим – Февруари – Хамас со автомобил бомба удира во автобус убиени 22; Палестинците користат автомобил бомба да ги прекинат изборите 22 убиени.
- 1996 Каиро – Април – терористи на Гамат Ал Исламија со автоматско оружје и со гранати убиваат 18 туристи.
- 1996 Лима – Перу – Јапонски терористи ги земаат за заложници сите гости кој биле на прием кај јапонскиот амбасадор. Ситуацијата е решена со преговори.
- 1996 Саудиска Арабија – **Саудиски дисиденти** со автомобил бомба ја напаѓаат воздухопловната база на САД убиени 19.
- 1997 Луксор, Египед – Ноември – терористи на Гамат Ал Исламија убиваат 58 странци туристи и 4 Египјани.

- 1998 Најроби и Дар Ел Салам – Август – Амбасадите на САД нападнати со автомобили бомби се претпоставува од **Ал Каеда**, убиени 224, повредени 5000.
- 1998 Северна Ирска – и покрај прогласеното примирје терористите на ИРА го бомбардираат пазарот во Омаг (Omagh) убиени 29 и повредени 250.
- 1998 Манчестер – ИРА пробува да го уништи центарот на Манчестер со автомобили бомби.
- 2000 Јемен – Октомври – USS Cole е нападнат најверојатно од **Ал Каеда**, убиени 17, повредени 40.
- 2001 Њу Јорк и Вашингтон – **11 Септември** – 2 киднапирани авиони маваат во 2-те кули на светскиот трговски центар; Напад на Пентагон; уште еден авион паѓа пред да стигне до Белата Куќа. Најголема терористичка акција до сега со најмногу загинати и најголема материјална штета 3000 мртви.
- **2001 САД – Септември – Октомври** – САД како и во многу други земји ширум светот пратени се преку пошта спори од **антракс**. Неколку мртви во САД.
- 2001 Ерусалим и Хаифа – Декември – по една автомобил бомба во секој град, 25 убиени.
- 2002 Островот Бали – Октомври – автомобили бомби во бар и во дискотека убиени 202, повредени 209. Исламисти поврзани со **Ал Каеда** уапсени.
- 2003 Багдад – Штабот на ОН – Август со бомби се убиени 23, повредени 100. На лондонскиот аеродром Хитроу, 400 војници тенкови и 1000 дополнителни полицајци се распоредени за да се спречат очекувани ракетни напади од земја врз воздухоплови.
- 2004 Мадрид – бомби поставени од **Ал Каеда** и нејзини симпатизери, сите се уапсени. Убиени 191, повредени 1900.
- 2005 Тајланд првата автомобил бомба во оваа земја во (Sungai Kolch) убиени 6, повредени 40.
- Лондон подземната железничка станица – бомби на 7-ми Јули, од 4 мажи самоубици чии што мотиви се сеуште контроверзни. Жртви 53

убиени, 700 повредени. Исто има уште еден обид две недели подоцна, кога бомбите не се активирале.

Погоре прикажаната листа на терористички инциденти ја рефлектира нивната постојаност во медиумите. Во последните 30 години, бројот на терористички инциденти во Ерусалим и во Хаифа мора да брои повеќе од неколку стотици. Нема листа која што може да го прикаже волуменот на постојано насилство кое што го осакатува општеството во Израел, Алжир, Шри Ланка, Колумбија и до неодамна и во Северна Ирска. Планерите на терористичките напади се гладни за медијско покровителство на нивните ѕверски дела за да ја исполнат својата цел да го шокираат целиот свет. Тие се свесни дека сите ние поминуваме многу време исплашено гледајќи на тоа што се нарекува терорвизија. Важна забелешка за да се запамети околу оваа листа е дека таа се занимава и ги забележува насилните активности на неколку насилни политички групи кои доспеваат на насловите на светските вести без да се оценат овие групи како неприфатливи за општеството во целина. Најчесто овие инциденти ги сметаме за груби и нетолерантни но сепак постојат групи на луѓе за кои што овие акти на насилство преставуваат дел од нивната борба за слобода и токму овие групи на луѓе се нивни главни спонзори изведувачи и поддржувачи.

## 2.2 Употреба на терористички методи: неколку примери *

Не само датите и местата се подвлечени во претходната листа. Во погоре наведената листа може да ги забележиме и различните средства употребени како оружје како и различните цели кои се одбрани за напад. Ова се само некои од методите – начините како и оружјето кое е употребено од страна на терористите:

арсен, бомби, како и заканите кои се постигнуваат со нив, автомобил бомби, хемиски супстанции, киднапирања, преземање на воздухоплови, како и земање на заложници, употреба на гранати, пиштоли (автоматски и полуавтоматски) ножеви и разни бодежи,

* Terrorism by David J. Whittaker publications 2002 revised ed. 2007. pg. 144

- мачети, писма бомби, минофрлачи, лансери на ракети, каменување, самоубиствени напади, вандализам.

Ова е само еден дел од метите - целите:

- воздухоплови, аеродроми, банки, бизнис групи, автобуси, дипломати, амбасади, владин персонал и канцеларии, хотели, маркети, воен персонал и инсталации, религиозни претставници и објекти, железници, автопати, пристаништа, метроа и др.

Многу често овие денови од безбедносните агенции и од експертите од оваа област се истакнува дека додека бројот на терористички инциденти и нивната честота – фрекфенција се намалува во последните години сепак бројот на жртви од тероризам се зголемува. Технологијата на терористичките акции е променета. Употребата на далечински контролирани и спиечки (временски темпирани) експлозивни направи како и напредните средства за комуникација им овозможуваат на терористите нивната удри и бегај тактика да ја прават многу полесно како и потешко да можат да бидат следени и откривани од страна на властите. За оние чија што одговорност е безбедноста како и контратерористичките мерки секогаш ќе имаат проблем со точно предвидување на следниот терористички чекор иако понекогаш терористите користат тактика на претходно предупредување. Неможноста од превенција е покажана наједноставно со наједноставниот и најопасниот метод, кога терористот се појавува со бомба закачена на него ги подига рацете за подобро да се распространи експлозијата или кога со возило полно со експлозив удира во метата и се разнесува.

Најтежок за предвидување терористички инцидент е оној со кој се планира да се направи масовно убиство и да се предизвика голема материјална штета. При уништувањето на кулите на светскиот трговски центар во Њу Јорк на 11 септември 2001 година беше користена нова метода во оваа метода користење на авион полн со гориво и сите патници како бомба самоубица никогаш не било изведено претходно. Необично за овој терористички инцидент ниеден терорист или пак терористичка организација не ја презема одговорноста. Преземена е обемна и голема операција од страна на безбедносните институции на САД за да се открие кој стои позади овој напад пред да се обвини терористичката организација на Ал Каеда. Се чини невозможно за да се разбере

причината за поводот на овој монструозен терористички чин поради неговата масовност, деструктивност, индискриминација и ирационалност. Имаше и други смртоносни терористички закани во есента 2001 година. Пликови наполнети со спори на Антракс биле испраќани по пошта низ цела Америка поради што неколку десетици луѓе се заразени и умрени. Истовремено и неколку западноевропски земји имаа закани со пликови во кој имало наводно спори од Антракс но сепак по лабараториската анализа е утврдено дека сепак содржината на пликовите била безопасна. Сепак може да се очекува дека шегаџиите се подготвени да ги извртат работите за да ја претворат шегата во вознемиреност.

## 2.3 Дебата околу терористичките методи

Во поглавје кое што ги подвлекува терористичките методи, интересно е да се земат во предвид и поединечните случаи кога терористите (терористичките групи) покажуваат дека не се сложуваат и не ги поддржуваат методите со кои се служат одредени групи или поединци. Мошне често се води жестока дискусија помеѓу членовите на една организација во која што не се сложуваат сите со методите кои што ги спроведуваат одредени членови и нивните групи, што доведува до внатрешна поделба на самата организација се појавуваат фракции во самата организација кои може да бидат многу по екстремни отколку нивната првобитна организација. Некои методи се напуштаат, други се модифицираат за да одговараат на потребната политичка или идеолошка цел. Терористичко сценарио кое што се има истакнато со многу контроверзност е *Палестинската Интифада.*

## 2.4 Финансирање на тероризмот*

Бидејќи има причина да веруваме дека државите како Либија, Сирија, Иран и останатите кои се означени како новата оска на злото се повеќе се повлекуваат од укажувањето спонзорство на тероризмот до толку повеќе терористите ќе мораат повеќе да се ослонуваат кон нивните помали приватни спонзори за кои што тие ќе мораат да извршуваат одредени услуги. Сепак ова е вистина, која веќе јасно се гледа на Блискиот Исток. Никогаш нема да биде

* Terrorism by David J. Whittaker publications 2002 revised ed. 2007. pg. 152

лесно да се откријат средствата кои се донираат во терористичките организации кои се поставени на комплексни основи и доаѓаат преку прикриени фондови. Ниеден терорист нема да застане и да каже од каде доаѓаат средствата со кои се финансираат.

Неколку проценки за богатството на терористичките организации може и да не биде далеку од вистината. ПЛО секоја година го зголемува својот капитал ова посебно се забележува од средината на 1980те. Секоја година, нивниот приход изнесува околу 600 милиони американски долари. Палестинскиот Абу Нидал (тесно поврзана со Либија, Ирак и Сирија) ги има поместено своите приходи кон бизнис каналите со што тие тргуваат преку тајни фондови на светската берза со што се проценува дека нивните приходи изнесуваат околу 400 милиони американски долари годишно. Аум Шинрикјо, терористичкиот синдикат, се верува дека исто така ја достигнува таа цифра. Хезболах нема поголеми приходи од 100 милиони американски долари годишно и неговото финансирање во голема мера зависи од тоа кои струи се на власт во Израел како и од самото однесување на оваа терористичка организација. Хамас, терористичката организација од која најмногу се плашат сите но со многу мала мрежа на финансиери и добавувачи се потпира на околу 70 милиони американски долари годишно. Но сепак надворешното финансирање доаѓа до сомнеж посебно доколку тие во тајност останат подолго време (не извршуваат никакви терористички напади) како што кажавме претходно. Како контраст, ЕТА и ИРА, иако добиваат финансии од надвор сепак тероризмот го практикуваат се поретко во последно време.

Најбогатиот терорист, Осама Бин Ладен, од страна на Стејт департментот на САД се смета за средна фигура. Личното богатство од околу 300 милиони американски долари, е пренасочено во различни фондови и инвестиции – банкарство, конструкција на авиони, земјоделство, трговија со дијаманти како и најпрофитабилната гранка трговија со дрога. Добивката од сите овие гранки каде што има вложено Бин Ладен се распределува во фондовите на Ал Каеда во околу 30 земји во светот. Како глава на ваква профитабилна организација секако на Бин Ладен би му било секако скоро невозможно да управува со сиот овој капитал од некаков си пештерски комплекс во Авганистан.

Финансирањето на тероризмот е еден аспект од меѓународниот заеднички напор кој е во тек за да се пронајде и запре финансирањето на тероризмот во светски рамки. Сакаме да кажеме дека истражувањето на поврзаноста помеѓу корпорациите и терористичките организации и начинот на нивно финансирање е многу проблематично. Многу е тешко да се направи разлика помеѓу легалните и нелегалните трансакции на средства, многу од нелегитимните начини на финансирање се толку испреплетени да е многу тешко скоро невозможно да им се влезе во трага. Донациите за културни и социјални проекти и на едукациски фондации може да изгледа многу чесно но сепак голем дел од ваквите средства оди по многу сомнителни канали кои е многу тешко да се утврди каде завршуваат. Финансирањето на терористичките организации се спроведува и преку, ограбување на банки, перење на пари, извршување на разни противуслуги, откуп од киднапирање, рекет како и трговија со дрога. Во голем број на арапски земји како и во Југо – Источна Азија парите доаѓаат и од емигрантските групи кои се на печалба во западните земји. Од западно европските земји и од САД поголемиот дел од средствата доаѓаат од добрите луѓе – донатори кои сакаат да им помогнат на сиромашните и гладните во светот и кои би биле ужаснати доколку дознаат дека нивните средства се користат за терористички цели. Терористичките методи самите по себе се ниско буџетни – многу ефтини: поддршката која им се пружа на терористичките групи е тоа што бара финансиски средства. Ова секогаш мораат да го земат во предвид оние кои се занимаваат со **контра – тероризам.**

**Американските стратези** имаат изградено став, според кој територијата и населението на САД не се бранат исклучиво во државната граница туку и ширум светот. Резултатот на таквиот генерален став е видлив по формирањето на поголем број воено – политички сојузи во кои САД имаат доминантна улога.

**Политиката на САД** за пресметување со тероризмот е неразделно поврзана и засилена со нејзината политика со нанесување на брз пораз на терористите, особено по терористичките напади од 11 септември 2001 година. Со што е реформирана Националната стратегија за разузнавање се со цел да се поддржат следните цели зацртани од националната безбедносна стратегија:

- да се поразат терористите дома и надвор со разоружување на нивните оперативни способности и да се преземе иницијативата од нив со промовирање на растот на слободата и демократијата.

- Да се спречи и да се сузбие ширењето на оружјето за масовно уништување.
- Да се зајакне развојот на демократијата и јакнење на демократските држави.
- Да се развијат иновативни начини за да се навлезе во анализата на најтешките цели.
- Да се предвиди развојот на стратегиската грижа и да се идентификуваат можностите како и слабите страни на креаторите на одлуки.

Должноста на претседател на САД е една од најмоќните во светот. Тој е воедно и врховен командант на вооружените сили на САД и има и конечна превласт и во однос на одлучувањето за војна и мир. Претседателот на САД го има и тоа овластување да без дозвола на сенатот или пак на конгресот ја нападне секоја држава на земјината топка со копнени сили силата која е под директна власт на претседателот на САД е Корпусот на Маринците. Со директна наредба на претседателот на САД Корпусот на Маринците без одлагање – веднаш треба да стапи во акција. Како врховен командант на вооружените сили на САД, претседателот може да повика единици на националната гарда на одделни држави. За време на војна или при национални кризни ситуации Конгресот на САД може да му одобри на претседателот уште пошироки овластувања во управувањето со државната сопственост и во делот на безбедноста на САД. Во управувањето со институциите на одбраната на САД на претседателот со своја стручна поддршка и совети му помагаат и многу други институции кои му се потчинети на претседателот: Советот за национална безбедност, Стејт департментот; (Министерството за надворешни работи), Министерството за одбрана, Секретарот за одбрана; Здружениот штаб на началници, Министерството за внатрешна безбедност со следните дирекции: Дирекција за подготвеност, Дирекција за наука и технологија, Дирекција за политика и Дирекција за менаџмент.

Стратегијата на САД за борба против тероризмот е силно подржана со нивната политика според кој територијата и населението како и интересите на САД не се бранат исклучиво во државната граница туку и ширум светот. *Ваквата политика е силно поттикната со залагањата на државниот*

*секретар за одбрана Доналд Рамсфелд преку развојот на специјалните сили и операции кои по нападите од 11 септември 2001 година добиваат голема поддршка како од претседателот на САД така и од Конгресот.* Со што тие добиваат многу поголем буџет и одврзани раце во борба против тероризмот. Така што САД својата борба против тероризмот ја прошируваат на сите полиња: политичко, воено, економско, социјално.

За военото ангажирање можеме да кажеме дека е најделотворно во борбата против тероризмот и се спроведува како надвор од границите на САД генерално поддржано од Армијата на САД посебно со засилено ангажирање на специјалните сили на САД. Така и на домашен терен во границите на САД со ангажирање на ФБИ како и локалните департмани на полицијата ширум САД и нивните специјални SWAT тимови.

Со континуираното нараснување на безбедносните закани врз националната безбедност предизвикани од тероризмот, се почесто се поставува прашањето за местото и улогата на војската во борбата против ова растечко зло.

Основен принцип за ангажирање на војската во борбата против тероризмот треба да биде следниот; Војската никогаш не смее да ја презема одговорноста за задачите околу воспоставувањето на внатрешната безбедност (одржување на јавен ред и мир) освен во исклучителни ситуации кога цивилната полиција не е во можност (нема капацитет) да го направи тоа. Вооружените сили треба да се ангажираат во контратерористички операции само како последна опција (неизбежна ситуација), во следниве варијанти;

- Кога капацитетите на сите полициски сили и други структури на внатрешната безбедност не се доволни за реализација на поставените задачи;

- Кога цивилните полициски организации не одговараат на инцидентот и не постои начин да се принудат да го направат тоа заради политички, партиски или други влијанија и блокади;

- Кога природата на заканата ги надминува способностите за соодветен одговор од страна на цивилните полициски сили. Во САД секогаш кога се претпоставува дека локалните полициски или шерифски служби не се доволни да ја решат ситуацијата се повикуваат федералните сили (ФБИ).

Оваа варијанта е карактеристична за евентуални специфични ситуации кога терористичките сили се вооружени со поморно оружје отколку силите на полицијата.

- Кога терористичката закана се појавува на место вон доменот на редовните цивилни полициски сили. Реакцијата на оваа закана од страна на вооружените сили може да биде насочена кон неутрализирање на терористичкиот напад на брод – крстосувач, а во потешка варијанта и за уништување на киднапиран авион кој ќе биде насочен кон рушење на витални државни објекти или други објекти во кои има поголема концентрација на население. Во овие ситуации, војската се вклучува заради неможноста за интервенција на полицијата врз загрозените пловни објекти или воздухоплови кои сообраќаат вон доменот на можно дејствување на редовните полициски сили.

Во наредниот период специјалните сили на САД изведуваат вежби за неутрализирање на ракетни напади од страна на терористичките организации. Ова се однесува на спречување на терористичките напади со примена на ракети од краток дострел лансирани од различни платформи и лансирни рампи.

Исто така властите можат да се најдат во ситуација да немаат друг избор, односно да бидат принудени да донесат одлука за ангажирање на војската (нејзините сили за специјални дејствија) кога полициските сили во определено место или регион, независно од која причина ќе бидат целосно разбиени или уништени.

Во ваквите ситуации примарна ќе биде употребата на силите за специјални дејствија на војската со цел да се намалат можностите за предизвикување на колатерална штета, повреди и усмртувања и да се намали острицата на домашното и меѓународното јавно мислење со кое би се осудила прекумерната употреба на воена сила. Силите за специјални дејствија дејствуваат тајно брзо смртоносно без привлекување на јавноста и медиумите и тие се повлекуваат пред да се појават медиумите со нивните репортери и камери. (Никако не смее да се подлегне на ситуацијата која што терористите ја посакуваат да се употреби премногу сила да се направи огромна колатерална штета со што се постигнува ефектот (Да се гаѓа мува со топ) со што терористите повторно ќе ја постигнат својата цел да се чуе за нивното дело. Само во таква ситуација тие пред светот ќе можат да се претстават како жртви, додека државата која што ја предизвикуваат како сурова, диктаторска и недемократска. ***„Со тоа се отвора патот за нивно легитимирање како „борци за човекови слободи и права“ и стекнување со симпатии пред поширокато меѓународна***

***јавност)"**** Покрај тоа што силите за специјални дејствија ја преставуваат последната линија на одбраната преземајќи го осигурувањето на внатрешната законитост и редот од полициските сили кои се поразени или значително ослабени, односно ако не сакаат да ги остварат со уставот и законот поставените задачи, силите за специјални дејствија можат да ја осигураат огнената моќ, способност и вештачење на проекцијата за потребната убиствена сила. Исто така тие силите за специјални дејствија извршуваат акции за спасување на заложници, ги имаат најдобрите минери и деминери во својот состав, стрелци снајперисти кои цивилната полиција не е во можност да ги обезбеди. Силите за специјални дејствија се ангажираат во спречувањето на уфрлување на терористички групи од територијата на други држави, пресекување на илегалните канали за снабдување на терористите со оружје како и пресекување на нарко каналите и трговијата со дрога ова посебно се однесува за нарко картелите во Јужна Америка, Авганистан и Пакистан. Во сложени ситуации силите за специјални дејствија треба да ја оневозможат ескалацијата на терористичките дејствија во вооружен бунт и да ги пресечат сите можности за создавање на компактни кризни жаришта на поголем дел од територијата на државата посебна намена која што силите за специјални дејствија на САД ја извршуваат во Ирак и Авганистан. Неопходно е терористичките групи да бидат изолирани на локално ниво без можност за прегрупирање и координација на нивните дејствија на поголем оперативен простор. За стратегиска изолација на целокупниот кризен регион зафатен со интензивни терористички дејствија, во зависност од големината на просторот, ќе мора да се ангажираат и поголем дел од вооружените сили за контрола на стратегиските објекти и виталните комуникациски правци. (Ирак и Авганистан)

Секогаш постојат и ќе постојат многу јаки причини заради кои властите во либералните држави многу сериозно, аналитички и со висок степен на колебање ќе се одлучат да ги стават во функција вооружените сили за заштита на внатрешната безбедност на земјата. После нивното ангажирање (што е можно по невидливо) тие ќе мора веднаш тивко и невидливо да се повлечат, и без никаква медиумска презентација. (доктрина според која се води Делта единицата и СЕАЛ тимовите посебно СЕАЛ тим 6)

Непотребното големо воено присуство, особено ако е комбинирано со

* ***цитат од д-р Митко Котовчевски*** (Борба против тероризмот македонска цивилизација Скопје 2004 стр.390)

примена на вооружена сила, во голема мерка може да го зголеми нивото на насилство со поларизација на односите и со дополнително зајакнување на поддршката на терористите од страна на делови на населението. Военото присуство, исто така може да го забрза процесот на определување на категоријата на население со амбивалентни ставови и да ги насочи во база на активна подршка на терористичките групации. (препорачана соработка на специјалните тимови со месното население преку помош во храна облека правење на инфраструктура и др.)

Секогаш мора да се внимава на претераната репресивна реакција на војската, односно прецизно водење на операциите со што да се прекине секоја претерана употреба на сила. Силите за специјални дејствија на САД се користат селективно во поддршка на контратерористичките операции на полициските и армиските сили. Нивното ангажирање се ограничува само на оние ситуации во кои цивилните власти и институции не можат адекватно да одговорат на терористичката закана. Вооружените сили можат да одиграат клучна улога во поддршка на цивилните операции во кризна состојба и тоа ограничено и селективно, само во оние ситуации каде што нивните специјални вештини и способности преставуваат најефективен одговор на конкретната закана и ситуација.

Современите безбедносни закани, особено опасните терористички закани, вооружените сили на САД посебно силите за специјални дејствија ги ставаат пред тешка дилема како да се синхронизираат нивните дејствија со претходно потенцираните барања на цивилните власти, но истовремено и со силниот притисок на јавноста. Силите за специјални дејствија на САД се обучуваат за адекватен одговор на сите асиметрични закани, ништо помалку отколку за одговорот на надворешните вооружени закани. Одговорот на теоризмот во овој и наредниот период ќе има приоритетно место за сите држави во современиот свет.

Никогаш не треба предимството на полицијата да го сватиме како маргинализација на улогата и вредностите и предностите на војската во борбата против тероризмот. Полицијата никогаш не би можела непречено да патролира и да врши истраги во кризни региони во кои жестоко дејствуваат добро вооружени терористички групации со широка и активна поддршка од цивилното население, без целосна поддршка на Армијата.

Покрај огромната огнена моќ и високото ниво на тактичка оперативна и стратегиска подвижност и оперативност силите за специјални дејствија на САД обезбедуваат и определени специфичности, кои се од апсолутно клучно значење и важност посебно во изведувањето на противтерористичките кампањи од поголеми размери. Никогаш не смееме безусловно да ги осудуваме припадниците на силите за специјални дејствија кои дејствуваат во страотно тежок и непредвидлив непријателски амбиент со можност за ненадејни терористички дејствија. Тие се изложени на висок стрес и огромен ризик за нивниот живот кога во дел од секундата треба да донесат значајна одлука дали да пукаат или не.

Силите за специјални дејствија на САД во изведувањето на противтерористичките мисии во странство мора да воспостават максимална координација со сите сојузнички сили кои дејствуваат на таа територија се со цел да се минимализира дејството од пријателски оган. Да остварат максимална координација на сите функционални задачи од собирање на разузнавачки податоци и надзор на воздушниот простор до воздушен транспорт на противтерористичките сили и опрема како и обезбедување на воздушна поддршка на самите сили како и нивна евакуација од местото на операции по завршувањето на задачата.

При ангажирањето на специјалните сили на САД во странство секогаш се внимава на сите стратегиски, политички и економски последици кои можат да бидат предизвикани од нивното ангажирање. Бидејќи нивниот ангажман може да доведе до загрозување на меѓународниот мир и безбедност, како и националната безбедност на државите директно инволвирани во спроведување на воените акции против меѓународниот тероризам.

За САД секој пат кога ќе бидат сериозно испровоцирани и загрозени од терористичките напади на нивните граѓани и на нивните витални интереси во странство, акцијата ќе им овозможи некои значајни предности;

- Таа одговара на јавните и медиумските барања за силна акција против спонзорот / извршителот.

- Нанесувајќи им голема загуба – штета на терористите или пак на нивните спонзори, акцијата нуди прилика за спречување на понатамошните напори или спонзорства ;

- Дава можност за испраќање на порака за одвраќање на поширокиот круг потенцијални напаѓачи / спонзори на меѓународно ниво;

- Дава можност за нанесување на психолошки разорен удар на непријателското водство, што може да го поткопа или да го забрза неговото заминување од власта.

Исто така, постојат и сериозни потешкотии во преземањето на старегиски офанзивни операции и воена одмазда против терористичките групи во странство и нивните држави спонзори;

- Во многу случаи на терористички напади, многу е тешко ако не и невозможно, да се приберат доволно разузнавачки податоци за да може со сигурност да се утврди идентитетот на извршителот одговорен за нападот.

- Воениот напад/одмазда може да предизвика поголем судир чија многу голема цена ќе ја надмине предноста на изворно замислениот терористички удар.

- Одмаздата која предизвикува смрт на невините цивили повлекува ризик за губење на моралната предност и симпатии на меѓународното јавно мислење.

- Унилатералната воена одмазда мора да има поддршка на важните сојузници и може да предизвика дополнително оптоварување и проблем во сојузништвото.

- Воената одмазда може да побуди погрешни очекувања кај јавноста во поглед на поразот на тероризмот и да предизвика очекувања на слична или уште појака акција следниот пат.

За да се биде успешен во борбата против тероризмот секогаш мора да се дејствува мошне рационално и внимателно, да се ослободи од желбата за брзи и спектакуларни резултати. Неопходно е секогаш да му се отстапи место на разумот пред внатрешниот порив да се направи драматично и бомбастично со што ќе се дигнат на нозе сите медуими. Желбата за јавност и публицитет може да биде само контра продуктивна и повеќе да и користи на спротивната страна.

Креаторите на политиката мора добро да ги премерат двете претходно презентирани групи предности и сериозни потешкотии (сите добри и лоши страни на воените операции), внимателно да ги проценат сите валидни индикатори – фактори кои влијаат врз успешноста на преземените операции.

Што покажуваат досегашните искуства од сите преземени операции од странство;

- Економските санкции на краток рок може да бидат успешни и ефикасни на определен рок, но на подолг рок неминовно ќе се претворат во контра продуктивни. Со осиромашување на земјата жртва на санкциите се создава погодно тло за развој на уште поголем бран на тероризам.

- Ако приоритет се стави на воениот одговор, воздушното бомбардирање а не другите мерки, може да се покажат далеку попрецизни и поефикасни.

Воздушните кампањи од поголеми размери неминовно предизвикуваат големи колатерални штети и масовни разурнувања со многу слаби ефекти по терористите, кои во суштина преставуваат флуиден непријател.

- Тајните специјани операции насочени кон откривање и апсење или ликвидација на водачите на терористичките организации може да бидат многу ефективни и да ги парализираат нивните дејствија на подолг рок. Нивното планирање треба да биде солидно подготвено и засновано на објективни и правовремени разузнавачки информации кои се тешко достапни, а понекогаш и недостапни. Разузнавањето со човечки извори повторно избива на прв план, посебно во борбата против тероризмот.

Воените противтерористички мисии, независно дали се насочени против меѓународните терористички организации или држави спонзори на тероризмот, во голема мера се неизвесни, ризични, тешко предвидливи операции со голем број непознати фактори и често пати се изложени на силен притисок од меѓународното јавно мислење. Избрзаноста и непромисленоста државите може да ги закопа во жив песок, во војна без крај, војна во која ќе се губат човечки животи, а ефектите ќе бидат минимални или никакви.

Во либерално демократските држави како најдобро докажана политика е политиката компатибилна со принципите на демократската власт и владеењето на законот.

Основната заложба е победата над терористите или нивно маргинализирање од страна на демократската држава без нарушување на своите темелни институции и принципи во тој процес.

Но дали и колку е сето тоа можно посебно во справувањето со определена добро вооружена, финансирана, долготрајна терористичка кампања,

преставува често поставуваното прашање и сериозен предизвик за сите современи демократски држави во светот. Најчесто поставуваното прашање е „Како да се победи тероризмот а во исто време да не се порази сопствената демократија и сопствената правна држава“ – Како да се победи тероризмот без да се злоупотребат или да се излезе од воспоставените уставни и законски рамки.

Либерално демократските држави (ЕУ, САД, Канада, Австралија и др.) како рамка за попречување на тероризмот го прифаќаат моделот на казненото правосудство.

„Улогата и предностите на полицијата во борбата против тероризмот и развојот на специјалните сили на САД за да одговорат на денешните потреби во борбата против ова зло“.

Во повеќето нормални ситуации полицијата има поголема предност пред војската во борбата против тероризмот и другите облици на цивилно насилство. Нивната најголема предност е легитимноста и одговорноста пред очите на поголемиот дел од цивилното население. Полициските сили се обучени да ја применуваат најмалата можна сила во остварувањето на своите задачи. Според полициската етика, не е примарна цел да се ликвидираат прекршителите на законот, туку тие да се уапсат и да се обезбедат докази да бидат осудени. Овој вид на етика во голема мера се применува и во обуката на армиските специјални сили на САД со што се намалува претераната реакција на несаканите инциденти и се намалува претераната употреба на убиствена сила. Специјалните сили на САД се меѓу најдобро обучените сили за справување со заложнички кризи благодарејќи на врвната опрема која што ја користат и најновите помагала како и големото теренско искуство кое после секоја акција се обработува се бараат мааните како и добрите моменти во секоја акција. Во голем број случаи е многу тешко да се направи разлика кои се терористите (тој флуиден непријател) меѓу обичното население каде што сите непријатели и пријатели изгледаат исто. За таквото препознавање голема предност имаат локалните сили кои имаат големо познавање како на самиот терен така и на луѓето кои што живеат на тоа подрачје. Во прилог на ваквото делување доаѓа и големата банка на контраразузнавачки податоци и средства за непрекинато следење на сомнителните лица како и примена на сите модерни полициски функции и активности.* * Види Патриотски Закон на САД 5.5 стр. 226.

Специјалните сили на САД своите знаења ги зголемуваат со сите полициски техники и вештини кои што би можеле да им помогнат во борбата против терористите. Се изучуваат и техниките и оружјата кои што ги користат поедините терористички организации нивните ресурси како и начинот на кои што тие функционираат. Специјалните сили на САД се обучуваат и имаат таква поставеност да се обезбедува

максимална групираност на вештините, експертиза со специјалистички знаења кои се поклопуваат така што двајца припадници на секој тим имаат слични знаења од иста област како и сите останати ги имаат основните познавања, истите поседуваат моќни компјутеризирани банки на противтерористички податоци, посебно за раководството на терористичките организациии и нивното јадро. Преку здружените бази на податоци се добиваат и секојдневни податоци од банките на податоци на ИНТЕРПОЛ и ЕВРОПОЛ. Понекогаш кога степенот на заканта е голем а полициските или пак федералните власти не се во можност да одговорат на заканата рамномерно тогаш секогаш на помош може да се повикаат армиските специјални сили.*(*посебно предничат Делта одредот и СЕАЛ 6 тимот*) Една од главните компоненти на борбата против тероризмот е и разузнавачката активност. Разузнавањето го спроведуваат како специјалните сили на САД самостојно така тие ги користат и податоците добиени од нивните служби за разузнавање. Специјалните сили на САД имаат свој систем на верификација на разузнавачките податоци добиени од службите за разузнавање пред тие огнено да се вклучат на теренот. Потценувањето на терористичките закани најчесто се покажува како фатално за националната безбедност на државата жртва на тероризмот. Секогаш е најдобро да се преземат акции, дури и под претпоставка дека алармот бил лажен.(што и да преземеш е пododбро отколку ништо) Всушност, многу ретко ќе имаме можност да дознаеме дали најавуваниот терористички напад бил лажна тревога или не бил изведен поради засиленото обезбедување, кое било во функција на одвраќање на терористичките напади. Способноста успешно да се експлоатираат прибраните информации да се преработат во кристално јасно, разбирливи и употребливи информации, како и нивно рангирање според приоритет, преставува суштествена потреба за спроведување една успешна и делотворна

*** Види ; Специјални сили; Делта одред стр. 57 и Морнарички фоки – СЕАЛ стр. 43.**

антитерористичка програма. Во склопот на обуката на специјалните сили на САД се вклучени и лингвисти кои што вршат обука на самите специјални сили за јазикот на населението (како и обичаите кои што таму се применуваат) каде што е нивниот реон на дејствување. Специјалните сили на САД вршат и разузнавачки и извидувачки мисии без конфронтација со непријателот за потребите на националната безбедност на САД.(посебна значајна улога имаат извидувачките сили на Корпусот на Маринците) Познатиот кинески теоретичар и мислител Сун Цу Ву уште во 500 год п.н.е. запишал дека „разузнавачките податоци можат да ја надокнадат предноста на непријателот во луѓе пари и материјали".* Разузнавачките информации се клучен дел за успехот на дејството на специјалните сили кои што секогаш удираат таму каде што е потребнио **во сржта на проблемот тихо, тајно, без скрупулозно, со целата своја сила и жештина извршувајќи ја целта максимално прецизно како жилет и длабоко во самото срце на непријателот.** Специјалните сили на САД се чеканот кои што ја има силата да удри секаде секогаш и во секое време на секое место врз непријателот во случајот терористичките организации и нивните спонзори. Се користат повеќе видови на разузнавачки податоци; политички податоци, воени податоци, научни и технички податоци, социолошки податоци, економски податоци како и податоци за средината. Спецификите на овие податоци ќе бидат посебно неопходни за зоните на потенцијалните кризни жаришта. Специјалните сили на САД користат фузија од разузнавачките податоци потпомогнати со тактичко користење на стратегиски средства како и го применуваат и високоризичното набљудување (набљудување одблиску), тие доколку можат се инфилтрираат во самите структури со што ја зголемуваат и својата можност за техничко набљудување – инфилтрирање. Специјалните сили на САД ги применуваат сите три вида на разузнавање на стратегиско оперативно и тактичко ниво кои се испреплетени со различни извори од кои што се добиваат информациите;

- Човечко разузнавање;
- Сигнално разузнавање;
- Разузнавачки податоци од визуелен карактер;
- Разузнавачки податоци од технички карактер Рзаузнавачки податоци преку мерење и означување;

*Sun Cu Sveobuhvatno Umece Ratovanja – kompletan prevod Alnari doo 2005 str. 35

- Разузнавачки податоци од отворени слободни извори;

**„Едно е да се собираат и анализираат разузнавачките информации друго е што прават политичарите со тие информации. Тоа е нивно право"** забелешка на **Џорџ Тенет** поранешен **директор** на **ЦИА.***

Во врска со разузнавачките податоци кои што ги користат специјалните сили на САД неопходно е лицето задолжено за разузнавање да учествува во операцијата од самиот почеток. Се прави утврдување на приоритети во целите. Системот на собирање, анализа и дистрибуција на разузнавачките информации мора да биде воспоставен пред настанувањето на кризата предизвикана од тероризмот. Се разликуваат неколку фази во терористичката криза;

- Фаза пред кризата
- Фаза на предупредување
- Фаза на инцидентот
- Фаза на транзиција и
- Фаза непосредно по кризата

Неопходно е командантот на силите кои што одговараат на кризата или кризната состојба предизвикана од тероризам да собере и достави доволно разузнавачки информации и извештаи со разузнавачки податоци од теренот. Појдовна основа на разузнавачите е дека барањата на менаџерот во однос на кризата во однос на разузнавачките информации се оправдани. Во определени ситуации мора да се прескокнат определени нивоа на раководење со кризата. Мора да се создадат механизми за размена на разузнавачки податоци. Се става акцент на континуитетот на операциите.

Се одржува флексибилност на разузнавачките информации. За да се одговори на барањата на противтерористичката борба мора да се изгради систем за разузнавање кој ќе биде одржлив според својата природа. Разузнавачките информации мора да бидат актуелни, достапни. Секогаш на теренот се поттикнуваат мислењата на сите оперативци кои што ќе учествуваат во акцијата се бара и нивното стручно мислење за изведување на самата акција како и примена на претходно стекнатото искуство.

Денешниот свет го карактеризираат брзи и динамични промени кои со себе носат нови и често непредвидливи ризици и опасности по безбедноста на

*(George Tenet. "At the Center of the Storm: My years at the CIA". HarperCollins. P.243)

државите. Распаѓањето на биполарниот светски поредок доведе до појава на нови воени и не воени закани и предизвици за државите кои се зголемија по интензитет, простор и време. Покрај овие закани се појавија и нови неконвенционални закани, закани кои како да воскреснаа со распаѓањето на биполарниот светски поредок, закани кои својата кулминација ја достигнаа на 11 септември 2001 година – терористичките закани. Тероризмот преставува се поопасна и посложена закана за националната безбедност на САД. Како најпогодена држава на светско ниво се најде преостанатата светска сила победникот од студената војна - САД. Одговорот кој ќе следи на ваквиот напад врз САД ќе биде образложен преку нивното најдобро и најделотворно оружје за не масовно уништување нивните специјални сили **(СФ)**.

## 2.5 Тероризам спонзориран од државите

Во последните педесет години, државно спонзорираниот тероризам бил дел од интернационалната сцена. Седум држави се наоѓаат на листата на држави спонзори на тероризмот: Иран, Ирак, Либија, Либан, Сирија, Северна Кореја и Судан. (иако дел од овие држави веќе се во граѓанска војна или пак се предмет на странска интервенција САД (НАТО) сепак тие и понатаму преставуваат зони каде што има засилено присуство на терористи и служат како полигон за докажување на истите и повторно нивен извоз во останатите делови на светот со што доаѓаме и до следната констатација која треба да ни помогне да утврдиме - постоење на недостатоци и неусогласености на малите земји со политиката на САД во борба против тероризмот) Ова спонзорство има заемна корист. Терористичките групи имаат практична поддршка, финансиска помош како и заштитата од моќен заштитник и како и секогаш можат да побараат засолниште во земјата која им нуди заштита – спонзорство независно од тоа дали нивната мисија е успешна или пак не. Оваа држава заштитник има и свои предности. Ниедна држава не сака да биде означена како агресивна и гладна за власт, иако секогаш ваквите држави се спремни да ги негираат тврдењата дека се блиски со одредени терористички организации. Згрижувањето на активна терористичка група на државата домаќин може да и донесе и огромна предност за промоција на својата идеолошка вистина како што го прават тоа: Иран, Куба и Сирија. Политички инцијативи кои водат до секоја форма на модерно

војување се скапи. Наместо тоа да се користи мала, спремна, посветена група која користи насилство како средства за реализирање на политичка цел е многу помалку ризично како и многу поевтино отколку да се ангажираат воени ефективи.

Државите спонзори на тероризмот се пред нова дилема дали да останат на страната на лошите држави (држави кои го спонзорираат тероризмот) или пак да фатат чекор со модерниот свет, свет што се развива да фатат приклучок кон антитерористичката коалиција. Има потреба од крај, со очи свртени кон Вашингтон и Лондон, веќе има знаци кои покажуваат дека се намалува бројот на држави спонзори на тероризмот и дека тие самите ја намалуваат поддршката која до сега им ја пружале на терористите. Дури е зачудувачко Сириското неочекувано прифаќање на непостојаното членство во Советот за безбедност на ООН. Сирија и Либија се повеќе од нестрпливи да застанат на страната на ангелите т.е. да престанат да бидат на црната листа држави спонзори на тероризмот – бидејќи стрпливоста на САД е при крај.

## 2.6 Определување на факторите кои придонесуваат за развој на тероризмот

Првиот чекор во намалувањето на причините кои придонесуваат за појава на тероризмот е истакнување на факторите и условите кои играат доминантна улога во реоните каде што егзистира тероризмот. Најзначајни фактори кои овозможуваат развој на тероризмот се;

- економската и социјална нееднаквост во одредени општества кои се одликуваат со екстремна сиромаштија и екстремно богата класа.
- Лоша државна политика, проследена со економска стагнација или економски пад која опфаќа повеќе сегменти од населението.
- Неписменост и недостиг на образование што доведува до ширење на незнаење за современиот свет и спротиставување на западните вредности.

- Политиката насочена против САД што ја водат посебно земјите од средниот Исток.

Условите кои доведуваат до очајна состојба и длабоко незадоволство може да иницираат насилство и тероризам. Ваквите средини поттикнуваат поединци, организациии и некои влади на избувнување окривувајќи притоа надворешни сили како САД за сопствениот неуспех во општеството. Луѓе или групи од вакви општества може да добијат поддршка со повикување на народните маси во борба за рушење на постојаниот поредок. Разочарувањето толку ги обзема луѓето што тероризмот дури и самоубиството се гледаат како подобра алтернатива од онаа да се живее во сегашниот свет. Сватени како лидер и големи придонесувачи за постојаниот светски поредок, САД станаа мета на напади на оние луѓе и групи кои веруваат дека Америка е пречка за остварување на нивните напори за воведување на промени во општеството и меѓународниот поредок. Бидејќи САД никогаш нема да застанат на чело во одржувањето на светскиот ред, мир и поредок ќе создадат напори за намалување на факторите кои придонесуваат за појава и ширење на тероризмот.

**2.6.1** ***Економска и социјална нееднаквост;*** Сиромаштијата и економските разлики се јавуваат како резултат на незначителното економско учество во светската економија, лошата економска политика и лошото општествено уредување. Сиромаштијата и недостатокот од економскиот пораст ги отуѓува луѓето до тој степен што на тероризмот гледаат како на единствен достапен инструмент за остварување промени. Производ на стагнирачката економија се невработеноста и ниската стапка на вработување во многу земји оставајќи многу работоспособни луѓе да се чувствуваат безнадежно. Економскиот пораст не го одржува чекорот со порастот на населението и демографските трендови. Голем процент од земјите во развој имаат население на возраст под 15 години што наведува на фактот дека има голема заинтересираност и голема побарувачка за работа во државните служби, службите за вода и санитарија, службите за одржување домаќинства и во образованието. Лошото здравство, инфективните болести и сиромашната здравствена инфаструктура резултира со загуби во продуктивноста и понатамошното влошување на проблемот што овозможува создавање поволна клима за развој на тероризмот.

**2.6.2** ***Лоша државна политика;*** Лошото државно уредување и корупцијата, исто така, придонесуваат за создавање на поволна клима за развој на тероризмот. Многу од земјите во развој се соочуваат со обесхрабрувачки предизвици зошто последователните режими повеќе се фокусираат на зацврстување и одржување на сопствената моќ, отколку развој на едно стабилно, просперитетно општество.

Лошото владино управување доведува до обесправеност, опресија и репресија и често резултира со појава на конфликти. Некои политички системи не им овозможуваат на луѓето учество во политичките процеси и слободно изразување на своето незадоволство. Наместо тоа, политичките структури служат за заштита на режимот и владеачката елита од посакуваните промени. Гласот на народот се игнорира се додека незадоволството на населението не се претвори во востание. Недостигот од демократски институции, особено пропустите во правниот систем, доведуваат до ситуација владите да не можат да го воспостават и да го одржат законот и редот. Овој недостаток иницира внатрешни немири како и регионални конфликти.

Во општествата со лоша државна политика, медиумите контролирани од владата често шират дезинформации, водат кампања на погрешно информирање и шират пропаганда во служба на власта со цел да го насочат вниманието на јавноста од внатрешните проблеми кон наводните надворешни закани. Во одредени региони, особено оние со силна традиција, надворешните култури се сметаат за закана за групниот идентитет. Недостигот од заемно прифатливи права води до раздор помеѓу владините ентитети и граѓанскиот дел од општеството, општо незадоволство и отуѓување на населението.

**2.6.3** ***Неписменост и лош образовен систем;*** Неписменоста и лошо организираниот образовен систем во некои од земјите во развој условува појава на тероризам. Недовербата во надворешните влијанија може да порасне во областите каде на големо се шират невистини за светот, историјата, политиката и другите култури, вклучувајќи ги и САД и нејзините вредности, принципи и интереси. Ова незнаење доведува до појава на страв од глобализација и страв од западната култура. Ова посебно важи за земјите од Средниот Исток и оние реони каде се уште има борби за дефинирање на сопствениот политички, економски, социјален па дури и верски идентитет, во еден свет на промени. Државните образовни институции се неадекватни да одговорат на зголемените

барања, па така се појавуваат приватни училишта во основата на кои се застапени верските учења. Недостатокот на добар образовен систем и презаситеноста од училишта кои изучуваат екстремистички идеологии, резултира со појава на интелектуална клима која е непријателски настроена кон експериментирање и новини.

**2.6.4** ***Промовирање на САД како држава која не води фер странска политика;*** И конечно силно спротиставување на надворешната политика на САД доведува до беспотребно обвинување и омраза од страна на многу исламистички земји во светот. Ова во спротивност со колонијалната ера на Средниот Исток, кога луѓето ги трпеле европските колонијални правила. Денес ова е најмногу заради политиката на САД во Израелско – палестинскиот конфликт, голем дел од земјите гледаат со недоверба кон САД. Критикувањето на непочитувањето на човековите права во арапските земји поттикнува одбивност и омраза. Многу сегменти од исламските општества се спротиставуваат на цврстата поддршка што САД му ја даваат на Израел. Овие луѓе веруваат дека со тоа САД го маргинализираат исламот и гледаат на тоа како Израел го потиснува и го дислоцира палестинското население. САД би требало да ги разберат ненамерните последици од своите активности и таа политика врз намалувањето на причините кои условуваат појава на тероризам. За да се избегне понатамошно несогласување и непријателство во регионот, САД треба внимателно да ја преиспитаат својата политика со цел да го спречат понатамошното спротиставување и што повеќе да ја искритикуваат терористичката идеологија која се повеќе се шири помеѓу младото население на овие простори со муслиманска вероисповест.

# 3. Стратегијата на САД за борба против тероризмот

## 3.1 Мулти димензионална стратегија

Врз основа на општиот пристап на проблемот на ова истражување ќе ја поставиме следнава општа или генерална хипотеза;

***Улогата и законските рамки на Специјалните Сили на САД – за борба против тероризмот во националните граници и странство.- влијае врз општата состојба и безбедноста на САД во остварување на сопствените стратешко безбедносни интереси и цели.***

Мулти димензионална стратегија во борбата против тероризмот бара мултидимензионален пристап кон сите видови тероризам, главно преку колективни напори на глобалната заедница. Сите цивилизирани општества мора да ги искористат своите дипломатски, информациони, воени и економски (способности), за да ги поразат терористичките организации насекаде, да ги одвратат државните и недржавните финансирања на терористичките организации и да ги уништат основните причини за тероризмот. Оваа стратегија ги повикува и државите подготвени да се борат против тероризмот, како и регионалните и меѓународните организации, приватните и јавни тела, поединците да се здружат во борбата против тероризмот. Од најголемата суперсила, па до самиот граѓанин секој има улога во борбата против тероризмот, и секој има одговорност да го сподели товарот.

### *Главни центри на терористичките организации*

Според сите досегашни сознанија, терористичките организации, вообичаено имаат 5 главни центри. Секој од овие центри, мора да биде определен од 3Д стратегијата*, со заложба за да се спречат терористите да ги извршуваат своите цели. Главните центри мора да бидат уништени, неутрализирани или ублажени со цел да се поразат терористичките организации. Доколку се неутрализира или

* Д-р Митко Котовчевски; „Борба против тероризмот" Македонска цивилизација Скопје 2004 година стр 286.

елиминира некој од центрите, најверојатно, ќе дојде до парализирање на целокупната терористичка организација.

- лидерство
- легитимност на идеологијата
- финансиска поддршка
- засолништа (бази)
- управување и контрола на мрежата.

Истовремено, додека се водат овие офанзивни напори, стратегијата мора да се интегрира со стратегијата за заштита на Американците, дома и во странство. Освен легитимноста на идеологијата која што специјалните сили може да ја поткопаат само преку соработката со месното население.(градење на патишта помош во облека, храна, правење на школи, подобрување на инфраструктурата на месното население и др.) Останатите центри на терористичките организации се наоѓаат под директен удар на специјалните сили на САД.

Покрај општата хипотеза ги поставуваме и следниве **посебни хипотези:**

- Дејството на специјалните сили на САД во националните граници и во странство во голема мера е предодредено од националните законски регулативи (посебно со Патриотскиот закон на САД) и политички определби – насоки во кои се движи политиката на САД;

## 3.2 Американската 3Д стратегија за уништување на тероризмот*

САД во улога на глобален лидер треба да бара уништување на тероризмот преку; поразување (defeating) на терористичките групи, без оглед каде егзистираат; одвраќање (dettering) на идните терористички активности и нивните спонзори; минимизирање (diminishing) на основните причинители на тероризмот, истовремено бранејќи ги граѓаните на САД, како дома така и во странство.

3Д Стратегијата за уништување е така дизајнирана за да се победат терористите на три фронта, а истовремено обезбедувајќи одбрана на американците дома и во странство.

* Д-р Митко Котовчевски Борба против тероризмот Македонска цивилизација Скопје 2004 Американската 3Д стратегија стр. 285.

Прво треба да се поразат постојаните терористички организации по пат на употреба на сите инструменти на моќ, насочени кон уништување на нивната способност за преживување и дејство.

Второ е да се развијат меѓународни инструменти и механизми кои ќе ги одвратат идните активности на терористите и ќе ги спречат државните и недржавни актери за обезбедување поддршка, спонзорство и помош на терористичките организации.

Трето е да се минимизираат основните причинители за тероризам и да се исклучат било какви очекувања дека тероризмот ќе резултира со политичка, идеолошка или материјална добивка.

Оваа стратегија служи за заштита на националните интереси на САД, за формирање на стратешко тло за промовирање на меѓународна безбедност и одржување на внатрешна безбедност. Тоа ќе бара директна, индиректна, симултана и секвенционална употреба на сите расположиви национални инструменти на моќ против целокупниот тероризам – било да е на глобално, регионално или државно ниво.

## 3.3 Тимови за специјален одговор на тероризмот во рамките на војската и полицијата

Специјалниот одговор на тероризмот во рамките на секоја држава зависи првенствено од нејзиниот квантум и квалитетот на нејзините расположливи противтерористички капацитети. Ако овие капацитети се ограничени, ограничен ќе биде и изборот на опции за одговор на кризата предизвикана од терористичките закани. Ако постои само една организација – противтерористичка структура, независно дали ќе биде во составот на војската или полицијата, тогаш постои само една алтернатива на изведување на сите задачи како одговор на терористичката закана.

Во државите, во кои паралелно постојат и воени и цивилни структури за оваа намена, нивните можности и бројот на опции ќе биде поголем.

Во зависност од тежината на кризата, во определени држави вооружените сили може да се ангажираат и во справување со цивилни кризи,

било да добијат улога на примарна агенција за одговор на кризата или како структура за поддршка на другите агенции/структури.

Секоја од овие опции си има свои вредности и недостатоци, сознание кое треба вешто да се анализира при утврдувањето на приоритетите, односно дали војската или полицијата ќе ја добијат улогата на примарна структура за справување со кризата.

Специјалните единици на вооружените сили се подобро обучени, организирани и опремени за изведување на посложени и подолготрајни операции во извонредно тешки, мошне комплексни и сложени ситуации.

Но сепак, дали изборот ќе падне на воените сили или полициските состави ќе биде диктирано од сложеноста на самата криза, која ќе биде најдобар арбитер при донесувањето на конечната одлука. Исто така, спецификите на ситуацијата може да наложат ангажирање на специјалните сили од составот на вооружените сили, бидејќи тие пристигаат на местото на настанот подготвени за брз и адекватен одговор на конкретната закана.

Исто така неопходно е да се потенцира дека во одговор на кризните состојби предизвикани од терористичката опасност, покрај војската и полицијата се ангажираат и голем број други организации. Нивниот избор треба да се направи селективно и тоа првенствено врз основа на нивната подготвеност за акција што произлегува од степенот на нивната обученост, организираност, опрема, можности за планирање и др.

За синхронизирање на сите активности на ангажираните сили и организации неопходно е да се воспостави обедината командна структура. На чело на обединетата командна структура треба да се постави раководител кој ќе има квалитети и авторитет за целосно одржување на контролата врз сите субјекти вклучени во остварување на целите на операцијата. Командантите на единицита за одговор на кризните состојби одговорни се да ја одржуваат командата и контролата над своите потчинети структури но секогаш водејќи сметка за реализација на поставените задачи од централната власт. Во ниту еден момент не смее да биде прекината линијата на раководење и командување со операцијата во текот на сите нејзини фази.

Пресудни елементи за приоритет на ангажирање на полициски сили како одговор на кризната состојба секогаш треба да бидат нивните логистички можности, неопходното времетраење на операцијата, нивото на нивната

релевантна подготвеност и квантумот на убиствената сила што ќе треба да се примени за целосно и ефикасно остварување на сите планирани противтерористички активности.

Создавањето, самите почетоци, развојот на специјалните сили на САД по самите родови нивниот развој за до ден денес да се развијат во најсовршеното оружје за борба против тероризмот како и нивниот најголем подем за време и после заливската војна и да го достигнат денешниот подем. Нивниот најголем развој се бележи за време на државниот секретар за одбрана Доналд Рамсфелд. Оттука ќе се обидам преку ова истражување да дојдам до нови сознанија за работи кои досега не се истражувани. Поради овие елементи како и фактот што проблематиката е актуелна и е во корелација со последните светски настани, нејзината динамика заслужува такво внимание. Посебно истражувањето ќе биде фокусирано на безбедносните предизвици кои се поставуваат пред силите за специјани дејства на САД (опишани во претходното поглавје 1) и ќе биде насочено кон добивање на нови сознанија и согледување дали примената на специјалните сили како и законските рамки (посебен осврт ќе дадам врз патриотскиот закон на САД) преку кои тие дејствуваат влијае кон намалување на терористичките закани по територијата и виталните интереси на САД или пак со употребата на силите и сегашните закони и правила според кои тие дејствуваат само ја влошува положбата на САД во очите на меѓународната јавност со што се поттикнува појава на нови конфликти ширум светот како и се поттикнуваат нови напади на територијата на САД.

## 3.4 Системи за раководење со информациите во поддршка на борбата против тероризмот

"За успешно остварување на компликуваните функции на системот за национална безбедност во борбата против тероризмот, неопходно е да постои солидно организиран и функционален систем за раководење со информациите во кризни состојби. Логиката на неговото постоење е да обезбеди, односно да воспостави ред во организацијата на сите сегменти кои ќе бидат вклучени во активностите за справување со терористичката закана.

Без постоење на соодветна, планска, синхронизирана структура, функционални протоколи и упатства од центарот за координација, информациите ќе шетаат низ сегментите на системот за национална безбедност на еден неорганизиран и хаотичен начин. Хаосот да биде поголем, информациите со најголема важност многу тешко или воопшто не стигаат до местото каде што се потребни. Постои голема опасност да се изгуби и најминималното ниво на контрола на протокот на доверливите информации, се нарушува системот за координација, односно доаѓа до ситуација која е неконтролирана и со некоординирани дејства".*

Во тој случај системот може делумно или целосно да биде парализиран и да не биде во можност да ги остварува своите планирани функции и очекувања.

Раководителите одговорни за справување со овие закани од кризни размери секогаш треба да располагаат со квалитетни и правовремени информации за да можат да донесуваат квалитетни и благовремени одлуки.

За таа цел, неопходно е да се дефинираат нивните потреби, односно посебни потреби од овој вид на специфични информации кои доаѓаат во поголем број од надворешните извори, со зголемен интензитет во зависност од брзите промени на ситуацијата.

## 3.5 Целна ориентираност

3Д стратегијата**, вклучува серија јасно поврзани цели во рамките на секој од елементите на Стратегијата. Ова овозможува употреба на кохерентен начин, на различни средства во умешноста на државата и постигнување на значаен степен на флексибилност во нивното извршување. Како стратегија на национално ниво, многу е поважно да се дефинира што треба да се направи, отколку точно да се нацрта, како тоа да се направи. Поточно, секој елемент од стратегијата содржи;

- високодострелна цел
- серија поддржувачки цели
- понатамошни активности и извори, неопходни да ја опишат секоја цел.

* Д-Р Митко Котовчевски; „Борба против тероризмот" Македонска цивилизација Скопје 2004 година стр.363

** Д-р Митко Котовчевски; „Борба против тероризмот" Македонска цивилизација Скопје 2004 година стр.285

Секоја цел, може повратно да биде поврзана со нејзината соодветна високодострелна цел (3Д), а потоа со стратешката цел за уништување на тероризмот, како методологија за општествена промена. Иако, овие стратешки елементи и цели се напишани, пред се за САД, и други може да имаат корист од нив. Коалициските партнери, индустријата и меѓународните и приватни волонтерски организации, сите тие имаат удел во оваа стратегија, па оттука може да имаат корист од горепрезентираните гледишта.

## *Интегрирање на стратегијата*

Борбата со тероризмот ќе бара од САД тесно да соработуваат и содејствуваат со коалиционите партнери, меѓународните и приватни волонтерски организации, индустријата и останатите, со цел да се изврши една ефикасна и конзистентна стратегија. Иако оваа војна ќе биде долготрајна, стратегијата бара да се елиминира глобалниот и регионалниот тероризам многу порано пред поразувањето на неколку стотици терористички организации коишто дејствуваат во рамките на границите на индивидуалните држави. Иако неколку терористички организации оперираат глобално и регионално, тие претставуваат најголема закана, бидејќи тие поседуваат ресурси за стекнување на оружје за масовно уништување. Затоа САД треба да бидат лидер во напорите и залагањата против глобалниот тероризам, исто како што треба да имаат главна улога во поразувањето на регионалните терористи. Краткорочната цел на оваа стратегија е да се елиминираат овие двојни закани, а потоа да се сконцентрира на обезбедувањето помош за државите кои се борат со тероризмот во рамките на нивните граници. САД ќе ја водат битката против глобалниот тероризам, олеснувајќи ги одговорностите и акциите за поразување и негирање на регионалниот тероризам и ќе обезбедат помош и поддршка на државите коишто го поразиле тероризмот на нивната територија. Секоја заканувачка категорија, било да е на глобално ниво, регионално или пак на државно ниво, ги бара сите елементи на 3Д стратегијата, како и барањето за одбрана на Америка. Напорот против глобалниот тероризам повеќе ќе биде фокусиран на поврзување на тероризмот, како и обезбедување на силна одбрана, што веројатно ќе бара поголемо нагласување на употребата на сила и унилатерална акција. Борбата против регионалниот тероризам бара поголема балансираност на напорот

помеѓу сите елементи на стратегијата во целост, со помала потреба од ангажирање на сила од САД.

За терористичката закана на државно ниво, САД најчесто имаат улога на оспособувач, овозможувајќи им клучни способности и средства на државите што се борат против тероризмот во нивните граници. Со тек на време, стратегијата се поместува од повеќе сила и унилатерална акција кон натамошна помала сила и мултилатерална акција. Ова ќе им овозможи на САД, помалку да се концентрираат на елементот поразување од стратегијата, а повеќе да се концентрираат на елементите минимизирање и одвраќање. Пред се, стратегијата бара креирање на меѓународно опкружување, негостопримливо за тероризмот и крајно уништување на тероризмот. Ова ќе биде постигнато кога тероризмот ќе стане инцидентен, неорганизиран така што во суверената држава ќе се води повеќе како криминал, отколку како акт на војна.

## 3.6 Намерите на САД и непријателската перцепција;

Со заеднички сили, САД, коалиционите партнери, меѓународните организации, индустријата со заедничка работа можат да ги спречат терористичките организации, нивните финансиери и поддржувачи и индивидуалците кои својот живот го посветуваат на тероризмот. Поседувањето на овие можности нема да биде доволно за да ги спречи идните терористички акции ако тие останат тајни и неоткриени. Со евентуланиот неуспех во спроведувањето на намерите и можностите на САД, терористите би можеле да поверуваат дека би можеле да ги постигнат своите цели. Оваа комуникација треба јасно да ја постави перцепцијата во мислите на тие што го разгоруваат тероризмот дека нивните напори ќе бидат неуспешни, со што можеби би биле и натерани да пронајдат други начини за решавање на своите политички цели.

Крајната цел на одвраќањето е да им даде перцепција на терористите и нивните поддржувачи. Водачите на терористичките организации мора да се убедат дека помошта од државите кои го помагаат тероризмот ќе престане, ќе дојде до намалување на скривалиштата и ќе се намали бројот на приватните играчи кои би ризикувале евентуална поддршка и нивните политички цели би биле безпредметни. Со текот на времето, бројот на поединци кои би ја

користеле терористичката тактика и би изведувале терористички акции полека но сигурно ќе се намалува. Со ова директно се напаѓаат терористичките размислувања, одделувајќи ги од 3Д стратегијата.

Историски гледано застрашувањето е веќе видена појава во Американско – Советските односи. Тоа беше форма на застрашување помеѓу две стабилни држави. Процесот на превенција на географски разместени терористички организации, кои се меѓусебно одлично поврзани преку најмодерна комуникациска технологија е посложено, но ги има истите цели како и порано. Најважно е пораката да стигне до својата крајна цел, а тоа се водачите на терористичките групи, нивните членови, потенцијалните членови и секако до финансиерите, без разлика дали се тоа државни или недржавни играчи. Разликата помеѓу застрашувањето од времето на студената војна и сега е во тоа што денес постои поголема можност за неуспех. Секогаш ќе има поединци, групи или цели организации кои очајно ќе преземаат терористички акции со цел да го привлечат американското влијание. Превентивните активности може да немаат никаков резултат врз нив. И покрај одредени неуспеси одговорот на САД и коалиционите партнери ќе биде постојано присутен во размислувањата на пошироката регионална и меѓународна јавност дека терористичките активности нема да имаат успех, а со тоа и најтврдокорните терористи ќе бидат маргинализирани. Превенцијата може да биде успешна и со редуцирањето на корупцијата. За да биде ефективна превентивната порака посебно против најтврдокорните терористи, секој од овие три аспекти треба да биде максимално развиен;

"Превенција (нив) = можности (ние) + намери (ние) + перцепција (нив)

- ***Можности;*** Искористување на сите можни инструменти на сила од страна на САД и коалиционите партнери во борбата против теророт.

- ***Намери;*** Одлучноста на меѓународната заедница да ги победи терористичките организации и можните учесници.

- ***Перцепција;*** Давање на знаење на терористите, потенцијалните терористи и финансиери дека САД и коалицијата имаат широк спектар на можности за справување, односно спречување на теророт."

Како што предлага оваа формула, секој аспект на превентивното

* Д-р Митко Котовчевски; „Борба против тероризмот" Македонска цивилизација Скопје 2004 година стр.298

дејствување треба максимално да ја потенцира пораката. Ако некој од аспектите е нула тогаш и превенцијата ќе биде неуспешна. За секоја од целите која ќе биде спомената понатаму, можностите, намерите и перцепцијата играат значајна улога во одредување на ефективна превенција и според тоа потребно е внимателно моделирање. Иако на одредена јавност се влијае попревентивно отколку на друга, крајната порака треба да е засилена со еден опсежен приод. Така на пример осамениот терорист кој е спремен да го жртвува својот живот е многу тешко да се спречи. Ако можноста да биде заробен и затворен е подобра од можноста да загине тогаш сигурно дека тој ќе ја измени задачата. Одредени поединци се пријавуваат за извршување на терористички активности заради економската корист која би ја добиле нивните фамилии. Убедувањето на тие поединци дека нивната мисија ќе биде неуспешна, а ветената финансиска помош за нивните фамилии ќе остане недоделена ќе има големо влијание – превентивно значење. Поединци кои што размислувале да се зачленат во терористички организации лесно може да се премислат доколку организацијата постојано не успева да ги постигне своите цели. Овие, како и други размислувања имаат големо значење во превенцијата на тероризмот.

## 3.7 Судир на цивилизации и одговорот на САД како да се превенира таквиот судир

Воениот одговор на САД треба да биде навремен, бескомпромисен насочен кон растечките закани, пред тие да пристигнат на границите на нивната држава. Но, сепак во овој контекст останува да виси едно сериозно прашање – колкави се денес шансите за правовремено откривање на овој „флуиден непријател", кој своите корени ги пушта со голема брзина во сите делови на светот.

Во борбата против најголемото зло на современиот свет, САД ја вклучуваат и превентивната дипломатија, како и користењето на меѓународната помош преку средствата на Меѓународниот монетарен фонд и Светската Банка. Нивната помош ќе биде драгоцена во насока на добивање на борбата на конкурентски вредности и идеи, вклучувајќи ја и борбата за „иднината на

муслиманскиот свет“. Потребно е нападите од 11 септември 2001 година да не предизвика борба на цивилизациите – културите. Напаѓачите во САД гледаа симбол на омразената западна цивилизација и истовремено најмоќна земја на планетава. Осама Бин Ладен и објави војна на западната цивилизација и конкретно на САД, но со оглед на фактот што за сега муслиманската заедница не застана зад неговата „света војна“, не може да стане збор за судир на цивилизации. Со оглед на фактот што најголемиот број на муслимански влади ја прифатија американската стратегија на военоит одговор во Авганистан, го осудија тероризмот на Ал Каеда, се уште сме далеку од реализацијата на синтагмата „судир на цивилизации“. Иако САД својот одговор не го сметаат за војна против исламот, туку за војна меѓу цивилизираниот свет и една мошне разгранета терористичка организација, Осама Бин Ладен во последно време се здобива со поголема популарност, која го зајакнува идентитетот на неговата организација. Неговата популарност станува мошне значајна кај обичните луѓе, особено во арапскиот свет, и во оној момент кога муслиманската заедница ќе застане на негова страна (ако некогаш се случи тоа) тогаш ќе прерасне во **„судир на цивилизации“**, според тврдењето на **Хантингтон.***

За таа цел, недопустливо е настојувањето во одбраната на Западот од исламистите, прокламирано во ставот „или ние или тие “, туку да се елиминира можноста Блискиот и Средниот Исток да станат плодно земјиште за развој на идеологии и верски фанатизам кои ќе го промовираат тероризмот, но и други видови конфликти. Претопувањето на политичкиот и верскиот живот во општествата во кои постои муслиманско мнозинство и немуслиманско малцинство или обратно, преставува идеална подлога за создавање конфликти и за континуирана промоција на верскиот тероризам. САД нужно ќе мораат да промовираат нов период во новиот настап за целосна поддршка на умерени и модерни влади, особено во муслиманскиот свет, со единствена цел да не го навртат целиот муслимнаски свет (или неговите поголеми делови) против нивните национални интереси.

* The Clash of Civilizations and the Remaking of World Order Author Samuel P. Huntington Publisher Simon & Schuster Publication date 1996

## 3.8 Искуството на САД со Ал Каеда треба да биде предупредување

Да се утврди влијанието на американската надворешна политика врз улогата и законските рамки на Специјалните Сили на САД – за борба против тероризмот во националните граници и странство.

На воен план САД ќе мора да развиваат респективни воени капацитети за успешна реализација на превентивниот удар против потенцијалните закани пред тие да ја „поминат границата на нивната држава". Исто така, останува и нивната стратегиска определба за успешно одвраќање на потенцијалните непријатели од изградбата на предимензионирани воени ефективи со што би се изедначиле или би ја надминале супериорноста на воените сили на САД. Тоа значи ставање на проба на воената моќ на САД, што е неприфатливо за нивната национална безбедност, но и за глобалната безбедност. Трансформираните сили на САД се веќе целосно подготвени во најкус можен рок да зададат превентивен удар на која било точка на земјината топка. Но што ќе се случи ако во исто време пламнат повеќе такви „точки" дали САД ќе имаат одговор на предизвикот што ниедна империја во своето постоење не успеала успешно да го разреши, особено од т.н. „асиметрични опасности". Дислокацијата на силите во новите (опасни зони) ќе отвори можност за повторно разгорување на конфликтите во досегашните конфликтни зони во кои, исто така, почна успешно да вирее и семето на тероризмот (особено на Балканот). Во оваа „нова војна" САД сепак ќе мора да ја пресметаат и помошта од нивните НАТО сојузници, кои денес се ставени пред нов предизвик (новата доктрина). Но САД се спремаат да дејствуваат самостојно, користејќи го правото на самоодбрана со изведување на едностран удар врз (тиранските држави) без претходна одлука на ООН и советот за безбедност. Ирак и Авганистан се покажаа успешно за новата стратегија за национална безбедност на САД. Оваа нова политика на САД не ја отвори Пандорината кутија помеѓу муслиманскиот свет и западот и исто докажа дека САД се спремни да се ангажираат на две точки (на два фронта истовремено). Исто така нема голем број на држави во светот кои би можеле да ја следат доктрината на САД за превентивни удари, удари од дистанца поради немањето на такви капацитети. Надворешната политка на САД не дозволи

светот оваа нова стратегија на САД да ја доживее како нова империјална војна – стратегија со која борбата против едно зло може да изроди уште поголемо зло и уште поголем пораз на религиозниот и националниот фанатизам, односно да се случи некоја нова огромна катастрофа. Борбата против тероризмот е тешка посебно поради; Нациите зафатени со демографска експлозија, сиромаштија и глад, својата тешка егзистенција ја гледаат во демонизацијата на другиот (другите). Тоа секогаш го отвара патот кон тероризмот, чии причини и последици продолжуваат да висат над судбината на светот како мошне злокобни и крвави. Катастрофата од 11 септември 2001 може само да претставува предговор во она што ќе следува ако не се отстранат суштинските причини на најголемото светско зло. Борбата против тероризмот покрај сила и превентивни удари бара и многу мудрост, дипломатија и создавање нов поправеден свет. Но сепак Бин Ладен на запад му го врати заедништвото кое ќе се проширува во борбата против тероризмот. Тероризмот ја обедини САД и Европа уште посилно и побрзо, како и Латинска Америка и Јапонија. Во оваа коалиција под водство на САД соработуваат и Индија, Кина и Русија.

## 3.9 Утврдување на реалните потреби од неопходните информации за успешно справување со тероризмот

### 3.9.1 Актуелни информации за терористичките дејства и одговор на владата

За донесување на владини одлуки, како императив се наметнува и постоењето на функционален, оперативен систем за непрекинато известување од теренските единици до централната база.*

Информациите од самото место на настанот се мошне драгоцени од непроценливо значење за формирање јасна и целосна слика на заканата, нејзино брзо и прецизно реагирање на сите фази од кризата. Прекинот на доток на актуелни информации може да има фатални последици за текот и исходот на противтерористичката операција.

* Д-р Митко Котовчевски; „Борба против тероризмот“ Македонска цивилизација Скопје 2004 година стр.365

### 3.9.2 Патокази за дејства од највисоките нивоа/структури на власта во рамките на владата

“Паралелно со процесот на информирање (од долу нагоре) неопходно е организацијата за раководење со кризни состојби да биде подготвена да им пружи информации и на другите организации – оперативни патокази, насоки и сите видови други значајни информации за сите подредени нивоа, како и да поднесува извештаи на повисоките нивоа на владата.

Во интерните рамки, нејзината организирана поставеност треба да овозможува пренесување на утврдените информации од еден до друг член на тимот без многу тактизирање и со висок степен на меѓусебна доверба. Системот треба да овозможи рутинска координација и непречена комуникација на сите нивоа во сите видови вонредни околности.

При дизајнирањето на системот за раководење со информации за поддршка на борбата против тероризмот како стартна основа го поставува барањето за тоа кои информации ќе се пренесуваат за успешно остварување на поставените цели. Тоа се прави врз основа на стручни анализи, со проучување на претходните искуства”.*

Врз основа на сознанијата за тоа какви информации им биле неопходни при разрешувањето на заканите во некои поранешни идентични ситуации се прави „листа на неопходни информации кои ќе бидат доставувани преку системот за раководење со информации.“ Секогаш треба да се избегнуваат ситуациите во кои ќе доаѓа до натрупување на непотребни информации. Акумулирање на одредени информации со прашања кои воопшто не се поставуваат, а погрешно се претпоставува дека повисоките инстанци најверојатно ќе бидат заинтересирани за нив, само непотребно го задушува, а некогаш може и целосно да го парализира системот.

Процесот на акумулирање на непотребни информации треба да биде стопиран на самиот старт за да се избегнат сите несакани/штетни влијанија и блокирачки процеси. Тоа ќе се направи само тогаш кога однапред точно ќе знаеме каков вид на информации и во која фаза од кризата ќе бидат најнеопходни за целосно и ефикасно справување со терористичката закана.

* Д-р Митко Котовчевски; „Борба против тероризмот“ Македонска цивилизација Скопје 2004 година стр.365

### 3.9.3 Дефинирање на потребите во однос на доставувањето на извештаи за евентуалните кризни сценарија предизвикани од терористичката закана*

За целосно и успешно започнување на овој процес неопходно е да се направи проценка на следните фактори во контекст на евентуалните можни кризни сценарија и поранешни искуства од противтерористичката пракса:

- Кои одлуки ќе бидат потребни?
- Кога да се донесат тие одлуки?
- Кои информации ќе бидат потребни за секоја ситуација во донесувањето на одлуките?
- Кој ги има потребните информации?
- Какви канали на комуникација постојат меѓу изворот на информации и лицето одговорно за донесување одлуки?
- Кои се најефикасните техники за собирање информации и подготвување на извештаи за истите?

Во фокусот на сите овие прашања секогаш се наоѓаат потребите во однос на донесувањето одлуки, а не во однос на самите информации. Со потенцирањето на потребите во однос на одлуките се скратува листата на потребите во поглед на информациите. Од друга страна со пократката листа на информации се елиминира листата на непотребни и нефункционални информации со што се зголемува функционалноста на системот за раководење со информации.

Паралелно со овие барања неопходни за правилно донесување на одлуки за директно справување со терористичката закана, неопходно е да се потенцираат уште два други, не помалку значајни аспекти.

Организациите за раководење со кризни состојби (менаџирање со кризата) мораат да располагаат со значаен квантум на информации за задоволување на потребите на пошироката јавност. Транспарентноста и навременото информирање на јавноста ќе има за цел да се запознае и да се убеди јавноста во капацитетите и способностите на владата за успешно справување со терористичката закана. Тоа е значајно за мобилизирање на јавноста, зголемување на самодовербата и довербата во владата и нејзините институции за решеноста и подготвеноста успешно да ја менаџира кризата предизвикана од терористичката закана.

* Д-р Митко Котовчевски; „Борба против тероризмот“ Македонска цивилизација Скопје 2004 година стр.366

Вториот значаен аспект на оваа релација произлегува од променливиот карактер и природата на терористичките закани. Предвидувањето на сите варијанти на терористичката закана секогаш не е можно, а аналогно на тоа не е можно прецизно предвидување на сите потреби во однос на одлучувањето и информациите. За таа цел, овие специфични системи за раководење со информации значајни за справување со овие закани мора да бидат флексибилни. Тоа подразбира изградба и усовршување на алтернативни варијанти за собирање на дополнителни информации во моментот кога ќе се појави потреба за нови, значајни информации.

Раководителите и тимовите за справување со кризата треба да бидат солидно оспособени за еден високо професионален пристап да одговорат на сите можни сценарија и варијанти на терористичката закана врз основа на постојаните или дополнителните информации неопходни за правовремено донесување на правилна проценка и разумна одлука која ќе биде вовед на успехот на противтерористичката операција.

### 3.9.4 Дефинирање на потребите во однос на подготвувањето извештаи за справување со кризата предизвикана од терористичката закана

Следната фаза во утврдувањето на барањата во поглед на непоходни иформации, е фазата на утврдување на основните формати и потреби за подготвување на извештаи. Паралелно со нивното прецизирање, значајно е да се утврдат и најдобрите извори и средства за добивање на соодветни информации.

За да се избегнат сите можни забуни и дуализмот околу спроведување на сите процедури и задолженија во оваа фаза (кој е задолжен за доставување на извештаи, што треба да содржи извештајот, кога треба да се достави) потребно е прецизно дефинирање и доставување во писмена форма на задолженијата до сите субјекти инволвирани во системот за раководење со овие информации во сите фази на кризата.

Извештаите во кризата мора да вклучат информации за расположливите сили и средства, статусот на вооружените сили целокупната опрема за успешна поддршка нивните операции кои ќе следат во наредните фази.

“Раководителите на кризата однапред мораат да имаат јасна слика за целокупните потенцијали и нивните можности со кои располагаат како во

земјата, а за поголемите држави и за силите лоцирани надвор од нивните граници. Во никој случај не смее да се дозволи ситуација да отпочне кризата, а државата да не знае со какви сили располага или да има определени средства, а во исто време да не знае дека поседува и такви средства и техники. Тоа ќе претставува првиот пораз и првиот војнички и полициски срам на највисоко државно ниво во борбата со тероризмот и тоа уште пред започнување и ескалирање на терористичките дејства”.*

Оваа група на извештаи мора постојано да се ревидира, односно да се ажурира и надополнува со нови сознанија во зависност од сите настанати состојби и промени.

Овие промени се иницирани од измените на статусот на ангажираност и предвидениот персонал, опремата нејзиното осовременување како и новите набавки на други неопходни материјални средства за таа намена.

Наједноставно, во секој момент треба да се поседуваат информации за она што реално го поседуваме и она што планираме да го набавиме во наредниот период.

За таа цел, неопходно е да се воведе посебен механизам за собирање на информации за сите промени во оваа свера во функција на обезбедување навременост на податоците за успешно справување со актуелната криза.

За формирање на целосна слика за „настаните кои ќе следат“ овие извештаи треба да се комплетираат со прецизни податоци и објективни сознанија за силите на потенцијалниот непријател. Сликата за непријателот мора да биде комплетна, веродостојна и истата да се ажурира во континуитет.

Ниедна промена што е од посебно значење за неговите сили и намери не смее да остане незабележана.

Успешното функционирање на системот за национална безбедност, посебно на подсистемите за борба против тероризмот ќе зависи од успешното реагирање на сите структури, на сите фази на кризата (фаза пред кризата, фаза на предупредување, фаза на инцидентот, фаза на транзиција, непосредна фаза на кризата). Тоа е суштински предуслов за успешно раководење, менаџирање и контролирање на кризата предизвикана од терористички закани.

* Д-р Митко Котовчевски; „Борба против тероризмот“ Македонска цивилизација Скопје 2004 година стр.369

### 3.9.5 Известување за терористичка закана

"Во фазата за предупредување за терористичка закана, неопходно е да се формира и да почне да функционира систем за собирање на информации за терористичка закана.

Овој систем на информации и е потребен на секоја надлежна државна институција во рамките на системот за национална безбедност, но и на другите државни институции надлежни за справување со овој вид на закани. Овој систем се „активира" во ситуации кога ќе се добијат веродостојни разузнавачки информации за потенцијален терористички напад врз граѓаните на конкретна држава и на нејзините витални вредности.

Поимот „веродостојна информација" во овој контекст се однесува само за валидните информации кои даваат доволна основа за имплементација на дополнителни безбедносни мерки".*

Според одредени светски безбедносни стандарди, кога постои сериозна закана за терористички напад не се очекува веднаш (во најскоро време – блиска иднина) или доколку не постои непосредна опасност од смрт или сериозна повреда на лица, односно рушење на материјални вредности и добра на државата, извештаите за терористичка закана треба да се достават во рок од четири часа од добивањето на првите информации.

### 3.9.6 Извештај за терористичка закана

Почетниот извештај за терористичка закана треба да содржи:

- Краток опис (можно сценарио за напад) поставување бомба, бомбашки напад, атентат, грабнување, киднапирање, изведување на самоубиствен напад;
- Датум, време и место на очекуваниот напад;
- Краток опис на предвидените операции како одговор на потенцијалниот терористички напад;

Освен овие информации потребно е и обновување – дополнување на извештаите од терористичката закана.

Преку овие извештаи се комплетира мозаикот со следниве неопходни дополнителни информации:

- Вид на терористички инцидент;

* Д-р Митко Котовчевски; „Борба против тероризмот" Македонска цивилизација Скопје 2004 година стр.371

- Можни цели/мети на терористите;
- Видови оружје и експлозивни средства кои ќе се користат од нивна страна. Потребно е да се има сознанија за количеството и видот на експлозивот, посебно ако располагаат со одредени хемиски и биолошки агенси.
- Веројатните сторители, нивната мотивираност и степенот на нивната индоктринираност и крвожедност;
- Извори на информации и нивна лоцираност во разните фази на терористичкиот напад;
- Безбедносната состојба, нивото на заштитеност на луѓето и материјалните добра на местото на настанот;
- други дополнителни информации/посебно за паралелните терористички активности изведени на други локации со цел да се одвлече (насочи) вниманието на безбедносните сили на споредни локации и да се прикрие тежиштето на главната цел на нејзиниот напад. Посебно е значајно да се има информации за бројот на поставените експлозивни направи кои треба да експлодираат последователно во определени временски интервали и да направат вистински масакри на населението, но и на спасувачките екипи.(при дојава за можен терористички напад или поставена експлозивна направа има посебен формулар кој се пополнува за лицето кое ја примило дојавата во кој се опфатени и сите можни карактеристики на дојавувачот)

### 3.9.7 Известување за терористички инциденти

Извештаите за терористичките инциденти се изнесуваат секогаш кога постои сомневање дека настанал терористички инцидент, посебно во ситуација кога неможе да се исклучи замешаноста на терористичката група во терористичкиот инцидент.

Првите извештаи се доставуваат по телефон до надлежниот оперативен центар на со закон определена агенција, дирекција или друга владина институција за справување со заканите од овој вид (можно е да се насочат и до центарот за кризи и менаџмент – ако државата има формирано таква институција) и тоа во рок од два часа по инцидентот. Најдобра варијанта е тие да се достават во најкраток можен рок (првите минути после настанот).*

*Rudolf C. Bornes JP, Специјални операции и закон, Military Review, јануари 1986 pg.21

**3.9.7.1 Извештаите за терористичките инциденти треба да ги содржат следниве податоци;**

- “датум и време на терористичкиот напад;
- конкретни барања од страна на терористите доколку постојат такви барања;
- цивилни и други жртви од терористичкиот напад;
- општ опис на штетата на определени државни институции или на приватни капацитети;
- преземени акции како одговор на терористичкиот инцидент;

Обновувањето на овие телефонски извештаи со сите нови информации се врши на секои два часа во текот на инцидентот.

Паралелно со усмените извештаи се изготвуваат и писмени извештаи во врска со терористичкиот инцидент. Писмениот извештај мора да се достави во првите 24 часа по терористичкиот инцидент.”*

Писмениот извештај мора да содржи целосни информации за инцидентот;

- вид на терористички инцидент;
- место на извршување на инцидентот;
- датум и време на инцидентот;
- детален опис на терористичкиот инцидент;
- оружје и експлозиви потребни за извршување на терористичкиот инцидент;
- осомничени сторители на инцидентот;
- превземена и јавно прокламирана одговорност за терористичкиот инцидент;
- број на убиени и ранети лица и нивната здравствена состојба;
- закани добиени пред инцидентот кои се однесуваат на истиот;
- паралелни лажни закани за други евентуални терористички инциденти на други лажни локации добиени непосредно пред инцидентот;
- локални мерки на безбедност кои се спроведувале во моментот на инцидентот и
- други дополнителни информации.

* Д-р Митко Котовчевски; „Борба против тероризмот“ Македонска цивилизација Скопје 2004 година стр.373

### 3.9.7.2 Извештаи по терористичкиот инцидент (постинцидентна фаза)

"Во постинцидентната терористичка фаза сите засегнати и нападнати структури и субјекти неопходно е да подготват извештај во рок од 30 дена после терористичкиот напад.

Извештајот треба да презентира и една опсежна анализа и дискусија за „стекнатите сознанија и поуки", за новите искуства (она што е новина во дотогашната терористичка пракса). Тоа значи да се елаборираат сите научени лекции со цел да се збогатат знаењата и сознанијата за сите нови моменти (дотогаш непознати) за ефикасно водење на борбата против тероризмот. Во спротивно, терористите секогаш ќе не изненадуваат, ќе бидат чекор пред нас, а борбата против тероризмот ќе биде неуспешна (секогаш ќе учиме од почеток).

Извештајот подготвен после терористичкиот инцидент треба да понуди одговори на следниве прашања;

- Што може конкретното министерство, агенција, дирекција или друга државна институција да направат во иднина за да ја намалат можноста од други слични напади (да се избегне факторот на изненадување со примена на идентични тактики и методи)?
- Кои симптоми или сигнали (критични индикатори) може да имаат предупредувачки карактер за идентични терористички напади во иднина?
- На кој начин овие институции ќе можат (ќе се подготват) правовремено и посоодветно да одговорат на терористичките инциденти?

Извештаите за заканата од терористичките напади, извештаите од самите напади и извештаи што се изработуваат по терористичките напади, потребно е да се модификуваат (да се стандардизираат) во поглед на форматот и посебно, според специфична методологија во зависност од природата, карактерот и спецификите на терористичките закани".*

Но уште поважно е, крајните корисници да изградат соодветно ниво на култура и свест за нивно внимателно читање, анализирање, учење на ненаучените лекции и стекнување на способност ефикасно да ги применуваат во секоја новонастаната ризична ситуација.

Во спротивно, замката од повторување на старите грешки вечно ќе виси над нашите глави. Грешките во оваа област секогаш се плаќаат со крв на невините

* Д-р Митко Котовчевски; „Борба против тероризмот" Македонска цивилизација Скопје 2004 година стр.375

граѓани, но и со крвта на професионалците вклучени во елиминирањето на ова големо и непредвидливо зло.

### 3.9.8 Команда и контрола во кризни состојби предизвикани од терористички инциденти

За ефикасен одговор на секој терористички инцидент потребно е националната политика и стратегија за борба против тероризмот да се операционализираат и да се спроведат (преточат) во конкретни противтерористички операции и акции за воспоставување на кохерентен систем на команда и контрола. Преку функционирањето на овој значаен систем може успешно да се водат и координираат сите субјекти (структури во решавањето на кризата предизвикана од терористичкиот инцидент).

Двете клучни компоненти за ефикасната борба против тероризмот се предвидувањето и превенцијата.

### 3.9.9 Компоненти на ефикасниот систем за команда и контрола

Командите кои се одговорни за остварување на поставените задачи во борба со терористите, секогаш ќе бидат еден чекор пред нив доколку се солидно координирани и ако умеат да реализираат ефикасна команда и контрола.

За успешна реализација и остварување на неопходна предност од овој вид, командантите на сите нивоа мораат сериозно да се осврнат на реализација на следните принципи; способност за маневрирање, брзина, вештина, ефект на изненадување и напад.

Во исто време, потребна е способност сите овие принципи на еден инвентивен начин да ги применат во своите одлуки и да ги обезбедат сите предуслови со цел тие одлуки да се реализираат правовремено и во целост, без определени проблеми и прекини.

## 3.10 Соработката на специјалните сили на САД со останатите специјални сили од земјите членки на НАТО

Соработката на специјалните сили на САД со специјалните сили од земјите членки на НАТО е регулирано како со законски регулативи така и од моменталната состојба на теренот и моменталната политичка состојба;

***Стратегиски цели*** Борбата против тероризмот е долготрајна и скапа. Таа докажа дека бара целосно посветување на САД и нивните меѓународни сојузници да ги поразат постојаните терористички организации; да ги одвратат поединците, организациите и нациите од поддржување или нивно ангажирање во терористички активности; како и да ги отстранат основните причини за тероризмот. САД би требало да ги постигнат овие активности, истовремено одржувајќи ја својата примарна одговорност, а тоа е одбрана на граѓаните на САД, дома и во странство. Во овој контекст, стратегиските цели опфаќаат;

- Елиминирање на меѓународно организираниот тероризам и редуцирање на другите терористички активности во рамките на поедини држави.
- Развивање, стекнување и одржување на способности и механизми што ќе ги одвратат поединците, организациите и државите од финансирање и ангажирање во терористички активности.
- Определување на факторите кои го создаваат тероризмот и имплементирање на политики што ќе ги редуцираат овие фактори, крајно развивајќи опкружување што ќе го направи тероризмот непрактичен и непродуктивен.

Обезбедување ефикасни одбранбени мерки коишто ќе ја осигураат сигурноста на граѓаните на САД, дома и во странство.

Основните прашања на кои треба веднаш да се даде соодветен одговор се следниве;

- Каков вид одговор е прифатлив?
- Кои средства ќе се употребат во справувањето со кризата предизвикана од терористичка закана?
- Кои закони – домашни и меѓународни се применливи во фазата на инцидентот?

- Кои дипломатски, економски и политички сили се достапни – слободни?
- Кои структури се слободни за одговор на инцидентот?
- Колку време пред одговорот на заканата, силите ќе можат да бидат преструктуирани, и ставени во состојба на целосна готовност?
- Кои видови логистички активности се потребни?

Исто така неопходно е веднаш да се воспостави непходна комуникација помеѓу сите елементи вклучени во системот за справување со кризата

Одговорот на терористичкиот инцидент најчесто го карактеризираат следните настани;

- воспоставување на првостепен полициски контакт;
- распределба и пристигнување на првите сили;
- стивнување на инцидентот;
- воспоставување на команден штаб на самото лице место.
- Пристигнување на специјалните структури наменети за одговор на терористичкиот инцидент;
- Засилување на персоналот - групите; полиција (сообраќајна контрола, обезбедување на поширокиот регион, евакуација на населението и т.н.), јавни служби (против пожарна, медицинска и т.н.), воени (врски, советници и т.н.), преставници на јавноста, владини раководители;
- Евакуација и изолација на загрозените улици, квартови;
- Преговарање.
- Решение со преговарање или преземање на интервенција;
- Постинцидентни активности; апсења, комплетирање на доказите, изготвување на постинцидентен извештај.

Одговорот на владата во кризни состојби треба да биде проактивен – офанзивен (нападот е најдобрата одбрана) кој треба да се темели на сеопфатни и интензивни подготовки, бидејќи пасивното чекање да дојде до терористички инцидент и брзоплето спроведување на подготовките во последен момент е еднакво на пораз.

### 3.11 Стратегијата, доктрината, законските рамки и можности на специјалните сили на САД за соработка со специјалните сили на Република Македонија;

Ние по ништо не заостануваме зад специјалните сили од соседството (специјалните сили на останатите земји од југоисточна Европа). Нашите припадници од специјалните сили редовно посетуваат курсеви и школи на кои се држат тренинзи и дообуки по определени специјалности од страна на специјалните сили на САД каде што постигнуваат извонредни резултати. Опременоста постојано се подобрува со што се постигнати НАТО стандрадите. Нашите специјални единици успешно се справуваат со сите ситуации кои што се испречуваат пред нив на мисиите во Ирак и Авганистан. За тоа говори и посетата на државниот секретар за одбрана Доналд Рамсфелд кој што врачи 4 ордени на припадниците на нашите специјални сили.(2004 година ордени врачени на нашиот прв контингент на специјални сили) Специјалните сили на САД преку своите инструктори (советници) вршат дообука и доусовршување на Македонските специјални сили како во САД така и во Р. Македонија. Армијата на Р.М. добива помош како во опрема така и во совети како да се подобри да ја зголеми својата ефикасност, подвижност, борбена и огнена моќ со што може најсоодветно да одговори на сите современи закани (терористичките закани). Остварувањето на противтерористичката борба не се однесува само на армијата туку и на останатите делови од извршната власт во Р.М. која се преструктуира за да одговори на новите закани.

За целосно остварување на задачите во справување со терористичките закани, организацијата за раководење со кризни состојби ќе биде неопходно да располага со информации кои ќе нудат одговори на следниве прашања:

- Информации за намерите, способностите, плановите, мотивираноста и решеноста на терористите да одат до крај во остварување на нивните цели;
- Информации за оперативните способности на терористите.

Овие информации се однесуваат на можностите и потенцијалите кои се ставени на располагање на раководителите за справување со кризата. Значајно е да се има информации за персоналот, организациите и институциите, нивната

подготвеност (изворите) видот на опремата и материјалот кои се на располагање за успешен одговор на терористичкиот инцидент.

## 3.12 Државите - спонзори на тероризмот цел на стратегијата на САД за борба против тероризмот.

Нерешените антагонизми и појавата на национализмот во одредени држави во светот влијаат врз појавата на тероризмот.

На единствената супер сила во светот, тероризмот како сериозна закана за нивната национална безбедност не им е нешто ново и непознато, а уште помалку недоволно елаборирано. Разорните ефекти од ова современо зло САД ги чувствуваат подолг временски период и тоа во континуитет. За таа цел, уште во 80- те години на 20 век, САД имаат дефинирано целосна контартерористичка политика која првенствено се засноваше врз четири основни столба; да не им се прават никакви отстапки на терористите и да не се склучуваат никакви договори со нив; терористите да се изведат пред лицето на правдата заради нивните извршени злосторства; да се изолираат и да се врши притисок врз државите кои го спонзорираат тероризмот, со цел да се присилат да го променат своето однесување; да се зацврстат контратерористичките капацитети на државите кои соработуваат со САД и бараат помош.

За спроведување на целите на оваа стратегија, администрацијата на САД на располагање имаше голем број средства, посебно на нивната дипломатија. Спроведувањето интензивна дипломатска активност на оваа релација преставува важен инструмент за добивање помош во борбата против тероризмот од другите држави во разрешување определени терористички активности. Исто така, дипломатијата има значајна улога во добивање на меѓународна поддршка преку процесот на убедување и придобивање, во напорите за осуда на тероризмот, со цел да се стави вон законот многу опасната и распространета терористичка пракса во глобални рамки. Вооружените сили (посебно специјалните сили и тајните акции кои тие ги извршуваат), честопати можат да ги спречат или да ги прекинат терористичките напади, со што како императив се наметнува потребата за нивно поагресивно и посеопфатно ангажирање во борбата против овие невидливи непријатели. Со нивното уште

поагресивно ангажирање во иднина, во голема мерка ќе се овозможи успешно пресретнување и елиминирање на променливите и се поразорни терористички закани.

Овие нови барања подразбираат усвојување и развој на нова политика, но и на нова практика која ќе треба да биде многу поефикасна и поуспешна од досегашната. Правните напори се од непроценлива корист при иследувањето и фаќањето на определени терористи, меѓутоа нивната активност надвор од државните граници во голема мерка е лимитирана. За илустрација, економските санкции против Либија околу екстрадицијата на двајцата разузнавачки оперативци инволвирани во терористичкиот акт врз авионот на Пан Ам 103, беа многу поефикасни, отколку преземањето на некои чисто политички мерки и закани. Овие санкции и изолацијата на Либија придонесоа кон намалувањето на либиските терористички активности и на нејзината инволвираност во активностите на меѓународниот тероризам. Напротив, сега Либија станува се покооперативна во борбата против тероризмот, особено во борбата против Ал Каеда и Осама Бин Ладен после апокалиптичните напади врз САД.

Спротивно на ова казнено – правното гонење на двајцата оперативци преставува симболична и незначајна победа на законот над ова современо зло, посебно ако се има предвид дека судењето најчесто резултира со нивно ослободување од одговорност.

Следниот, мошне значаен чекор е континуирано да се зајакнуваат напорите за обесхрабрување на сите држави во нивната поддршка на тероризмот. САД нема да прават никакви исклучоци и нивната политика во целост ќе биде насочена кон обесхрабрување на сите држави (или протекторати) кои на еден или на друг начин го спонзорираат тероризмот во светот. Исклучоците не се допустливи. Во фокусот на овие напори ќе мора да се преземаат уште позначајни активности со цел да се намали слободата на движењето на терористите кои имаат потреба да оперираат во глобални рамки. „Сите држави во меѓународната заедница непрекинато ќе треба да се поттикнуваат да го ограничат или евентуално да го забранат влезот на меѓународните терористи (организации) во нивните држави, како и да прекинат со политиката на толерирање на нивното присуство во своите државни граници."* (дел од говорот на претседателот на САД Џорџ В. Буш после нападите од 11/09/) Исто така, мошне значајно ќе биде инсистирањето на САД врз

* дел од говорот на претседателот на САД Џорџ Буш од 12/09/01 директно од белата куќа тв CNN.

останатите држави да ја елиминираат нивната логистичка поддршка, односно со цел да им го ускратат гостопримството на терористите и можностите за изведување на определени подготвителни активности (обука, регрутација, собирање и испраќање на пари, контакти со други терористи, планирање и раководење терористички операции, прикриен нелегален престој под маската на политички азиланти и други недозволени валкани активности).

Кои се државите кои го спонзорираат тероризмот насочен против американските интереси и против националната безбедност на САД – држави кои можат американскиот сон да го претворат во кошмар.

**Либија** е најдобро позната од сите држави спонзори на тероризмот. Полковникот Гадафи беше ентузијастичен револуционер повеќе од триесет години и предничи во извозот на тероризмот. Во самата земја има посебни фондови, воен персонал како и опрема која е наменета за унапредување - дообука на терористите. Кога Гадафи го поделил светот на „империјалистички лакеи“ и „борци за слобода“ било само прашање на време кога тој ќе ги испрати своите миленичиња низ Европа, Азија и Јужна Америка како и да се обиде да ги координира терористичките удари. Потенцијалните борци за слобода биле добредојдени во Либиските тренинг кампови и армиски бази каде што можеле да ги усовршуваат своите вештини како и да ги предаваат и да ги разменуваат своите искуства со останатите терористички организации. Се проценува дека околу 8000 дури и повеќе регрути, дел од источна Европа но повеќето Арапи, ги имаат поминато терористичките курсеви во тренинг камповите во Либија. Таму тие имаат поминато обука на дрил вежби како и обука за ракување со лесно пешадиско оружје, гранати, противавионски ракетни преносливи системи и лесна артилерија како и противоклопни рачно преносливи оружја. Сите овие терористи имаат поминато огромен број на часови на стрелиштата усовршувајќи ја својата прецизност како и имаат увежбувано извидување и боречки вештини кои обично ги увежбуваат специјалните сили како што се британските САС. Инструктори – специјалисти за лабораториски работи и истражувања од Либија, Куба и Либан ги обучувале терористите и ги оспособувале за работа со пластични експлозиви (семтекс) како и разни отрови и гасови. Најдобрите регрути се обучувани како да грабнат авион или пак како да се подготват за самоубиствен напад. Во странство, либиските амбасади

функционирале како засолништа за терористите. Тие им овозможувале разузнавачки податоци на терористите за посакуваните мети како и им обезбедувале лажни документи. Преку амбасадите, либиските фондови биле пренесувани на ЕТА во Шпанија, на палестинските терористички организации, на ИРА во Северна Ирска (Либија своите активности на терористички план ги насочи и против Велика Британија која им дозволи на борбените авиони на САД да ја користат нејзината територија како база за ударите врз Либија. Либија на големо почна да ја снабдува ИРА со оружје и средства) и на Сандинистите во Никарагва.

Пресметките на Гадафи биле помешани, од воздушните удари на САД во 1986 како и со примената на санкциите од ООН врз Либија од 1986 година кога САД се одлучија на воздушни удари за да го дисциплинираат Гадафи. Со овие удари САД постигнаа спротивен ефект со што Либија – Гадафи само ги засили своите терористички активности насекаде низ светот против САД. Но по 11 септември 2001 Гадафи е многу по реален. Либија може да биде многу побезбедна и побогата доколку извозот на тероризмот престане и наместо тероризам таа почне да се занимава со трговија и со дипломатија. По симнувањето на власт и официјалното убиство на полковникот Гадафи (2011) судбината на Либија и демократијата во оваа земја останува неизвесна. (останува времето да каже дали повторно ќе се влоши животот во оваа земја и дали тероризмот повторно ќе се вгнезди)

**Сирија** е постојан извозник на тероризам во последните триесет години. Нејзините интереси се истакнуваат преку гласни прокламации за поддршка на палестинските милитанти и преку јавно изразено непријателство спрема израелската држава. Овој јасен повик е популарен како дома така и во странство посебно помеѓу арапските земји. Секоја држава на средниот исток, како Саудиска Арабија или Кувајт, кои соработуваат со САД и ги поддржуваат нафтените интереси на САД се плаши од фанатичните напади на Сириските приврзаници. Околу 16 терористички групи се секогаш добредојдени во Сирија која се јавува како нивен спонзор: Хамас, Хезболах, Палестинскиот ослободителен фронт, Фронтот за ослободување на Палестина, Исламски Џихад, Јапонската Црвена Армија, Ал Каеда и др. Како Либија и Сирија ги опремува и логистички ги поддржува терористичките организации со се што им е потребно. Сириските радио и телевизиски куќи, весниците и останатата

пропаганда јавно ги поддржуваат терористичките организации. Во Сирија одамна егзистираат определени терористички структури, говори и фактот што за времето на претходниот претседател Хафес Асад (татко на Башар Асад сегашниот претседател) кој речиси беше соборен од власта со активното дејствување на бунтовниците – преставници на Муслиманското братство. Сирија има развиено логистичка мрежа за поддршка на терористичките групи кон Либан, Иран и Јемен. Сирија наплаќа за обуката на секој регрут кој ќе помине низ нејзините тренинг кампови. Таа ги помага финансиски терористичките организации со продажба на кокаин, хероин, перење на пари како и останатите измами. Од моментот кога Сирија е означена за држава спонзор на тероризмот, од Дамаск веднаш се протерани неколку терористички групи меѓу кои и Јапонската Црвена Армија. Но сепак Сирија не се откажува од поддршката на терористичките групи кои го минираат Блискоисточниот мировен процес. (ситуацијата и во Сирија не е розова за режимот на претседателот Башар Ел Асад бунтовниците (како за кого) жестоко го напаѓаат сегашниот режим на двете страни има голем број на жртви, каков ќе биде епилогот од ова сценарио останува да видиме – пишувано март 2012)

***Иран Исламската република*** во оваа „терористичка свера" и понатаму продолжува да преставува најкомплексен случај, најактивна држава – поддржувач на тероризмот. После воспоставувањето на режимот на ајатолахот Хомеини во 1979 година и активирањето на идејата за исламската револуција и нејзиниот извоз во регионот повеќе од една деценија САД беа олицетворение на „големиот сатана". Резултат на нивната политика проткаена со огромна доза на омраза спрема САД беа стотиците убиени Американци од терористичките напади врз нивните амбасади и преставниците на вооружените сили лоцирани во тој регион. Исто така поголемиот дел од заложничките драми кои се одвиваа во тој регион беа организирани и логистички поддржани од Иран. Кон средината на деведесетите години, Техеран со посредство на Хезболах беше инволвиран во терористичките бомбашки напади дури и врз Центарот на еврејската заедница во Буенос Аирес, врз станбениот блок во Кобар – Саудиска Арабија во 1966 година – во овој напад загинаа 19 американски воени лица. И покрај изборот на Мохамед Катами – реформистички претседател на Иран во 1997 година (сегашниот претседател на Исламската Република Иран Махмуд Ахмадинеџат е еден од студентите кои ја окупираа американската амбасада во Техеран во 1979 година и е верен

следбеник на ајатолахот Али Хамнеи и заколнат непријател на САД и посебно на Евреите низ целиот свет), сепак корпусот на Иранската револуционерна гарда (најверните привврзаници на ајатолахот со бројна состојба од околу 100 000 луѓе под оружје највреи меѓу највреите служат и како сили за брза интервенција секогаш и секаде каде што е потребно за да се заштити режимот на ајатолахот) и министерството за разузнавање и безбедност контролирани од многу поконзервативниот духовен лидер – ајатолахот Али Хамнеи и понатаму се сериозно вклучени во планирањето и извршувањето на определени терористички акти првенствено против САД. За сигурно од 1995 и повторно заедно со Сирија, направени се обиди за поткупување на политичари и бизнисмени од западот како и обиди за навлегување во западната бизнис елита се со цел да се добијат пријатели во западните земји кои би ги застапувале интересите на овие исламистички земји. Без многу преправање за нетрпеливоста спрема Израел и безрезервната поддршка на Палестинците Иран сепак остварува блиски контакти со Вашингтон и Лондон, и покрај зголемените интереси на Иран за производство на нуклеарно оружје.

Исто така тие и понатаму обезбедуваат финансиски средства, обука, оружје, логистички ресурси и сл. Со тоа паѓаат во вода обидите на новата влада за дистанцирање од тероризмот како и напорите за соработка со Запад.

Во 1999 година, организациите во Техеран ја зголемија својата терористичка поддршка на терористичките групи кои му се спротиставуваат на блискоисточниот мировен процес. Во оваа коалиција се вклучија Либанскиот „Хезболах“, палестинските одметнати групи како што се „Движењето на исламски отпор (Хамас)“, „Палестинскиот исламски Џихад“ и „Народниот фронт за ослободување на палестина“ – Генерална команда. Пример за промена на Иранската и Сириската политика е соработката на овие две земји со САД и коалиционите сили против терористичката мрежа на Ал Каеда во 2001 година. Како што еден од сенаторите во Вашингтон има истакнато „потребно е да бидеш терорист за да фатиш терорист“.

Заземањето на цврст став против тероризмот спонзориран од Иран може да биде во корист на зајакнување на позициите на реформските сили, да се спречи политичката пресија и насилството врз реформистите. Но сето тоа мора да се прави многу суптилно и внимателно бидејќи напорите на САД во таа насока на сигнализирање на поддршка за реформите можат да бидат контра продуктивни и да бидат погрешно протолкувани со што би се затупила и

оштрицата на нивната решителност во борбата против тероризмот. Со цел да се придобие Иран во борбатра против тероризмот активирана е цела лепеза економски иницијативи за поттикнување на соработката, што ќе бидат значајни и за другите држави од клубот на државите спонзори на тероризмот. Но со една разлика, за Иран се предвидуваат и посебни бенифиции – покрај укинувањето и ублажувањето на разните санкциии сеопфатна спогодба за економска соработка со Европската унија. Политиката на САД радикално се менува (подобрува) и наместо препораките да не се прават никакви отстапки спрема Иран, наместо да се спроведува мултилатерална акција за вршење на определени притисоци, се инсистира на се поголема кооперативност во борбата против тероризмот. Во последно време се зборува дека најмалку еден  воздушен коридор во јужниот дел на Иран е отворен за прелет на Американските воени авиони вклучени во воздушната кампања против Талибанците. Но како и секогаш досега докажаното повторно се враќа. Иран продолжува со својата нуклеарна програма со цел да стане нуклеарна воена сила. Дали САД (НАТО во последно време се повеќе и Израел кој до падот на режимот на Шахот во Иран беше голем пријател на Иран сега е најголем и најлут противник на Иран во регионот) и остатокот од демократските држави тоа ќе му го дозволат останува да видиме или пак повторно ќе уследи акција слична на оние претходните на кои што бевме сведоци во тој регион на светот.

***Судан*** во оваа држава сеуште владее радикалниот национален исламски фронт, кој го наметна шеријатот на целата територија на оваа земја вклучувајќи ги христијаните и анимистичкиот југ. Продукт на ваквите верски притисоци е понатамошното потхранување на крвавата верска војна со околу 2 милиони жртви. Картум станува престолнина на исламскиот интернационализам. Една година подоцна Картум ја понуди својата територија за прибежиште на Осама Бин Ладен, кој дотогаш се наоѓаше во Авганистан. Иако Картум ги осуди терористичките напади од 11 септември од страв од превентивен воен удар од страна на САД сепак тој и понатаму ги поддржува радикалните исламистички и терористички групи. Судан продолжува со крвопролевањето на југот од земјата со постојани напади врз христијаните кои живеат таму.

***Авганистан*** по 1996 година Талибанците доаѓаат на власт Кабул е под нивна доминација. Осама Бин Ладен е нивен гостин со целокупната своја

терористичка поткрепа. Се организираат терористички кампови за обука и тн. САД не ја признаваат владата на талибанците со што тие не можеа официјално да побараат од Авганистан да го предаде лидерот на Ал Каеда. Се доаѓа и до моментот американскиот амбасадор во ООН Бил Ричардсон да ја предложи опцијата признавање на талибанската влада во замена за Осама Бин Ладен да им биде предаден на САД но таквата идеја останува не реализирана. САД доаѓаат до идејата за изнајмување на околу 1000 војници ветерани Авганистанци и Пакистанци кои би се ангажирале околу апсењето или пак ликвидацијата на Осама Бин Ладен. Во овој период сепак САД сеуште размислуваат само за мирољубиво исполнување на нивните барања од страна на талибанскиот режим но сепак по сите не успешни обиди тие прибегнуваат кон техниката на превентивни воени удари па се до последната фаза кога американските сили потпомогнати од НАТО коалиционите партнери и копнено влегуваат во Авганистан и се до конечната победа врз талибанскиот режим и поставувањето на новата – демократска влада. Тешко е да се поверува дека екстремистичките политичко – религиозни убедувања на Осама Бин Ладен и на неговата Ал Каеда се укинати. Под претпоставка уште денес да биде уништено ова големо зло, САД но и другите држави во светот и во иднина ќе се соочуваат со сериозни безбедносни закани.

***Пакистан*** е држава која од стеј департментот на САД е оквалификувана како (пријателска) држава што и прави одредени проблеми на американската антитерористичка политика. Пакистан соработуваше со САД на овој план, но не во целост и не во континуитет. Во 1995 година Пакистан го уапси и го екстрадираше во САД Рамзи Ахмед Јусеф, кој беше означен како главен мозок на бомбашкиот напад врз Светскиот трговски центар во 1993 година. Пакистанската соработка со САД беше многу успешна и во 1999 година за успешното одбивање на терористичките напади, планирани да се извршат за време на прославите на новиот милениум. Паралелно со овие антитерористички активности, Пакистан сепак им даваше прибежиште, морална, политичка и дипломатска поддршка и преставуваше транзитен центар на неколку озлогласени терористички групи; „Харакат ал Муџахедин“ терористичка организација која се наоѓа на американската црна топ листа на странски терористички оргнизации. Оваа организација е одговорна за киднапирањето и за

убиството на туристи на територијата на Кашмир, што е под контрола на Индија, а што е уште полошо, таа ги поддржува активностите на Осама Бин Ладен и се заканува дека ќе убива американски граѓани. Дали Пакистан ќе продолжи со соработката со САД во антитерористичката кампања или пак ќе се наклони кон Осама Бин Ладен и неговата Ал Каеда со што ќе се зголемат проблемите за САД и за сојузниците бидејќи Пакистан е нуклеарна воена сила. Огромниот бран на антиамерикански демонстрации кои се случуваат и ќе продолжат да се случуваат на палестинските територии во Оман, Пакистан и во Индонезија дали само придонесуваат да се зголеми спиралата на терористичкото насилство ќе видиме во иднина.

***Грција*** зачудувачки но вистина е една од државите кои се вознемирувачко пасивни во реакцијата против терористичките активности (најслабата алка во европската унија во борбата против тероризмот се до 2003 година). САД се заканија дека многу поревносно ќе ја користат категоријата „делумно соработувачки" држави (вклучително и пријателските и сојузнички држави) чие антитерористичко однесување е не соодветно, но се уште не ја заслужуваат квалификацијата држава спонзор на тероризмот. Оваа ознака во иднина ќе треба да ги предупредува државите дека се движат во погрешен правец и се стремат да ја добијат ознаката (држава спонзор на тероризмот). Санкциите за ваквите држави се големи и тешки тие почнуваат со забрана за продажба на оружје на овие држави а за најекстремните се предвидува и воена интервенција. Тоа се категорија на држави, кои во секојдневната практика ја користат реториката на антитерористичката соработка, но никако или многу тешко или под притисок ги исполнуваат своите обврски (ограничување на движењето на терористите на својата територија, нератификување на конвенцијата на ООН за тероризмот, остварување на определени врски со терористите и пасивен однос против иститe, давање прибежиште на транснационалните терористички групи и т.н.)

Во овој контекст, значајна за наредниот период ќе биде и имплементацијата на еден поширок и покомплексен приод, со цел да се запре или елиминира недржавната поддршка на терористите, првенствено да се запрат или да се прекинат недржавните извори насочени кон поддршката на меѓународниот тероризам. Прва на удар се најде невладината организација

Мактаб ал Кидамат, која преставува стожер на финансиската и логистичката поддршка на Ал Каеда, како и други терористички и екстремистички организации. На списокот на САД се најдоа во првиот круг 28 „хуманитарни организации“ кои се сметаат за спонзори на тероризмот преку овие организации терористите повеќе нема да можат да се движат непречено низ целиот свет и да ги извршуваат своите валкани игри. После 11 септември 2001 година САД успеаја да ги обединат, делумно да ги солидаризираат и да ги направат кооперативни претходно недопирливите четири држави главни спонзори на тероризмот; Либија, Сирија, Иран и Судан кои зборовите на тогашниот **претседател на САД Џорџ Буш** ги сватија сериозно **„Ако му овозможите засолниште на терорист, вие сте терорист. Ако го обучувате исто сте терорист. Ако го храните или имате симпатии за него, вие сте терористи и САД и нивните пријатели ќе ве сметаат за канибали – колку да не каже некој дека Америка не го предупредила.“*** Во овие најнови напори кои се одржуваат до ден денес САД почнаа мошне суптилно да ги менуваат параметрите со кои се дефинира еден терорист, односно почнаа да прават јасна дистинкција меѓу групи кои се борат на сопствена територија и фанатици кои безмилосно напаѓаат цивили надвор од конфликтната зона. Сепак приоритетот и понатаму ќе биде фокусиран врз најозлогласената Ал Каеда и групите што дејствуваат на меѓународен план.

САД за да ги ефектуираат овие ангажмани во целост ќе мораат воените ангажмани да ги комбинираат со една мудра надворешна политика која ќе мора неминовно да ги земе предвид причините поради кои луѓето се свртеле кон тероризмот. САД ќе мора сериозно да се зафатат со искоренување на причините што го предизвикуваат ова современо зло, посебно да се открие генезата на омразата кон САД и да се елиминираат сите фактори кои што ја предизвикуваат. За успешна заштита на САД од тероризмот, но и понатаму да останат светски лидер, ќе мора да развијат и да усовршуваат здрава контратерористичка политика, соодветна на светот што ги опкружува и кој брзо се менува, истовремено со почитување на демократските принципи и традиции и другите вредности кои се темел на нивната моќ. Најважно оружје во борбата против тероризмот ќе биде настојувањето да се продолжи со напорите да се создаде еден поправеден свет за сите.

*** дел од говорот на претседателот на САД Џорџ Буш од 12/09/01 директно од белата куќа тв CNN.**

„Во ниеден момент не треба да се заборави дека исламистичките џихад - групи особено мрежите на Ал Каеда со глобален радиус неоспорно се производ на условите на арапскиот и муслиманскиот свет, за што Британија и САД носат голема одговорност заради нивната непоколеблива поддршка на деспотските режими која трае повеќе од половина век.“ (Гардијан – Сумас Милне)*

Исто така мошне значајно за успехот на борбата против тероризмот во глобални рамки е да се заземе и цврст став за тероризмот на Балканот, посебно за тероризмот на Косово, како и за извозот на тероризмот од Косово. САД одлучија да одговорат на тероризмот, но дали нивниот одговор ќе биде целосен и без исклучоци ќе остане времето да каже. Во ниеден момент не треба да се заборават зборовите на рускиот тогашен претседател Владимир Путин кој анализирајќи ја поврзаноста на терористите во Чеченија со злосторничките организации на Осама Бин Ладен ќе истакне; „Тоа се едни исти луѓе, од практично една организација ... тие заедно се обучувале во исти терористички центри и Осама Бин Ладен го сметаат за свој водач“.** Тоа се луѓето кои учествувале во борбите на Кашмир, Судан, Авганистан, Босна, Чеченија, Косово, Македонија.....

Гордиевиот јазол на тероризмот нема да биде пресечен само со еден удар (колку и да биде жесток и енергичен) изведен во Авганистан. Тоа треба да биде војна без крај. Војна во која ќе важат исти стандарди против истиот заеднички непријател. Логиката дека муџахедините кои се борат на Балканот не се толку лоши, може да биде погубна за сите, првенствено за креаторите на таа логика – политика.

*(Гардијан – изјава на претседателот на Руската Федерација Владимир Путин од 14/09/01 стр. 1)

** дел од говорот на претседателот на Руската Федерација Владимир Путин од 12/09/01 директно од Кремаљ како одговор на терористичките напади врз САД од 11/09/01 тв CNN.

# 4. Одговорот на САД за борба против тероризмот

## 4.1 Новиот одговор на САД против тероризмот

Влијанието на националната политика за борба против тероризмот дома и во странство придонесува кон зголемување на улогата на специјалните сили како и зголемувањето на нивниот буџет.(посебно се забележува зголемување како и прегрупирање после 11 септември 2001 на самите специјални сили како и се зголемуваат овластувањата на безбедносните служби со Патриотскиот закон на САД како и со дополнување на ред постари закони)

Терористичките напади врз САД, со целата своја жестокост потврдија дека ниедно општество и цивилизација не се апсолутно безбедни, дека историјата нема крај и што е најстрашно, кошмарот наречен тероризам со кој се соочува западот и САД е мошне подмолен и неуништлив. Дали оваа терористичка приказна ќе го означи крајот на американската хегемонија или пак САД повторно ќе излезат како победник и ќе останат како „голем заштитник на цивилизацијата" ќе покажат идните настани. САД трагаат по одговорот на оваа глобална закана, одговорот е подготвен и почна неговата реализација за елиминирање на најголемото зло на денешницата – тероризмот на глобален план. Какви се замки се кријат во тие одговори преставуваат новите политички, дипломатски и безбедносни дилеми на современиот свет. Во 2003 година претседателот на САД ја претстави новата „Национална безбедносна стратегија на САД" односно според нејзините доминантни определби „Стратегијата на превентивен удар" како одговор на новите закани продуцирани во новата безбедносна околина и опкружување. Новата стратегија на САД – адекватен одговор на новите безбедносни закани и ризици говори за сериозен пристап и за навремена реакција на државата во функција на заштита на нејзината национална безбедност, за разлика од нашата држава (беа инаугурирани тројца претседатели ), која сеуште нема донесено стратегија за национална безбедност.

***Новата стратегија - поагресивна*** Стратегијата на Џорџ Буш за разлика од претходната стратегија на претседателот Бил Клинтон претпочиташе еден

поагресивен и понасилен пристап, особено кон заканите од асиметрична природа – „асиметрични закани“. Во рангирањето на заканите врз националната безбедност на САД приоритет се става врз безбедносните закани и ризици, кои доаѓаат од отпадничките држави. Како помала опасност се презентираат регионалните закани и заканите од државите со освојувачки претензии. Според новите определби во иднина се помали ќе бидат заканите од армиите и од флотите на класичните армии, додека акцентот ќе биде ставен на сериозните закани од огорчените терористички организации, кои ќе располагаат и ќе бидат во можност да го користат оружјето за масовно уништување. Аналогно на овие закани, дефиниран е и одговорот на САД во иднина против нивните носители – превентивна акција против непријателските режими од тиранска власт (тирански режим) и терористичките групи кои развиваат (поседуваат) оружје за масовно уништување. Стравот од ова оружје е далеку поголем, затоа што „психолошкиот праг“ за негова употреба од страна на терористичките групи одамна е поминат и прашање на време е само кога ќе биде употребено против (Големиот Сатана – САД). Новиот став и определбата за брз и превентивен одговор (спротивен од американскиот одговор детерминиран за време на студената војна) доаѓа од блиската и непредвидлива опасност од „флуидниот непријател“ кој енормно го скратува времето за негово правовремено детектирање и за брз одговор. Терористичките напади се тешко предвидливи, доаѓаат без предупредување (терористичките напади на цели кои се најслаби и каде што најмалку ги очекувате) и за таа цел, САД во борбата против тероризмот планираат изведување превентивна воена акција како мера на „самоодбрана и заштита на националните интереси“.

## 4.2 Трансформација на одбранбениот систем на САД (посебно е даден осврт во делот на специјалните сили на САД)

Преставува процес чиј облик ќе ја промени природата на воената конкуренција и кооперација со комбинација на концепти, способности, луѓе и организација кои ќе ги употребат земјите во своја корист, а со цел да се справат и заштитат од неконвенционални и асиметрични закани, да се прифати стратегиската позиција на земјата во градење на мирот и стабилноста во светот.

**4.2.1 Предводник на глобалните залагања;** САД ќе ги води глобалните залагања во борбата против терористичките организации, со својата екстензивна технологија, законска присила, разузнавање и способност за проектирање на моќта. За овие терористички организации кои преставуваат регионална закана, САД ќе обезбедат координација и поддршка. На државно ниво, САД ќе обезбедат помош за оние држави коишто бараат дополнителни заложби за справување со терористичките организации во рамките на нивните граници. Во секој случај САД нема да ја водат борбата само таму или тогаш кога ќе има потреба ќе обезбедат поддршка и помош каде што ќе се побара, во случај кога други нации или организации ќе бидат во улога на лидер. Решеноста на САД да го поразат тероризмот се манифестира на три нивоа; глобално, регионално и државно. Глобалните терористи преставуваат најголема закана, бидејќи тие го гледаат целиот свет како бојно поле. Тие бараат извори за финансирање од многу нации и организациии наоѓаат одобрување и поддршка ширум светот. Со распространети мрежи за поддршка и финансирање, глобалните терористи, најверојатно ќе добијат оружје за масовно уништување. Тие исто така може ова да го искористат, во недостаток на какви и да било морални одговорности. Глобалните терористи преставуваат единствен предизвик , бидејќи тие го шират своето влијание на многубројни терористички организации – истомисленици. Заедничката кауза што ја имаат со поединците организациите и државите, креира една виртуелна нација која се шири низ сите континети. САД би требало да бидат срцето на напорот да се порази глобалниот тероризам, бидејќи ги поседуваат можностите за ангажирање на сите расположиви средства извори и инструменти на национална моќ каде и да се потребни.

**4.2.2 Поддржување на регионалните одговорности;** САД ги охрабруваат регионалните организации целосно да учествуваат во меѓународните залагања за борба против тероризмот. Како дел од мултидимензионалната стратегија, САД ги убедуваат регионалните организации да преземат значајни чекори за поразување на постојаните регионални терористи, за зајакнување на меѓународните механизми што служат за одвраќање од тероризмот во нивниот регион и за идентификување и редуцирање на основните причини за тероризам.

Регионалните организации имаат клучна улога во примената на резолуциите на ООН и меѓународните протоколи, како и нивно усогласување

кон специфичните регионални потреби. Многу регионални организации како што се организацијата на американските држави, Северноатлантската организација и Шангајската организација за соработка имаат воспоставено позиции во борбата против тероризмот во рамките на нивните региони. САД треба да ги охрабрат другите организации кои можат значително да придонесат за насочување на контратерористичките одговорности во рамките на нивното членство, развој на мониторингот, известувањето и одржувањето на високо ниво на будност. Многу соодветни организации можат да воспостават и одржат способности кои се посебно наменети за борба против тероризмот. Примерите вклучуваат регионално фокусирани контаратерористички истражувачки тимови, поделени истражувачки способности и централизирани механизми за брза реакција. Терористите оперираат преку меѓународните граници. Како резултат на тоа, одговорноста да се порази тероризмот значи да се дејствува преку меѓународните граници. Добро развиен регионален одзив е клучен елемент за оваа стратегија. Шангајската кооперативна организација (Кина, Русија, Казахстан, Таџикистан и Узбекистан) оваа организација има воспоставено антитерористичка организација во Бишкек, Киргистан, следејќи го падот на Талибанците во Авганистан. Иако не е член, САД можат да обезбедат помош на оваа и на други регионални организации како разултат на фактот што имаат развиено способности за борба против тероризмот. Глобалните и меѓународните заложби мора да бидат поврзани со регионалните, со цел да се воспостави основа за соработка и дијалог. САД треба да се стреми да ги олесни меѓусебните односи кои се од заедничка корист за глобалните залагања и регионалните и меѓурегионалните залагања.

**4.2.3 Помагање на партнерските држави;** За да се постигне едно меѓународно опкружување навистина негостопримиво за тероризмот, суверените држави мора да застанат цврсто против заканата од тероризмот. Оваа стратегија го потврдува пристапот прикажан од ставот на минатиот претседател на САД Џорџ Буш адресиран до унијата, кој ги повикува државите или да се придружат на цивилизираните општества во борбата против тероризмот или пак да изберат да застанат со терористите, преку обезбедување на активна поддршка или децидно одобрување на тероризмот. На крај, секоја држава е одговорна за активностите што се одвиваат на нејзината територија. Првите линии на одбраната се властите кои имаат јурисдикција врз

терористичките јадра, поддршка финансиски мрежи и комуникациските системи. Оваа стратегија се потпира на волјата на државите да ги нападнат терористите и оние кои ги поддржуваат каде и да се откриени. Преку билатерални спогодби САД може да обезбедат значаен степен на помош на државите што се борат против тероризмот. Секоја ситуација е посебна, како што секоја држава поседува свој пакет на способности и можности. Ова за возврат бара приспособување на видот и времето на поддршка од САД. Голем број меѓународни и регионални резолуции, договори и спогодби опфаќаат соработка во борбата против тероризмот. Овие механизми ја дефинираат улогата на државата и одговорностите истовремено, истакнувајќи дека државите треба да го понесат товарот во борбата против тероризмот, на нивната сопствена територија.

**4.2.4 Оспособување на слабите држави;** Многу држави имаат недостаток на стабилност и извори или организација за директно конфронтирање на терористичките организации. Иако овие земји може да имаат волја за борба против терористичките организации и тероризмот тие може да имаат потреба од надворешна помош. САД стана примарен оспособувач за обезбедување на поддршка од извежбување и асистенција до здружување на водечките залагања во борбата против терористите во рамките на слабата држава. Иако првиот избор на САД е да им се дозволи на државите – владите да ја водат борбата против тероризмот на својата територија, Америка би требало да обезбеди помош. Ова вклучува не само интервенција туку, исто така и поддршка на државите преку прикриени операции на специјалните сили кога борбата против терористите предизвикува значајна нестабилност за владата на државата. Во случај на неуспех, САД можеби ќе треба да интервенираат без оглед дали се повикани или не. Крајна цел е на терористите да не им се обезбеди сигурно јадро и седиште било каде во светот, а особено не во слабите држави.

**4.2.5 Мотивирање на неволните држави;** Во одредени случаи државите би можеле да одбијат да соработуваат во борбата против тероризмот. САД и меѓународната заедница би требало да имаат механизми со кои што ќе извршат влијание и притисок за обединет фронт против тероризмот по пат на охрабрување на сите држави да се придружат во борбата, а особено оние кои имаат со што да придонесат. Меѓународните и регионалните организации,

коалиционите партнери и државите од опкружувањето би требало да бидат спремни да обезбедат мотив за поттикнување на сите способни народи да ја поддржат војната против тероризмот. Тие би требало да ги употребат сите инструменти на моќта, вклучувајќи и економска помош и санкции, информационите инструменти и мерки како и воени меѓусебни контакти. САД и нивните партнери би требало да имаат целосно познавање на причините поради кои една држава пружа извесен отпор кон борбата против тероризмот и би требало да се обидат да ги отстранат. Државите би можеле да бидат неволни за учество во борбата против тероризмот, бидејќи претпочитаат да останат неутрални и изолирани или, пак би можеле да го одобруваат или да му простат на тероризмот кој е насочен против нивните соперници. Тука меѓународната заедница би требало да дејствува и да ги убеди ваквите држави дека всушност е во нивен долгорочен интерес да го поразат тероризмот денес, отколку да го дозволат постоењето на ризикот од поголема закана од терористите во иднина.

**4.2.6 Убедување и присила на неволните држави;** Државите кои го поддржуваат тероризмот не би требало да бидат гледани на друг начин освен како организации кои се ангажирани во самите терористички активности. Потребно е широк спектар на инструменти на моќ за да ги убедат и приморaат ваквите држави да ја прекинат својата поддршка на тероризмот. САД би требало да бидат подготвени и волни да ги променат и режимите кои го поддржуваат тероризмот. Во крајна можна дистанца, САД би требало да добијат меѓународна и регионална поддршка, пред да се одлучат на примена на еден таков значаен – краен чекор, употребувајќи воена сила како последен инструмент. Затоа секоја држава треба да знае дека во голем дел го загрозува својот опстанок поддржувајќи го тероризмот. Меѓународната заедница би требало да работи во насока на испраќање на јасна порака за одвраќање на државите кои го поддржуваат тероризмот; тероризмот нема да биде толериран без оглед на се. Поддршката од државите е критичен извор на сила за терористичките организации. Доколку на терористичките организации им биде одбиена каква и да е вид на помош и поддршка тогаш тие многу тешко би се снашле во наоѓањето на извори и средства, а оттука и развивањето на идните планови и организирање на тренинг камповите би било многу тешко – невозможно. Ова всушност е и клучната цел на стратегијата, која би требало да

биде спроведена со упорност, а која пак на крај ќе овозможи укинување на било каква помош и поддршка на тероризмот од страна нааквите држави.

### 4.2.7 Утврдување на приоритети во однос на комуникациите во вооружените сили на САД

Утврдувањето на приоритети за пренесување на информациите преставува значајна активност за успешно раководење со информациите, првенствено со информациите од посебно критично значење за терористичката закана.

Во вооружените сили на САД постои разработен систем за определување на приоритет во однос на комуникациите, кој содржи четири категории;

**Информации од највисок степен на важност „Flash News“**;

- **Информации со висок степен на важност.**
- **Информации од приоритетно значење;**
- **Информации од рутинско значење.**

### 4.2.8 Утврдување на приоритети при можните кризи (Американски систем за нумерирање на нивото на закана)*

“За целисходно планирање на одговорот на терористичката закана се користи систем на нумерирање за утврдување на нивото на закана. Во овие системи факторот на веројатност се комбинира со можниот ефект. Во оваа скала секоја опасност се бележи со бројка од нула до четири (0 - 4) според американскиот систем;

- 0 непостоење на опасност – defkon 0
- 1 минимална опасност – defkon 1
- 2 извесно ниво на опасност – defkon 2
- 3 дефинитивна опасност – defkon 3
- 4 сериозна опасност – defkon 4

Според овој систем, опасностите означени со број 4 преставуваат највисок степен на опасност имаат највисок приоритет при планирањето на одговорот на терористичката закана. Опасностите што се рангирани со ознака 3 се следни по приоритет и идат по тој редослед. Напорите во поглед на планирањето се фокусираат на категориите од 2 до 4.

* Д-Р Митко Котовчевски; „Борба против тероризмот“ Македонска цивилизација Скопје 2004 година стр.380

Во случаите кога не можат да се намалат ризиците, раководителите кои го планираат одговорот на заканата мораат да подготват детални и сеопфатни планови за сведување на колатералните штети на минимално можно ниво."

## 4.3 Пораз на постојаниот тероризам – првиот елемент на 3Д стратегијата – одговорот на САД*

Воената моќ со употреба на специјалните сили е значајна компонента во борбата против тероризмот. Посебно во судирите со низок интензитет во кој посебно со примената на 3Д стратегијата на САД како и молскавичната употреба на специјалните сили на САД се постигнати огромни резултати во борбата – војната против тероризмот.

Пораз на терористичките организации – првиот елемент на 3Д стратегијата.

Првиот елемент на 3Д стратегијата на уништување на терористите се фокусира на поразување на терористичките организации на глобално, регионално и државно ниво. Низ директна и индиректна примена на дипломатски, информативни, воени и економски инструменти на сила, САД и коалиционите партнери ќе ги поразат терористичките организации со напаѓање на нивните центри на гравитирање.

***Цел;*** Елиминирање на државното спонзорство на тероризмот и редуцирање на организираниот тероризам до прифатливо ниво за успешно справување, како со криминалот во границите на една единствена држава.

***Цели;*** Поразување на постојаните терористички групи со;

- идентификување, изолирање и уништување на терористичкото раководство.
- побивање – оспорување на нивната идеологија и оправдувањето за терористичките дејства.
- прекинување на нивната финансиска поддршка и спонзорство.
- лишување од нивните светилишта (како што е расфрлањето на пепелта од телото на Бин Ладен во океанот) и безбедни засолништа.
- компромитирање на нивната команда и контролни способности.

* Д-р Митко Котовчевски; „Борба против тероризмот" Македонска цивилизација Скопје 2004 година стр.290

***Крајна состојба;*** Посакуваната крајна состојба од овој дел од стратегијата е пораз на постојаните терористички организации, со приоритет ставен на глобалните терористи и утврдување на механизми што создаваат непријателски меѓународен амбиент кон тероризмот. Конечно, тероризмот треба да се сведе до криминални настани кои се ирационални и ретки.

***Глобални залагања**** 

Со обемните технолошки, криминалистички, разузнавачки и други способности на проекција на моќ, САД ќе го водат глобалниот напор против терористичките организации кои поседуваат глобален досег. За оние терористички организации кои претставуваат регионална закана, САД ќе ја олеснат координацијата и ќе обезбедат поддршка. На државно ниво, САД ќе обезбедат помош за оние држави коишто бараат дополнителни способности за одбивање на терористичките организации во нивните граници. Глобалните терористи претставуваат единствена закана бидејќи тие го гледаат целиот свет како бојно поле. Тие извлекуваат средства од многу нации и организации и наоѓаат светилишта и засолништа насекаде низ светот. Со обемна мрежа на поддршка и финансирање, глобалните терористи веројатно добиваат оружје за масовно уништување кое можат, да го употребат, ослободени од морални ограничувања кое често ја ограничува слободата на акција на нацијата – државата. Глобалните терористи претставуваат единствени предизвици бидејќи го проширувааат своето влијание на бројни истомисленици - терористички организации. Нивното општо обраќање кон поединци, организации и држави создава вируелна нација, која зафаќа цели контингенти. САД треба да бидат во срцето на заложбите за поразување на глобалниот тероризам. САД располагаат со средствата за искористување на сите извори на разузнавачки податоци и проектирање на сите инструменти на моќ кога и да е потребна. Делењето на средствата е критично во услови на глобални, регионални и државни напори за пораз на терористичките организации и за постигнување на укинување на тероризмот како метод на политичка промена.

***Управување со конфликтот***

Непредизвиканиот напад на светскиот трговски центар и на Пентагон беше директен напад на суверенитетот на САД. САД имаат право да ги

* Д-р Митко Котовчевски; „Борба против тероризмот“ Македонска цивилизација Скопје 2004 година стр.291

искористат сите потребни средства, вклучувајќи сила против извршителите, нивните мрежи на поддршка и земјите кои обезбедуваат засолниште. Ова право, дури и на еднostран начин не е само одобрено со меѓународните резолуции, како Резолуцијата 1373 на Советот за безбедност на ООН, туку исто така е и проткаено во општите културни традиции. И меѓународниот закон и монотеистичките традициии се сложуваат со основниот принцип на праведна работа, неразделното право на самоодбрана, пропорционализам, ограничување на колатералната штета и неоштетување на неборците и завршување на конфликтот. Овие принципи не само што ги поставуваат условите за морален авторитет, туку доведуваат до оперативна осмисленост и суштина.

Таквата стратегија на САД може да донесе и големо ветување и огромен ризик. Каква било акција преземена против терористичките организации и нивните спозори мора да се помири со трошоците за таквите акции против инхерентни ризици. САД треба да го формулираат нивниот случај јасно, без резерва, да го одржат авторитетот на дејство. Постојаното заканување на инхерентното право за елиминирање на терористичките групи ќе биде клучна особина на борбата со тероризмот.

"***Принципи;*** Поразувањето на тероризмот ќе бара уништување на идентификувани терористички групи и долгорочна борба за срцата и умовите на светските популации, особено на Блискиот Исток. Некои нации и поединци не смеат директно да ги поддржуваат терористичките групи, но обезбедуваат прекутна поддршка со рационализација на терористичките активности или неуспевајќи да дејствуваат против тероризмот кога се појавуваат јасни можности да се стори тоа. Стратешката цел на оваа стратегија ја опфаќа идејата дека тероризмот не е оправдано средство за остварување на промена и таквата прекутна поддршка е неморална исто како и директната поддршка. Додека беспомошноста, сиромаштијата и фрустрацијата често се наведуваат како легитимни причини за терористички акти, укинувањето на тероризмот како метод за било кава промена би ги поништило овие и сите други рационални мотиви. САД не само што треба да ја водат борбата за уништување на терористичките мрежи туку, треба да обезбедат алтернативи на оние популации кои инаку би ги поддржале терористичките групи.

Кога одговараат на заканата на тероризам, САД и партнерите треба да разберат дека терористите не напаѓаат единствено само да нанесат штета на

посебни цели туку и да побараат одговор што ќе ја унапреди нивната причина."* Вистинската борба е над срцата и умовите на луѓето на кои терористите се обидуваат да влијаат. Лошо применета или погрешно упатена закана или одмазда може да ги зајакне терористичките барања во поглед на САД и партнерите, легитимизирајќи ја понатаму нивната причина, додека во исто време може да ги делегимитизира САД и сојузничките напори. Со тоа краткорочните добивки во напорот за пораз на терористичките организации мора да бидат внимателно одмерени наспроти долгорочната борба за срцата и умовите на пошироката популација. Насилничките одговори на делата на тероризмот може да дадат непосредни резултати против терористичките организации, но тие можат да имаат негативни последици и да допринесат за влошување на состојбата.

## 4.4 Идни активности за спречување на тероризмот - вториот елемент на 3Д стратегијата – одговорот на САД

Вториот елемент од 3Д стратегијата** за уништување на тероризмот, се фокусира на спречувањето на тероризмот во иднина. За да се постави правилен систем за превенција, збир на можности и механизми, треба да бидат развиени и одржувани мерки кои јасно ќе им посочуваат на потенцијалните терористи, како и на тие што ги поддржуваат во нивните активности дека цената на ангажирање во терористички активности е многу далеку од исплатливо решение. Пораката на одвраќање не треба да биде испратена само до терористичките организации туку и до сите оние држави кои го спонзорираат тероризмот, приватните играчи, како и поединците кои партиципираат во терористичките активности. Овие цели се потребни за да се убедат поединците, организациите и државите да бараат други начини и методи на политички промени под закана на непожелни строги казни и репресалии.

***Цели;*** Да се развие, постигне и задржи збирот од можности и механизми за одваќање на поединците, организациите и државите од спонзорирање или ангажирање во терористички активности.

***Намери;*** Одвраќањето треба да биде развиено со јасно прилагодени и силно зацртани пораки кои се однесуваат на поединци, организации и држави. Намерите вклучуваат;

* Д-р Митко Котовчевски; „Борба против тероризмот" Македонска цивилизација Скопје 2004 година стр.293

** Д-р Митко Котовчевски; „Борба против тероризмот" Македонска цивилизација Скопје 2004 година стр.294

- одвраќање на терористичките организации од извршување напади во иднина.

- одвраќање на државите од спонзорирање на тероризмот.

- одвраќање на приватните организации од давање на поддршка на терористите.

- одвраќање на поединци од приклучување (поддржување) на терористички организации.

***Крајна состојба;*** Овие намери создаваат една заедничка целина која се однесува на намалување на тероризмот во целиот спектар, од државни до глобални терористички организациии и нивните помагачи. Поседувајќи ги непоходните можности за водење ефикасна војна против тероризмот, ја покажува одлучноста на САД да се справат со тероризмот каде и да се појави, притоа симулирајќи ја непријателската перцепција дека нивните цели немаат перспектива поради создавањето средина во која тероризмот не би остварил материјална, политичка или идеолошка корист.

***Барани способности;*** Доследна порака за одвраќање, заснована на колективното залагање на сите земји кои му се спротиставуваат на тероризмот, мора да биде развиена од секоја држава посебно. САД не можат сами да воспостават уверливо одвраќање. Развивањето меѓународни норми и создавање светска нетрпеливост кон тероризмот бара интензивни дипломатски напори и соработка како на САД така и на меѓународната заедница. Предуслов за ефективно одвраќање е тоа без разлика на регионот или пак државата, казните за помагање или давање поддршка на терористичките организации треба да бидат ригорозни и доследно да се применуваат. За да се обезбеди ефективна и сигурна превенција, САД во соработка со своите сојузници, треба да ги развијат или да ги подобрат следните можности, политики и практики;

- Воведување серија од санкции и потенцирање на колективното спротиставување, одвраќање на државите од давање на финансиска поддршка на тероризмот и мотивирање на државите да ги поддржат залагањата против тероризмот.

- Заедничкото значење, значењето на интегрирањето на разузнавањето се состои од методи и координација. Човечкото, како и комуникациското разузнавање се основни можности во откривањето на терористичките активности, нивните слабости и начинот како да се нападнат. Како што

точноста и прецизноста на разузнавањето се зголемуваат така се зголемуваат и шансите за успех, а истовремено се намалува ризикот од колатерална штета или погрешни напади.

- Поседување на можности со кои ќе се искористи правата информација со правовремена употреба на силите. Информациите кои се добиваат од разузнавањето, многу брзо го губат своето значење, така што според тоа, времето на реакција се сведува во минути, а не во часови или денови. Брзината ќе биде клучна за успешно уништување на терористичките организации. За извршување на оваа мисија е потребна реорганизација, обука и едукација како надоврзување на новите можности.

- зголемување на координацијата и синхронизацијата помеѓу разузнавачките служби – организации, воените сили, правните агенции и останатите владини организации да откријат, следат и спречат терористичка активност. Информациите мораат да се разменуваат и споделуваат со коалиционите партнери.

- Зголемените залагања на јавната дипломатија и информациите, создаваат стратегија која го зголемува легитимитетот на војната против тероризмот и спречување на појава на нови терористички организации.

- Подобрување и развивање на можностите за спротиставување на компјутерските напади, односно зајакнување на сајбер одбраната, користење на приликите за прекинување на терористичките активности со цел заштита на владата, индустријата и приватните компјутерски системи од терористичка експлоатација.

- Воспоставување на партнерски односи во индустријата, меѓународните и приватните организации за создавање идна заедничка база за реализација на можностите за борбата против тероризмот. Инвентивноста и креативноста на приватниот сектор може да обезбеди нови високо иновативни технолошки начини кои ќе дадат голем придонес за уништување на терористичките организации. Овие можности треба да се развиваат и со нив да се запознаат останатите коалициони партнери. Во продолжение, во индустријата, голем број меѓународни и приватни организации имаат искуства со терористички закани, што придонесува за збогатување на искуствата. Ова е поради тоа што терористичките акции често ќе бидат извршувани во региони каде има големи

хуманитарни потреби, па затоа заедничките партнерски операции со овие организации се од голема важност.

- Зголемување на напорите против ширењето на оружјето за масовно уништување и војна против тероризмот. Овие прашања се во тесна меѓусебна поврзаност. Стратегијата и политиката мора да бидат координирани за да обезбедат, овие оружја да не можат да паднат во рацете на терористите.

- Јачината на домашната одбрана ги одвраќа потенцијалните терористи од планираните напади врз САД. Потенцијалните терористи мораат да бидат свесни за можноста тие попрво да завршат во затвор отколку да примаат награди за нивната кауза.

## 4.5 Противтероризам

***Уништување на тероризмот како средство за предизвикување промени.*** „Варварската практика на тероризмот мора да биде уништена преку здружени напори на мирољубивите нации ширум светот – намерното заканување или убивање на цивили не смее никогаш да биде дозволено за постигнување на политички, идеолошки или материјални добивки“.* (цитат од говорот на претседателот на САД Џорџ В. Буш) Ова е долгорочно настојување кое е од витален интерес за слободните и демократски општества. Оваа стратегиска цел не е фокусирана само на поразување на постојаните терористи туку и за одвраќање од идните активности и отстранување на причините за тероризмот.

Стратегијата за уништување на тероризмот бара развивање на состојба која е двострана; глобално опкружување кое е негостољубиво за тероризмот, воспоставено по пат на широк спектар на национални и меѓународни механизми за одвраќање и поразување на тероризмот и свет слободен од организиран тероризам како инструмент за промени во општеството. Иако терористичките активности никогаш не може во целост да бидат спречени, тероризмот мора да биде сведен на ниво истиот да постане изолирана, повремена, криминална активност. На организираниот тероризам не смее никогаш повеќе да му се дозволи да достигне глобални размери, заканувајќи им се на мирољубивите

* дел од говорот на претседателот на САД Џорџ Буш од 12/09/01 директно од белата куќа тв CNN.

*Њу јорк Тајмс 12/09/01 стр.1 (насловна)

нации насекаде во светот. Се додека нема меѓународен консензус за дефинирање на тероризмот, постои општа согласност дека листата на странски терористички организации која постои во државните тела е точна.
Определувањето кои терористички организации припаѓаат на оваа листа е и морална и емпириска пресуда, базирана врз демонстрираните активности на секоја терористичка организација и на вредностите и осетливоста на цивилизираните општества. Оваа одлука ретко е базирана на изолиран инцидент, таа се однесува на набљудување на однесувањето во текот на извесен период. Оттука, оваа стратегија се уште може да биде применувана во отсуство на посебна и прецизна меѓународна дефиниција, се додека е запазен генералниот консензус за листата на државните тела за странски терористички организации.

### 4.5.1 Антитероризам и контратерористички дејства - Улогата на вооружените сили во борбата против тероризмот – Примерот на САД

**"- Антитероризам – активност за преземање на одбранбени мерки со цел да се постигне редуцирање на ранливоста на поединците и имотот од терористичките акти. Ваквите „Одбранбени мерки" вклучуваат примена на ограничен одговор спрема терористите и терористичките организации."**

Борбата против тероризмот се дели на две главни категории. Неопходен е план во кој се вклучени антитерористички и контратерористички дејства. Планот треба да ја редуцира ранливоста во однос на распоредувањето на единиците и персоналот во борбата против тероризмот во мирновремени услови, како и вклучување мерки за превенција и справување со тероризам.

#### 4.5.1.1 *Антитероризам*

"Антитероризмот може да го дефинираме како активност за преземање одбранбени мерки со цел да се постигне редуцирање на ранливоста на поединците и имотот од терористичките акти. „Одбренбените мерки" вклучуваат примена на ограничен одговор спрема терористите и терористичките организации. Антитероризмот содржи активни и пасивни мерки за превенција на тероризмот." Најчесто, директно или индиректно загрозени од

* Д-р Митко Котовчевски; „Борба против тероризмот" Македонска цивилизација Скопје 2004 година стр.311

терористичките организации се членовите на воената заедница воените цивили, како и членовите на нивните семејства. Антитерористичките мерки подразбираат навремено собирање на податоци, поставување звучни одбранбени системи, како за општа така и за индивидуална заштита. Антитероризмот вклучува голем спектар на акции за ослабување на цврстината и ефикасноста на терористичката организација и на нејзината движечка политичка сила. Антитерористичките напори честопати се непопуларни, понекогаш се со неславен крај, што без несериозна и нестрплива работа тешко може да бидат рационални и успешни. Претерувањето во спроведувањето на антитерористичките мерки во голема мерка можат да ја поткопаат легитимноста и беспотребно да го иритираат цивилното население.

***"Интегрирање на одбраната со борбата против тероризмот***

Додека не се идентификува како еден од трите „Д" (Defeat=порази го; Deter=Одврати го; Diminish=Ослаби го), во офанзивните напори во борбата против тероризмот, одбраната на САД е неопходен аспект во глобалната стратегија. Во глобалниот свет, границите кои ја дефинираат американската татковина и меѓународната арена станаа нејасни. Американските државјани и интереси се лоцирани низ светот. Финансиските системи, меѓународните пазари, компјутерските и медиумските мрежи и транспортните системи се проширија далеку надвор од границите на Америка. Затоа борбата против тероризмот на САД треба да опфати офанзивна одбрана. Безбедноста на САД ќе се оствари доколку тероризмот се уништи онаму каде што расте. Во меѓувреме, САД треба да ја бранат татковината од тероризам. Офанзивните активности и одбранбените напори треба заедно да се спроведуваат за да се уништи тероризмот како средство за остварување на општествените промени.

***ЦЕЛ;*** Интегрирање на одбранбени мерки за обезбедување на безбедноста на Америка и поддршка на глобалната стратегиска цел за уништување на тероризмот.

***НАМЕРИ;*** САД треба да заземат став за обезбедување на ефективна одбрана и моќ за поддршка на офанзивните напори во три области;"*

***Спречување на тероризмот.*** Во што е можно поголем обем да се оневозможи влегување во САД на терористите и оружјето што планираат да го користат. Посебно мора да се открие и пресретне оружјето за масовно уништување,

* Д-р Митко Котовчевски; „Борба против тероризмот" Македонска цивилизација Скопје 2004 година стр.306

пред да можат да го употребат. Соработката на сите нивоа на Владата на САД заедно со приватниот сектор и граѓаните е неопходна за да се оневозможат терористичките намери.

***Заштита на критичниот имот;*** За да се обесхрабри тероризмот и да се минимизираат можностите од успешен терористички напад на клучните национални капацитети, САД мораат да ги заштитат критичните инфраструктури и другите потенцијални терористички цели.

***Подготвеност за реакција;*** За да се намали влијанието од тероризмот, САД мораат да бидат подготвени за реакција и ублажување на последиците од нападот, вклучувајќи и водење на соодветни истраги за откривање на терористичките операции и приведување на одговорните. Ова посебно е критично при реакцијата на напад од оружјето за масовно уништување. Сите агенции на федерално, државно и локално ниво мора да работат заедно за реакцијата – одговорот на Америка да биде што поефикасен.

****Завршно изнесување;*** Безбедна татковина, заштита на граѓаните и интересите во странство и синхронизација на одбранбените мерки со американската стратегија за борба против тероризмот.

Овие цели потенцираат што треба САД да прават за да ги заштитат татковината и граѓаните. Иако во овој труд секоја цел подетално ќе се обработи, клучната порака е; каква е нивната релација со 3Д стратегијата. Стратегијата за одбрана на Америка во најмала рака е комплексна колку и борбата против тероризмот. Одбраната заслужува стратегија сама за себе, меѓутоа тоа не е во фокусот на овој труд. Дискусијата овде е фокусирана на стратешкиот спој помеѓу одбраната на САД и борбата против тероризмот во чиј фокус се наоѓаат специјалните сили на САД и законските рамки според кои тие дејствуваат. Преклопувањето помеѓу стратегиите е многу битно бидејќи јазот меѓу нив би имал катастрофални последици. Офанзивните и дефанзивните активности функционираат заедно, и понекогаш преклопувањето е најдобар начин за осигурување дека САД ќе останат безбедни дома и ќе го сочуваат начинот на живеење, ќе ги одржат економскиот раст и моќ, и ќе останат ангажирани во меѓународната заложба за борба против тероризмот. Без ефективна одбрана, САД ќе бидат доведени да се фокусираат на работите дома, свртувајќи го вниманието далеку од офанзивните заложби за „прекуморска" борба против

*Effective Counterterrorism Act of 1996 (H.R. 3071)

тероризмот. Треба да се има избалансиран пристап помеѓу офанзивните и дефанзивните напори, зашто и двата пристапа значително придонесуваат во севкупните напори за запирање на тероризмот. Има голем број на заеднички активности кои постојат помеѓу двете стратегии и тие треба да се експлоатираат.

| **Напад** | **Одбрана** |
|---|---|
| Порази го | Спречи |
| Одврати го | Заштити |
| Ослаби го | Подготви |

Одбраната на татковината со спречување на влез на терористи во САД, заштитата на критичните имоти и подготовката на одговор за идните напади се трите примарни цели во спречување на тероризмот. Како на пример може да се наведе дека напорите за спречување на тероризмот во САД може да идентификуваат терористички раководители и да ги поврзат со прекуморските операции, со цел снабдување на информации потребни за изведување на воени напади. Силните мерки за заштита може да го зајакнат одвраќањето од намерата на терористите и да ги увери дека нивните операции најверојатно ќе бидат пресретнати односно откриени. Да се биде добро подготвен за можни терористички напади ја јакне важноста на менаџментот со капацитетите, што ја намалува ефективноста на терористите и помага да се делегитимизира тероризмот како ефективно средство за предизвикување општествени промени. Овие заеднички активности се прикажани во табелата подолу;

(Табела 1.)

**Борба против тероризмот**

| | **Порази го** | **Одврати го** | **Ослаби го** |
|---|---|---|---|
| **Спречи** | Пресретнување на потенцијалните терористи на границите на САД може да ги разоткрие терористичките активности и операции | Фаќањето на терористи на границите на САД служи за застрашување на идните обиди за влез | Меѓународната помош зависи од силната економија – спречувањето на тероризмот ги штити пазарите на САД |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Заштити** | Силната одбрана ги комплицира плановите на терористите – како резултат на тоа може да ја зголеми видливоста на терористичките ќелии | Неуспехот да ги постигнат саканите резултати за време на мерките за заштита ги одвратува од идните обиди | Добро заштитените објекти ја намалуваат шансата за успех на терористите |
| **Подготви** | Истрагите кои ги следат терористите може да ги расветлат нивните ќелии, групи или спонзори | Фаќањето на групите и спонзорите одговорни за терористички акти ги осигурува трошоците и ги надминуваат забележителните придобивки | Ублажувањето на влијанието „Успешен“ терористички акт помага во делегитимизирањето на тероризмот |

Претходната табела на еден мошне илустративен и концизен начин ја презентира интегрираноста на одбраната на САД со борбата против тероризмот што преставува мошне поучен пример и за другите држави кои се, или ќе бидат зафатени со тероризмот во периодот што следи.

Неколку видови на безбедност што се преземаат за заштита од терористичките напади;

**А. Физичка безбедност.*** Мерките за физичка безбедност што се применуваат во денешната теорија и практика се од огромно значење. Терористите многу често настојуваат да вршат терор и врз недолжни луѓе, не бирајќи средства. За да се обезбеди физичка безбедност од терористите, надлежните органи ја разгледуваат можноста од нивно самозаштитување. Физичката безбедност, всушност е безбедност или пак обезбеденост од криминалните дејствија на терористите. Суштината на физичката безбедност најдобро може да се разбере преку следните мерки и тоа;

1. Инспекција и повремени пребарувања на цивилните области како превенција на криминалот.

* Д-р Митко Котовчевски; „Борба против тероризмот“ Македонска цивилизација Скопје 2004 година стр.312

2. Обезбедување на фотографии од познати терористи. Овие фотографии најчесто се поставуваат на јавни места каде што фрекфенцијата на луѓе е најголема, се со цел за терористите да знаат поголем број - круг на луѓе.

3. Безбедноста при физичкото обезбедување е насочена кон персоналот вработен во областа од комуникациите, транспортот, потоа во уредите за осветлување. Акциите за обезбедување оневозможуваат кражби, саботажи и уништувања.

4. Поставување физички препреки, контрола на влезните пунктови и воведување на забрана за влез и движење во одредени простори.

5. За влез во забранетите простори единствено е одговорен командантот (надлежниот). Без негова дозвола влезот е невозможен. Значи постои висок степен на селектираност во пристапот до забранетите простории.

6. Разгледување на аспектите на физичка безбедност.

- заштитни бариери
- електрооптичка опрема (инфрацрвено светло)
- минско поле
- затворен ТВ систем за набљудување
- комуникации
- контрола на влезот
- систем за детекција
- осветлување
- контрола на клучевите за врати
- контрола на пошта, пратки и пакети
- доверба во персоналот
- одбележување на забранета територија
- инспекција за чистотата на водата и храната
- Инспекција на персонални возила.

Физичката безбедност мора да се урамнотежи во нејзиното управување, и да биде идентична со системот кои се користи во превенција на криминалот. Командантот мора постојано да ги модернизира плановите кои се наменети за елиминирање на терористичките закани.

**Б. Оперативна безбедност.*** Заштитата на операциите е главен дел на OPSEC – програмата за оперативна безбедност (OPSEC – operations security).

* Д-р Митко Котовчевски; „Борба против тероризмот“ Македонска цивилизација Скопје 2004 година стр.314

Ова програма координира акции за превенција на можноста терористите да се здобијат со неопходни информации и планови. Ваквото планирање треба да вклучи мерки со цел да се заштитат клучните информации. Тие информации се следните;

***1. Човеково разузнавање*** (HUMINT - Human inteligence) вклучува користење на човечки ресурси при добивање на информации за воените способности како и за дневните активности. Изворите на ваквото разузнавање користат наводно неважни разговори, како и промена на телефонски броеви или адреси на некои клучни личности. Сето ова е важно и честопати се користи за контранадгледување и контраизвидувачки активности.

***2. Сигнално разузнавање.*** (SIGINT - Signal inteligence) сигнално разузнавање, се занимава со сите форми на комуникациско и сигнално надгледување. Терористите многу често немаат способност и можност да обезбедат софистицирана опрема, но тие можат да дејствуваат од ден на ден со комуникациски – обични активности. Полициските фрекфенции не се менуваат по секоја кражба, а телефоните не се прекинуваат, ова е пример што често се потврдува во практиката. Сигналното разузнавање се однесува на заштитата на разменетите информации при комуницирањето.

***3. Фото разузнавање.*** (Photoint - Photointeligence) Терористите користат за да добијат информации од авиони, високи терени, автомобили и тн. Фототразузнавањето е доста присутно при контраизвидувачките и контра – надгледувачките активности.

***4. Операциони цифри.*** Во воените организации се обезбедуваат многу важни информации за терористите. За да се одбегне тоа треба да се елиминираат шифрите ако е тоа можно. Поинаку тие би користеле измамнички – лажливи трикови за да го маскираат изградениот пример.

***В. Лична безбедност.*** Никој не е поштеден од терористички напади и закани. Претставниците на американската влада се потенцијални цели на ваквите активности. Оригинален пример за напад врз американската држава со терористички напад е оној од март 1993 и септември 2001 година на Светскиот трговски центар во Њујорк. Терористите можат да изберат фабрики или други институции како цел на бомбашки напад. Исто така, убиствата на истакнати личности и саботажи на одредени цели се чест случај. Терористичките активности кои се изведуваат во затворен простор, како што е просторот во

повеќекатниците на американските градови не преставуваат никаков проблем за терористите.

**4.5.1.2 - Контратероризам – подразбира примена на офанзивни мерки превземени со цел да ги попречат, одвратат и да одговорат на сите терористички закани.***

Контартероризмот вклучува низа мерки за превенција и справување со тероризмот. Тоа преставува финална фаза на борбата против тероризмот. Контратероризмот е реактивен и бара голема готовност и прецизно планирање. Видот на ангажираните сили и команди во контратерористичките операции зависи од локацијата, типот на инцидентот и од степенот на неопходната сила. Изборот на силата која ќе се употреби зависи од законските и политичките услови. Некои воени операции од страна на воените сили на САД како одговор на терористичките напади, можат да бидат изведувани и од конвенционалните сили. Имено ваквите сили честопати се поддршка на специјално организираните и обучени борбени контратерористички единици. Организацијата на овие сили вклучува;

**А. Разузнавање.** Добро планирана и организирана разузнавачка програма е многу важна во откривањето на заканата. Исто така, важноста се гледа и во проучување на терористичките способности, тактики и стратегии.

**Б. Преговори за заложниците.** Според правниот систем преговори околу заложниците се дел од одговорноста на некоја друга американска владина агенција или на земјата домаќин.

**В. Спасување на заложници.** За спасување на заложници се користат специјално организирани и опремени единици. При акциите треба да се води сметка и за заштитата на заложниците.

**Г. Напад врз терористички позиции.** Цел на националната политика е откривање на терористички намери и контрамерки. Кога ќе дојде до таква ситуација американските воени претставници обично изведуваат операции за **неутрализација**. Операциите за борба против тероризмот и терористичките организации можат да се водат и со други специјални сили – конвенционални или друга комбинација.

* Д-р Митко Котовчевски Национална Безбедност на РМ, 2 дел Мак. Цивилизација Скопје, 2001 стр. 118

### 4.5.2 *Терористички закани – класификација на Министерството за одбрана на САД*

Терористичките закани се само дел од тактиката на терористичките организации. Во денешната теорија и практика најинтересни се разгледувањата на американската држава. Имено, според министерството за одбрана на САД (DOD – Department of defense) терористите од целиот свет за најпривлечна ја сметаат американската почва. Во понатамошниот текст ќа прикажеме само дел од терористичките закани;

**А. Закана „Алфа“* (со низок интензитет)**

**1. Дефиниција** „Општа закана против институциите на системот и нивните претставници. Конечниот резултат е со непредвидливи последици, и тоа кога нема потреба од ангажирање на целосни мерки и методи за заштита“.

**2. Мерки што се преземаат.**

- Во редовни временски интервали да се насочи поголема претпазливост од страна на персоналот кон непознати лица, посебно ако носат со нив багаж (торби, куфери, актовки). Подготвеноста треба да е на високо ниво ако се појави непознато возило во близина на американските институции. Исто така треба да се внимава на поставени торби, пакети затоа што тоа е еден од начините за инсталирање на експлозив или бомба.
- Потребно е да се вработи човек кој ќе има задача да спроведе евакуација на луѓето од сомнителната зграда и да го изолира местото на нападот.
- Да се спроведе целосно обезбедување на просториите од зградата кои се користат во помал обем.
- Да се зголеми безбедноста на местата кои водат кон влезовите, исто така и влезовите за автомобили кон зградите.
- Да се редуцира (ограничи) пристапот за лица и возила.
- Да се спроведат без исклучок следниве мерки;

- Да се обезбедат со редовна инспекција просториите и зградите кои не се користат редовно;

- пред и после завршувањето на работното време да се прегледа ентериерот (внатрешноста) и надворешноста на зградата, како и поширокиот круг сомнителни предмети и пакети;

- да се проверат сите испорачани и доставени пратки, дури и во домовите на

* Д-р Митко Котовчевски; „Борба против тероризмот“ Македонска цивилизација Скопје 2004 година стр.317

работниците – персоналот;

- колку што е можно да се спроведе извидување или набљудување на просториите во објектите (како што се училишта, клубови) со цел да се изгради доверба кај вработените;

- да се направи преглед на планови за одржување на редот и преглед на планот за логистичка поддршка, доколку е потребно.

- Да се направи преглед на безбедносните мерки од зголемен ризик за персоналот

**Б. Закана „Браво“* (со среден интензитет)**

**1. Дефиниција.** Заканата „Браво“ е зголемена или предвидлива закана од терористичка активност, иако не е идентификувана конкретна закана.

**2. Мерки што треба да се преземат.**

- Да се потсетат вработените за претпазливост од сомнителни лица, сомнителни возила или активности.

- Да се подготват за повик сите што се инволвирани или предодредени во антитерористичкиот акт.

- Да се проверат плановите за спроведување мерки при следниот бран на закани. Автомобилите да се паркираат на оддалеченост од најмалку 25 метри од зградите и објектите. Предност има централизираното паркирање.

- Да се обезбедат сите соби, згради и простории кои не се користат редовно. Исто така, да се изврши нивна инспекција.

- Редовна инспекција внатре и надвор од објектите и зградите.

- Строга инспекција на поштата поради можност од писмо – бомба или пакет – бомба.

- Да се проверат сите испораки, вклучувајќи ги и домашните.

- Да се изврши набљудување на приватните активности во училиштата, клубовите, кантините со цел да се создаде сигурност и доверба кај персоналот.

- Постојано се информира персоналот, со цел да се оневозможат и исклучат шпекулациите и непотребната паника.

- Да се информира за секој преземен чекор и за секој нов момент во антитерористичкиот акт.

- На секој влез треба да се обезбеди физички претрес на посетителите,

* Д-р Митко Котовчевски; „Борба против тероризмот“ Македонска цивилизација Скопје 2004 година стр.318

како и нивните куфери, торби или пакети.

- Да се организираат патроли за проверка на лица, автомобили и згради.

- Да се спроведе заклучување на секое возило, а пред секоја употреба на истото да се провери безбедноста и неговата сигурност.

- Да се спроведат и други дополнителни мерки за безбедност на оној персонал кој е изложен на дополнителен ризик.

- Да се организира советување и обука на персоналот како најдобро да се справи со опасните сили на терористите.

- Да се постави по случаен избор, забрана за пристап, а исто така и влез до инсталациите.

**В. Закана „Чарли“* „со висок интензитет“**

**1. Дефиниција. „Терористичкиот интензитет од овој вид закана или се случил или е добиена информација за подготвување на истиот“.**

**2. Мерки што треба да се преземат.**

- Да се спроведат актите од претходното ниво – „Браво“ односно закана со среден интензитет.
- Да се подготват сите вработени одговорни за спроведување на антитерористичкиот план.
- На одреден терен да постои ограничен приод.
- Да се спроведе строга контрола на влезот.
- Да се спроведе централизирано паркирање или што е можно подалеку од објектот.
- Да се обезбеди доволно моќно оружје за обезбедување на објектот.
- Да се зголемат и зачестат патролите кои вршат обиколки на просторот.
- Да се заштитат сите осетливи точки што имаат големо значење.
- Да се изградат физички препреки поради заштита од сообраќајни средства на доволно растојание од објектот.

**Г. Закана „Делта“** (Вонредна)**

**1. Дефиниција. При закана „Делта“ терористичкиот напад веќе е изведен или разузнавачките органи дошле до заклучок дека е можен ваков акт против определена цел.**

* Д-р Митко Котовчевски; „Борба против тероризмот“ Македонска цивилизација Скопје 2004 година стр.320 ** исто

**2. Мерки што треба да се преземат.**

- Да се продолжат мерките од порано изложените закани „Браво“ и „Чарли“.
- Поставување стражи.
- Идентификација на сите превозни средства во загрозениот простор.
- Преглед на сите автомобили без исклучок. На ваков преглед подлежат автомобили кои пристигнале во опасниот реон.
- Контрола на приодите како и идентификација на сите без исклучок.
- Претрес на сите куфери, торби, актовки и пакети во комплексот.
- Мерки за контролиран пристап до сите простории под американска јурисдикција, без оглед на врската со загрозеното подрачје.
- Многу честа проверка на околината од објектот, како и проверка на паркиралиштата.
- Одложување на сите патувања и посети од административен карактер.
- Консултациски разговори со локалните власти околу можноста да се прекине јавниот сообраќај на просторот зафатен од терористичкиот акт или можниот зафатен простор.

**Д. Закана со проценување.*** Разбирањето на овој вид на закана ќе се објасни преку следните дефинирани фактори;

**1. Опстанок.** Овој фактор е од големо значење, затоа што е во директна мерка врзан со преживувањето и опстанокот.

**2. Способност.** Се применува кога терористичките групи со најразлични вештини и орудија извршуваат операции против американските интереси и против стопанскиот живот. Сето ова вклучува извидувачки акции, соодветни вештини, подвижен кадар и опрема (експлозивни средства и воена опрема).

**3. Историја.** Се применува врз историските групи кои имаат влијание врз терористичкиот акт, а сето тоа подоцна се рефлектира врз анти – американскиот став, а секако и врз американските интереси.

**4. Движење.** Се применува многу поретко отколку во минатото. Суштината е во тоа јавноста да има се помалку можности да гледа насилства при терористичките напади, врз американската држава и Министерството за одбрана.

**5. Оган или стрелба.** Постои потреба од добро запознавање со планот или

* Д-р Митко Котовчевски; „Борба против тероризмот“ Македонска цивилизација Скопје 2004 година стр.321

намерата на терористичките групи. Тие како крајни мети за напад ги имаат САД и министерството за одбрана. Метите можат да бидат специфични или неспецифични.

Во комбинација со позитивните одговори на сите однапред спомнати и проценети фактори, се проценува опасноста од терористичките закани. Овие закани директно се насочуваат кон високите американски институции или, конкретно, врз Министерството за одбрана.

## 4.6 *Геостратегија*

Преставува врзулка на географските, политичко – географските и геополитичките содржини со она што има воено и стратегиско значење, односно преставува рамка која ја објаснува стратегијата на државите и нејзините вариетети пред се со географските фактори и географската положба. (кои се гледаат во уводниот дел за САД на почетокот од трудот)

## 4.7 *Геополитика*.

Преставува правец во сваќањето на политичката географија според кој географските фактори особено територијата имаат пресудна улога во организирањето на политичкиот облик на општеството и водењето на државната политика, односно преставува составен дел од политиката на државата. ***Кон една уште поголема и поважна стратегија;*** САД треба да вршат константен притисок врз државите преку билатерални, регионални и глобални средства за да го направи контратероризмот врвна цел и приоритет и тоа не само денес туку и во годините и декадите кои следат. САД и нивните партнери би требало да останат будни и претпазливи кон новите терористички закани. На крај оттука целта би требало да биде да се прошири коалицијата против тероризмот со внесување и вклучување на нови членови, продлабочување на нејзините темели и зголемување на нејзиниот досег и моќ преку нови трајни рамки за соработка. На овој начин САД би помогнале во спречувањето на формирање на нови терористички групи. Дипломатските врски, меѓудржавните пријателства и меѓународната соработка развиена во

борбата против тероризмот го обезбедува целокупното општество со значајна основа за изградба на глобална соработка, како и надминување на други глобални закани, како што се геноцид или други глобални закани како ХИВ/АИДС, глобалното затоплување и еколошкото загадување на опкружувањето. Ако било какви нови закани се појават на глобално ниво, тогаш меѓународните механизми за соработка и одлучноста да се настапи сигурно и брзо ќе стапат на сила.

## 4.8 *Воен конфликт**.

**Преставува користење на вооружена сила од страна на воените сили на две или повеќе држави или помеѓу држава и најмалку една организирана вооружена група и како последица на воените дејствија во текот на една година има најмалку 25 погинати или 100 повредени лица.**

### 4.8.1 Борба против тероризмот во конфликти со низок интензитет

Сите одговорни и командни личности, а пред се командантите, мораат да преземаат акции против терористите.(според доктрината на министерството за одбрана на САД) Во мирновременски услови, командантите треба да развиваат и да спроведуваат антитерористички планови. Акциите зависат од нивото на терористичките закани така што осцилираат од откривањето до превенцијата и реакцијата на терористичката закана. Акцијата мора да одговара на безбедносниот план, при што се води сметка за физичката сигурност, оперативната безбедност и личната сигурност. Во зависност од степенот на заканата командосите ја заштитуваат единицата, персоналот и опремата.

#### 4.8.1.1 Рапоредување по контингенти**

Командантот во секоја акција за распоредување треба да води сметка за намалување до минимум на опасноста на неговата единица.

**А. Фаза на пред – распоредување.** Командантот на единицата треба да ја развие и создаде безбедноста на сметка на донесувањето терористички решенија кое со добра безбедност треба да биде усложнета.

- Ваквиот концепт треба да;
  - вклучува безбедност во однос на тероризмот на секој план.

* Д-р Митко Котовчевски Полемологија Скопје 2011 стр. 69

** Д-р Митко Котовчевски; „Борба против тероризмот“ Македонска цивилизација Скопје 2004 година стр.324

- Се вклучува безбедност во раководењето со единицата.
- Поради добрата безбедносна програма постои голема закана ризик за терористите.

- Процесот на планирање треба да вклучува;
  - Анализа на мисијата
  - Како може мисијата да биде загрозена од терористички напад.
  - Кои се безбедносните аспекти на посебните и општите задачи.
  - Разгледување на слабостите и недостатоците на единицата.
- Проценка на заканата
  - Идентификација на терористичките групи и дејствување на определено подрачје.
  - Создавање листи за приоритетни разузнавачки потреби (PIR - Priority inteligence requirement).
  - Идентификација на изворите за информирање на терористичките групи за полесно и побрзо доближување до истите.
  - Вклучување на проценета закана во разузнавачките проценки и операции.

- Воен сервис и поддршка
  - Набавување на специјална безбедносна опрема.
  - Заштита на складови и определен простор.
  - Одржување во готовност на специјална опрема.
  - Обезбедување на посебни единици кои се задолжени за обезбедување на високи личности.
  - Обезбедување за време на движење.
  - Соработка со безбедносните агенции и нивно вклучување ако има потреба.

- Преглед и разгледување на воената поддршка.
  - Основна техника за работа која се користи против терористичките закани.

- Специјална техника и опрема која се користи за поставување на офанзивни мини (мини за офанзивни дејства) и експлозивни артилериски орудија. Исто така опрема за поставување заштитни пречки на патот за блокирање.

- Специјална техничка опрема за посебни намени.

- Изведување на тренинг за разминирање на миниран терен.

- Готовност на воената полиција за извршување на физичката безбедност на единиците.

- Соработка на воената полиција со мирновременската – обична градска полиција.

- Давање на помош на воената полиција од најразличен вид.

- Помагање на воената полиција за заштита на цивилни лица и државни службени лица.

- Во повеќето земји достапот до информациите е многу скапа работа, поради сето тоа владата е често вклучена во обезбедување на финансиски средства за добивање на информации.

- **Разгледување на оперативно ниво.**

- Постоење на заеднички планови. Безбедноста е заедничка во секој план и тоа во стандардните оперативни постапки (SOP – Standing operating procedure), работните наредби (OPORD – operation order) и наредби при движење.

- Планови за безбедност. Имаме подготовка, разгледување и модернизирање на плановите за безбедност (физичка безбедност, превентивна безбедност против криминал).

- Програма за безбедност, развивање на безбедносни програми како што е оперативната сигурност (OPSEC – Operations security).

- Специјални тимови за дејствување врз терористичките организации.

- Специјални вештини за пресметка со терористичка закана. Единиците се обучуваат со специјални вештини.

- Команди и врски за поддршка.

- Специјални вештини за тренинг. При вршење на тренингот се користат специјални вештини и тоа се користат тимови за спротиставување. Тимови за поставување на блокади и тн.

- Транспорт до определено подрачје.
  - Извршување на патно – сообраќајно планирање.
  - Воведување на нови и современи методи и средства во транспортот.

**Б. Фаза на распоредување.*** Распоредувањето претставува втор степен во мисијата.

**1. Ангажирање на тие што први настапуваат (еден вид претходница) пред пристигнувањето на главното тело.** (се мисли на специјалните сили )

**А. Состав.** Потребно е дополнителен персонал за обезбедување на канцелариите, за врски како и поради можноста за постоење на потреба за дополнително антитерористичко разузнавање.

**Б. Распоредување.** Главната безбедносна цел и задача на овие единици е стандардно или подстандардно обезбедување (можат да користат воена облека или граѓанска облека, потоа може да користи обичен – јавен или воен транспорт.)

**В. Проценка или вреднување.** Овие единици теба да определат дали терористичката закана има оправдување или нема во актуелната ситуација и до која мерка се подготвени за да се спроведе мисијата.

**Г. Правила на ангажирање.** Овие единици мораат да дејствуваат соодветно на плановите. Треба да се способни за решавање на проблемите пред да настапи главното тело.

**2. Мерки за распоредување на единици за оперативна безбедност (OPSEC - Operations security)**

А. Времето е потребно да биде непознато, исто така и местото на пристигнување на главното тело.

Б. Не треба да се презема главната постапка во решавањето на проблемот.

* Д-р Митко Котовчевски; „Борба против тероризмот“ Македонска цивилизација Скопје 2004 година стр.327

В. Воспоставување на безбедносна комуникација со главното тело.

**3. Општо однесување.** При поголеми операции, моралот на војниците има големо значење. Командантите треба да го сторат следното;

А. Да обезбедат информации и пресови за војската.

Б. Да го поткренат моралот на војската.

В. Да обезбедат безбеден терен.

**4. Заштита на силата.** Командантите мораат да ја следат безбедноста на своите сили. Ова треба да има предност кога правилата за нивно ангажирање се ограничени.

А. Координација со безбедносните сили во заштита на единицата.

Б. Обезбедување на големи статични кампови и на големи групации на војници.

В. Транспорт во областа каде се сместени единиците.

Г. Безбедност при ново распоредување, преселба и се што е врзано за движење на армијата и безбедносните сили.

Д. Безбедност при заминување и пристигнување.

Ѓ. Ангажирање на безбедносни сили во текот на транспортот.

Е. Поставување на главен штаб, канцеларија за врски и постојан контакт.

Ж. Основање и соработка како и координација со безбедносните агенции.

**5. Зголемена безбедност.** Командантите треба да користат специјална опрема за да обезбедат сигурност.

А. Да се именува претпоставен на воената полиција – одговорен за физичка сигурност. (или се користат специјалните сили)

Б. Да се провери упатеноста на персоналот за сите обврски (наредби, правила за ангажирање).

В. Да се работи на обуката и да се работи на областа од информирањето на војската.

Г. Да се обезбеди физичка заштита и да се обезбеди задолжување на вредната опрема и наоружување.

Д. Одржување на низок профил - ограничен.

Ѓ. Да се ограничи влез на неофицијални лица во кругот на единицата. Да се ограничи бројот на возилата кои влегуваат, како и нивното паркирање подалеку од кругот.

Е. Постојано негување на имиџот на професионалност и готовност.

Ж. Постојано обезбедување на околината и просторот во близина.

**В. Фаза на прераспоредување.*** Во текот на оваа фаза многу е важна готовноста да се одговори на терористичкиот акт (исто како и во другите фази), бидејќи единиците по завршувањето на операциите се опуштаат. Оваа фаза во голема мера зависи од меѓународната реакција. Фазата на прераспоредување е доста опуштена, а со тоа и привлечна за нови терористички акти и напади.

1. Специјалните единици треба да одржуваат безбедносна готовност се до пристигнувањето на сите други единици. Единиците треба да подготват и спроведат план за враќање на останатите сили во мирновремена и секојдневна состојба.

2. Персоналот кој останува последен е најранлив поради отсуство на вооружените сили. Поради тоа се неопходни акции на дополнителни безбедносни мерки како и цврста контрола врз персоналот.

3. Наредните точки се од големо значење и на нив треба да се посвети големо внимание. Наредната поделба е посветена на распоредувањето односно враќањето на единиците;

А. Зголемување на безбедноста на излезните пунктови за враќањето односно повратното патување.

Б. Непопуларна политичка одлука може да предизвика закана против единиците кои се враќаат дома.

В. Спроведување на сите мерки за безбедност при изведувањето на транспортот.

**4.** Координација со офицерите за јавна работа (PAO - Public Affair office)

А. Контрола на информациите издадени во медиумите, водејќи сметка тие да се точни и комплетни.

Б. При давање на информации на воените лица на странските агенции тие треба да бидат кратки и отсечни.

**5.** Инструкциите кои се даваат од поодговорни лица треба да се извршуваат. Овие инструкции вклучуваат;

А. Инструкции за војниците кои се однесуваат за нивно безбедно и сигурно враќање во мирновремени услови.

* Д-р Митко Котовчевски; „Борба против тероризмот“ Македонска цивилизација Скопје 2004 година стр.329

Б. Запознавање на војниците со видот на можните инциденти или закани, како и запознавање во врска со разузнавачките операции.

В. Преглед на картите, мапите и оружјето од секаков вид.

**6.** Подготовка на целосен извештај по секоја операција. Изнесување на сите поединечни извештаи од деловите на операциите. Согледување на добрите и лошите акции. Анализа на истите и исфрлање на мапите, а задржување на добрите акции за идни контратерористички операции.

### 4.8.1.2 Приоритетни разузнавања и локални терористички показатели.*

Борбата против тероризмот повеќе од било која друга борба бара знаење за целите и способностите на непријателот. Разузнавачите треба секогаш да ги имаат на ум терористичките приоритети при распределба на своите луѓе – работници. За да ги исполнат основните барања разузнавачите треба да имаат листа на локалните терористички показатели.

**А. Приоритети на разузнавачките служби;** Следните терористички приоритети можат да придонесат за успешно раководење од страна на високите разузнавачки претставници;

- Организација и големина на групата.
- Мотивација и долгорочни цели како и цели за краток временски период.
- Религиозни, политички или етнички разлики или нивна комбинација.
- Методи, локации и цели.
- Меѓународна и национална поддршка (морална, физичка или финансиска).
- Разузнавачки способности.
- Извори за снабдување.
- Важни денови и дати (празници, годишнини).
- Нивото на дисциплина.
- Омилени тактики и операции.
- Можност да убиваат.
- Можност за саможртвување.
- Способност за групни операции (кражби на документи, индустриски

* Д-р Митко Котовчевски; „Борба против тероризмот" Македонска цивилизација Скопје 2004 година стр.331

саботажи, контаминирање на објекти, терени и т.н.)

- Опрема и вооружување.
- Транспорт со кој се располага.
- Медицинска и санитетска помош.
- Слободен пристап до медиумите и нивно користење.

**Б. Локални терористички показатели.**

- Незадоволство поради политички, социјални, етнички причини.
- Формација на радикални групи или постоење на паралелни структури.
- Анти – владини, анти – американски тенденции, мислење дека САД е коренот на сите проблеми.
- Се поставува нова личност за контакт со народот.
- Митинзи, демонстрации, провокации за сметка на власта. Се осудува бруталноста во употребата на сила од страна на војската или полицијата.
- Појава во јавноста на дестабилизирачки фотографии, постери или летоци.
- Употреба на познати личности и нивни авторитети на собири или митинзи, особено на радикални претставници.
- Демонстрации, јавна непослушност или изведување на протестни маршеви.
- Поддршка од страна на работниците за некоја фронтална група или радикална организација.
- Зголемена активност во некои политички сфери.
- Говори кои насилството го толкуваат како единствено решение.
- Идентификација на странска помош или странско влијание.
- Закана со насилство против јавни личности, институции или закана за саботажни дејствија против транспортот.
- Поттикнување омраза кај малцинствата и кај бегалците.
- Извештај за ограбен склад за оружје или експлозив.
- Насилство против луѓе, убиства, претепување и закани.
- Насилство и уништување на имот при демонстрации и маршеви.
- Зголемени набавки на оружје – автоматско оружје од странско производство.
- Откривање оружје, муниција и експлозивни средства.

- Отворен напад врз полицијата, армијата и други владини институции.

- Извештаи за запленети или украдени документи за лична идентификација или членски карти.

**Мерки за оперативна безбедност.***

Командантите можат да преземаат извесни мерки за да го избегнат шаблонското збунување или измамување на непријателските разузнавачи.

А. Командантите треба да се придржуваат на следното;

1. Да се користи  EEFI со цел да се спроведе програмата OPSEC (Operations security). Идентификацијата на можни планови и активности на терористите.

2. Оперативни активности без строг редослед (промена на распоредот на патролите, промена на собирните места и стражарските места).

3. Религиозни служби, одмори без строг распоред (редослед).

4. Спроведување на заштитни зони.

5. Проверка на идентитетот на пресоналот кој влегува и излегува од кругот.

6. Ангажирање на дополнителни безбедносни структури и обезбедување на; паркиралишта, собиралишта за војската и тн.

7. Контрола на опасниот персонал.

8. Паркирање на автомобилите на доволно растојание од зградите. Доколку има можност паркирањето да се изведе на место кое не е видливо.

Б. Следните примери за разузнавачките операции можат да помогнат во нивно лесно откривање на терористите.

**1. Оперативни индикатори**

- Распоред на војниците за изведување на задачите пред операциите.
- Зголемен број на патроли.
- Отсуство на патроли.
- Зголемена раздвиженост пред операцијата.
- Специјални алати и средства пред изведување на рации или транспорт.

* Д-р Митко Котовчевски; „Борба против тероризмот“ Македонска цивилизација Скопје 2004 година стр.333

**2. Индикатори за човечко разузнавање HUMINT (Human intelligence)**

- Печатени медиуми како камуфлажа.
- Посета од страна на некој висок претставник во последен момент.
- Религиозна служба пред самата операција.
- Известување за промена на распоредот на одморите.
- Јавни известувања за промена на некоја вообичаена процедура (забрана за патување на граѓаните)
- Фотографија на која е прикажана внатрешноста на кампот.

**3. Индикатори во областа на информациите**

- Промена во сигналниот знак пред самата операција.
- Преместување на деловите на опремата за комуникации (антени).

Денешната закана на терористите се разликува по многу нешта од онаа во минатото. Модерната технологија им овозможува на терористите да планираат и да оперираат низ целиот свет како никогаш досега. Тие можат да ги координираат своите акции и дејства истовремено останувајќи во сенка, непознати за светот и за јавноста, воопшто. Целта на американската национална стратегија е да ги запре терористичките напади врз САД, врз нејзините жители, интереси, врз нејзините пријатели и сојузници ширум целиот свет и да создаде една меѓународна средина која ќе биде изолирана од терористите и од сите оние кои ги поддржуваат терористите. Плановите на непријателот мора да се прекинат. Светот мора да се соочи и со најлошите терористички закани пред тие да се обидат да допрат до својата цел.

Но победата ќе биде загарантирана само доколку САД и меѓународната заедница се цврсто решени да истраат во нивната одлука да го победат тероризмот и да работат неуморно со цел да ги спречат терористите да го повторат 11 септември 2001 година.

## 4.8.2 Справување со кризата предизвикана од терористичките активности

**Тероризмот – закана од кризни размери***

Неопходно е да ја дефинираме кризата од овој аспект како состојба која во себе вклучува сериозни потешкотии и опасности кои бараат брзо реагирање и донесување на критични одлуки. Таа состојба може да се трансформира во сериозна вонредна состојба

* Ray E. Stratton, August G. Junname, Доктрината на силите за специјални операции pg. 34

која се манифестира преку природни катастрофи, комерцијални и индустриски непогоди и загрозувања (авионски несреќи, затрупување на рудници, излевање на нафта), потоа како антиопштествени и антивладини активности во кои како мошне сериозна закана се вклучува и тероризмот.

Кризата е настан кој предизвикува страшни потреси кои се закануваат да предизвикаат сериозни штети на начинот на раководење (управување) на владата за остварување на благосостојба и безбедност на своите граѓани.

Според американските определби кризата можеме да ја дефинираме како „инцидент или ситуација која преставува закана за земјата, нејзината територија, безбедносните сили, граѓаните, вредностите од витален интерес,

која се развива брзо и создава состојба со такво дипломатско, економско, политичко или национално и безбедносно значење со што се наметнува потребата за разгледување на употребата на вооружените сили. Силите за внатрешна безбедност и другите национални капацитети за постигнување на националните цели“.

Со цел да се оформи појасна слика за овој феномен кој никогаш не смее да се потцени, ќе ги потенцираме клучните елементи кои доминираат во сите дефинициии за кризата. Тоа е неопходно за да можеме да направиме паралела, односно компарација со битните елементи на заканите од кризни размери предизвикани од тероризмот.

Клучните елементи неопходни за компарирање на овие две значајни категории се следните;

- закана по високо приоритетните цели;
- ограничено расположиво време за одговор;
- изненадување за носителите на одлуки;
- закана за виталните интереси на земјата;
- потреба за ангажирање на националните ресурси за постигнување на националните цели и
- можна употреба на вооружена (воена) сила.

Во овој контекст неопходно е да се потенцира дека употребата на вооружената (воена) сила за решавање на кризата треба да биде праведно

употребена, во согласност со законот и како крајна и неизбежна варијанта на одговор на кризата.

Втор логичен чекор на нашата понатамошна елаборација за успешно компарирање и воспоставување корелација помеѓу клучните елементи на кризата и тероризмот ќе преставува презентирањето на предизвиците од тероризмот со кои владата ќе биде приморана да се справува;

- ситуации на загрозување на човечки животи;
- насилство или закана со насилство за да се заплаши владата;
- голем потенцијал на негативни односи со јавноста;
- штетен удар врз високите владини функционери заради преокупираноста со заканата;
- создавање на ставови и мислења од страна на јавноста дека владата е неспособна да ги заштити виталните интереси на државата;
- тактиките на изненадување го отежнуваат предвидувањето на следниот чекор на терористите;
- нападите стануваат чести и ирационални;
- постојат строги временски ограничувања;
- мала или никаква контрола над променливите состојби;
- преговорите се контролирани и во полза на терористите;
- тешки ситуации за носење на одлуки;
- непредвидливи искази.

По извршената операционализација на клучните елементи на кризата како појава и тероризмот како инструмент за постигнување на определени цели, единствениот заклучок кој неминовно се наметнува е дека тероризмот можеме да го дефинираме и како закана од кризни размери. Тоа е мошне значајно за дефинирање на нужните чекори за успешно менаџирање и справување со тероризмот, денес и во иднина.

## 4.9 Безбедноста на државата.*

"Иако историски гледано, тероризмот нема големо влијание врз внатрешната безбедност на САД, после „крвавиот 11-ти септември" состојбата драстично се променува. Се руши старата идилична слика за нејзината заштитеност во рамките на државните граници. Тоа е новиот „Перл Харбур" само пресликан на американското копно. Овие настани го рушат митот за високиот степен на внатрешна безбедност и на нивната цврстина. Се покажа дека и единствената суперсила во светот е ранлива на терористичките напади однатре, со што тероризмот се промовира како нова, мошне опасна закана за нивната внатрешна безбедност во актуелниот миг, како и во наредниот период. Заканата е уште позастрашувачка од се поголемата веројатност терористичките организации да употребат и оружје за масовно уништување во периодот кој следи. САД се потенцијална и омилена мета за промоција на тероризмот за масовно уништување, сериозна закана која станува се поверојатна и позастрашувачка."*

**4.9.1 Огорченост кај граѓаните на САД и презир на другите земји од светот.** Политичките консеквенци од неуспехот на стратегиите за борба против тероризмот на глобален план се огромни, а додека штетите се ненадоместливи. Баз разлика на карактерот на причините за неуспехот на борбата против конкретната терористичка закана или борба против тероризмот воопшто, на домашен план и на меѓународен план, можат да го еродираат и намалат меѓународниот углед на земјата. Тие можат да ја насочат и острицата на меѓународното јавно мислење, бесот и презирот од другите земји со што се поткопува угледот и имиџот на државата и на нејзините демократски вредности и придобивки. Во исто време тоа може да биде фатално и за политичкиот углед и кариера на лидерите на земјата и на други крупни политички фигури вклучени во државниот врв на земјата вклучен во креирањето на политиката за борба против тероризмот и во донесувањето на одлуки за започнување на обемни и деликатни противтерористички операции.

**4.9.2 Интегритетот на земјата.** Почитувањето на принципите во однос на човековите слободи и права и на другите демократски вредности мора да

* Д-р Митко Котовчевски; „Борба против тероризмот" Македонска цивилизација Скопје 2004 година стр.240

биде поставено на највисокиот пиедестал на нивното севкупно дејствување. Тоа не смее да биде празна фраза на политичарите и на институциите на конкретната држава. Тие секојдневно треба да се потврдувани во коректното дејствување на тој план од страна на државните институции и постапките на државното раководство во пракса. Во спротивно сите активности ќе се толкуваат како пораз на демократијата и на сите демократски вредности во општеството, односно вовед во рушење на принципите на правната држава. (Потенцирано во Патриотскиот закон)

**4.9.3 Елементи на политиката на САД за борба против тероризмот* –** основни принципи за борба против тероризмот.

Политиката на САД за борба против тероризмот во нејзината понова историја се развива во согласност со следниве принципи;

- тероризмот е криминален акт и сите терористи ќе бидат третирани како криминалци;
- САД ќе прифатат да водат преговори со терористите, но нема да прават отстапки кои би им помогнале во остварувањето на нивните стратегии, цели и идеологија;
- САД ќе вложат напори да ги заштитат животите на сите граѓани на САД кои можат да бидат жртви на терористичките напади;
- САД ќе ги гонат лицата осомничени за терористички дела против владата на САД и нејзините граѓани и ќе се залагаат за апсење, судско гонење и казнување на сторителите на овие дела во согласност со меѓународното право.
- САД ќе применат казнени мерки против сите земји кои поттикнуваат, поддржуваат или на кој и да е друг начин ги помагаат терористичките активности;
- САД ќе ги помогнат со совети и на други начини сите слободни земји на светот кои им се спротиставуваат на напорите и целите на меѓународниот тероризам.

Владата на САД е уверена дека примената на овие принципи во борбата против тероризмот може во голема мерка да ја зголеми нивната национална безбедност. Исто така САД сметаат дека примената на овие принципи може да ја зголеми националната безбедност и на другите држави во современиот свет.

* Д-р Митко Котовчевски; „Борба против тероризмот“ Македонска цивилизација Скопје 2004 година стр.243

Иако не постои целосна гаранција дека мерките на антитерористичката и контратерористичката политика може сосема да го спречат извршувањето на терористичките акти, односно дека можат да го искоренат тероризмот во целост, сепак владата на САД и другите светски експерти сметаат дека примената на наведените принципи создава доволно можност за дефинирање на ефективни стратегии за успешна борба против тероризмот.

Со примената на ефективни стратегии за борба против тероризмот во голема мерка ќе може да се ублажат последиците од глобалниот тероризам. Претходно презентираните принципи за борба против тероризмот, исто така се основа на секоја дипломатска иницијатива преземена од страна на САД, која се стреми кон подобрување на севкупните меѓународни односи. Нивното значење се докажало и се докажува преку бројните мисии на САД, а во пракса и преку нивното значајно влијание на остварувањето на повеќе билатерални разговори во однос на терористичките инциденти.

Примена на основните принципи за борба против тероризмот во кризни ситуации. Кога државата ќе се најде во ситуација на кризна состојба предизвикана од терористички активности, прецизно дефинираните принципи на владата и на нејзините институции и овозможуваат нејзините стратегии за борба против тероризмот да бидат;

- рационални, односно логично замислени засновани врз прецизно утврдени национални приоритети, како и да уживаат целосна поддршка и доверба од самите граѓани на земјата.
- Етички, односно во склад со фундаменталните принципи на доброто и злото.
- Недвосмислени, односно децидни во нивната одлучност и подготвеност да одговорат на терористичките напади, но сепак со доволна флексибилност за да можат да се воздржат од обична одмазда;
- Доследни, односно во согласност со прифатените уставни определби и критериуми на државата;
- Хумани, односно во согласност со принципите на почитување на човековите права и слободи и достоинство на секој поединец.

Со овие мерки во голема мера се елиминираат определени проактивни или реактивни мерки со кои би можело да настапи повреда на законите како на домашен, така и на меѓународен план.

Глобални цели на политиката на САД за борба против тероризмот. Врз основа на горенаведените принципи, општата политика на САД за борба против тероризмот ги дефинира основните цели за борба против тероризмот и тоа;

- дефанзивни антитерористички мерки кои ја намалуваат можноста од терористички напади.
- Офанзивни (проактивни) мерки како одговор на терористичките инциденти.
- Почитување на законитоста, меѓународните инструменти и другите договори за меѓусебно разбирање и соработка како основа на сите контратерористички мерки.
- Програма на контратерористички мерки која се заснова на концептот на водечка агенција (служба).

Јурисдикцијата и одговорноста за одговор на терористичките инциденти е во рацете на полициските организации со тоа што постои флексибилност за префрлување – префрлање на дел од одговорностите врз најсоодветните органи и служби оспособени за таа намена.

Политиката за борба против тероризмот која е добро осмислена, реална и прецизно утврдена, во голема мерка може да им помогне на сите субјекти и во сите сегменти за фиксен одговор на терористичките закани. Логично, оваа цел ќе биде успешно реализирана доколку политиката за борба против тероризмот правовремено и јасно ги дефинира сите дозволени позиции – варијанти за одговор на сите видови терористички закани и напади.

Политиката за борба против тероризмот мора да се заснова на почитување на законитоста, како и на расположивите потенцијали (реалните предности и слабости на тој план) со кои располага владата на САД, како и на целосно почитување на конкретните елементи за ефикасен одговор на терористичките закани.

## 4.10 Обединет систем за команда и контрола со терористичкиот инцидент

Од ефикасното дејствување на специјалните сили на САД во голема мера зависи и ефикасноста на борбата против тероризмот. Во одговор на кризата се вклучуваат одредени владини и невладини институции, на национално и локално ниво со цел да се координираат заедничките напори за остварување на интегрален и ефикасен противтерористички одговор.

Концептот за обединет систем за команда и контрола на инцидентот ги вклучува сите организации (структури) кои се задолжени за одговор на терористичкиот инцидент во рамките на претходно утврдената контролно – командна структура. Оваа структура има интегрални процедури, терминологија, персонал и систем за раководење на расположивите капацитети. Со тоа се овозможува зголемување на ефикасноста и се елиминира можноста за непотребно дуплирање на напорите за координација на дејствата.

Обединетиот систем за команда и контрола има свои предности и слабости, добри и лоши страни, но сепак неговото постоење е значајно за елиминирање и ублажување на ефектите кои произлегуваат од проблемите поврзани со командата и контролата во оваа сложена област.

Предностите на овој систем се согледуваат преку:

- Подобриот проток на информации помеѓу сите ангажирани
- Организации - структури
- Развој на единствен кохерентен пристап кон оперативната координација
- и раководење со инцидентот
- Редукција или целосно елиминирање на конфликтите во однос на функциите или јурисдикцијата
- Оптимално функционирање на сите операции
- Редукција или елиминирање на дуплирањето на напорите.

Со формирање на обединетата структура за команда и контрола на терористичкиот инцидент се создаваат механизми за побрзо собирање и дистрибуција на неопходните информации, донесување критични одлуки и ефикасна координација на различните аспекти за противтерористичкиот одговор.

Со овој систем се обезбедуваат неопходната координација на активностите за успешно планирање и ангажирање на ресурсите. Исто така се обезбедува координација на напорите на сите субјекти вклучени во одговорот на закананата и се овозможува нивна концентрација на определено извршување на поставената задача со цел успешно разрешување на кризната ситуација.

Паралелно со овие активности владата преку функционирање на овој систем може да ги прошири своите дејства на повеќе места во исто време, во ситуација кога кризата ќе ескалира со интензивирање на терористичките активности на поголем простор.

Сите овие паралелни активности може да се реализираат успешно само со добро усогласен и солидно поставен систем за команда и контрола и со усогласеност со сите редовни структури во однос на јурисдикцијата, функцијата и организацијата на агенциите/службите, институциите кои ќе бидат вклучени во противтерористичкиот одговор.

**4.10.1** ***Жртвување невини луѓе.*** * Секогаш се спроведува „колективна казна“ на определена држава околу нејзините активности на поддршка на тероризмот или ако терористичките организации потекнуваат од таа држава, најмногу страда невиното цивилно население. За илустрација може да направиме една кратка анализа за разорните ефекти на економските санкции спроведени заради одмазда и казнување на определена држава. Економските санкции на подолг рок неминовно предизвикуваат уништувачки бран сиромаштија – нагло осиромашување на населението, немаштија, глад, болест и смрт кај голем број невини луѓе. Тоа се „колатерални штети“, но штетата може да биде уште поразорна на општествен план. Тоа се манифестира со предизвикување големи социјални тензии, бранување и потреси, кои може да прераснат во социјални немири кои во голема мерка ќе ја поткопаат безбедноста и севкупната општествена стабилност на државата – жртва на преземените економски санкции. Тоа во наредната фаза може да иницира силни политички, етнички, верски, културни и други потреси што може да ја втурнат земјата во нов бран безредија, вооружен бунт или во најтешка варијанта – граѓанска војна. Терористичките дела во суштина, тешко се докажуваат (посебно тешко се откриваат нивните извршители, а уште потешко нивните планери). Но во противтерористичките кампањи од поголеми размери и покрај сите настојувања

* Д-р Митко Котовчевски; „Борба против тероризмот“ Македонска цивилизација Скопје 2004 година стр.240

можни се грешки, претерувања, губење на контролата во одговорот на заканата и отпочнување на непредвидливи одмазнички акции. Претерувањата на овој план може во голема мера да ја поткопаат оправданоста и легитимитетот на целокупната антитерористичка мисија и принципите на меѓународната политика и угледот на државата воопшто. *(според воената доктрина на САД силите за специјални дејства го имаат одговорот на терористичките закани во странство со минимални колатерални жртви и минимална штета по цивилното невино население како и максимален разорен удар прецизно како жилет по непријателот)*

# 5. Нормативно правната рамка и легислативата на САД за борба против тероризмот

## 5.1 Устав на Соединетите Американски Држави - (Constitution of the United States of America)

**"Устав на САД – (Constitution of the United States) од** (1787)

*изгласан на Федералната Конвенција во 1787*

*Уставот на САД е врховен закон на САД. Уставот е завршен на 17 септември 1787година, со неговото усвојување на Конституционалната Конвенција во Филаделфија, Пенсилванија, и подоцна бил ратификуван со специјални конвенции во секоја држава посебно. Со Уставот се креирала федерална унија на суверени држави, и федерална влада која што раководи со таа унија. Со уставот била заменета унијата која што била до тогаш и која што постоела со претходно дефинираните Членови на Конфедерацијата – (**Articles of Confederation**). Уставот почнал да се применува од 4 Март 1789 година и служел како модел на устав за повеќе држави кои се подоцна креирани. Уставот на САД е најстариот пишан национален Устав кој се уште е во употреба.*

Уставот е вториот од трите обележја на слободата заедно со Декларацијата за Независност – (**Declaration of Independence**) и Амандманите од Уставот Првите 10 амандмани од Уставот на САД познати и како Објава на правата – (**Bill of Rights**), и подоцна усвоените останати амандмани." *

Останати документи: Декларација за независност – (**Declaration of Independence**); Членови од конфедерацијата – (**Articles of Confederation**); Устав – (**Constitution**); Првите 10 амандмани од Уставот на САД – (**Bill of Rights**); останатите амандмани – (**other amendments**). Како и ратифкацијата на Уставот од страна на државите – (**ratifications of the Constitution by the states**).

*** www.US House of Representatives web site.**

- Белешки од Преамбулата
- Член 1, Секција 1 Блешки – (**Article I, Section I Annotations)**

Уставот на САД е врховен закон на САД. Првите три члена од Уставот ги воспоставуваат правилата и поделбата на федералната власт на три дела: законодавна која е дводомна (дводомен Конгрес); извршна предводена од претседателот на САД; и федерално судство предводено од Врховниот суд. Последните четири члена даваат конструкција на федерализмот. Десетиот амандман ги потврдува федералните карактеристики на Уставот на САД.

Уставот на САД бил усвоен на 17 септември 1787 година на Конституционалната Конвенција во Филаделфија, Пенсилванија и бил ратификуван со конвенции во 11 држави. Уставот на САД станал ефективен на 4 март 1789 година.[1] Првите десет амандмани од Уставот на САД се познати како Објава на правата – (Bill of Rights). Уставот е изменуван 17 пати и има вкупно 27 амандмани принципите – правилата кои се извлекуваат од Уставот се применуваат во судовите со судско надгледување.

Уставот на САД го води американското општество и му ја дава неговата законска и политичка култура. Уставот на САД е најстариот врховен закон – Устав во постојана употреба од неговото создавање до ден денес и има остварено големо влијание и во уставите на подоцнежните демократски земји во светот.

(Слика 13. Првата страница оригинал од Уставот на САД која се чува во Националниот Архив во Вашингтон Д.Ц.)



**Original text of the Constitution**

Уставот на САД е усвоен на 17 септември 1787 година. Уставот е ратификуван на 21 јуни 1788 година. Оригиналот се чува во Националната Архива во Вашингтон Д. Ц. Уставот бил Усвоен на Конвенцијата во Филаделфија и негови потписници се 39 од 55 делегати кои што учествувале на Конвенцијата. Целта на овој устав била да се заменат Членовите од Конфедерацијата од 1777 година.

## Преамбула - Авторитет и цел/улога



(Слика 14. "Ние народот", како што се гледа во оригиналот на Уставот)

Ние народот на Обединетите држави, со цел да формираме подобра Унија, воспоставување на правда, да обезбедиме домашен мир, обезбедување на заедничка одбрана, промовирање на подобра благосостојба за сите во државите во кои што живеат, како и да ја обезбедиме благосостојбата на слободата за нас самите како и за идните генерации, го основаме и воспоставуваме овој Устав на Соединетите Американски Држави.

Преамбулата на Уставот го поставува потеклото, главнината и целта на Уставот. Неговото потекло и авторитет се црпе од (Ние народот на Обединетите Држави). Ова одекнува низ Декларацијата за Независност како и (Еден Народ) со што се разложува врската помеѓу самите луѓе и се формира еден народ кој силно се врзува со земјата – суверената нација – држава. Ако се погледнат подобро зборовите на Уставот се забележуваат две цели. Првата цел (да се формира подобра /перфектна Унија) за да се замени старата унија која произлегува од членовите на Конфедерацијата. Втората цел (да се зачуваат благодетите на Слободата), кои не треба да бидат уживани само од првата генерација, туку да се зачуваат и за сите следни генерации.[20]

Со ова се препознава социјалниот договор на демократската филозофија. Неговите детали и како да се создаде поперфектна унија помеѓу националната влада и народот. На народот мора да му се обезбеди под (а) правда под (б) цивилен мир под (в)

заедничка одбрана под (г) оние работи од генерална благосостојба кои самите не сме во можност да ги обезбедиме и под (д) слобода. Влада од (слобода и братство, сега и засекогаш) - "liberty and union, now and forever", се открива во зборовите (Ние почнавме и го воспоставивме овој Устав). - “We” begin and establish this Constitution.[a][22]

## Национална Влада

### Членови од Преамбулата на Уставот на САД

Член 1

Член 1 ги опишува Конгресот, правниот дел на федералната влада. Во Секција 1 пишува, (Сите правни моќи овде одобрени ќе бидат одобрени во Конгресот на Обединетите Држави, кој ќе биде сочинет од Сенат и Дом на Претставници) - "All legislative powers herein granted shall be vested in a Congress of the United States, which shall consist of a Senate and House of Representatives."

Членот ги воспоставува начините на избор и квалификациите кои треба да ги имаат членовите на секое тело. Претставниците треба да имаат 25 години старост, да бидат државјани на Обединетите Држави повеќе од 7 години, и да живеат во државата која што ја претставуваат. Сенаторите мора да бидат најмалку 30 години стари, да се државјани најмалку 9 години на Обединетите Држави и да живеат во државата која што ја претставуваат.

Членот 1 има 10 секции: Секција 1, Секција 2, Секција 3, Секција 4, Секција 5, Секција 6, Секција 7, Секција 8, Секција 9 и Секција 10.

Член 2

Член 2 Секција 1 ја воспоставува институцијата претседател. Секција 1 ја обзнанува моќта на претседателот. Претседателот и заменикпретседателот служат 4 години - имаат мандат од 4 години. Оваа секција оригинално го поставува методот на избор на Претседател и заменикпретседател, но овој метод е заменет со 12 Амандман од Уставот.

Член 2 има 4 секции: Секција 1, Секција 2, Секција 3 и Секција 4.

Член 3

Член 3 го опишува судскиот систем (судската бранша), вклучувајќи го и Врховниот Суд. Во членот пишува ќе има еден суд и тој ќе се вика Врховен Суд. Членот ги опишува случаите над кои судот има оригинална јурисдикција. Конгресот може да создава пониски судови и да го креира процесот на жалби. Конгресот донесува закони кои ги дефинираат криминалот и одредува казни. Членот 3 исто така го заштитува правото на судење со порота во сите криминални случаи, и го дефинира злосторството – предавството.

Член 3 има 3 секции: Секција 1, Секција 2 и Секција 3.

Член 4

Член 4 ја подвлекува врската помеѓу самите држави и помеѓу државите и федералната влада. Како прилог на тоа ги регулира и примањето на нови држави како и менувањето на границите помеѓу државите. На пример, бара од државите да имаат потполна доверба кон јавните закони, досиеа како и судски одлуки кои потекнуваат од останатите држави. Конгресот е задолжен да ја регулира ваквата материја со што би имало доверба помеѓу државите. Случаите на привилегии и имунитет регулирани со посебна клаузула им забранува на владите од поединечните држави да вршат дискриминација врз граѓаните кои не се нивни државјани а во корист на сопствените граѓани.(пр. Да се воведат построги казни за граѓаните на Охајо кои извршиле престап – злосторство во Мичиген)

Член 4 има 4 секции: Секција 1, Секција 2, Секција 3 и Секција 4.

Член 5. Амандмани

**Клаузула за измени. Член 5, Секција 1.** овозможува измени на врховниот закон на земјата. За измени на Уставот на земјата во 1787 година за време на Конституционалната Конвенција било потребно само мнозинството од народните избраници да гласа за измени на Уставот. Веќе следното заседание, на кое учествувале истите членови можеле да поништат се што претходно било донесено – изгласано. Ова не било поддржано од основачите на Врховниот Закон како Џејмс Медисон (James

Madison) кој што го вметнале и овој член во преамбулата за тоа да не може така лесно да се направи.[27]

Член 6. Федерална Влада

Член 6 го воспоставува Уставот, законите и договорите на Обединетите Држави кои биле изгласани и според кои се раководеле Обединетите Држави. Уставот се прогласува за врховен закон на земјата, и судиите во секоја држава се обврзани кон уставот а потоа кон сите други закони донесени од секоја држава посебно. Со овој член се признава и националниот долг направен од страна на Конфедерацијата и бара сите федерални и државни претставници на власта да се заколнат на верност кон Уставот. Ова значи дека Уставот и законите на секоја поединечна држава не смеат да доаѓаат во судир со федералниот устав и федералните закони. И доколку дојде до таков конфликт судиите се должни да го почитуваат и извршуваат федералниот Устав и закони.

Член 6 исто истакнува (без религиозен тест) нема да биде побаран како квалификација за прием во ниедна државна и федерална канцеларија или пак државен фонд под власт на САД.

Член 7. Ратификација

Клаузула за Ратификација. Член 7 Секција 1 дава детали како да се формира новата влада која е предложена. Уставот е пренесен врз Конгресот, кој после дебата, го испраќа на државите. Државите се должни да го ратификуваат Уставот на државни седници собранија посебно наменети за таа цел. Конвенциите за ратификација би произлегле директно од членовите кои гласаат, а не од формите на некој претходен Устав донесен од таа држава.[32]

Новиот национален Устав се воспоставува тогаш кога ќе биде ратификуван од најмалку 9 држави. Тој ја заменува постоечката влада формирана според членовите на Конфедерацијата само откако три четвртини од постоечките држави ќе се согласат меѓусебно да одржат избори на кои ќе се избере нова демократска влада. Тоа се однесува само за оние држави кои го ратификувале новиот Устав, и ќе биде валидно за сите држави кои се приклучиле подоцна.[25] Членовите кои што конгресот ги усвоил на

единаесете ратификувачки конвенции бил усвоен предложениот Устав за Обединетите Држави на 13 септември 1788 година, и во согласност со резолуцијата, новата конституционална/уставна влада почнала со работа на 4 март 1789 година.[33]

Член 7 од Уставот на САД ни кажува за ратификацијата на Конвенцијата од страна на девет држави, ќе биде доволна за воспоставување на овој Устав помеѓу државите кои ќе го ратификуваат истиот со што Уставот ќе може да почне да се применува и како секоја држава требала да го ратификува.

**Устав**

- **Полн текст на уставот - Преамбула на Уставот**
- **Во чиј состав има 7 члена**: I, II, III, IV, V, VI, VII.

**Амандмани на Уставот**

**Објава на правата амандмани од 1 – 10 познати како (Bill of Rights)**

- **I, II, III, IV, V, VI, VII, VIII, IX, X**

**Подоцна донесени амандмани**

- **XI, XII, XIII, XIV, XV, XVI, XVII, *XVIII*, XIX, XX, XXI, XXII, XXIII, XXIV, XXV, XXVI, XXVII.**

## Бекграунд

Во 1788 година Њу Хемпшир (New Hampshire) станала деветата држава која го ратификувала уставот, Вирџинија (Virginia), ЊУ Јорк (New York), Северна Каролина (North Carolina) и Род Ајленд (Rhode Island) останале. Вирџинија била најнаселената држава, а Њу Јорк била најбогатата држава. Конгресот на Конфедерацијата одлучил 4 март 1789 година да биде денот кога ќе почне да важи новиот Устав. Вирџинија и Њу Јорк го ратификувале Уставот пред овој датум, додека Северна Каролина и Род Ајленд го ратификувале откако Објавата на правата (Bill of Rights) амандманите од 1-10 биле поднесени до државите за ратификација.

(Табела 2. Покажува по кој редослед државите го ратификувале Уставот и процентот за поддршка на Уставот)

| | Дата | Држава | Гласови | | % Одобрено |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | За | Против | |
| 1 | Декември 7, 1787 | Делавер (Delaware) | 30 | 0 | 100% |
| 2 | Декември 12, 1787 | Пенсилванија (Pennsylvania) | 46 | 23 | 67% |
| 3 | Декември 18, 1787 | Њу Џерси (New Jersey) | 38 | 0 | 100% |
| 4 | Јануари 2, 1788 | Џорџоја (Georgia) | 26 | 0 | 100% |
| 5 | Јенуари 9, 1788 | Конектикат (Connecticut) | 128 | 40 | 76% |
| 6 | Февруари 6, 1788 | Масачусетс (Massachusetts) | 187 | 168 | 53% |
| 7 | Април 28, 1788 | Мериленд (Maryland) | 63 | 11 | 85% |
| 8 | Мај 23, 1788 | Јужна Каролина (South Carolina) | 149 | 73 | 67% |
| 9 | Јуни 21, 1788 | Њу Хемпшир (New Hampshire) | 57 | 47 | 55% |
| 10 | Јуни 25, 1788 | Вирџинија (Virginia) | 89 | 79 | 53% |
| 11 | Јули 26, 1788 | Њу Јорк (New York) | 30 | 27 | 53% |
| 12 | Ноември 21, 1789 | Северна Каролина (North Carolina) | 194 | 77 | 72% |
| 13 | Мај 29, 1790 | Род Ајленд (Rhode Island) | 34 | 32 | 52% |
| Вкупно | | | **1071** | **577** | **65%** |

## 5.2 Устав на САД полн текст амандмани од 1-10 (Bill of rights)

**1. Конгресот нема да направи ниеден закон кој ќе наложува воспоставување на религија, или пак ќе забранува нејзино слободно проповедање/употреба/верување, забрана на слободата на говор/слободно изразување, или известување, или пак забрана на луѓето на слободен собир, и петиција/барање до владата за надоместување/надополнување на штета.**

**2. Добро организирана милиција, потребна за безбедноста на слободната држава, правото на луѓето да имаат/поседуваат оружје, нема да биде прекршено.**

**3. Ниеден војник, во време на мир нема да биде сместен во ниедна куќа, без претходна согласност на сопственикот, ниту пак во време на војна, само на начин со закон пропишано.**

**4. Правото на луѓето да бидат безбедни како личности во своите домови и на хартија, правото против неразумни претреси и запленувања, кои не смеат да бидат нанесени и никакви налози за претрес нема да бидат издавани, освен со добра/веројатна причина, поткрепени со заклетва или потврда и посебно со нагласување на местото на претрес, како и личноста или предметите кои што треба да бидат запленети.**

**5. Ниедна личност нема да биде задржана да одговара за главно/основно или поинаку неважно дело, освен при презентација или тужба/обвинување пред големата порота, освен во случаи кои произлегуваат во копнените или поморските сили или пак во милицијата, кога во служба во време на војна или јавна опасност, ниту пак која и да е личност ќе биде субјект за истиот прекршок двапати обвинет нејзиниот живот или пак дел од телото, ниту пак ќе биде приморана во**

**некој криминален случај да биде сведок против самата себеси, ниту пак ќе биде лишена од живот, слобода или имот, без судски процес, ниту пак личен имот ќе и биде одземен за јавна употреба, без праведна компензација.**

**6. Во сите криминални гонења, обвинетиот ќе го ужива правото на брзо и јавно судење со непристрасна порота од државата и округот каде што злосторството било направено, област која што претходно била утврдена со закон и да биде информиран за природата и причината на обвинението, да биде соочен со сведоците против него, да има обврзан/принуден процес за собирање сведоци во негова корист и да има помош од адвокат за неговата одбрана.**

**7. Во тужби во обичниот/државниот закон, каде што вредноста во контроверзност ќе надминува дваесет долари, правото на судење со порота ќе биде зачувано, и ниеден факт суден од порота, нема да биде како и да е преиспитан во ниеден суд на САД, освен според правилата на општиот/државниот закон.**

**8. Неумерена/прекумерна казна нема да биде барана, ниту пак прекумерни казни спроведени/наложени, ниту пак сурова и необична казна наметната.**

**9. Пребројувањето/Списокот во Уставот на определени права, нема да биде направен за да ги оспорат или пак потценат останатите права задржани од луѓето.**

**10. Моќите кои не се делегирани во Уставот на САД, ниту пак забранети со него во САД, се резервирани за државите со почит или пак за народот.**

## 5.3 Устав на САД Ратификувани амандмани

1. Заштита на слободата на религија, говор и прес како и правото на собир и петиција на владата предложен 25.09.1789 – стапил на сила 15.12.1791

2. Заштита на правото да се носи оружје предложен 25.09.1789 – стапил на сила 15.12.1791

3. Забранува сместување на војниците во приватни домови освен во време на војна предложен 25.09.1789 – стапил на сила 15.12.1791

4. Забранува неразумни претреси и запленувања и поставува потреба од налог за претрес базиран на веројатна причина - сомневање предложен 25.09.1789 – стапил на сила 15.12.1791

5. Поставува правила за тужба/обвинување од страна на големата порота и правила за возвишениот земја/имот, го заштитува правото на праведен процес, и забранува самообвинување и двоен ризик предложен 25.09.1789 – стапил на сила 15.12.1791

6. Го заштитува правото на фер и брзо јавно судење со порота, вклучително и правото обвинетиот да добие известување за обвинението, да се соочи со обвинувачот, да обезбеди сведоци и да побара/добие совет – адвокат предложен 25.09.1789 – стапил на сила 15.12.1791

7. Обезбедува право на судење со порота во определени цивилни случаи, според законот предложен 25.09.1789 – стапил на сила 15.12.1791

8. Забранува неумерена/прекумерна казна и прекумерна кауција, како и сурова и невообичаена казна предложен 25.09.1789 – стапил на сила 15.12.1791

9. Го брани постоењето бројни права задржани од луѓето предложен 25.09.1789 – стапил на сила 15.12.1791

**10. Ги лимитира/ограничува правата на федералната власт на оние делегирани со уставот** **предложен 25.09.1789 – стапил на сила 15.12.1791**

**11. Имунитет на државите од тужби на луѓе кои не се нивни граѓани и странци кои не живеат во границите на таа држава. Ги поставува темелите на суверениот имунитет.** **Предложен 04.03.1794 – стапил на сила 07.02.1795**

**12. Процедури за избор на претседател** **предложен 09.12.1803 – стапил на сила 15.06.1804**

**13. Забранува ропство и неволонтерна служба, освен како казна за сторено злосторство** **предложен 31.01.1865 – стапил на сила 06.12.1865**

**14. Го дефинира државјанството, содржи привилегии или имунитетски клаузули, право што припаѓа по законска клаузула, еднаквост која припаѓа по закон, и се занимава со прашања после граѓанската војна.** **предложен 13.06.1866 – стапил на сила 09.07.1868**

**15. Го забранува негирањето на право на глас базирано на раса, боја или претходната позиција на ропство** **предложен 26.02.1869 – стапил на сила 03.02.1870**

**16. И дозволува на федералната влада да собира данок од приход - доход** **предложен 12.07.1909 – стапил на сила 03.02.1913**

**17. Ги воспоставува директните избори за Сенатори на САД со народно гласање** **предложен 13.05.1912 – стапил на сила 08.04.1913**

**18. Воспоставува забрана за алкохол (отповикан – укинат со 21 от амандман)** **предложен 18.12.1917 – стапил на сила 16.01.1919**

**19. Воспоставува еднаквост на жената** **предложен 04.06.1919 – стапил на сила 18.08.1920**

**20. Ги воспоставува датите за комеморација на Конгресот (3-ти Јануари) и за Претседател (20-ти Јануари) познат и како „крива патка амандман“** **предложен 02.03.1932 – стапил на сила 23.01.1933**

**21. Го отповикува 18 от амандман** предложен 20.02.1933 – стапил на сила 05.12.1933

**22. Го ограничува правото на избор на ист претседател на два мандата или максимум 10 години (пр. Ако заменик претседателот служи не повеќе од една половина од претседателскиот мандат, тој/таа можат да бидат избрани уште два мандата)** предложен 20.03.1947 – стапил на сила 27.02.1951

**23. Обезбедува репрезентација на Вашингтон Д.Ц. во изборниот процес** предложен 16.06.1960 – стапил на сила 29.03.1961

**24. Забранува повлекување на гласачките права поради не плаќањето на броењето на гласови** предложен 14.12.1962 – стапил на сила 23.01.1964

**25. Го кодификува го појаснува процесот на наследувањето на претседателот** предложен 06.07.1965 – стапил на сила 10.02.1967

**26. Воспоставува гласачкото тело да не биде помладо од 18 години** предложен 23.03.1971 – стапил на сила 01.07.1971

**27. Забранува закони кои ја засегаат платата на Конгресот да земат ефект/важност се до почетокот на следното заседавање на Конгресот** предложен 25.09.1789 – стапил на сила 05/07.05.1992

## 5.4 Закон за противтероризам од 1996 година

(изгласан од 104 конгрес на САД) познат и како (H.R.3071. IH)

**(H.R.3071 -- Effective Counterterrorism Act of 1996 (Introduced in House - IH))**

Изгласан на 12.03.1996 година спонзор на законот (негов предлагач е републиканецот Надлер Џеролд)

Главен текст на законот

Секција 1. Скратен наслов

Сек. 1. Скратен нслов.

Сек. 2. Содржина

Наслов 1 – Криминални акти

Секција 101. Заштита на вработените во федералната управа

Секција 1114. Заштита на офицерите и вработените во САД

Секција 102. Забрана на материјалната поддршка за терористичките организации.

Секција 2339Б. Обезбедување на материјална поддршка за терористичките организации

Секција 103. Модификација на одлуката за материјална поддршка

Секција 2339А. Обезбедување на материјална поддршка на терористите

Секција 104. Примање на материјална поддршка од терористички организации или влади.

Секција 2339Ц. Примање на материјална поддршка од терористички организации или влади кои го спонзорираат тероризмот.

Секција 105. Акт на тероризам против деца

Секција 2332б. Акти на тероризам против деца

Секција 106. Заговор за повредување на луѓе и уништување на имот во странство

Секција 956. Заговор за убивање, киднапирање, осакатување или повредување на личности или имот во странска држава

Секција 107. Појаснување и проширување на криминална јурисдикција (надлежност) врз определени терористички престапи во странство

Секција 108. Експанзија и модификација на оружја за масовно уништување – уредба

Секција 109. Дополна на прекршоци кон уредбата за перење пари

Секција 110. Проширување на федералната надлежност врз заканите од бомба

Секција 111. Појаснување на јурисдикцијата врз прекршоците извршени на море.

Секција 112. Забрана за поседување на украдени експлозиви

Наслов 2 – Зголемени Казни

Секција 201. Казни за определени престапи извршени со експлозив

Секција 3295. Престапи извршени со подметнување оган

Секција 202. Зголемени казни за заговори во кои се вклучени експлозиви.

Секција 203. Зголемени и алтернативни казни за заговор со кој се предизвикува терористички инцидент – прекршок

Секција 204. Условна казна за транспорт на експлозивен материјал знаејќи дека ќе биде употребен за да се изврши криминал или насилство.

Наслов 3 – Иследнички алатки

Секција 302. Стандард за зачувување на доказите

Секција 303. Сослушување и притвор

Секција 304. Награди кои може да ги додели главниот јавен обвинител на САД.

Секција 3059. Награди кои може да ги додели јавниот обвинител на САД

Секција 305. Заштита на федералните згради во округот Колумбија.

Секција 306. Проучување на кражбите на оружје од оружарниците, Извештај за конгресот.

Наслов 4 – Нуклеарни материјали

Секција 401. Ширење на нуклеарни материјали и забрани

Наслов 5 – Конвенција за означување на пластичните експозиви

Секција 501. Дефиниции.

Секција 502. Барања за агенсите кои се потребни за следење на пластичните експлозиви.

Секција 503. Криминални санкции.

Секција 504. Исклучоци.

Секија 505. Ефективен датум.

Наслов 6 – Процедури за отстранување на странски терористи

Секција 601. Процедури за отстранување на странски терористи.

Наслов 5 – Специјални процедури за отстранување на странски терористи

Дефиниции

Основање на специјален суд за отстранување

Апликации за иницирање на специјалните процедури - постапки за отстранување

Земање во обзир на апликациите

Сослушување за специјално отстранување

Жалби

Наслов 7 – Ауторизација (Озаконување) и финансирање.

Секција 701. Обука на противпожарна служба и службите за итна помош.

Секција 702. Помош на земјите во светот да ја усвојат процедурата за следење на пластичниот експлозив и други противтерористички технологии.

Секција 703. Истражување и развој за поддршка на противтерористичките технологии.

Секција 704. Ауторизација и примена.

## Наслов VIII -- Разно

Секција 801. Проучување на државното лиценцирање и што се треба да се исполни за купување и употреба на експлозиви.

Секција 802. Компензација на жртвите од тероризам.

Секција 803. Јурисдикција (надлежност) за тужби против државите спонзори на тероризмот.

Секција 804. Компилација на статистика поврзувајќи ги владините вработени со поткуп.

Секција 805. Закон за имотите на жртвите.

## Наслов VI – Процедури за отстранување на странски терористи

### Секција 601. Процедури за отстранување на странски терористи.

(а)Воглавно – Законот за имиграција и националност е изменет --

(1) со додавање на крајот на секој дел од законот и следното:

## Наслов V — Специјални процедури за отстранување на странски терористи.

Секција 501. Дефиниции.

Секција 502. Воспоставување на специјален суд за отстранување.

Секција 503. Апликација за иницирање на процедурата (постапката) за специјално отстранување.

Секција 504. Земање во обзир на апликацијата за отстранување.

Секција 505. Сослушувања за специјално отстранување.

Секција 506. Жалби;

и

(2) со додавање кон крајот на Наслов 5 и следното од Наслов 6:

## Наслов V—Специјални процедури за отстранување на странски терористи

### Дефиниции

Секција 501. Во овој наслов:

(1) Терминот странски терорист значи странец опишан во секција 241(а)(4)(В).

(2) Терминот (класифицирана информација) има значење како што е погоре дадено во секција 1(а) во Законот за процедури за класифицирани информации (18 U.S.C. App.).

(3) Терминот (национална безбедност) има значење како што е дадено во секција 1(б) во Законот за процедури за класифицирани информации (18 U.S.C. App.).

(4) Терминот (специјален суд за отстранување) се мисли на судот воспоставен под секција 502(а).

(5) Терминот (сослушување за специјално отстранување) се мисли на сослушување под секција 505.

(6) Терминот (иследување за специјално отстранување) се мисли на иследување под овој наслов.

## Воспоставување на суд за специјално отстранување

Секција 502. (а)Воглавно – Шефот на правдата на САД јавно ќе назначи 5 судии од обласните судови на САД кој ќе состават суд кој ќе има надлежност да ги спроведува сите иследувања за специјално отстранување.

(б) Услови – Секој судија назначен според подсекција (а) ќе служи 5 години и може да биде подложен на промена, секој од петте судии ќе биде сменуван секоја година така што секоја година по еден си оди и еден нов доаѓа.

(ц) Главен судија – Главниот судија јавно ќе назначи кои од петте судии ќе биде главен судија. Главниот судија ќе определи правилник за одржувањето на функциите на судот како и ќе одредува кој судија кој предмет ќе го води.

(д) Експедитивно и доверлива природа на иследувањата од секција 103(ц) од Законот за странски тајни служби од 1978 (50 U.S.C. 1803(c)) ќе се однесува на иследувањата под овој наслов на ист начин како и иследувањата кои се опфатени од Законот за странски тајни служби од 1978.

## Апликација за иницијација на иследување за специјално отстранување

Секција 503. (а) Воглавно – Доколку Главниот обвинител класифицирал информација со која се кажува дека странец е всушност странски терорист, Главниот обвинител во полна дискреција, може да бара отстранување на странецот под овој наслов преку специјалниот суд со писмена апликација опишана во подсекција (б) со која се бара наредба за добивање на право за специјално отстранување опфатено во овој наслов.

Апликацијата (барањето) ќе биде поднесено пред камера и сведоци и ќе биде заведено со судски печат.

(б) Содржина на апликацијата – Секоја апликација за специјално отстранување ќе го содржи следново:

(1) Идентитетот на обвинителот кој ја поднесува апликацијата.

(2) Одобрението на Генералниот обвинител или пак неговиот заменик за пополнување на апликацијата базирано на сознанија кои ги задоволуваат барањата за пополнување на ваква апликација.

(3) Идентитетот на странецот за кого е побарана авторизацја за специјално отстранување.

(4) Изјава за фактите и околностите на кои што се повикува министерството за правда според кои --

(А) Странецот е странски терорист и е физички присутен во САД, и

(В) Со почит кон таквиот странец, исполнувањето на провизиите од наслов 2 кои се однесуваат на депортирањето на таквите странци би преставувале ризик за националната безбедност на САД.

(5) Заклетва за потврда на сите погоре наведени факти и изјави опишани во претходните параграфи.

(ц) Право за да се отповика – Министерството за правда го задржува правото за да ја отповика акцијата за отстранување на странецот под овој наслов во секој момент на иследувањето.

## Потребни работи за аплицирање за отстранување на странец

Секција 504. (а) Воглавно – Во случај на апликација под секција 503 до судот за специјално отстранување, единствен судија ќе биде назначен за да ја разгледа апликацијата. Судијата, во согласност со правилата на судот, ќе ја земе предвид апликацијата како и сите релевантни информации, вклучително и класифицираните информации, презентирани под заклетва или со потврда. Судијата ќе ја земе предвид апликацијата (и сите пропратни елементи кои одат со неа) документи

снимени на камера или со други средства. Секое сослушување ќе биде снимено на ЦД.

(б) Одобрение на апликацијата – Судијата ќе ја одобри апликацијата доколку судијата утврди, врз основа на апликацијата и врз основа на останатите информации (доколку има такви) дека има веројатна причина да се верува дека

(1) странецот кој е субјект на апликацијата бил коректно идентификуван и всушност е странски терорист, и

(2) додаток на провизиите од наслов 2 кои се однесуваат на депортацијата на идентификуваниот странец кои би преставувал ризик за националната безбедност на САД.

(ц) Негирање на наредбата – Доколку судијата ја одбие наредбата – барањето за специјално отстранување, судијата ќе приготви писмена изјава за причините поради кои ја одбива апликацијата.

## Сослушување за специјално отстранување

Секција 505. (а) Воглавно – Во секој случај во кој што апликацијата за наредбата за специјално отстранување ќе биде одобрена под секција 504, специјално сослушување за специјално отстранување ќе биде спроведено под оваа секција со цел да се востанови дали странецот на кого се однесува оваа наредба треба да се отстрани од САД врз основа на тврдењето дека странецот е терорист. Содржано во секција 506, на странецот ќе му биде дадено известување за природата на обвиненијата против него и генерален заклучок за основата на обвиненијата. На странецот ќе му бидс дадено известување, според околностите, за времето и местото каде што ќе се одржи сослушувањето. Сослушувањето ќе се одржи што е можно побрзо.

(б) Користење на ист судија – Сослушувањето за специјалното отстранување ќе се одржи пред истиот судија кој ја одобрил наредбата под секција 504 освен доколку судијата не е извинет поради болест или неспособност од главниот судија, или пак умрел, во тој случај главниот судија ќе назначи друг судија да го спроведе сослушувањето. Одлуката на главниот судија не може да биде оспорена ни од странецот ниту пак од министерството за правда.

(ц) Права при сослушувањето -

(1) Јавно сослушување – Сослушувањето за специјално отстранување ќе биде јавно – отворено за јавноста.

(2) Право на адвокат – Странецот ќе има право на адвокат и ќе има право да присуствува на судењето. Странецот доколку нема средства да плати за адвокат ќе му биде доделен од државата. Адвокат ќе му биде доделен од судијата кој што е задолжен за да определи адвокат на секој оној кој што нема средства да си дозволи адвокат за областа во која ќе се одржи сослушувањето како што е истакнато во секција 3006А во наслов 18, во законот на САД (in section 3006A of title 18, United States Code) Сите провизии на таа секција ќе се применуваат и ќе се утврдуваат сите обвиненија како делото да е направено.

(3) Преставување на докази – Странецот ќе има право да престави докази во своја корист.

(4) Испитување на сведоци – Странецот ќе има можност да ги испита доказите кои се приложени против него како и да ги испитува сведоците кои сведочат.

(5) Записник – Целото иследување ќе биде снимено и сите докази и сведоци ќе бидат снимени и зачувани.

(6) Одлука донесена врз основа на доказите од сослушувањето – Одлуката на судијата на сослушувањето ќе биде донесена врз основа на презентираните докази.

(д) Судска покана -

(1) Барање – Во секое време пред заклучокот од сослушувањето за специјално отстранување, или Министерството за правда или пак странецот кој што е обвинет може да побараат од судијата да издаде судска покана за присуство на именуван сведок (покана која што може на личноста за која што е наменета да достави и други материјални докази) ова е пракса само доколку се утврди дека присуството на сведокот е неопходно.

(2) Плаќање за присуство – Доколку се утврди дека странецот обвинет во случајот не е во можност да го плати присуството на сведокот кој е потребен, судот може да нареди сите трошоци да

бидат исплатени од специјалниот фонд наменет за такви работи од наслов 2.

(3) Достава насекаде – Покана за суд под оваа секција може да биде доставена секаде во САД.

(4) Дневници – надокнада за сведоци – Сведок повикан со судска покана под оваа секција ќе добие иста сума на средства како и секој друг сведок повикан на секое друго цивилно судење во САД.

(е) Третирање на класифицирани податоци (информации) – Судијата ќе ги испита сите пред камера - сите класифицирани информации за кои што јавниот обвинител може да тврди дека се чувствителни и нивното обзнанување во јавност може да ја загрози националната безбедност на САД. Со почит кон таквите докази, Јавниот обвинител исто ќе поднесе и заклучок припремен во согласност со подсекција (ф)(subsection (f)).

(ф) Заклучок за класифицираните информации -

(1) Информациите поднесени во подсекција е (subsection (e)) ќе содржат заклучок од информациите кои што не преставуваат закана за националната безбедност на САД.

(2) Судијата ќе го одобри заклучокот доколку утврди дека заклучокот ќе му обезбеди на странецот доволно можности за да ја изгради својата одбрана како и откривањето на чувствителните информации.

(3) Јавниот обвинител ќе овозможи странецот да добие копија од заклучокот одобрено под параграф 2.

(g) Одредување на депортацијата – Доколку судијата утврди дека заклучокот опишан во подсекција ф (subsection (f)) ќе му обезбеди на странецот иста можност да ја изгради својата одбрана како и откривањето на класифицираните информации, одредувањето на депортацијата може да биде направено и врз основа на заклучокот и

**Врз основа на другите докази внесени во јавното досие и до кои странецот има пристап. Ако судијата не го одобри заклучокот, донесување на решение за депортација може да биде донесено врз основа на други докази кои се влезени во јавното досие. Во секој случај, таква одлука ќе биде**

**донесена кога Јавниот обвинител ќе докаже со јасно убедување и несоборливи докази дека странецот е предмет на депортација бидејќи тој странец е странец како што е опишан во секција 241(а)(4)(Б).**

## Жалби

Секција 506. (а) Жалби од странци – Странецот може да се жали на одлуката под секција 505 ф (section 505(f)) или 505 г (505(g)) до судот за жалби на САД за округот во кој што престојува странецот со пополнување на жалба и поднесување до судот за жалби не покасно од 30 дена после донесувањето на одлуката.

(б) Жалби од страна на САД – Јавниот обвинител може да поднесе жалба за одлуката донесена по секција 504, или секција 505 ф или 505 г жалбата се поднесува до судот за жалби на САД во округот каде што странецот престојува, со пополнување на жалба и нејзино поднесување до овластениот суд не подоцна од 20 дена од донесувањето на одлуката по која и да е секција или подсекција.

(ц) Пренесување на класифицирани информации – Кога ќе биде побарано од Јавниот обвинител, класифицираните информации во секција 506 е (section 506(e)) ќе бидат пренесени до судот за жалби запечатени.

## Наслов VII — Ауторизација и финансирање

## Секција 701. Тренинг на службите за прва помош и противпожарната служба.

Јавниот обвинител може да додели грантови во консултација со ФЕМА – федералната агенција за менаџмент со кризи (Federal Emergency Management Agency) со назнака обезбедување на специјална обука или опрема за да се подобри способноста на наведените служби во големите метрополи за да можат соодветно да одговорат на терористички напад. За да се овозможат насоките дадени во оваа секција, средства во висина од $5,000,000 се одобрени за фискалната 1996.

## Секција 702. Помош на странските земји за да ја ратификуваат спогодбата за поставување на уреди за следење на експлозивите како и за други противтерористички технологии.

Помошта е одобрена но нејзината сума не смее да надмине $10,000,000 за фискалната 1996 година и 1997 година како и се упатува на претседателот да им пружи помош на странските земји на кои им прети закана од терористички напад во кои се загрозени националните интереси на САД или таквите терористички напади се закана по државјаните на САД.

(1) во обезбедувањето на уреди за следење на експлозивите и друга противтерористичка технологија; и

(2) во спроведување на истражување и развој на проекти за развој на противтерористички технологии.

## Секција 703. Истражување и развој за да се поддржат противтерористичките технологии.

Средствата кои се одобрени не смеат да надминуваат $10,000,000 за фискалната 1996 година и се назначени за Националниот институт за правни науки и канцеларијата за технологии --

(1) За да се развијат технологии кои можат да се користат за борба против тероризмот, вклучувајќи и технологии од областа на --

(А) Правење на оружјата, експлозивите, хемикалиите и лицата;

(Б) следење;

(Ц) надгледување;

(Д) проценка за ранливост; и

(Е) информациски технологии;

(2) Развој на стандарди за обезбедување на адекватност на производите кои се произведуваат и нивна компатибилност со релевантните национални системи; и

(3) Да се идентификуваат и проценат потребите за технологии за помош на Федералните и локалните власти за спроведување на

правдата за да се засилат националните програми за борба против тероризмот на сите нивоа.

## Секција 704. Авторизација на Определбите.

Одобрени се определбите (одобренијата) за секоја фискална година од 1996 до 2000 за федералното биро за истражување (ФБИ) сите суми се посебно определени и одобрени според потребите --

(1) да се изнајми дополнителен персонал, и да се обезбеди опрема, за да се поддржат проширените истраги како за домашните така и за странските терористички активности;

(2) Да се воспостави Домашен Противтерористички Центар за координација и централизација на федералните, државните и локалните спроведувачи на законот за да можат да одговорат соодветно на големите – главните терористички инциденти, и како центар во кој ќе се води евиденција за сите домашни и интернационални терористички информации и разузнавање; и

(3) да се покријат трошоците поврзани со давање помош за сите настани од јавен карактер за кој што постои можност да бидат цел на терористички напад од страна на домашни или пак странски терористи.

## Наслов VIII—Разно

## Секција 801. Истражување на државното лиценцирање и барањата за купување и користење на високи (јаки) експлозиви.

Секретарот за Буџет, во консултации со ФБИ, ќе изврши проучување на државното лиценцирање и што се е потребно за да се добие дозвола за купување и користење на комерцијални јаки експлозиви, вклучувајќи детонатори, кабли за детонирање, динамит, експлозивен воден гел, емулзија, експлозивни агенси и засилувачи на експлозии. Не подолго од 180 дена од усвојувањето на овој закон, Секретарот ќе поднесе извештај до Конгресот за резултатите од истражувањето, заедно со препорака за измени или дополнувања на веќе постоечките регулативи.

## Секција 802. Компензација за жртвите од тероризам.

(а) Потребна компензација за терористичките злодела – Секција 1403 (д)(3) – (Section 1403(d)(3)) за жртвите на злосторство закон од 1984 (42 U.S.C. 10603(d)(3)) е изменет --

(1) со вметнување (злосторства кои вклучуваат тероризам) пред возење под дејство на алкохол; и

(2) со додавање запирка после (возење под дејство на алкохол).

(б) Странски тероризам – Секција 1403(б)(6)(Б) – (Section 1403(b)(6)(B)) за жртвите на криминал закон од 1984 (42 U.S.C. 10603(b)(6)(B)) е изменет со додавање (се надвор од САД) (доколку делото е оквалификувано како тероризам како што е дефинирано во секција 2331 во наслов 18, од законот на САД).

## Секција 803. Јурисдикција (надлежност) за тужбите против терористичките држави.

(а) Исклучок за странскиот суверен имунитет за одредени случаи – Секција 1605 од наслов 28, Законот на САД, е изменет -

(1) во подсекција (а) --

(А) со додавање (или) на крајот на параграф (5);

(Б) со додавање (точка) на крајот на параграф (6) и додавање `; или'; и

(Ц) со додавање на уште еден параграф на крајот:

(7) се што не е покриено со параграф (2), во кој финансиските штети се побаруваат од странска држава за лична повреда или смрт која била предизвикана од акт на насилство, мачење, убивање без судење, саботажа на авиони, земање зложници или пак обезбедување на логистика и ресурси (како што е дефинирано во секција 2339А од наслов 18) доколку таков акт на насилство или пак помош на терористите е обезбедена целосно или делумно од официјален преставник, вработен или агент на таква странска држава под закрила на таа странска држава, агенција, канцеларија со исклучок на --

(А) акција под овој параграф нема да биде преземена освен актот под кој што оваа тужба – барање е базирано е поднесено од државјанин на САД (термин кој што е образложен - дефиниран во секција 101(а)(22) од законот за имиграција и националност); и

(Б) Судот ќе ја одбие тужбата под овој параграф доколку странската држава против која тужбата е поднесена има воспоставено процедури и други начини на кој што на тужителот ќе му се обезбеди фер и праведен процес; и

(2) Со додавање на крајот нова подсекција:

(е) За цели од параграф (7) од подсекција (а) -

(1) Терминот (тортура - мачење) и (вонсудско погубување) го имаат тоа значење кое што им е дадено во секција 3 од законот за мачење на жртви и нивна заштита од 1991(in section 3 of the Torture Victim Protection Act of 1991);

(2) Терминот (земање на заложници) има значење дадено во Член 1 од Интернационалната конвенција против земањето на заложници (Article 1 of the International Convention Against the Taking of Hostages); и

(3) Терминот (саботажа на воздухоплови) има значење кое му е дадено во Член 1 од Конвенцијата за извршување на незаконски акти – дела против безбедноста на цивилната авијација (Article 1 of the Convention for the Suppression of Unlawful Acts Against the Safety of Civil Aviation).

(б) Исклучок од имунитет -

(1) Странска држава – Секција 1610(а) наслов 28, Закон на САД е изменет

(А) со додавање на точка на крајот од парагарф (6) и додавање или ; и

(Б) и со додавање на нов параграф:

(7) судењето се однесува на тужба за која странската држава не е имуна под секција 1605(а)(7), без оглед дали имотот е или бил инволвиран врз основа на кој тужбата се однесува – се базира.

(ц) Применливост – Измените направени во овој наслов ќе се однесуваат на секој случај кој ќе биде изнесен пред за време или пак после датумот од прогласувањето на овој закон за важечки.

## 5.5 Законската регулатива неопходна за делување на специјалните сили на САД – САД Патриотски закон (USA PATRIOT Act)



(Слика 15. Грбот на САД – познат и како големиот печат)

Се утврдуваат законските рамки според кои дејствуваат специјалните сили на САД (безбедносните структури во целост) – законски рамки кои произлегуваат од уставот на САД претседателските одредби како и некои од законите кои се подоцна усвоени.

**Полн наслов на Патриотскиот закон на САД;** Обединувајќи и зајакнувајќи ја Америка со обезбедување на вистинските алатки потребни за да се пресретне и попречи тероризмот закон од 2001

**Акроним под кои уште е познат;** САД Патриотски закон, исто така (патриотски закон)

**Озаконет од страна на** 107-от Конгрес на САД (107th United States Congress)

**Цитати под кои што е заведен; Јавен закон 107-56; Статут/Уредба 115 Stat. 272 (2001)**

**Кодификација Изменети/подобрени закони**

*Закон за приватност на електронските комуникации (Electronic Communications Privacy Act)* – Закон за компијутерска измама и злоупотреба (*Computer Fraud and Abuse Act)* – Закон за разузнавање и надгледување (*Foreign Intelligence Surveillance Act)* – Закон за приватност и права за едукација на

семејството (*Family Educational Rights and Privacy Act)* – Закон за контрола на перење пари (*Money Laundering Control Act)* – Закон за тајност на банкарските податоци (*Bank Secrecy Act)* – Закон за правото на финансиска приватност (*Right to Financial Privacy Act)* – Закон за чесно кредитирање (*Fair Credit Reporting Act)* – Закон за имиграција и националност (*Immigration and Nationality Act)* – Закон за жртви на криминал од 1984 (*Victims of Crime Act of 1984)* – Закон за злоупотреба, измама, телемаркетинг и заштита на потрошувачите (*Telemarketing and Consumer Fraud and Abuse Prevention Act)*

**Изменети /подобрени наслови бр.** 8, 12, 15, 18, 20, 31, 42, 47, 49, 50

**Зборник на закони новосоздадени (U.S.C. sections created);** 18 USC §2712, 31 USC §5318A, 15 USC §1681v, 8 USC §1226A, 18 USC §1993, 18 USC §2339, 18 USC §175b, 50 USC §403-5b, 51 USC §5103a

**Зборник на закони на САД битно изменети (U.S.C. sections substantially amended);** 8 USC §1105, 8 USC §1182g, 8 USC §1189, 8 USC §1202, 12 USC §248, 12 USC §1828, 12 USC §3414, 15 USC §1681a, 15 USC §6102, 15 USC §6106, 18 USC §7, 18 USC §81, 18 USC §175, 18 USC §470, 18 USC §471, 18 USC §472, 18 USC §473, 18 USC §474, 18 USC §476, 18 USC §477, 18 USC §478, 18 USC §479, 18 USC §480, 18 USC §481, 18 USC §484, 18 USC §493, 18 USC §917, 18 USC §930, 18 USC §981, 18 USC §1029, 18 USC §1030, 18 USC §1362, 18 USC §1363, 18 USC §1366, 18 USC §1956, 18 USC §1960, 18 USC §1961, 18 USC §1992, 18 USC §2155, 18 USC §2325, 18 USC §2331, 18 USC §2332e, 18 USC §2339A, 18 USC §2339B, 18 USC §2340A, 18 USC §2510, 18 USC §2511, 18 USC §2516, 18 USC §2517, 18 USC §2520, 18 USC §2702, 18 USC §2703, 18 USC §2707, 18 USC §2709, 18 USC §2711, 18 USC §3056, 18 USC §3077, 18 USC §3103, 18 USC §3121, 18 USC §3123, 18 USC §3124, 18 USC §3127, 18 USC §3286, 18 USC §3583, 20 USC §1232g, 20 USC §9007, 31 USC §310 (redesignated), 31 USC §5311, 31 USC §5312, 31 USC §5317, 31 USC §5318, 31 USC §5319, 31 USC §5321, 31 USC §5322, 31 USC §5324, 31 USC §5330, 31 USC §5331, 31 USC §5332, 31 USC §5341, 42 USC §2284, 42 USC §2284, 42 USC §3796, 42 USC §3796h, 42 USC §10601, 42 USC §10602, 42 USC §10603, 42 USC §10603b, 42 USC §14601, 42 USC §14135A, 47 USC §551, 49 USC §31305, 49 USC §46504, 49 USC §46505, 49 USC §60123, 50 USC §403-3c, 50 USC §401a, 50 USC §1702, 50 USC §1801,

50 USC §1803, 50 USC §1804, 50 USC §1805, 50 USC §1806, 50 USC §1823, 50 USC §1824, 50 USC §1842, 50 USC §1861, 50 USC §1862, 50 USC §1863

**Историја на легислативата на Патриотскиот закон на САД;**

- **Прв пат претставен во законодавниот дом како** (H.R. 3162) од Френк Џејмс Сенсенбренер јр. (Frank James Sensenbrenner, Jr). на 23,Октомври 2001

- **Разгледан од повеќе комитети и комисии:** Комитет за судство на САД (United States House Committee on the Judiciary); Комитет за разузнавање на САД (Permanent Select Committee on Intelligence); Комитет за финансиски услуги (Committee on Financial Services); Комитет за интернационални односи (Committee on International Relations); Комитет за енергија и комерцијални работи (Поткомитет за телекомуникации и интернет) (Committee on Energy and Commerce (Subcommittee on Telecommunications and the Internet)); Комитет за образование и работна сила (Committee on Education and the Workforce); Комитет за транспорт и инфраструктура (Committee on Transportation and Infrastructure); Комитет за вооружените сили (Committee on Armed Services)

- **Поминал во конгресот на 24 Октомври 2001 (за гласале; 357 конгресмени, против биле гласале не; 66 конгресмени)**

- **Поминал во сенатот на 25 Октомври 2001 (за гласале; 98 сенатори против биле гласале не; 1 сенатор)**

**Одобрен во закон од страна на претседателот на САД Џорџ В. Буш на 26 Октомври 2001 година.**

**Главни измени и релевантни случаи изнесени пред врховниот суд**
**Нема**

Патриотскиот закон на САД (Најчесто познат како „Патриотски закон") е закон на Конгресот на САД кој бил потпишан (прогласен) од претседателот на САД Џорџ В. Буш од 26 Октомври 2001. Насловот на законот е составен од скратенката САД и акронимот од 7 букви (ПАТРИОТ) кој всушност значи **Обединување и зајакнување на Америка со обезбедување соодветни алатки**

**потребни да се пресретне и попречи тероризмот закон од 2001.**[1] Законот драматично ги зголемува овластувањата на владините агенции на кои што им се зголемува овластувањето околу прислушкување на телефоните, е – маилите, комуникациите, здравственото, финансиското работење како на поединци така и на цели компании зголемување на рестрикциите на работењето на странските разузнавачки служби на американска почва; зголемена е јурисдикцијата на секретарјатот за финансии со што му се зголемени овластувањата за надгледување и вмешување доколку има потреба во финансиски трансакции посебно оние во кои се вмешани странски државјани и фирми. Зголемени се и овластувањата на граничните и пограничните служби како и имигрантската служба која што има право на задршка (приведување) на странски државјани кои се сомничат или се има сознанија дека се вмешани во терористички акт. Законот исто така ја проширува дефиницијата за тероризам во која што е вклучен и домашниот тероризам, со што се зголемува бројот на активностите и овластувањата на агенциите во борбата против тероризмот и на домашна територија. Законот треба да престане да важи на 29 Мај 2011 по неговото 90 дневно продолжување од 28 Февруари 2011 од страна на Конгресот.[2]

## 5.5.1 Детали околу донесувањето на Патриотскиот закон на САД

Законот поминал многу бргу во двата дома и во Конгресот и во Сенатот и бил поддржан како од Републиканците така и од Демократите.

Противниците на законот ја критикувале неговата авторизација посебно во делот на неопределеното држење во притвор на имигрантите како и начинот на кој се претражуваат домовите на осомничените или пак нивните канцеларии и останатите сомнителни места или простории. Зголемувањето на надлежностите и давањето на одврзани раце на ФБИ околу прислушувањето на комуникациите, меиловите, финансиските трансакции, сметките без судски налог како и зголемување на овластувањата за вршење упади во фирмите без судски налог и проверка на нивното финансиско работење. По усвојувањето на овој закон неколку случаи се изнесени пред федералните судови и неколку одлуки на судовите даваат до знаење дека некои делови од Патриотскиот закон се неуставни.

Некои од одредбите на Патриотскиот закон требало да бидат неважечки од 31 Декември 2005, околу 4 години по неговото донесување. Во месеците пред декември 2005 година привrzаниците на законот притиснале и успеале одредбите кои што требало да бидат неважечки после 31 Декември 2005 година да останат траен дел од законот, додека залудни остануваат барањата на критичарите кои барале ревизија на дел од одредбите на Патриотскиот Закон со што би се зголемиле и би се вратиле назад граѓанските слободи загарантирани со уставот на САД. Во јули 2005 година Сенатот на САД повторно го изгласал законот со неколку битни измени на неколку секции од законот, додека поголемиот дел од законот бил воопшто неизменет. Двата акта од законот кои што биле спорни и биле критикувани од сенатори како од демократскиот така и од републиканскиот блок се поставени пред комисија која одлучувала за нивната легитимност.[3]

Изменетиот дел на Патриотскиот закон поминал во конгресот на 2 март 2006, и бил прогласен во законски од претседателот Џорџ В. Буш на 9 и 10 март 2006.

## 5.5.2 Влијанието на Патриотскиот Закон на САД врз останатите закони

Види исто: Историја на Патриотскиот закон на САД (History of the USA PATRIOT Act)

Патриотскиот закон[4] направил голем број на промени во Американските закони. Најголеми промени се бележат во законот за надворешното разузнавање од 1978 год, (*Foreign Intelligence Surveillance Act of 1978* (FISA)), законот за електронски комуникации и приватност на истите од 1986 (*Electronic Communications Privacy Act of 1986* (ECPA)), законот за перење пари од 1986 и тајност на банкарските податоци (*Money Laundering Control Act of 1986)* и ( *Bank Secrecy Act* (BSA)), како и законот за имиграција и националност (*Immigration and Nationality Act).* Законот сам по себе дошол после нападите од 11 септември 2001 на Њу Јорк и Пентагон. Веднаш после нападите Конгресот почнал да работи неколку предлози на закони за антитероризам, пред Министерството за правда да го донесе законот наречен Закон за антитероризам од 2001. Ова било претставено во Конгресот како Обезбедување на потребните алатки потребни за пресретнување и попречување на тероризмот. Патриотскиот закон од 2001

(***Provide Appropriate Tools Required to Intercept and Obstruct Terrorism (PATRIOT) Act of 2001),*** и подоцна бил поднесен и усвоен од Конгресот како Закон за Обединување и зајакнување на Америка (*Uniting and Strengthening America (USA) Act)* (H.R. 2975)) на 12 октомври[5] потоа е претставен на Сенатот како Американски закон (*USA Act* (S. 1510))[6] каде што неколку амандмани биле предложени од сенаторот Рас Феинголд (Russ Feingold,)[7][8][9][9] и сите предлози се прифатени. Крајниот производ Патриотскиот закон бил предложен пред Конгресот на 23 октомври 2001 и во него биле вклучени многу претходни закони (H.R. 2975, S. 1510) како и многу од предлозите (H.R. 3004) (the *Financial Anti-Terrorism Act*).[10] Тој бил жолчно пречекан само од еден сенатор Рас Феинголд кој бил единствениот сенатор кој гласал против законот. Сенаторот Патрик Леаху (Patrick Leahy) исто така изразил загриженост но сепак многу делови биле сватени како потребни за да се заштитат САД.[11][12][13][14] Крајниот резултат на Патриотскиот закон вклучувал делови кои требало да важат до 31 декември 2005.

И покрај неговата контроверзна природа, сепак неколку измени во амандманите биле предложени за да се изменат делови од Патриотскиот закон. Во ова се вклучени Законот за заштита на личните права (*Protecting the Rights of Individuals Act,*[15]), Вистинскиот Патриотски закон на Бенџамин Френклин (*Benjamin Franklin True Patriot Act,*[16]) и Закон за Обезбедување на јавната безбедност и слобода (*Security and Freedom Ensured Act* (SAFE),[17]) ниеден од ови предлози нема поминато. При крајот на јануари 2003, основачот на центарот за независна јавност, Чарлс Луис (Center for Public Integrity, Charles Lewis) испечатил од предлогот на државната администрација кој го добил по прикриени канали предлог законот за зголемување на домашната безбедност од 2003 година (Domestic Security Enhancement Act of 2003.[18]). Овој високо контроверзен документ бил брзо прогласен за Патриотски закон 2 или Син на патриотскиот закон од разни медии и други невладини организации (Electronic Frontier Foundation.[19]) Драфтот на законот бил поднесен до 10 дивизии на министерството за Првда на САД.[20] Овој предлог бил наменет за да се направат и понатамошни проширувања на Патриотскиот закон на САД[21] овој предлог дополна на Патриотскиот закон на САД бил нашироко критикуван,

иако Министерството за правда тврдело дека бил само предлог и по неговото не усвојување не бил повторно поднесен.[22]

## 5.5.3 Анализа на содржината на Патриотски Закон на САД (наслови кои го сочинуваат)

### Главен извадок; Патриотскиот закон на САД, Наслов 1 (USA PATRIOT Act, Title I)*

Наслов 1 ги одобрува мерките за да се зголеми способноста на домашната безбедност за да може да превенира идни терористички закани, напади (Тероризам). **Со самиот наслов се кажува зголемување на фондот на антитерористички активности како и зголемено финансирање на техничкиот центар на ФБИ. Војската добива дозвола да пружи секаква поддршка која ќе биде побарана од ФБИ посебно во делот каде што се потребни техники и луѓе кои се обучени да се справат со оружја за масовно уништување со барање од јавниот обвинител. Националната наменска сила за справување со електронски криминал била проширена, заедно со претседателската моќ на одлучување во врска со терористички инциденти.** Насловот исто така ја негира секаквата дискриминација спрема Американците со **муслиманска вероисповест и со Арапско потекло** посебно ваквите случки се чести после 11 септември 2001. Ваквата побуда за дискриминацијата дојде од претходните предлози, како оној на сенаторот **Том Харкин** забраната на секаков вид на дискриминација во амандман – предлог на законот за борба против тероризмот од 2001 година, иако во малку поинаква форма. Овој закон ја вклучувал и молитвата на кардиналот (**Cardinal Theodore McCarrick**) надбискупот на Вашингтон при миса на 12 септември 2001 година, „за нашата нација и за жртвите од нападите на терористите на Њу Јорк сити, Вашингтон Д.Ц. и Пенсилванија ги потсетува сите американци дека (Ние мора да ги бараме виновниците а не да удираме по невините жртви со што нема да станеме како нив – се мисли на терористите кои се без морал, чесност и насоченост.“[23] Понатаму околу расната нетрпеливост има забелешки и во насловот 10 каде што има отфрлање на секаква расна нетрпеливост спрема Сиките Американци за кој

*Наслов I : Зголемување на домашната безбедност против тероризмот.

се мислело дека се муслимани после нападите од 11 септември 2001 година. [24]

**Главен извадок : Патриотскиот закон на САД, Наслов 2 (USA PATRIOT Act, Title II)****

Наслов 2 е насловен „Зголемени процедури за надгледување", и ги покрива сите аспекти на надгледувањето на осомничените терористи, оние за кој што има сомнение за компјутерска измама или злоупотреба, и за агенти на странска држава кои се замешани во овие или слични активности. Првите измени се направени за (FISA и ECPA), како и многу од најконтроверзните аспекти од Патриотскиот закон на САД се наоѓаат во овој наслов. Посебно, насловот дозволува владините агенции да собираат **„разузнавачки податоци"** како од **американски** така и од **неамерикански** граѓани и го има изменето федералната агенција за истраги и безбедност (FISA) за да може добивањето на разузнавачки податоци од странски државјани да стане една од главните функции на федералната агенција за истраги и безбедност (FISA).[25] Измената на дефиницијата била наменета за да се отстрани легалниот ѕид помеѓу криминалните истраги и надгледувањето се со цел прибирање на поголем број на разузнавачки информации од странство со цел да се отстрани пречката за истрагите кога се преклопувале криминалното и надворешното разузнавање.[26] Како и да е за ова поточни информации има дадено федералниот суд за надгледување кој дава известување дека ова било долгогодишно недоразбирање помеѓу агенциите и дека можело да се води паралелна истрага. Исто било отстрането и статутарното барање владата да докаже дека целта која што требало да се надгледува од страна на федералната агенција за истраги и безбедност (FISA) не е американски граѓанин или е агент на странска држава, иако овој закон кажувал дека доколку личноста е заштитена под првиот амандман против неа не смее да се преземаат активности од оваа свера.[27] Самиот наслов ја зголемувал и ја проширувал улогата на федералната агенција за истраги и безбедност (FISA) како во физичкото пребарување и наредбите за надгледување,[28] и им давал на властите можност да ги споделуваат информациите собрани пред федералната голема порота со останатите агенции.[29]

**Наслов II: Процедури за надгледување

Опсегот и способноста на прислушувањето и надгледувањето биле проширени под наслов II. Прислушувањето било проширено и на **пронаоѓање на адреси и рути** со што се добивал цел комплекс од информации за движењето на одредени личности на ова приговор има дадено центарот за приватност на електронските информации барајќи од надгледувањето да се иземат емаил адресите и веб адресите кои содржат и други информации.[30] Центар за електронски приватни информации (Electronic Privacy Information Center) (EPIC)[31] Законот дозволувал секој обласен судија во САД да може да издаде таква наредба за надгледување[30] како и налог за пребарување при терористичка истрага.[32] Налозите за претрес биле проширени, со законот со кој се изменува наслов III од законот за пристап до складирани информации **(the *Stored Communications Access Act*) *со цел да им се дозволи на ФБИ да добијат пристап до воис меиловите преку налог отколку да мораат да бараат други легални начини да дојдат до тие информации.*.**[33]

Разни предлози довеле до формирањето на делот од законот за електронски комуникации со што многу електронски комуникации потпаднале под агенциите за контрола на комуникации. Оние кој користат или имаат заштитен компијутер може да дадат дозвола на властите да ги следат нивните комуникации, ова ги заобиколува барањата на статутот за прислушување.[34] Дефиницијата за заштитен компијутер е дефинирана според законот наслов 18 U.S.C. § 1030(e)(2) и нашироко ги опфаќа компијутерите кои се користат во меѓудржавното како и оние компијутери кои се наоѓаат надвор од САД. Законот кој ги регулира облигаторното и доброволното следење на комуникациите на компаниите и нивните клиенти е дозволено под U.S.C. Наслов (Title) 18 и поглавје 119 следење на електронски комуникации, регистри и алатки за следење и прислушување на комуникациите под (поглавје 206) и складирани комуникации (121), иако во овој акт не се опфатени надгледувањето на навиките на претплатниците во комуникациите.[35] Судските покани дадени на Интернет провајдерите биле проширени не само на името и адресата на корисникот локалните како и сите останати телефонски повици како и сите лични податоци за самиот корисник кој вид на уред го користи и сите останати податоци кои е можно да се добијат за корисникот ај пи адресата, кредитна картичка од која банка како и сметката која што ја користи.[36] На провајдерите

на комуникациски услуги им било дозволено да ги следат комуникациите на клиентите, доколку се сомневаат дека се врши некаков вид на недозволени активности.[37]

Во член II има воспоставено 3 многу контроверзни делови околу; дозволата за прикрадување и проверка – ѕиркање во личните податоци, податоци за движењето и способноста на ФБИ да добие пристап до документи кои го откриваат движењето на граѓани на САД. Така наречениот прикради се и ѕирни закон (**"sneak and peek" law**) дозволувал откако ќе се провери набљудуваниот да се побара налог за понатамошно следење или приведување. Периодот во кој ФБИ мора да ги извести примателите на налогот било непрецизирано во законот, во прирачникот на ФБИ се вели дека тоа е флексибилен стандард[38] и може да биде продолжен по дискреција на судот.[39] Овие додатоци на законот прикради се и ѕирни биле нападнати од судијата Анн Аикен (Ann Aiken) на 26 септември 2007 откако адвокат од Портланд Брендон Мејфилд (Brandon Mayfield), бил затворен поради еден таков претрес. Судот увидел дека претрагата ги повредила правата на жртвата по четвртиот амандман од уставот на САД.[40][41]

- Овде се гледа потребата и обидот на власта да ги заштити своите граѓани со сите можни средства и сили, но се гледа и правната држава т.е. способноста на судството да ги одбрани невините граѓани под налетот на органите на власта (органите на власта од заштитници на ѓраѓанинот да станат угнетувачи – агресори врз граѓанинот)

Подвижните прислушувачи се под овластувањата за прислушување и нема потреба да се наведуваат сите средства сили и опрема која што ќе биде ангажирана во случајот. Ова е така согледано од страна на министерството за правда бидејќи тие веруваат дека терористите може да ги искористат средствата за надгледување и следење со често менување на локацијата и менување на уредите за комуникација пр. Мобилни телефони,[42] додека противниците тоа го гледаат како повреда на 4от амандман од уставот на САД.(Fourth Amendment.)[43][44] Уште еден високо контроверзен акт е оној кој му дозволува на ФБИ да направи запленување на сите потребни вистински допирливи средства како; книги, снимки, документи, и др. предмети за истрага со цел

заштита од тероризам како и непријателски разузнавачки структури, под услов да ваквите активности на ФБИ не се во судир со првиот амандман на Уставот на САД.[45] Иако директно не биле засегнати библиотекарите сепак американската библиотекарска асоцијација била против овој дел од законот.[46] Во резолуцијата која што поминала на 29 јуни 2005, тие изјавиле дека Секција 215 од патриотскиот закон на САД и дозволува на владата на САД да бара и да добие досиеја и сите останати информации кои ги поседуваат библиотеките за некое лице без да се има какви и да е сомненија за негова инволвираност во какви и да се нелегални активности.[47] Како и да е спротиставувањето на Американската асоцијација на библиотеки не поминала без критики. Еден истакнат критичар и поддржувач на американската асоцијација на библиотекари бил и институтот од менхетен Хедер Мек Доналд кој расправал во една колумна на Њу Јорк Сити Џурнал дека препукувањата околу член 215 на патриотскиот акт е сеење на страв.[48]

Насловот исто така покрива и неколку други непромислени членови, вклучувајќи го проширувањето на бројот на ФИСК судии (FISC judges) од 7 на 11 од кој три мораат да живеат во близина не поголема од 20 миљи (32 км) на округот Колумбија,[49] трговските санкции против Северна Кореја и Талибанците во Авганистан[50] како и вработувањето на преведувачи од страна на ФБИ.[51]

По инсистирањето на републиканецот Ричард Армеј (Richard Armey),[52] Во патриотскиот закон повеќе членови кој престануваат да важат многу порано од укинувањето на самиот закон продолжуваат да важат и понатаму иако нивната важност престанувала на 31 декември 2005 година. Во членовите кој што продолжуваат да важат и понатаму се и продолжувањето на разузнавачките активности во странство како и многу други членови кои се пишани подолу.(sunset provisions)[53]

Наслов II членови – секвенци кои оригинално требало да истечат од важност на 31 декември 2005

| **Секција - Член** | **Наслов** |
|---|---|
| 201 | Дозвола – Власт да се пресретне секоја комуникација по жица, |

орална и електронска комуникација поврзана со тероризам.

202 Дозвола – Власт да се пресретне секоја комуникација по жица, орална и електронска комуникација поврзана со компјутерска или друг вид на измама – прекршок.

203(b) Дозвола – Власт да се споделуваат електронски, жичани и орални информации кои биле пресретнати.

204 Класификација на разузнавачки исклучоци од ограничувањата при пресретнување и откривање на жичани, орални и електронски комуникации.

206 Подвижно надгледување одобрено според законот за странско разузнавање и надгледување од 1978.

207 Времетраењето на надгледувањето според ФИСА (FISA) на странски државјани кои се агенти на странска држава.

209 Запленување на воис меил пораки кои подлежат на налог за апсење.

212 Итно затворање на електронски комуникации за да се заштитат животите и добробитта на граѓаните.

214 Пријавување и поставување на стапици и следење под одобрение на ФИСА (FISA).

215 Пристап до досијеа и други предмети според законот за странско разузнавање и надгледување.

217 Пресретнување на компјутерски непријателски комуникации.

218 Информации од странски разузнавачки служби.

220 Национален сервис за налози за претрес за електронски докази.

223 Цивилна одговорност за определени неовластени публикувања.

225 Имунитет за соработка со ФИСА (FISA) при прислушување.

**Главен наслов: Патриотски закон на САД наслов III***

Наслов III од законот, насловен „Смалување на интернационалното перење на пари и финансискиот закон за анти - тероризам од 2001 година" (Act, titled "International Money Laundering Abatement and Financial Anti-Terrorism Act of

*Наслов III: Борба против перењето на пари со цел спречување на тероризмот.

2001,") е наменет за намалување, превенција, детекција и гонење на интернационалното перење на пари и финансирањето на тероризмот. Овој дел од законот главно ги изменува деловите на законот за контрола на перење на пари од 1970 година (*Money Laundering Control Act of 1986* (MLCA) и *Bank Secrecy Act of 1970* (BSA)). Тој е поделен на три поднаслови, при кој што првиот се занимава исклучиво со зајакнување на банкарските правила против перењето на пари посебно на интернационално ниво. Вториот поднаслов работи на зајакнувањето на комуникацијата и соработката помеѓу безбедносните владини агенции и финансиските институции, како и зголемување на чувањето на податоци за клиентите и доставувањето на таквите податоци до владините институции. Третиот поднаслов работи на шверцувањето на валути и фалсификувањето на пари, во кој е вклучено и четири кратното зголемување на максималната казна за фалсификување на странска валута, како што е случајот на Ханс Виерк (Hans Vierck) од 2001 год.

Првиот поднаслов го затегнува чувањето на податоците за клиентите кај финансиските институции, со што се води евиденција за трансакциите на пари посебно во оние делови на светот каде што перењето на пари е константно и каде што фалсификувањето на пари е константна појава таквите трансакции се под посебен надзор. Овој поднаслов ги натерал финансиските институции да почнат со мониторинг на сметките каде што има еден сопственик на сметката но еден или повеќе полномошници кој што можат да вадат пари од истата.[54] Министерството за финансии на САД било задолжено да оформи регулатива со која што ќе се овозможи делење на информации помеѓу финансиските институции со што ќе се попречи перењето на пари.[55] Заедно со продолженото чување на податоците биле поставени нови правила со што на властите им се овозможило полесно следење и пронаоѓање на каналите на перењето на пари како и да им се отежни работата на перачите на пари.[56] Доколку било откриено перење на пари, поднасловот налагал запленување на сите средства на осомничените за перење на пари од страна на државата.[57] Во напор да се охрабрат институциите да преземат мерки со што би се намалило перењето на пари, на министерството за финансии му била дадена дозвола и моќ да спречува спојување на банки и други компании или помеѓу банки доколку за некои од

компаниите кои што сакале да го направат спојувањето имало лоша историја во врска со перењето на пари.[58]

Рестрикции биле ставени на сметките и на странските банки. Со ова се забранило функционирање на банките кои што имаат само неколку филијали во САД а не се под контрола на САД и на нивното министерство за финансии. Се забранува и користење на сметки кај финансиските институции.[59] Финансиските институции мораат сега да преземат чекори со кој што би ги идентификувале сопствениците на секоја приватна банка надвор од САД кој имаат поврзувачка сметка со нив, заедно со интересите на секој од сопствениците на банката. Се очекува дополнителен надзор за институциите – банките од страна на државата за да се осигура самата држава за да се спречи перењето на пари. Банката мора да ги идентификува сите номинални корисници на секоја банкова сметка отворена и користена во САД од страна на не американски граѓани. Исто така не државјаните на САД мора да пополнат дополнителни формулари со цел да се потврди дека примателот на парите не е некоја фигура од владата на САД или друг владин функционер.[60] Секоја сума која е уплатена во САД а е наменета за некој корисник во странство се води сметка да истата сума стигне и до сметката или крајниот корисник во странство и истиот корисник во странство се проверува дали има некој налог за негово апсење или има направено федерален прекршок во САД.[61] Рестрикции се направени и во внатрешното банкарство со цел да се следат и да се има јасна претстава за секоја банкарска трансакција. Финансиските институции имаат забрана да им дозволуваат на клиентите да префрлаат пари од една внатрешна сметка на друга во самата банка и исто така имаат забрана да ги информираат своите клиенти за можноста на таквите трансакциони сметки.(concentration account) Финансиските институции имаат задача со посебно внимание да ги следат трансакционите сметки посебно тогаш кога таквите средства се слеваат во жиро сметка а потоа повторно се дистрибуираат на приватни лица.[62]

Дефиницијата за перењето на пари е проширена и на правењето на финансиска трансакција во САД со цел да се направи насилен криминал.[63] Поткупот на претставници на власта и несовесното користење на јавните средства, криумчарењето или нелегалниот извоз на муниција [64] и увозот или внесување на огнено оружје или муниција мора да биде дозволено од државниот

обвинител.[65] Секое шверцување на роба која е под забрана на државната администрација се смета за прекршок и е казнив со закон.[66][67] Исто така се смета за престап доколку државјанин на друга држава го прекрши законот од 1938 година за регистрација на странски агенти.[68][69][67] [70] [71] [72] [73] [71] [74][75]

Во законот се обрнува внимание на криминалните казни за корумпираните службеници. Казната за поткуп е три пати поголема отколку големината на самиот поткуп. Можна е и казна затвор во зависност што се сака да се поткупи но не повеќе од 15 години затвор. Следуваат казни и за финансиските институции кои нема да ги почитуваат законите на САД.[61]

Втората измена во законот им помага на институциите кои се борат против перењето на пари. Овие институции имаат право да ги известат и да побараат помош од разузнавачките агенции на САД.[76] Има неколку измени во чувањето на досијеата на клиентите на финансиските институции кои вршат префрлање на пари во и надвор од САД.[77] За да им се олесни на властите да можат полесно да ги пратат трансакциите воведен е нов оперативен систем и нов софтвер.[78] Финансискиот центар кој раководи со овј сектор[79] (FinCEN) и е дел од Министерството за финансии на САД (United States Department of Treasury[80]) направена е и безбедна мрежа преку која институциите ќе ги пријавуваат сомнителните случаи.[81][82] Финансиските институции добиле задача да воведат програма против перењето на пари додека пак бирото било задолжено подобро да ги дефинира случаите како и самата програма за борба против ваквите случаи.[83][84] Бордот на гувернери на федералните резерви (Board of Governors of the Federal Reserve System) ја добил силата да авторизира персонал доколку е потребно да работат на безбедноста на секоја финансиска институција која би била загрозена.[85] Тие исто така го добиваат правото да гласаат за секоја земја која ја поддржува САД во борбата против тероризмот како и да ја оспорат или запленат секоја финансиска трансакција за која што се смета на кој и да е било начин била наменета за терористички цели.[86]

Третиот дел од законот се занимава со криминал со самата валута. Перењето на пари се префрла од финансиските институции во фирмите каде што се вртат големи суми на кеш пари со што е многу потешко да се влезе во траг на ваквите примања. Нов напор е направен за да се спречи перењето на пари преку

конфискација на имот и зголемување на затворските казни. Секој пренос на пари над 10000 долари во кеш без нивно пријавување при внесување или изнесување од САД се смета за федерален прекршок казнив со 5 години затворска казна како и запленување на имот во износ на сумата која што била шверцувана.[87][88][89] Законот забранува и го казнува секој оној кој води нелегален пренос на пари.[90] Во 2005 делот на патриотскиот закон на САД бил употребен при апсењето на (Yehuda Abraham) за помагање при трансфер на пари на британскиот дилер на оружје Хермант Лакхани (Hermant Lakhani), кој бил уапсен во август 2003 откако бил фатен како му продава ракетно оружје на ФБИ агент кој се претставувал дека е сомалиски милитант.[91] Дефиницијата за спречување на копирање била продолжена и врз аналогното дигиталното и електронската репродукција на слики и било сметано за федерален прекршок доколку индивидуа поседува таков уред. Казната затвор е зголемена на 20 години затвор за вакво дело.[92] Перењето на пари како и другите нелегални активности во кои биле вклучени и давањето на користење на материјални средства кој што би се користеле од страна на терористички организации.[93] Законот јасно кажува дека секој оној кој би се осудил – осмелил да изврши нелегална активност според овој закон надвор од јурисдикцијата на САД (извршителот со помош на електронска опрема го извршува делото надвор од границите на САД, а делото со помош на електронската опрема се извршува во САД ), а сепак е казниво со закон во САД извршителот на ова дело ќе биде гонет под законот (18 U.S.C. § 1029).[94]

**Главен Наслов: Патриотски Закон, Наслов IV***

Наслов IV се однесува на Законот за Имиграција и националност од 1952 со што се дава повеќе сила на јавниот обвинител како и на службениците за имиграција и националност (INS). Јавниот обвинител ја добил таа сила да тој може да го зголеми максималниот број на службеници кои биле задолжени за гранична контрола (INS) на северната граница на САД.[95] Доволно фондови биле наменети за таа цел, буџетот за северната граница бил дури зголемен за дополнителни 50 милиони долари. На вработените им била дадена можноста на северната граница да можат да достигнат средства од 30000 долари по човек на основа на прекувремена работа годишно по човек.[96][97] Им бил овозможен

*Наслов IV: Гранична безбедност

пристап на службениците за сите досијеа кој биле достапни на владата на САД како и на агенциите за спроведување на законот (National Crime Information Center's Interstate Identification Index (NCIC-III)), листа на барани прекршители на законот како и сите други досијеа со престапници на законот врз основа на што апликантите за виза го добивале одобрението за престој или не.[98] Воведени се нови правила во врска со земањето на отисоци како и регулатива за користење на истите.[99] Националниот институт за стандарди и технологија (National Institute of Standards and Technology (NIST)) добил задача да развие стандардна технологија за утврдување на идентитетот на виза апликантите.[99]

Причината била да се развие стандардна технологија за проверка на бекграундот на секоја личност.[100] Овој извештај е пуштен на 13 ноември 2002 година.[101][102].

Под наслов Ц, различни дефиниции за тероризмот биле изменети и проширени. Забраната за влез на терористи во САД била зголемена и се однесувала и на членовите на нивното потесно и пошироко семејство.[103] Дефиницијата (за терористичка активност) била зајакната и биле вклучени активности со употреба на секоја опасна направа (не само експлозиви и оружје).[103] Да се вклучиш во терористички активности е дефинирано како извршување, поттикнување или планирање и подготовка за извршување на терористички чин. Во оваа дефиниција е вклучено и собирањето на податоци на потенцијални терористички цели, поткуп и убедување на други да преземат акти на тероризам. Оние кои обезбедуваат помош на терористите знаејќи или не се ставаат во групата на преземање на терористички активности. Во ова помагање спаѓа материјална поткрепа, вклучително отстапување на безбедна куќа за терористите, транспорт, комуникации, трансфер на пари или друг вид на материјален финансиски бенефит за терористите, лажна документација, оружје (вклучени се хемиско, биолошко и радиоактивно оружје) експлозиви или пак обука на терористите.[103] Дефиницијата за тероризам била така изменета со што е вклучено и дефинирањето на терористичкиот акт.[104] Иако измените на овие дефиниции се ретроактивни, сепак не значи дека тие можат да бидат применети на членови кои влегле во ваквите организации и ги напуштиле пред тие да бидат оквалификувани од новиот закон – новата дефиниција за тероризам и терористи

како такви. Според законот (8 U.S.C. § 1189) потпишан од државниот секретар.[103]

Со измените на законот се прават измени и во начинот на приведување или задржување на сомнителните лица. Тие се однесуваат на секој странец кој што бил или е вмешан во терористичка активност или пак во активност која што ја загрозува националната безбедност на САД. Овој закон се однесува и на оние кој нема да им биде одобрен влез во САД или пак кој мора да бидат депортирани бидејќи е потврдено дека имаат намера да направат нелегална шпионажа, извезуваат роба, технологија или сензитивни информации илегално, или пак се обидуваат да ја контролираат или нападнат владата или биле или пак ќе се вклучат или имаат намера да се вклучат во терористички активности.[105] Јавниот обвинител или неговиот заменик можат да побараат притворање на таквите странци и нивно задржување се до нивното отстранување од САД, се доколку не се утврди дека се невини што доведува до нивно ослободување. Странците можат да бидат во притвор 90 дена, но задржувањето може да се продолжи на 6 месеци доколку се утврди дека претставуваат закана за националната безбедност. Странецот мора да биде обвинет за злосторство – криминал или пак да има покренато постапка за негова екстрадиција најкасно 78 дена по неговото притворање, доколку не е покрената некоја од погоре наведените постапки тогаш странецот се ослободува. На ваквите постапки се врши ревизија секои 6 месеци од јавниот правобранител, кој доколку увиди дека имало недоследности во постапката има право да го отповика случајот. Секој 6 месеци странецот кој е притворен или пак е екстрадиран има право на жалба.[105] Судската ревизија на секоја судска постапка на овој дел од законот, вклучително и судските пресуди во врска со брачните заедници помеѓу американец/ка и странец, може да се вбројат во (habeas corpus) случаите. Ваквите случаи може да се иницираат повторно со жалба упатена до Врховниот суд на САД, или пак до секој суд кој што има право да ја разгледа жалбата. Конечната одлука жалителот да се обрати со жалба е до судот за жалби на округот Колумбија.[105] Дополни на законот се направени со што извештај на секој 6 месеци се доставува за случаите од страна на Јавниот обвинител (U.S. Attorney General) до Комитетот на судството на претставничкиот дом

(Committee on the Judiciary of the House of Representatives) и Комитетот за судство составен од сенатори (Committee on the Judiciary of the Senate.)[105]

Од конгресот е проследено до државниот секретар на САД дека во најкус можен рок мора да биде комплетно имплементиран влезно излезниот систем на САД на сите гранични премини (аеродроми, пристаништа како и граничните премини каде што има влез на странци) нагласени во законот за илегална имиграција и одговорност за имиграција од 1996 (*Illegal Immigration Reform and Immigrant Responsibility Act of 1996)* (IIRIRA). Тие исто така напомenале дека Јавниот обвинител треба да ја активира интегрираната наменска сила споменатa во секција 3 од законот за подобрување на менаџирање на податоци за имиграција и натурализација од 2000 година (*Immigration and Naturalization Service Data Management Improvement Act of 2000.*) Конгресот сакал главниот фокус на развојот на системот за влез и излез од САД да се стави на примената на биометриската документација – технологија и развојот на читачите на биометриските документи. Исто се барало системот да биде интегриран со постоечкиот систем на ФБИ.[106] Јавниот обвинител бил обврзан да го зголеми и мониторингот врз програмата за студентите кои не се американци а по која и да е основа студираат во САД според секција 641(а) од законот (IIRIRA.)[107] со што се следи влезот и излезот на секој студент од странство. Програмата била проширена и на сите други школи и курсеви кој се одржуваат во САД а на кој учествуваат не американци за оваа програма на Јавниот обвинител му биле доделени дополнителни 36,800,000 $ во согласност со секретарот за образование на САД и со државниот секретар на САД.[108]

На државниот секретар му било наложено да му поднесе извештај на конгресот во врска со виза програмата нагласена во актот (8 U.S.C. § 1187) за секоја фискална година се до 30 септември 2007 година. На државниот секретар му било наложено да ја провери имплементацијата на превентивните мерки во врска со фалсификувањето и крадењето на пасоши како и дали земјите кои се на виза програмата на САД дали ја имаат имплементирано новата програма за биометриски пасоши.[109][110]

Последниот наслов, кој бил поднесен од страна на сенаторите Џон Конјерс и Патрик Л. (John Conyers и Patrick Leahy), дозволува бенефиции за не

американските граѓани кои поради нападите од 11 септември изгубиле свој близок или на некој друг начин биле оневозможени да го продолжат својот престој во САД.[111][112]

На јавниот обвинител му е дозволено да го исплати секој оној кој има помогнато дадено информација која што би помогнала за фаќањето на некој од терористите кои се наоѓаат на листата за барани терористи на САД до суми од 250 000 $ сумите поголеми од оваа мора да бидат одобрени лично од јавниот обвинител или од претседателот на САД а откако ќе биде одобрен ваквиот бонус тогаш тој мора да помине на разгледување и одобрување од страна на претседателот и повисоките членови на комитетот за претприемништво и мора да помине во Сенатот како и во Конгресот.[113] Законот од 1956 (*State Department Basic Authorities Act of 1956)* бил изменет со цел да се дозволи на стејт департментот да може да нуди награди, во консултација со Јавниот обвинител со цел целосно или пак значајно уништување на секоја терористичка организација.[114] [115] На државниот секретар му било дозволено да исплаќа и поголеми суми од 5 милиони $ доколку тоа би спречило директен терористички напад врз САД и Канада.[116] Законот за ДНК анализи и чување на ваквите податоци (*DNA Analysis Backlog Elimination Act*) бил изменет со цел во него да се вметнат тероризмот или насилниот криминал во листата на федерални престапи.[117] Уште една исправена пречка била и дозволувањето на федералните агенции да ги делат информациите со федералните агенции кои се задолжени за спроведување на законот. Иако сега законот дозволува федералните службеници кои бараат информации преку електронско надгледување или физичко пребарување да се консултираат со федералните агенти кои се задолжени за спроведување на законот со цел да се заштити државата од потенцијални или актуелни напади, саботажи или интернационален тероризам или пак од разузнавачката мрежа на некоја странска држава.[118]

Овластувањата на тајната служба биле проширени и врз компјутерската измама, разни направи со кој може да се изврши електронски или пак физички влез, лажна документација или пак електронско лажирање на податоци или пак други измамнички активности насочени кон финансиските институции на САД.[119] Била извршена измена и на законот за образование со што на јавниот обвинител му се дозволува да ги побара и добие сите досијеа на студенти и

вработени кој што се во посед на образовните институции доколку има сомнение дека личноста за која се бара досието има извршено е вмешана или пак има намера да изврши федерален прекршок или пак тоа досие во некој случај ќе помогне во федерална истрага. Јавниот обвинител или пак неговиот заменик мораат да имаат непобитни докази дека личноста за која се бара досието е вмешана во федерален прекршок. Установата од која ќе биде побарано и добиено досието се здобива со официјален имунитет.[120]

Еден од најконтроверзните аспекти на Патриотскиот закон се наоѓа во насловот V, и се однесува на Националните безбедносни писма (National Security Letters (NSLs)). Националните безбедносни писма (NSL) е форма на административна субпоена користена од страна на ФБИ, како и од другите владини агенции вклучително ЦИА и министерството за Одбрана на САД. Тоа е писмо со кое што се бара од некој ентитет или организација да ги предаде сите податоци кои се однесуваат на определена индивидуа. Во субпоената не се даваат образложенија или пак судски налог туку само се наложува на организацијата со наредба да издаде се што има за субјектот и се наложува на самата организација да негира дека кога и да е такво писмо било доставено до неа. Наслов V го дозволува користењето и издавањето на ваквото писмо но тоа мора да биде издадено од страна на специјалниот агент кои што е главен во обласната канцеларија на ФБИ во тој регион (претходно само директорот на ФБИ или неговиот заменик можеле да пратат такво писмо).[121] Овој дел од законот бил нападнат од страна на Американската библиотекарска асоцијација (ACLU) и била обвинета американската влада дека Националните безбедносни писма (NSLs) ги кршат првиот и четвртиот член од уствот на САД бидејќи легално на суд не е возможно да се спротистави на субпоената, бидејќи не е возможно обвинетата страна да биде информирана на кој начин се добиени податоците за неа и врз основа на кој таа се гони. Судот пресудил во корист на Американската библиотекарска асоцијација (ACLU) и овој дел од законот е прогласен за неуставен.[122] Подоцна делот од патриотскиот закон кој се однесувал на субпоените Националните безбедносни писма (NSL) бил изменет со што се дозволувало судски преглед на податоците добиени од ваквите субпоени со што се давало можност и бранителот – адвокатот на обвинетиот да ги добие овие податоци.[123] **Како и да е во 2007 Обласниот суд на САД ги нападнал и оние**

**преправени делови од патриотскиот закон бидејќи забраните за да се спомене дека такво писмо било испратено до институцијата која што требало да го предаде досието и сите податоци за клиентот биле неуставни.**

**Главен наслов: Патриотски закон на САД, наслов VI***

Наслов VI направил измени во законот за жртвите на криминалот од 1984 (*Victims of Crime Act of 1984* (VOCA)) со цел да се направат измени во самиот фонд со кој што жртвите се обештетувани. Измени биле направени на законот за жртвите на криминалот од 1984 (VOCA) со цел да се подобри помошта за фамилиите на настраданите жртви во терористички напад како и на преставниците на законот кои што настрадале или се повредени во терористичкиот напад. Според измените исплатата на средствата за обештетување не може да се оддолжи повеќе од 30 дена по погинувањето или повредувањето на преставникот на законот.[124] Помошникот јавен обвинител добил проширување на овластувањата според секција 614 од патриотскиот закон на САД да одобрува средства на секоја организација која што спроведува програми на канцеларијата за правда меѓу кои спаѓа и програмата за јавна безбедност и бенефиции на преставниците на законот.(Public Safety Officers Benefits Program.)[125] Понатамошните измени за жртвите на тероризмот и организираниот криминал ја зголемиле количината на пари во фондот, а се сменил и начинот на кој се делеле парите во фондот.[126] Сумата која што била достапна за жртвите на криминалот и тероризмот се зголемила од 40% на 60% од вкупната сума во фондот. Програмата обезбедува компензација и за американските граѓани кои се наоѓаат во странство а се на некој начин оштетени во терористички или друг вид на насилен акт врз нив. Сите оние кои побаруваат оштетување од овој фонд мора на некој начин да докажат дека се навистина оштетени или изгубиле член на семејството.[127] Според (VOCA), Директорот може да ги пренасочи дел од средствата кои му останале во текот на годината и да ги насочи во програмите за помош на жртвите од терористички и друг вид на криминал. Измена е направена во VOCA во кој се вклучени и понуди со кои се врши помош на жртвите на сите видови на криминал во округот Колумбија, Комонвелтот Порто Рико и Девствените Острови на САД (District of Columbia, Commonwealth of Puerto Rico, и US Virgin Islands),

*Наслов VI: Жртви и фамилиите на жртвите од тероризмот

како и на секоја друга територија под власт на САД.[128] Законот за жртвите на криминалот од 1984 (VOCA) обезбедува компензација и помош на жртвите на тероризам или на масовно насилство.[129] Овие измени му овозможуваат на директорот да направи дополнителни грантови за државите на САД во кои што е извршен терористички напад или друг вид на насилство кое е опфатено со законот со што се префрлаат средства на јавни агенции (федерални и локални), програмите за помош на жртвите, како и на недржавните агенции – организации кои обезбедуваат помош за жртвите на насилство. Фондовите може да бидат користени за да пружат моментално олеснување на жртвите на насилство или нивните поблиски членови, брз одговор на кризата, помош, компензација, обука, техничка помош при истраги и гонење на терористите.[130]

**Главен наслов: Патриотски закон на САД, Наслов VIII***

Наслов VIII ги изменува дефинициите за тероризмот и воспоставува нови правила со кои што треба да се возврати за да се справиме со истиот. Редефиниран е терминот домашен тероризам со што се вклучуваат и масовното уништување како и убивањето или киднапирањето како терористичка активност. Дефиницијата исто вклучува активности кои се опасни за човечкиот живот како и активности со кои што се кршат законите на САД федералните или локалните а со истите тие активности се „загрозува или се доведува во опасност цивилната популација", „влијаат врз политиката на државата со присила или со застрашување" или пак „се преземени со цел да се изврши притисок врз државата по пат на масовно уништување, убиства или киднапирање" врз територијата на САД.[131] Тероризмот е исто вклучен и во дефиницијата за рекетирањето.[132] Изразите кои се однесуваат на сајбер тероризмот се исто така редефинирани, вклучувајќи го изразот (заштитен компјутер), штета, осудување, личност и загуба.[133]

Нови казни се создадени за осуда на оние кои вршат напади врз јавниот превоз. Доколку прекршителот извршил таков напад доколку немало ниеден патник во превозното средство, максималната казна затвор е 20 години. Но доколку нападот е извршен во момент кога во превозното средство имало патници, или

*Наслов VIII: Тероризам криминален закон.

при нападот погинал некој од патниците или припадниците на екипажот тогаш казната е доживотен затвор.[134] Насловот го изменува статутот на биолошките оружја со цел да се дефинира употребата на биолошкиот агенс, токсин или пак самиот систем кој служи како оружје, за да се направи разлика помеѓу оружјето за уништување и моментот кога ваквите материи се користат во научно истражувачки мировни цели. За личностите и институциите кои користат вакви средства а не можат да ја докажат нивната мирољубива намена тогаш е предвидена затвор казна од 10 години или пак парична казна а можно е и двете.[135]

Серија на мерки биле воведени во обид да се спречи или пак да се казнат активностите кои се наменети за поддршка на тероризмот. За криминално дело е прогласено и чувањето - давањето на заштита на терористите со казна затвор до 10 години или пак парична казна а можно е и двете.[136] Законот на САД е исто така изменет со цел да им се дозволи на властите да можат да ги запленат сите средства парични материјални и др. од секоја група - поединец кој е фатен како планира да изврши терористички напад против САД или пак нејзините граѓани. Средства исто така можат да бидат запленети доколку се утврди дека тие биле набавени од индивидуа или организација која што планирала да врши понатамошни терористички активности.[137] Една секција од законот (секција 805) забранува материјална поддршка на терористите и посебно е нагласена „експертската поддршка помош и совети“.[138] Ова било нападнато како неуставно од страна на федералниот суд на САД откако хуманитарниот законски проект покренал граѓанска парница против владата на САД. Судот обзнанил дека со законот се кршат првиот и петиот амандман од уставот на САД со што многу лица би завршиле во затвор дури и не свесно дека го кршат законот. Судот дошол до заклучок дека би значело кршење на првиот амандман или измена на негов дел како и арбитрарно и дискриминирачко спроведување на законот.[139][140] Конгресот подоцна го подобрува законот со дефинирање на дефинициите за „материјална поддршка и ресурси“ , „обука“ и „експертски совети или ресурси“.[141]

Сајбертероризмот исто така се третира во Патриотскиот закон. Казните се однесуваат и се применуваат на сите оние кои ќе направат штета или пак ќе успеат да се поврзат неовластено на заштитен компјутер или пак мрежа а со

самото тоа да направат и серија на прекршоци. Во овие прекршоци се вклучени и оштетување на личност или компанија за сума поголема од 5000 $ или пак намерно преместување или изменување на медицински досиења или извештаи или пак лекување. Исто се вклучени и сите дејствија со кои што би се допринело некоја личност да биде повредена или се прави закана за јавната безбедност и здравје или оштетување на владин компјутер кој се користи како алатка за спроведување на правда во некое од министерствата на федерално или на локално ниво. Исто забрането е изнудување преземено со помош на заштитен компјутер со користење на вируси или друг софтвер и казната за тоа е од 10 години затвор па нагоре додека за неовластен влез и незначителна штета на заштитен компјутер или систем е од 5 години затвор па нагоре. Како и да е доколку прекршокот се повтори казната се зголемува на 20 години затвор.[142] Законот го појаснува развојот на сајбербезбедноста посебно на форензичарските способности на таквиот оддел во борбата против сајберкриминалот и сајбертероризмот. Законот го овластува и му наредува на јавниот обвинител да воспостави такви федерални регионални и локални лаборатории за борба против ваквиот криминал кои ќе бидат способни да водат борба и да го потиснат (угушат) ваквиот тип на криминал. Овие лаборатории ќе даваат обука на безбедносниот персонал од сите агенции на кои ќе им биде потребна нивната помош околу анализата, истрагата и гонењето на сајберкриминалните лица – структури. Сума од $50,000,000 е одобрена за основање на вакви лаборатории.[143]

**Главен наслов: Патриотски закон на САД наслов IX***

Наслов IX ги изменува Националниот безбедносен закон од 1947 година (*National Security Act of 1947* ) и побарува од директорот на централното разузнавање (Director of Central Intelligence (DCI)) да воспостави приоритети за надворешното разузнавање и податоците кои се добиваат од (FISA) и да обезбеди асистенција на јавниот обвинител на САД и да се осигура дека доставените податоци се точни и ефикасни како и дека ќе му помогнат на јавниот обвинител во понатамошната постапка.[144] Освен за податоците кои се однесуваат на моментална истрага која се одвива во моментот и со давањето на таквите податоци би се загрозила истрагата или агентите кои ја спроведуваат,

*Наслов IX: Подобрено разузнавање

направено е барање да јавниот обвинител или пак главниот на некој друг оддел или агенција на федералната власт од безбедносниот сектор да му достави барање на директорот за податоци околу надворешното разузнавање со поддршка на министерството за правда на САД. На Јавниот обвинител и директорот на централното разузнавање им било наложено да воспостават процедури со кои јавниот обвинител би доставил барање – наредба за соработка за иследување на случај која мора да биде доставена навремено до директорот на централното разузнавање за секоја намера на јавниот обвинител да иследува случај во кој се презема или била преземена криминална активност од страна на член или членови на разузнавачката заедница на САД  а еден од изворите за таквото сомневање да е дојава од член на разузнавачката заедница на САД. На Јавниот обвинител на САД му било наложено да развие процедура по која би постапувал во ваквите случаи.[145] Интернационалните терористички активности биле вклопени во опсегот на надворешното разузнавање под закрила на Националниот безбедносен закон (*National Security Act*.)[146]

Многу извештаи биле одобрени а се однесувале на различни разузнавачко – поврзани владини центри. Било одобрено и формирањето на Националниот виртуелен центар за преводи (National Virtual Translation Center), со цел да се развијат автоматски преводи со цел полесно и навремено добивање на точни преводи на разузнавачки податоци и информации добиени од надворешното разузнавање на САД.[147] Патриотскиот закон на САД барал ова да биде достапно до 1 фебруари 2002 година, како и да е законот барал директорот на надворешното разузнавање да даде извештај за функционирањето на Националниот виртуелен центар за преводи. Конкретен план во врска со ова од страна на директорот бил доставен на 29 април 2002 година со каснење од 2 месеца.[148] Уште еден извештај бил одобрен околу практичноста и пожелноста како и реорганизирањето на Центарот за пратење на средствата на терористите во странство (Foreign Terrorist Asset Tracking Center), Канцеларијата за контрола на средствата од странство (Office of Foreign Assets Control) на министерството за финансии.[149] Законскиот рок бил до 1 февруари 2002 но никогаш не бил напишан. Комитетот на сенатот задолжен за разузнавање се жалел дека Директорот на централното разузнавање и секретарот на министерството за финансии не доставиле извештај кој би спорел делови на Патриотскиот Закон и

комисијата барала да биде изготвен во најбрз можен рок како и побарале одговорност од страна на директорот поради неговата неодговорност околу ненавременото изготвување.[150]

Други мерки овозможиле определени извештаи околу разузнавањето и работи поврзани со разузнавањето да бидат одложувани се до 1 февруари 2002 година единствена клаузула која што дозволува овие извештаи да го преминат рокот е доколку службениците кои ги изготвуваат се презафатени со борбата против тероризмот и доколку посветат повеќе време од тоа што го прават сега за изготвување на извештаите тогаш тоа негативно би се одразило врз борбата против тероризмот. Ова поминува само со претходно барање од одговорните и одобрување од сенатот.[151] Јавниот обвинител бил задолжен за обука на службениците – јавната администрација околу заштита на податоците и обука да знаат како да се справат со агенти на некоја странска разузнавачка служба. Оваа обука се однесува за оние владини службеници кои обично немаат контакт со странски разузнавачи.[152] Конгресот нагласил и ги поддржал сите разузнавачи на САД во остварувањето на својата работа се додека своите активности ги извршуваат во рамките на законот.[146]

**Главен Наслов: Патриотски закон на САД, Наслов X***

Наслов X создал или пак изменил голем број на разни закони кои во никој случај не биле зафатени во претходните наслови на Патриотскиот Закон на САД. Дозволите за превоз на опасни супстанции (Хазмат) биле лимитирани на возачите кои поминале претходни безбедносни проверки и кои докажале дека можат да се носат со таквата одговорност.[153] Главниот инспектор на министерството за правда бил задолжен да назначи службеник кој ќе ги надгледува, проверува и ќе дава отчет пред конгресот за сите поплаки околу граѓанските права и злоупотребата од страна на Министерството за правда.[154] Направена е измена околу „елекронското надгледување“ да се изземе пресретнувањето на комуникациите направени од заштитен компјутер каде сопственикот – корисникот го дозволува пресретнувањето или пак е законски вмешан во некоја истрага.[155] Случаите со перење на пари можат да се обработуваат во областа каде што перењето на пари било направено или пак од таму од каде што е почнато перењето на парите.[156] Странците кои имаат

*Наслов X: Разно (Miscellaneous)

извршено дело перење на пари имаат забрана за влез во САД.[157] Грантови се доделени на сите оние кои први дејствуваат (first responders) со цел да им помогнат при одговорот на терористичките закани.[158] US$5,000,000 биле одобрени и доделени на агенцијата за борба против дрога (Drug Enforcement Administration (DEA)) за обука на полицијата во јужна и источна Азија.[159] Јавниот Обвинител бил обврзан да одобри студија и да даде оценка за изработката на истата (студијата се однесувала на користењето на биометриски идентификувачи со цел точна идентификација на луѓето кои се обидувале да влезат во САД овој систем е поврзан со системот на ФБИ со цел идентификување на познатите криминалци од сите калибри.)[160] Друга студија која била одобрена е добивањето на листата на сите познати терористи во светот која била доставена до сите аеродроми континентални и интерконтинентални со што можеле да се препознаат терористите пред да влезат во авионот.[161] Министерството за одбрана (DoD) добило привремена дозвола да може да ги користи своите фондови за правење на приватни договори за обезбедување и безбедносни потреби.[162] Последниот наслов создал и нов закон наречен (Злосторства против дарежливите американци), (*Crimes Against Charitable Americans Act)*[163] со што биле изменети законите за телемаркетинг и измама на потрошувачите и законот за злоупотреба од кој се барало од сите телемаркети кои врз основа на доброволни прилози не смееле повеќе да ги објавуваат податоците на своите клиенти јавно.[164] Од една до пет години затвор се пропишани за секој оној кој ќе изврши измама со лажно претставување како член на црвениот крст.[165]

## Повторно одобрување на Патриотскиот закон на САД (Реауторизација)

Патриотскиот Закон на САД бил повторно изгласан (реауторизиран) со два законски предлога. Првиот предлог Патриотскиот закон на САД и реауторизацискиот закон за превенција на тероризам од 2005 година, бил изгласан од двата дома на конгресот во јули 2005. Овој акт – предлог ги реавторизирал деловите на патриотскиот Закон на САД и реформите на разузнавањето како и Законот за превенција на тероризам од 2004 (*Intelligence Reform and Terrorism Prevention Act of 2004.*) Се создале нови одредби поврзани

со смртната казна за терористите,[166] како и зголемувањето на безбедноста на пристаништата,[167] новите мерки во борбата против финансирањето на тероризмот,[168] поголеми овластувања на тајната служба,[169] анти метамфетамински иницијативи[170] и голем дел на други разни одредби. Второто изгласување (реауторизација) на Патриотскиот закон на САД – дополнителни одредби за одобрување/изгласување (реауторизацијата) од 2006 година го изменила првото одобрување/изгласување (реауторизација) поминала и почнала да важи од февруари 2006 година.

Првиот закон бил одобрен/изгласан (реавторизиран) целосно освен два дела од наслов II кои требало да престанат да важат. Овие два дела престанувале да важат на 31 декември 2009 секција 206 - подвижното прислушкување и секција 215 – со која се дозволувала достапност до сите бизнис досиења кои спаѓале под ФИСА (FISA). Секција 215 била изменета со цел да се добие поголема судска тежина и да се даде поголема тежина на делата. Такви наредби за преземање на бизнис досиењата можел да даде само директорот на ФБИ, неговиот заменик или пак извршниот помошник директор за национална безбедност, процедурите околу ова биле минимизирани се со цел поголема ефективност. Секција 215 имала и дел кои бил изменет и подоцна се дозволило обвинетиот да може да го контактира својот адвокат.[171] Како и да е, во измената било вметнато и тоа дека обвинетиот морал да им признае на ФБИ за кого ја склучил – во чие име ја склучил зделката ова било подоцна исфрлено од Патриотскиот Закон на САД – Дополнителни одобрени (реавторизирани) законски измени.[172]

Претседателот Барак Обама, на 27 февруари ден Сабота 2010, ја потпишал во закон законската одредба со која за една година ги продолжил овие и уште две други одредби од Патриотскиот Закон на САД кои требало да престанат да важат.[173] [174] [175]

Трите секции кои Обама ги продолжил – судот го потврдил одобрувањето на одредбите со кои подвижното прислушкување на повеќе телефонски линии продолжило да важи и понатаму. Таквото прислушување било оправдано со помагање на борбата против тероризмот. Како и со оваа мерка се имало намера да се спречи појавувањето на така наречените терористи осаменици кои не се

граѓани на САД и не припаѓаат на ниедна позната терористичка организација.[176]

При гласањето на 8 февруари 2011 оваа одредба требало да продолжи да важи но не поминала на гласањето било гласано за продолжување на одредбата да важи до крајот на 2011 година но сепак не поминала на гласањето за биле 277 а биле потребни 290 гласа за да помине со две третини 2/3.[177] Без продолжување овој дел од законот истекува на 28 февруари 2011 година.

Откако дел од одредбите на Патриотскиот закон на САД биле нападнати од судовите.[122] Повторно одобрениот (реавторизацискиот) закон го изменил законот со цел тие да останат и понатаму во важност. Со помош на судска забелешка на обвинетите им било дозволено законски да се спротистават на националните безбедносни писма. Со повторно одобрениот (реауторизацискиот) закон се дозволило понатамошното користење на националните безбедносни писма (NSLs) и сите докази да може да бидат презентирани на камера.[178] Одредбите повторно поминале но не биле применувани повеќе автоматски туку само со одобрување на заменик помошник на директорот на ФБИ, или пак специјалниот агент одговорен за обласната канцеларија на ФБИ ќе одобрел и ќе назначел дека тоа било од голема важност за националната безбедност на САД, поврзано со спречување на криминал, тероризам или спречување на разузнавачки активности на друга страна, мешање во дипломатските односи или пак доведување во опасност на нечиј живот.[179] Обвинетиот можел да се повика дека постои такво писмо само доколку тоа му помогнало во одбраната пред обвинението. Сепак обвинетиот морал да го извести ФБИ доколку изнел какви и да се податоци за писмото или пак кажал на кого и да е.[179] Сепак во реауторизацискиот акт било отфрлено обвинетиот да ги извести ФБИ доколку го известел својот адвокат за писмото.[180] Само кога обезбедувале комуникациски услуги библиотеките биле задолжени од обновениот (реауторизацискот) закон да поднесат писмо до ФБИ доколку давале такви услуги за корисникот на таквите услуги доколку тоа било побарано од ФБИ.[181] Повторно одобрениот (реауторизациски) закон му наложил на Јавниот обвинител да поднесува полугодишен извештај до Комисиите на Сенатот и Конгресот; Судската комисија, Разузнавачката комисија, комисијата на конгресот за финансиски услуги, комисијата на сенатот

за банкарство, домување и урбанизам за сите национални безбедносни писма (NSL) кои биле побарани според Законот за чесно кредитно известување.(*Fair Credit Reporting Act )*[182]

Измени биле направени за подвижното прислушкување на Патриотскиот закон на САД. Аплицирањето и наредбата за прислушување мора да дадат точен опис за метата и начинот на кој се бара прислушувањето – надгледувањето доколку идентитетот на метата не е познат. Доколку природата и локацијата на секој од објектите кои се зема за цел не е позната, тогаш агенцијата е должна во рок од 10 дена по извршувањето на надгледувањето да го извести судот. Известувањето мора да ја вклучи потребата од таквата активност, локацијата на секој објект кој бил под присмотра на електронското набљудување. Мора да бидат опишани фактите и околностите од страна на агенцијата врз основа на кој тие имале сомнение и го извршиле електронското набљудување. Доколку имало отстапување во набљудувањето тогаш тоа мора детално да биде наведено како и причините поради кои тоа било извршено. Мора да бидат наведени и сите средства кои што биле користени при таквото следење.[183]

Секција 213 од Патриотскиот закон на САД била модифицирана. Претходно таа наложувала закаснетите известувања за спроведено набљудување да бидат доставени во догледно време. Ова било забележано како неразумно, бидејќи ваквата неодговорност можела да трае во недоглед. Така што рок од 30 дена бил даден на агенцијата да ги извести личностите или телата кои што биле под присмотра а кај кој не се утврдила никаква незаконска работа да бидат известени дека биле цел на присмотра од некоја агенција за безбедност на владата на САД. Секција 213 истакнува дека закаснетите известувања може да поминат и да бидат применувани доколку има разумна причина да се верува дека обезбедувањето на итно известување на престанокот на важноста може да има неповолен резултат. Ова било критикувано посебно од американската библиотекарска асоцијација (ACLU), поради можноста од злоупотреба на агенциите кои го спроведуваат законот,[184] и било подоцна изменето за воопшто да нема закаснето известување „доколку тоа се прави само за да се одложи некое судење.“[185]

Реавторизацискиот акт ја зголемува и моќта на Конгресот за поголемо надгледување на агенциите кои се занимаваат со итно откривање на комуникациските провајдери кои се опфатени со Патриотскиот закон на САД под секција 212.[186] Должината на надгледувањето од страна на (FISA) надгледување и физички претрес биле зголемени – пролонгирани. Надгледувањето извршено против „осамените волци терористи" под секција 207 на Патриотскиот закон на САД било зголемено 120 дена од почетната наредба – барање за следење додека пак уредите за прислушкување кои биле поставувани за нивно прислушување можеле да бидат законски поставени од претходните 90 дена сега било продолжено на година. Повторно одобрениот (реауторизацискиот) закон ја зголемил и моќта на Конгресот на кој му се доставувале полугодишни извештаи за физичкото надгледување и прислушувањето под (FISA).[187] Законот за терористите „осамените волци" секција 207 требало да истече, но била продолжена со законот од 2004 За реформи на разузнавањето и превенција на тероризам (*Intelligence Reform and Terrorism Prevention Act of 2004.*) Повторно одобрениот (реавторизацискиот) закон го продолжил важењето на овој закон до 31 декември 2009 година.[188] Измената на материјалната поддршка извршена во законот За реформи на разузнавањето и превенција на тероризам (*Intelligence Reform and Terrorism Prevention Act of 2004.*).[141] станала трајна,[189] Дефиницијата за тероризмот била проширена и било вклучена воената обука која се добивала од странска терористичка организација и наркотероризмот (narcoterrorism).[190] Други делови од Патриотскиот закон на САД и повторно одобрениот (реавторизацискиот) закон биле споени со незаконското предизвикување на судири на возови (18 U.S.C. § 992) и незаконското предизвикување на судири и напади на системот за масовен транспорт (18 U.S.C. § 1993) и нивно внесување во нов дел од законот во Наслов 18 (Title 18 of the U.S. Code (18 U.S.C. § 1992)) и актот за планирање на терористички напад врз системот за масовен транспорт е направен кривично дело.[191][192] (Forfeiture law) бил изменет и сите средства кои спаѓаат под јурисдикција на САД ќе бидат запленувани доколку некој кој и да е е фатен во САД или пак во странство како нелегално превезува нуклеарни, биолошки, хемиски или радиоактивни елементи.[193] Насока од Конгресот е дадена околу жртвите на тероризмот на кои што треба да им се доделат запленетите средства (финансиски) со кои што располагале терористите.[194]

## 5.6 Улогата и ефикасноста на легислативата во борбата против тероризмот

Законската регулатива не смее да претставува препрека за ефикасно дејствување на специјалните сили на САД (дома и во странство - *види погоре САД Патриотски закон)*

Голем број од противтерористичките закони се наменети за зголемување на нивото на заштита на животите и имотот, со давање посебни овластувања на институциите задолжени за нивно спроведување, кои им помагаат во фаќањето и донесувањето пресуди за терористите. Со овие закони се зајакнува меѓународната соработка во борбата против тероризмот, во сферата на екстрадицијата и судење според принципот „At dedere, aut judicare". Определени закони имаат првенствено симболична или психолошка функција со изразување на реално загрозување со определени акти на терористичко насилство.

Законите преставуваат и правен израз за отсликување на огорченоста - револтот на јавноста, како и потврда на политиката дека против тероризмот ќе се преземаат остри мерки за зголемување на индивидуалната и националната безбедност. Тоа праќа симболична порака од страна на власта дека нешто прави, односно дека има цврст став за ефикасен одговор против тероризмот. Но всушност вистинскиот одговор го даваат специјалните сили на САД кои што се чеканот кој што удира секаде каде што ќе бидат забележани терористите или нивните помагачи. За таа цел по 11 септември САД воведуваат специјални противтерористички мерки со цел да се засилат нормалните закони со кои што државата треба да им се спротистави на терористичките закани. Но специјалните мерки се меч со две острици, бидејќи кријат многу опасни стапици – ризик за успешно функционирање на демократскиот систем или вовед во промоција на тоталитарен систем или трасирање на патот кон полициска држава на татковинска безбедност, во која секој ќе се сомнева во секој и секој ќе го шпионира секого. Никогаш во противтерористичката пракса не смее да се дозволи да дојде до применливост на методите кои не се компатибилни со либералните вредности на либералната демократија – хуманост, слобода и правда. Суспендирањето на либералните права на подолг рок не само што не ја заштитува демократијата туку истата многу лесно ја „трансформира" во

диктатура со силно изразен репресивен апарат. Демократијата мора да остане верна на самата себе дури и во најтешките кризи независно од нивниот генератор. И во најтешките варијанти на терористички закани либерално - демократската власт, секогаш има примарна улога и должност да го зачува уставното владеење, без узурпација на било кои сегменти на демократскиот устав со воведување на вонредни декретни и други непопуларни мерки. Острицата на противтерористичкиот одговор треба да се насочи исклучиво само против терористите и нивните соработници, а никако против сопствените граѓани и нивните витални општествени вредности. Во минатото, па и денес, затворите преставуваат значајна школа за терористите, посебно ако се осудени на помали затворски казни, по чие издржување ќе следи брза реинтеграција во самото јадро на терористичката организација. Само нивната затворска изолација на подолг рок може ефикасно да ги исфрли од борбениот строј без можност за нивно реактивирање.(Гвантанамо според доктрината на САД) Крајот на долгата затворска казна (ако успеат да го дочекаат) треба да преставува нивно пензионирање и крај на нивната терористичка кариера. Но според сите правни експерти во ситуација кога е неминовно донесувањето и примената на против терористичката легислатива, таа треба да биде ограничена со три клучни мерки;

- Сите аспекти на противтерористичката политика и на нејзината примена треба да бидат ставени под општа контрола на цивилните власти и аналогно на тоа целосно да подлежат на демократска одговорност.

  Ако во општеството не постојат механизми за демократска контрола и надзор на оваа мошне сензитивна безбедносна и политичка сфера, последиците на подолг рок ќе бидат мошне штетни и крајно контрапродуктивни за самата држава.
- Сите противтерористички операции мора да се спроведуваат во согласност со законите на конкретната држава. Терористите ќе мора да се изведат пред суд и да се одржуваат нормални правни и судски процеси.
- Специјалните овластувања треба да бидат одобрени само на определен и ограничен рок и под претпоставка нивното донесување да биде неопходно и нужно.

Сите обиди за трансформација на терористичките организации во демократски политички партии неминовно продуцираат појава на нови, крајно екстремни и радикални групи кои упорно настојуваат и успеваат да ја продолжат својата терористичка кампања.

Терористичките напади на силите за зачувување на мирот и хуманитарните организации се постојани посебно во Ирак, Авганистан, Чеченија и државите кои се наоѓаат околу нив. Мировните сили и припадниците на хуманитарните организации стануваат секојдневна мета на терористичките организации кои според терористичките организации се (неканети гости). Тие сметаат дека овие сили се кочница во реализацијата или вршат пролонгирање на реализацијата на нивните цели, препрека за остварување на поголема моќ или остварување на поголема воено – стратегиска, воено – политичка позиција или поповолна ситуација за уништување на непријателот. Обично нападите врз мировните сили се добро пресметани се со цел за предизвикување што поголем број на жртви меѓу мировните сили за нивно побрзо повлекување и повторно продолжување на нестабилната состојба. Има и ситуации кога по воспоставувањето на цивилната власт некоја од завојуваните страни ќе ја изгуби доминацијата во демократското општество повторно го зема оружјето и продолжува со конфликтното однесување. За да се поврати назад изгубената доминација. Често пати терористичките напади врз миротворците успеваат, што ги охрабрува терористите да продолжат со нивната примена. Терористите се свесни за разорните ефекти и значајниот стратегиски ефект што може да го оствари експлозијата на една бомба против најголемата светска воена сила. Понекогаш и некои соседни земји ги помагаат нападите на терористичките организации (директно или пак индиректно) заради остварување на некои свои интереси во земјата каде што е извршен нападот или пак за остварување на некои интереси во поширокиот регион. По повлекувањето на мировниците овие држави максимално ја искористуваат новосоздадената прилика за остварување на превласт врз територијата на државата зафатена со конфликтот (пр. Сирија – Либан, посебно долината Бека позната како центар за терористичка обука и инфилтрација на терористи во Израел). Во постконфликтните држави и региони, покрај мировните сили може да се инфилтрираат и разузнавачките служби на државите спонзори на тероризмот и да спроведуваат воена и неконвенционална обука на определени паравоени и терористички организации за сопствени цели.

Мировните напори честопати можат да бидат минирани и од надворешни сили на кои им пречи евентуалниот успех и посакуваниот исход на мировниот процес, односно кога зачувувањето на мирот добро напредува.

Нападите на хуманитарните мисии и чуварите на мирот вклучуваат поставување на нагазни мини, активирање на автомобили и камиони бомби, физичка ликвидација со употреба на снајперски пушки, грабнување, застрашување и закани со бомби, напади на нивните бази со гранатирање и ракетирање. Во арсеналот на нивните терористички антимировни активности спаѓаат и логистичките саботажи во кои спаѓаат труењето на изворите со храна и вода, напади на конвоите за транспорт, но и ликвидација на помошниот персонал вклучен во службите за логистичко обезбедување. Во секој случај, политичкото насилство може да ги уништи и да ги прекине хуманитарните и мировните напори посебно на местата на периферијата кои не се од витално значење за националните интереси на САД и другите големи сили. Спротивно на ова пак, овие сили во други држави и региони во светот често пати покажуваат „претерано чување на мирот“ посебно во земјите со стратегиско значење за нивните национални интереси и цели.

Во терористичката пракса не е многу значајно дали хуманитарците се невооружени, без било каква политичка програма и пристрасност, туку за нив е значајно дали им се корисни како луѓе коишто им даваат помош, како заложници или како убиени странци.

Се додека терористите сметаат дека тие се препрека за разгорување на кризата, се дотогаш тие ќе бидат „непожелни гости“ и одлична мета за напад – нивни жртви. Најчесто ги обвинуваат за шпионажа (иако има и такви случаи) и како такви може да ги протераат, злоупотребат или ликвидираат.

Тероризмот денес се повеќе и повеќе се појавува како „темпирана бомба“ за минирање на мировните процеси и за прекинување на голем број мировни и хуманитарни мисии во многу кризни региони на светот. Од овие терористички активности најголема корист има тероризмот, а најмногу страда мирот и хуманоста.

Политиката на САД за борба против тероризмот располага со широк спектар на опции за нејзино спроведување со примена на многубројни активности како на домашен така и на меѓународен – глобален план. Нивните активности на овој план се движат од дипломатски активности (дипломатски

разговори и преговори) закани до економски блокади и санкции, операции за спасување на нивните граѓани и припадници на воено-безбедносните структури, апсење и судско гонење. Во определени потешки варијанти на загрозување на нивните национални интереси и националната безбедност, нивните активности може да ескалираат до примена на разни одмазнички акции и форми на казнени мерки на воените сили се до отворена воена интервенција. По нападите од 11 септември, САД прибегнаа кон примена на „отворена војна против тероризмот" во Авганистан и Ирак со што се отвори нова страница во воената теорија и пракса, како и нова страница во борбата против тероризмот на глобален план. Новата синтагма „војна против тероризмот " го означи и почетокот на новиот вид војни уште во почетокот на новиот век и милениум, но дали е можно и колку ќе биде успешна „војната" против овој флуиден непријател многу брзо ќе покаже времето и настаните кои ќе следат во блиска иднина. При конечниот избор на секоја од овие опции, нужно е да се разгледаат сите предности и недостатоци (добри и лоши страни), како и сериозните импликации во однос на борбата против тероризмот од досега согледаното после 2007 година гледаме константно намалување на терористичките напади кои почнаа се помалку и помалку да се појавуваат посебно во земјите од западниот свет. Но константата на нивното појавување во земјите од третиот свет и понатаму продолжува со несмалена жештина. Како ќе одговорат на ова земјите од западниот свет посебно САД останува да видиме бидејќи тероризмот од овие неразвиени земји лесно повторно може да се прелее во убавиот запад.

# 6. Заклучок

*„Vincente auto mor“*

„Да победиш или да умреш“

По трагичните напади на тероризмот во Токио, Оклахома, Њу Јорк и Мадрид, можеме да извлечеме некои основни поуки кои се применливи како одговор на противтерористичката кампања на демократските општества предводени од САД.

По завршувањето на студената војна и започнувањето на мировниот процес на Блискиот Исток и во другите невралгични региони, тероризмот не само што не исчезна туку напротив почна да напредува уште поинтензивно дури појавувајќи се и во други региони меѓу кои и Балканот.

Национализмот и регионалниот фанатизам и муслиманскиот фундаментализам кои денес се основа на модерниот тероризам, успешно егзистираа и во ерата на Студената војна за својата кулминација да ја достигнат по рушењето на берлинскиот ѕид.

Новите судири се појавија таму каде што претходно цветаше братството и единството судири се јавија и во самиот поранешен Советски сојуз како и во останатите посткомунистички земји кои произлегоа од распадот на СССР.

Блиско источниот договор повторно во тој период се наоѓа пред знак прашање – на мртва точка поради израелската политика во тој период за ликвидација на сите лидери на Хамас како и на сите други терористички организации и милитантните сили кои делуваат во појасот Газа.(убиството на духовниот водач на Хамас – Ахмед Јасин). Во овој регион големо негативно влијание врши и Иран (исламската република) кој со средства и финансии ги поддржува терористичките организации во овој регион.

Светот во овој и наредниот период се повеќе ќе се соочува со глобалниот Џихад – света војна, која звучи се попривлечно за младите идеалисти од исламскиот свет. Многу од изворите на современиот тероризам, како што е национализмот, етнонационализмот, религиозниот фанатизам и екстремизмот немаат ништо заедничко со ерата на Студената војна. Со бледнеењето на идеолошката мотивираност на терористичките групи (продукт на идеолошката

конфронтираност во периодот на Студената војна), претходно потенцираните извори уште повеќе го засилија своето движечко дејство врз современиот тероризам насекаде во светот. По Студената војна тероризмот како да ја доживеа својата ренесанса која својата кулминација ја достигна на 11 септември 2001 година во Њу Јорк. Денес тероризмот е сеуште со нас тој станува само покрволочен и поинтензивен отколку порано. Најголем удар тероризмот доживува на 2 мај 2011 Аботабад Пакистан кога е убиен основачот и водачот на најголемата и најозлогласената терористичка група Ал Каеда (Осама Бин Ладен).

Одговорот на тероризмот од страна на демократските држави треба да се потпира врз нивните респективни противтерористички капацитети и знаење. Во противтерористичката борба предничат секогаш навремените податоци добиени од разузнавачките служби кои се раката која го држи чеканот кој што треба да удри врз металот кој што е поставен на наковалната целиот процес на борбата против тероризмот може да се постави како ковач кој го кова железото разузнавачките служби се раката која го држи чеканот чеканот се специјалните сили кои ги спроведуваат контратерористичките акции железото е терористичката група или ќелија, оперативци кои ќе бидат пресретнати и уништени и наковалната е местото каде што ќе се изврши акцијата.

Точните разузнавачки податоци ни помагаат навремено да знаеме дека ќе се случи нешто со што треба да се преземат навремени подготовки за да се спречи или да се неутрализира терористичкиот инцидент.

Терористичките апетити секојдневно растат, пред дваесетина години терористите се задоволуваа со напади врз одреден функционер, државник, богат индустријалец со минимален број на жртви, се внимаваше да не бидат опфатени широките народни маси. Но во денешно време тероризмот претрпе големи промени кон полошо за општеството во целост и подобро за тероризмот. Тероризмот стана многу покрволочен повеќе не им се цел поединците туку широките народни маси насекаде во светот. Прагот за употреба на оружјето за масовно уништување е поминат уште одамна прашање на време е кога ќе биде и тоа употребено врз невиниот граѓанин. Новото информатичко општество е исто така подложно на сајбер тероризмот кој зема се поголем замав. Со сајбер нападите ќе се предизвика непроценлива штета на целокупната инфраструктура, како и на функционирањето на политичкиот систем во целина. Со што можат да

се постигнат и идентични резултати како со примена на нуклеарно оружје или другите видови на оружја за масовно уништување.

Планирањето, координацијата и навремено преземените мерки во голема мерка ја намалуваат ранливоста на демократските општества. Мерките за физичка заштита сами по себе не претставуваат доволна гаранција за успешно спротиставување на терористичките закани. Има голем број на други мерки кои не се видливи за обичниот граѓанин но кои во голема мерка ја зголемуваат безбедноста на општеството. Разузнавањето е една од тие мерки, посебно кога е потпомогнато од свесноста на самите граѓани кои доколку приметат нешто сомнително веднаш реагираат до надлежните служби или центарот за кризи. Мобилизирањето на политичката волја и поддршката од сите демократски елементи само повеќе ги зголемува противтерористичките потенцијали на демократското општество и го зајакнува самото општество за одговор спрема тероризмот.

Противтерористичкиот одговор мора да има и државна и меѓународна димензија. Ваквиот одговор на тероризмот се базира на тоа што денешните терористички организации имаат се повеќе интернационален карактер тие оперираат на сите континенти и многу брзо го менуваат своето лице – постојано се прилагодуваат кон новите средини. Меѓународните аспекти се претставени со; финансирањето, набавката на оружје и експлозиви, политичките врски кои после 11 септември 2001 од јавни преминаа во тајни, размената на слободните инструктори платеници кои немаат идеологија и имаат само една цел да спечалат што повеќе пари. За успешно денешните држави да им се спротистават на ваквите терористички организации мора непрекинато да се работи на координација и зајакнување на меѓународната противтерористичка разузнавачка активност и соработката помеѓу државите на светско и регионално ниво.

Државата треба внимателно да се бори со терористичките закани со хируршка прецизност (делот каде што настапуваат специјалните сили) да удира врз терористите и врз никој друг со максимална претпазливост да се внимава да не се предизвика никаква колатерална штета или пак таа доколку е неминовна да биде сведена на минимум. Државата не смее да манифестира попустливост, неодлучност и слабост во одговорот кон тероризмот но во исто време не смее да претера со својата бруталност и жестокост.

**„Секоја терористичка закана е опасна на свој начин и аналогно на тоа, одговорот на секоја закана ќе биде различен и оригинален, а исходот во исто време многу непредвидлив и неизвесен.“ стр. 388 Д-р Митко Котовчевски Македонска цивилизација Скопје, 2004 Борба против тероризмот.** Тероризмот го означи и почетокот на новиот милениум, со јасна порака дека деновите и во новиот милениум ќе почнуваат и ќе завршуваат со тероризмот и со стравот од тероризам. Кулминацијата тероризмот ја достигна во новиот милениум со нападите од 11 септември во Њу Јорк – врз кулите близначки и врз Пентагон полу успешниот напад врз зградата на министерството за одбрана на САД за среќа делот од авионот кој што падна до Пентагон сепак удри во онаа страна која се уште се реновираше така што жртвите беа минимални (деловите кои се реновирани на Пентагон се појачани – блиндирани со блиндирани стакла максимално ниво на заштита така што експлозијата и пожарот не успеаја да се пренесат на останатиот дел од зградата). Остана само неуспешниот терористички напад врз Белата Куќа. Но терористичките напади не запреа и овде туку продолжја и во следните години како во Шпанија 2004 така и во Велика Британија 2005 и во Руската Федерација. Можеме да кажеме дека сме сведоци на нова фаза која што го означува почетокот на зголемена соработка помеѓу терористичките организации, посебно оние со исламистички предзнак. Се остварува пишувањето – прогнозата на Хантингтон за судирот на цивилизациите така што можеме да се запрашаме што ќе биде следно судир за ресурси кои можеби и е веќе започнат под превезот на нешто друго. За сите овие напади можеме да кажеме дека имаат верски исламистички – предзнак. Извршителите се многу по флуидни нивната келиска разместеност е многу по тешко да се открие бидејќи тоа се луѓе кои што со години живееле нормален (навидум) живот. Тоа се новите спиечки келии на Ал Каеда кои се наоѓаат насекаде низ светот кои се активираат по потреба. Во новиот милениум тероризмот можеме да кажеме дека ни подари една нова олимпијада – Олимпијада на жртви проследена и со една нова олимпијада вредноста и статусот на симболите кои што се напаѓаат како и тука можеме да видиме дека сепак и новите терористи ги следат делата на своите претходници: **флуидност, кога непријателот е јак и нервозен притаи се, кога непријателот мисли дека си блиску ти биди далеку, кога мисли дека си далеку ти биди блиску и удри, кога тој ќе се опушти тогаш ти нападни го;**

некои од советите на познатиот бразилиски герилец – терорист како за кого **Карлос Маригела**. Одговорот на Западната цивилизација е повеќе од видлив (специјалните сили посебно на САД се секаде онаму каде што е потребно нивното дејство против флуидниот непријател тероризмот резултатите се повеќе од видливи а кулминацијата е достигната со задавањето на најголемиот удар убиството на Осама Бин Ладен од страна на СЕАЛ тимот 6) резултатите се гледаат но борбата против тероризмот не се добива за 24 часа туку таа трае и ќе трае уште неколку десетици години. Крајниот исход се надеваме дека ќе биде поразителен за поголемиот дел на терористички организации посебно оние со исламистички предзнак кои своите долги раце пополека почнаа да ги пружаат и кон Балканот и во Република Македонија.

# 7. ИЗВОРИ НА ИНФОРМАЦИИ И КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА - Библиографија


- **Митко Котовчевски – Слаѓана Божиновска Македонско – Англиски речник на разузнавачка терминологија 2009**
- **Митко Котовчевски Полемологија Скопје 2011**
- **Проф. Д-р Митко Котовчевски Разузнавачко безбедносните заедници на државите во југоисточна европа Скопје 2007**
- **Митко Котовчевски Разузнавачката заедница на САД Скопје 2007 год.**
- **Митко Котовчевски Менаџирање на терористички закани Скопје 2011 год.**
- **Brzezinski Z.** (2004) *The Choise: Global Domination or Global Leadership* Basic Books, New York
- **Brzezinski Z.** (1997) *The Grant Chesboard, American Primacy and Its Geostrategic Imperatives.*
- **Charls W. Kegley, Jr.,and Eugene R. Wittkopf**, World Poltics *Trend and Transformation,* Thomson Learning, London, 2004.
- **Fukuyama F.** (1992) *The End of History and the Last Man*, Penguin Books.
- **Henry Kissinger, Does America need a foreign policy**?, Toward Diplomacy for the 21 st Century, Simon & Schuster, 2002
- **Nato Handbook**, 2001, Nato office of Information and Press, 1110 Brussels, Belgium.
- **Nato Handbook**, 2006, Nato office of Information and Press, 1110 Brussels, Belgium.
- **Нацев Зоран и Начевски Ратко; Безбедност и национална одбрана, Македонска ризница, Куманово 2001**
- *National Security Strategy of United States of America*, September 2002
- **Митко Котовчевски; „Борба против тероризмот“ Македонска цивилизација Скопје 2004 година**
- **Митко Котовчевски; „Современ тероризам“ Македонска цивилизација Скопје 2003 година**
- The Terrorists their weapons, leaders and tactics by Christopher Dobson and Ronald Payne 1979
- Terrorism by David J. Whittaker last published in 2007
- Terrorism by Rosemary H. T. O`Kane published in 2007
- Fukuyama Francis: Kraj povjesti i poslednji covek, Zagreb, 1994.

- Handbook Israel Напаѓачи Counter terrorism training centers – International security academy
- Одговор Тероризму Милан Мијалковски Београд 2005
- Антитероризам Д-р Радослав Гаќиновиќ Београд 2005
- Дипломска „Специјалните сили на денешницата“ – Васе Николовски ментор Проф Д-р Митко Котовчевски Скопје 2007 година
- Основи на воената вештина Бранислав В. Лабан – Воко Скопје 1984
- Heroes by James Holland published in Great Britain 2006
- http://archives.gov/exhibits/charters/constitution.html
- Иван Бабановски, ЦИА (Covert I Action) Млад борец, Скопје, 1989
- Rudolf C. Bornes JP, Специјални операции и закон, Military Review, јануари 1986
- М-р Зоран Верушевски, Поимно – нормативно одредување и меѓународно реагирање на тероризмот, Безбедност, списание на МВР на РМ бр. 1 мај 1991
- Полк. Душан Виликќ , Специјално ратовање у концепту неких западних земаља, Одбрана и заштита 3/1973
- Боб Вудворд, Тајни рат ЦИА 1981 – 1987, Њујорк 1988
- Д-р Михајло Вучиниќ, Ограничени војни, БИНЦ, Београд 1987
- David Dean, Улога РВ у сукобу ниског интензитета, The Air Force Polein Low – Intensity conflict, 1986
- Viscente Dias de Viljegas Ereria, Лично вооружување на специјалните единици, 7/80
- Николо Макијавели „Владетел“ – Силсонс Скопје, 2004
- Sun Cu Sveobuhvatno Umece Ratovanja – kompletan prevod Alnari doo 2005
- „Господари на Хаосот“ – тајната историја на специјалните сили на САД од Линда Робинсон АЕА Издавачи Мисла Скопје, 2005
- „Специјални сили“ – полковник Владимир Терповски Прима Скопје април 1998
- Милан Р. Пашански, Тероризам без граница, Политика, Март, 1989
- Paragear, Каталог за 2004, Илиноис САД
- Darragh Shaun, Ренџери и специјални сили, Army 12/85
- www.**US House of Representatives web site**

- Ray E. Stratton, August G. Junnarne, Доктрината на силите за специјални операции
- Уставот на САД (Constitution of the United States)
- Authorization for Use of Military Force (S.J.Res. 23, Public Law No. 107-40)
- Effective Counterterrorism Act of 1996 (H.R. 3071)
- Intelligence Reform and Terrorism Prevention Act of 2004 (Conference Report) (PDF)
- National Intelligence Reform Act of 2004
- Preparedness Against Terrorism Act of 2000 (H.R. 4210)
- Terrorism: Section by Section Analysis of the USA Patriot Act (PDF)
- Tracking Current Federal Legislation and Regulations: A Guide to Basic Sources (PDF)
- Beckwith, Charles (with Donald Knox) (1983). *Delta Force*
- Haney, Eric L. (2002). *Inside Delta Force*. New York: Delacorte Press, 325. ISBN 978-0-385-33603-1.
- Bowden, Mark (1999). *Black Hawk Down: A Story of Modern War*. Atlantic Monthly Press. Berkeley, California (U.S.). ISBN 0-87113-738-0 about Operation Gothic Serpent
- Bowden, Mark (2001). *Killing Pablo: The Hunt for the World's Greatest Outlaw*. ISBN 0-87113-783-6 about the hunt for Pablo Escobar
- Bowden, Mark (2006). *Guests Of The Ayatollah: The First Battle In America's War With Militant Islam*. Atlantic Monthly Press. ISBN 0-87113-925-1.
- Bowden, Mark (May 2006). "The Desert One Debacle". *The Atlantic Monthly*. http://www.theatlantic.com/doc/200605/iran-hostage.
- Naylor, Sean (2005). *"Not a Good Day to Die: The Untold Story of Operation Anaconda"*, Penguin Group, New York about Operation Anaconda
- Griswold, Terry. "DELTA, America's Elite Counterterrorist Force", ISBN 0-87938-615-0
- National Geographic Documentary: *Road to Baghdad*
- Pushies, Fred J., et al. (2002). U. S. Counter-Terrorist Forces. Unknown: Crestline Imprints, 201. ISBN 0-7603-1363-6.
- Hartmut Schauer: *Delta Force*. Motorbuch Verlag, Stuttgart 2008. ISBN 978-3-613-02958-3
- Dalton Fury: "Kill Bin Laden", ISBN 978-0-312-56740-8

- (George Tenet. “At the Center of the Storm: My years at the CIA”. HarperCollins. P.243)
- DoD official web page
- Закон за противтероризам од 1996 година (изгласан од 104 конгрес на САД) познат и како (H.R.3071. IH) **(H.R.3071 -- Effective Counterterrorism Act of 1996 (Introduced in House - IH))**

## Референци за Делта форс


1. Eric L. Haney, 'Inside Delta Force: The Story of America's Elite Counterterrorist Unit', Delacorte Press, 2002

2. North, Oliver (2010). *American Heroes in Special Operations*. B&H Publishing Group. p. 9. ISBN 9780805447125. http://books.google.com/?id=CODVISdxxssC&pg=PA9&dq=tier+one+special+forces#v=snippet&q=Delta%20force%20or%20Combat%20Application%20Group&f=false.

3. http://www.military.com/Recruiting/Content/0,13898,rec_step02_special_forces,,00.html

4. Beckwith, Charles. "Delta Force", Avon Books, 2000. (Mass market paperback; original work published 1983.) ISBN 0380809397. (pg. 39)

5. Beckwith, Charles. "Delta Force", Avon Books, 2000. (Mass market paperback; original work published 1983.) ISBN 0380809397

6. Gabriel, Richard A. (1985). *Military Incompetence: Why the American Military Doesn't Win*, Hill and Wang, ISBN 0-374-52137-9, pp. 106–116. Overall, the Holloway Commission blamed the ad hoc nature of the task force and an excessive degree of security, both of which intensified command-and-control problems.

7. Naylor, Sean (2006). *Not a Good Day to Die: The Untold Story of Operation Anaconda*. Berkeley: Berkley Books. ISBN 0425196097

8. Sean Naylor, *Expansion plans leave many in Army Special Forces uneasy*, Armed Forces Journal, november, 2006.

9. ^ http://www.globalsecurity.org/military/agency/army/sfod-d.htm

10. Mountaineer. SFOD-D seeking new members. Fort Carson, Colorado: *Mountaineer* (publication). January 16, 2003.

11. "Fort Bragg's newspaper Paraglide, recruitment notice for Delta Force". http://us2.newsmemory.com/ee/paraglide/default.php. Retrieved November 17, 2009.

12. Beckwith, Charlie A (1983). *Delta Force*. Harcourt.

13. Haney, Eric L. (2002). *Inside Delta Force*. New York: Delacorte Press. pp. 325. ISBN 9780385336031.

14. Waller, Douglas (2003-02-03). "The CIA's Secret Army". TIME (Time Inc). http://www.time.com/time/magazine/article/0,9171,1004145-1,00.html

15. "Unit Profile: 1st Special Forces Operational Detachment - Delta (SFOD-D)". http://www.specialoperations.com/Army/Delta_Force/unit_profile.htm. Retrieved 2010-03-10.

16. Bowden, Mark (1999). *Black Hawk Down: A Story of Modern War*. Berkeley: Atlantic Monthly Press. ISBN 0-87113-738-0

17. [Ronald H. Cole, 1997, *Operation Urgent Fury: The Planning and Execution of Joint Operations in Grenada 12 October - 2 November 1983* Joint History Office of the Chairman of the Joint Chiefs of Staff Washington, DC], p.62.]

18. Castro, Janice; Thomas A. Sancton; Bernard Diederich (1984-08-13). "Terrorism: Failed Security". *TIME*. http://www.time.com/time/magazine/article/0,9171,926759,00.html.

19. Offley, Edward (2002). "Chapter 13 - Going to War I: Realtime". *Pen & Sword: A Journalist's Guide to Covering the Military*. Marion Street Press, Inc. p. 220. ISBN 9780966517644. http://books.google.com/?id=qYVi8qrEUxIC.

20. Smith, Mark (March 6, 2007). *Killer Elite*. St. Martin's Press. ISBN 0312362722. http://books.google.com/?id=xMj69G2CxjwC.

21. [1]

22. [2]

23. Special Forces Operational Detachment - Delta

24. News: Delta's down with it (Seattle Weekly)

25. September 2003 Engineer Update

26. Norton-Taylor, Richard; Borger, Julian; Harding, Luke (November 27, 2001). "Revealed: how bungled US raid came close to disaster". *The Guardian* (London). http://www.guardian.co.uk/world/2001/nov/06/afghanistan.terrorism8.

27. "JSOC task force battles Haqqani militants". http://www.armytimes.com/news/2010/09/army-haqqani-092010w/. Retrieved October 30, 2010.

28. W:\pmtr\ventura\#article\noonan.vp

29. [3]]

30. [4]]

## Надворешни линкови

- The official website of the United States Department of Defense (DoD)
- The official website of the United States Army
- Shadow Spear Special Operations: SFOD
- Special Operations.com Delta Force Article
- Transcript of Sean Naylor's speech to American Enterprise Institute
- 1st Special Forces Operational Detachment (Airborne) DELTA at Global Security


## Референци за ситуационо лидерство


1.COL Kent E. Erving and LTC David A. Decker, "Adaptive Leaders and the Interim Brigade Combat Team, *Military Review* (September-October 2000), 24.

2.US Army Field Manual (FM) 22-100, *Army Leadership* (Washington, DC: US Government Printing Office [GPO], 1999).

3.Ibid., 3-19.

4.FM 22-5, *Drill and Ceremony* (Washington, DC: GPO, 1986).

5.J.W. Anderson, "The Prediction of Combat Effective Leadership," University of Washington Dissertation, Dissertation Abstracts International, 41-5b, 1968-1969.

6.David D. Van Fleet and Gary A. Yukl, *Military Leadership: An Organizational Perspective* (Greenwich, CT: JAI Press Inc., 1986).

7.Anderson.

8.N.F. Dixon, "Leaders of Men," In M. Syrett and C. Hogg, *Frontiers of Leadership: An Essential Reader* (Okford, UK: Blackwell, 1976).

9.Anderson.

10.Dixon.

11.T.O. Jacobs, "Intro to Section 4," in R. Gal and A.P. Mangelsdorf, *Handbook of Military Psychology* (Chichester, UK: John Wiley and Sons, Ltd., 1991).

12.Anderson.

13. A. Lau, "Military Leadership," in C. Cronin, *Military Psychology: An Introduction*, (Needham, Heights, MA: Simon and Schuster Custom Publishing, 1998).

14.Jacobs.

15.Walter F. Ulmer, "Military Leadership into the 21st Century: Another `Bridge Too Far?' " *Parameters* (Spring 1998), 4.

16.L.E. Atwater and Francis J. Yammarino, Personal Attributes as Predictors of Superiors' and Subordinates' Perceptions of Military Academy Leadership, *Human Relations* (Greenwich, CT: JAI Press, Inc., 1993).

17.Lau.

18.Ibid.

19.James G. Hunt and John D. Blair, eds., *Leadership on the Future Battlefield* (New York: Pergamon Press Inc., 1985).

20.Paul Hersey and Kenneth H. Blanchard, *Management of Organizational Behavior: Utilizing Human Resources* (Englewood Cliffs, NJ: Prentice-Hall, Inc., 1969).

21.Anderson, Atwater, and Yammarino; Jacobs; Hunt and Blair; Ulmer.

22.Dixon.

23.Lau.

24.Paul Hersey, Kenneth H. Blanchard, and Dewey Johnson, *Management of Organizational Behavior: Utilizing Human Resources*, 7th Edition (Englewood Cliffs, NJ: Prentice-Hall Inc., 1996).

25.Van Fleet and Yukl.

26.Ibid., 61.

27.FM 22-100, *Military Leadership* (Washington, DC: GPO, 1990).

28.Hersey, Blanchard, and Johnson (1996), 161.

29.Paul Hersey and Kenneth H. Blanchard, *Management of Organizational Behavior: Utilizing Human Resources*, 3d Edition (Englewood Cliffs, NJ: Prentice-Hall Inc., 1977).

30.Paul Hersey and Kenneth H. Blanchard, *Management of Organizational Behavior: Utilizing Human Resources*, 2d Edition (Englewood Cliffs, NJ: Prentice-Hall Inc., 1972); Hersey and Blanchard (1969).

31.Hersey, Blanchard, and Johnson (1996)

32.Ibid.

33.L.I. Moore, "The FMI: Dimensions of Follower Maturity," *Group and Organizational Studies*, Issue 1, 230.

34.Paul Hersey and Kenneth Blanchard, *Management of Organizational Behavior: Utilizing Human Resources*, 4th Edition (Englewood Cliffs, NJ: Prentice-Hall Inc., 1982); P. Hersey and K. Blanchard, *Management of Organizational Behavior: Utilizing Human Resources*, 6th Edition (Englewood Cliffs, NJ: Prentice-Hall Inc., 1993); Hersey and Blanchard (1988).

35.Hersey, Blanchard, and Johnson (1996).

36.Ibid.

37.Ibid.

38.Ibid., 207.

39.Ibid.; R.A. Gumpert and R.K. Hambleton, "Situational Leadership: How Xerox Managers Fine-Tune Managerial Style and Task Needs," *Management Review,* Issue 9.

40. Hersey, Blanchard, and Johnson (1996).

41.Ibid.

42.W. Norris and R. Vecchio, "Situational Leadership Theory: A Replication," *Group and Organization Management*, Issue 17, 331-2.

43.George W. Yeakey, "Hersey and Blanchard's Situational Leadership Theory: Military Applications," Doctoral Dissertation, NOVA Southeastern University, 2000.

44.Atwater and Yammarino.

45.Lau.

46.Ulmer.

47.Hersey, Blanchard, and Johnson (1996).

48.C.F. Fernandez and R.P. Vecchio, "Situational Leadership Theory Revisited: A Test of an Across-Jobs Perspective," *Leadership Quarterly*, Issue 8, 67-84.

49.FM 22-100 (1999), 3-15.

50.Hersey, Blanchard, and Johnson (1996).

51.FM 22-100 (1999), 3-15.

52.Ibid., 3-16.

53.B.R. Cook, "Situational Leadership Styles of Air Force Commanding Officer," University of La Verne, Doctoral Dissertation, Dissertation Abstracts International, 53-07A, 2570.

54.FM 22-100 (1990).

55.FM 22-100 (1999).

56.Hersey and Blanchard (1969 and 1974).

57.S.D. Naylor, "Soldiers Blame Low Morale on Poor Leadership," *Army Times*, (17 January 2000).

58.MAJ Keith B. Hauk and COL Greg H. Parlier, "Recruiting: Crisis and Cures," *Military Review* (May-June 2000), 73.

59.GEN Dennis J. Reimer, "Leadership Doctrine Turning Challenge into Opportunity," *Military Review* (May-June 1999), 3.

60.LTC Donald M. Craig, "Designing a Battalion Leadership Development Program," *Military Review* (May-June 1999), 7.

61.Department of the Army Pamphlet 350-58, *Leader Development for America's Army* (Washington, DC: GPO, 13 October 1994).

62.COL Maureen K. Leboeuf, "Developing a Leadership Philosophy," *Military Review* (May-June 1999), 28.

63.MAJ John M. Spiszer, "Leadership and Combat Motivation: The Critical Task," *Military Review* (May June 1999), 66.

64.Hersey and Blanchard (1988).

65.Hersey, Blanchard, and Johnson (1996).

66.Ibid.

67.Ibid.

## 3.4 Патриотски закон на САД - референци

***Влада на САД - портал***

- CIA
- Civil Contingencies Act 2004
- COINTELPRO
- Combat Zones That See
- Domestic Security Enhancement Act of 2003
- ECHELON
- Enabling Act of 1933
- FBI
- Foreign Terrorist Organizations
- Guardian (database)
- Huston Plan
- Information Awareness Office
- J. Edgar Hoover
- James Jesus Angleton
- Mark Riebling
- Ohio Patriot Act

## Референци

1. ^ Public Law Pub.L. 107-56
2. ^ 90 day extension for patriot act CBS news Feb 15, 2011

3. ^ "Safe Act Co-Sponsors say PATRIOT Act Conference Report Unacceptable", Washington Times, November 5, 2005.

4. ^ Full Text of Enrolled Bill H.R. 3162, GovTrack.us

5. ^ H.R. 2975, THOMAS

6. ^ S. 1510, THOMAS

7. ^ 2001 *Congressional Record*, Vol. 147, Page S11020 (October 25, 2001)

8. ^ 2001 *Congressional Record*, Vol. 147, Page S11021 (October 25, 2001)

9. ^ *a b* 2001 *Congressional Record*, Vol. 147, Page S11022 (October 25, 2001)

10. ^ H.R. 3162, THOMAS

11. ^ *a b* 2001 *Congressional Record*, Vol. 147, Page S10991 (October 25, 2001)

12. ^ "'Trust me' just doesn't fly". *USA Today*. April 12, 2005. http://www.usatoday.com/news/opinion/2005-04-12-patriot-act-our_x.htm. Retrieved July 11, 2008. "The conspiracies indictment disclosed Tuesday of three men already awaiting trial in England is a reminder that terrorism is a real threat, and most of the law is non-controversial."

13. ^ Steranko, Anastasia (September 19, 2003). "PATRIOT Act inspires discussion of civil liberties". The Pitt News. http://media.www.pittnews.com/media/storage/paper879/news/2003/09/19/News/Patriot.Act.Inspires.Discussion.Of.Civil.Liberties-1791796.shtml?sourcedomain=www.pittnews.com&MIIHost=media.collegepublisher.com. Retrieved July 11, 2008.

14. ^ Haigh, Anna (February 13, 2004). "Debate around Patriot Act increases". *News* (The Daily Pennsylvanian). http://media.www.dailypennsylvanian.com/media/storage/paper882/news/2004/02/13/News/Debate.Around.Patriot.Act.Increases-2152367.shtml?sourcedomain=www.dailypennsylvanian.com&MIIHost=media.collegepublisher.com. Retrieved July 11, 2008.

15. ^ THOMAS, S.1552.

16. ^ H.R. 3171, THOMAS

17. ^ S.1709, THOMAS

18. ^ *PBS* (February 7, 2007), Now with Bill Moyers, transcript.

19. ^ EFF Analysis of "Patriot II," Provisions of the Domestic Security Enhancement Act of 2003, *Electronic Frontier Foundation.* Retrieved August 30, 2007.

20. ^ "Control Sheet of the "Domestic Security Enhancement Act of 2003"" (PDF). Archived from the original on July 7, 2007. http://web.archive.org/web/20070707021138/http://publicintegrity.org/dtaweb/downloads/Story_01_020703_Doc_2.pdf.. Retrieved August 30, 2007.

21. ^ Singel, Ryan (March 12, 2003). "A Chilly Response to 'Patriot II'". *Politics : Law* (Wired News). http://www.wired.com/politics/law/news/2003/02/57636. Retrieved July 11, 2008.

22. ^ *United States Department of Justice* (February 7, 2007), Statement of Barbara Comstock, Director of Public Affairs

23. ^ 2001 *Congressional Record*, Vol. 147, Page S9368 (September 11, 2001)

24. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title X, Sec. 1002.

25. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title II, Sec. 218.

26. ^ Andrew C. McCarthy, "Why Section 218 Should be Retained". Retrieved January 23, 2006. *The Patriot Debates.*

27. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title II, Sec. 214.

28. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title II, Sec. 207.

29. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title II, Sec. 203.

30. ^ *a b* USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title II, Sec. 216.

31. ^ Analysis of Specific USA PATRIOT Act Provisions: Pen Registers, the Internet and Carnivore, Electronic Privacy Information Center. Accessed December 4, 2005.

32. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title II, Sec. 219.

33. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title II, Sec. 204 & 209.

34. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title II, Sec. 217.

35. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title II, Sec. 211.

36. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title II, Sec. 210.

37. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title II, Sec. 212.

38. ^ Field Guidance on New Authorities (Redacted), Federal Bureau of Investigation (hosted by the Electronic Privacy Information Center). Retrieved September 24, 2007.

39. ^ *a b* USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title II, Sec. 213.

40. ^ *a b* Singel, Ryan (September 26, 2007). "Court Strikes Down 2 Key Patriot Act Provisions". *Surveillance, The Courts* (Wired). http://blog.wired.com/27bstroke6/2007/09/court-strikes-2.html.

41. ^ *a b* Keller, Susan Jo (September 27, 2007). "Judge Rules Provisions in Patriot Act to Be Illegal". New York Times. http://www.nytimes.com/2007/09/27/washington/27patriot.html?ref=us.

42. ^ *United States Department of Justice*, The USA PATRIOT Act: Preserving Life and Liberty, pg. 2. Retrieved September 24, 2007.

43. ^ James Dempsey, "Why Section 206 Should be Modified" (undated), accessed January 7, 2006.

44. ^ *EFF*, "Let the Sunset on PATRIOT – Section 206: 'Roving Surveillance Authority Under the Foreign Intelligence Surveillance Act of 1978'". Retrieved December 28, 2005.

45. ^ *a b* USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title II, Sec. 215.

46. ^ Phillips, Heather A., "Libraries and National Security Law: An Examination of the USA Patriot Act". Progressive Librarian, Vol. 25, Summer 2005

47. ^ *American Library Association*, Resolution on the USA PATRIOT Act and Libraries, enacted June 29, 2005

48. ^ Mac Donald, Heather (Summer 2003). "Straight Talk on Homeland Security". City Journal. http://www.city-journal.org/html/13_3_straight_talk.html.

49. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title II, Sec. 208.

50. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title II, Sec. 221.

51. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title II, Sec. 205.

52. ^ O'Harrow, Jr., Robert (October 27, 2002). "Six Weeks in Autumn". *The Washington Post*: p. W06. http://www.washingtonpost.com/ac2/wp-dyn?pagename=article&contentId=A1999-2002Oct22&notFound=true. Retrieved July 11, 2008.

53. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title II, Sec. 224.

54. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title III, Subtitle A, Sec. 311.

55. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title III, Subtitle A, Sec. 314.

56. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title III, Subtitle A, Sec. 317.

57. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title III, Subtitle A, Sec. 312, 313, 319 & 325.

58. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title III, Subtitle A, Sec. 327.

59. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title III, Subtitle A, Sec. 313.

60. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title III, Subtitle A, Sec. 312.

61. ^ [a] [b] USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title III, Subtitle A, Sec. 319.

62. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title III, Subtitle A, Sec. 325.

63. ^ Amendment made to 18 U.S.C. § 1956(c)(7)(B)(ii) — for some reason an extra parenthesis was inserted into 18 U.S.C. § 1956(c)(7)(B)(iii), according to Cornell University, this was probably mistakenly added by law makers

64. ^ Illegal export of controlled munitions is defined in the United States Munitions List, which is part of the *Arms Export Control Act* (22 U.S.C. § 2778)

65. ^ See 18 U.S.C. § 922(l) and 18 U.S.C. § 925(d)

66. ^ Defined in 15 CFR 730–774

67. ^ [a] [b] USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title III, Subtitle A, Sec. 315.

68. ^ Defined in 18 U.S.C. § 541

69. ^ Defined in 18 U.S.C. § 1030

70. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title III, Subtitle A, Sec. 320. Amended 18 U.S.C. § 981(A)(1)(B)

71. ^ [a] [b] USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title III, Subtitle A, Sec. 323. Amended 28 U.S.C. § 2467

72. ^ Pursuant to 18 U.S.C. § 983(j)

73. ^ 28 U.S.C. § 2467(d)(3)(A)

74. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title III, Subtitle A, Sec. 328.

75. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title III, Subtitle A, Sec. 330.

76. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title III, Subtitle B, Sec. 356.

77. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title III, Subtitle B, Sec. 365.

78. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title III, Subtitle B, Sec. 359.

79. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title III, Subtitle B, Sec. 352, 354 & 365.

80. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title III, Subtitle B, Sec. 361.

81. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title III, Subtitle B, Sec. 362.

82. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title III, Subtitle B, Sec. 352.

83. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title III, Subtitle B, Sec. 354.

84. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title III, Subtitle B, Sec. 353.

85. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title III, Subtitle B, Sec. 364.

86. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title III, Subtitle B, Sec. 360.

87. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title III, Subtitle C, Sec. 371.

88. ^ So defined in 31 U.S.C. § 5313, 31 U.S.C. § 5316 and 31 U.S.C. § 5324

89. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title III, Subtitle C, Sec. 372. Amended 31 U.S.C. § 5317(c)

90. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title III, Subtitle C, Sec. 371. Amended 18 U.S.C. § 1960

91. ^ "The Patriot Act: Justice Department Claims Success". National Public Radio. July 20, 2005. http://www.npr.org/templates/story/story.php?storyId=4756706.

92. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title III, Subtitle C, Sec. 374. Amended 18 U.S.C. § 1960

93. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title III, Subtitle C, Sec. 376. Amended 18 U.S.C. § 1956(c)(7)(D)

94. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title III, Subtitle C, Sec. 377.

95. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title IV, Subtitle A, Sec. 401.

96. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title IV, Subtitle A, Sec. 402.

97. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title IV, Subtitle A, Sec. 404. Amended the *Department of Justice Appropriations Act, 2001.*

98. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title IV, Subtitle A, Sec. 403. Amends 8 U.S.C. § 1105

99. ^ [a b] USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title IV, Sec. 403. Final regulations are specified in 22 C.F.R. 40.5

100. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title IV, Subtitle A, Sec. 405.

101. ^ *National Institute of Standards and Technology*, November 14, 2002. "Use of Technology Standards and Interoperable Databases With Machine-Readable, Tamper-Resistant Travel Documents" (Appendix A)

102. ^ NIST Image Group's Fingerprint Research, see the section "NIST Patriot Act Work" (accessed June 28, 2006)

103. ^ [a b c d] USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title IV, Subtitle B, Sec. 411.

104. ^ As specified in section 140(d)(2) of the *Foreign Relations Authorization Act*, Fiscal Years 1988 and 1989; see 22 U.S.C. § 2656f(d)(2)

105. ^ [a b c d e] USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title IV, Subtitle B, Sec. 412. A new section was created by the Act — 8 U.S.C. § 1226a

106. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title IV, Subtitle B, Sec. 414.

107. ^ 8 U.S.C. § 1372(a)

108. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title IV, Subtitle B, Sec. 416.

109. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title IV, Subtitle B, Sec. 417.

110. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title IV, Subtitle B, Sec. 418.

111. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title IV, Subtitle C.

112. ^ Office of Patrick Leahy, USA PATRIOT Act Section-by-section analysis

113. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title V, Sec 501.

114. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title V, Sec 502. Amended 22 U.S.C. § 2708(b)(5)

115. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title V, Sec 502. Amended 22 U.S.C. § 2708(b)(6)

116. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title V, Sec 502. Amended 22 U.S.C. § 2708(e)(1)

117. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title V, Sec 503. Amended 42 U.S.C. § 14135a(d)(2)

118. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title V, Sec 503. Amended 50 U.S.C. § 1825

119. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title V, Sec 506.

120. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title V, Sec 507.

121. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title V, Sec 505. Amended 18 U.S.C. § 2709(b); Section 1114(a)(5)(A) of the *Right to Financial Privacy Act of 1978* (12 U.S.C. § 3414(a)(5)(A)) and Section 624 of the *Fair Credit Reporting Act* (15 U.S.C. § 1681u).

122. ^ [a b c] *Doe v. Ashcroft*, 334 F.Supp.2d 471 (S.D.N.Y. 2004) source

123. ^ USA PATRIOT and Terrorism Prevention Reauthorization Act of 2005 (U.S. H.R. 3199, Public Law 109-177) Title I, Sec. 115 & 116

124. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title VI, Subtitle A, Sec. 611.

125. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title VI, Subtitle A, Sec. 614.

126. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title VI, Subtitle B, Sec. 621

127. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title VI, Subtitle B, Sec. 622.

128. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title VI, Subtitle B, Sec. 623. Amended 42 U.S.C. § 10603(b)(1)

129. ^ 42 U.S.C. § 10603b

130. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title VI, Subtitle B, Sec. 624.

131. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title VIII, Sec. 802.

132. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title VIII, Sec. 813. Amended 18 U.S.C. § 1961(1)

133. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title VIII, Sec. 814. Amended 18 U.S.C. § 1030(e)

134. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title VIII, Sec. 801.

135. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title VIII, Sec. 817.

136. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title VIII, Sec. 803. Created 18 U.S.C. § 2339

137. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title VIII, Sec. 806. Amends 18 U.S.C. § 981

138. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title VIII, Section 805(a)(2)(B).

139. ^ a b *Humanitarian Law Project et al. v. John Ashcroft*, *Findlaw*

140. ^ a b Humanitarian Law Project (January 26, 2004). "Key Patriot Act provision ruled unconstitutional under the First Amendment". Press release. http://hlp.home.igc.org/docs/press/patact012604.html. Retrieved July 11, 2008. "January 26, 2004: The Center for Constitutional Rights announced today that a federal court in Los Angeles has declared unconstitutional a provision of the USA PATRIOT Act, enacted six weeks after the terrorist attacks of September 11, 2001. This is the first judicial ruling in the country declaring part of the USA PATRIOT Act unconstitutional. In a decision issued late Friday, U.S. District Judge Audrey Collins ruled that a ban on providing "expert advice and assistance" to terrorist groups violates the First and Fifth Amendments to the Constitution because it is so vague that it "could be construed to include unequivocally pure speech and advocacy protected by the First Amendment.""

141. ^ a b Intelligence Reform and Terrorism Prevention Act (U.S. S. 2845, Public Law 108-458), Title VI, Subtitle F, Sec. 6603.

142. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title VIII, Sec. 814.

143. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title VIII, Sec. 816.

144. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title IX, Sec. 901.

145. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title IX, Sec. 905.

146. ^ a b USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title IX, Sec. 903.

147. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title IX, Sec. 906.

148. ^ Senate Report 107-149 – "To authorize appropriations for Fiscal Year 2003 for Intelligence and Intelligence-related activities of the United States Government, the Community Management Account, and the Central Intelligence Agency Retirement Disability System, and for other purposes.", see the section "National Virtual Translation Center"

149. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title IX, Sec. 907.

150. ^ Senate Report 107-149 – "To authorize appropriations for Fiscal Year 2003 for Intelligence and Intelligence-related activities of the United States Government, the Community Management Account, and the Central Intelligence Agency Retirement Disability System, and for other purposes.", see the section "Foreign Terrorist Asset Tracking Center"

151. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title IX, Sec. 904.

152. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title IX, Sec. 908.

153. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title X, Sec. 1012.

154. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title X, Sec. 1001.

155. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title X, Sec. 1003.

156. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title X, Sec. 1004.

157. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title X, Sec. 1006.

158. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title X, Sec. 1005.

159. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title X, Sec. 1007.

160. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title X, Sec. 1008.

161. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title X, Sec. 1009.

162. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title X, Sec. 1010.

163. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title X, Sec. 1011 (a).

164. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title X, Sec. 1011 (b).

165. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title X, Sec. 1011 (c).

166. ^ USA PATRIOT and Terrorism Prevention Reauthorization Act of 2005 (U.S. H.R. 3199, Public Law 109-177), Title II ("Terrorist Death Penalty Enhancement")

167. ^ USA PATRIOT and Terrorism Prevention Reauthorization Act of 2005 (U.S. H.R. 3199, Public Law 109-177), Title III ("Reducing Crime and Terrorism at America's Seaports")

168. ^ USA PATRIOT and Terrorism Prevention Reauthorization Act of 2005 (U.S. H.R. 3199, Public Law 109-177), Title IV ("Combating Terrorism Financing")

169. ^ USA PATRIOT and Terrorism Prevention Reauthorization Act of 2005 (U.S. H.R. 3199, Public Law 109-177) Title VI ("Secret Service")

170. ^ USA PATRIOT and Terrorism Prevention Reauthorization Act of 2005 (U.S. H.R. 3199, Public Law 109-177), Title VII ("Combating Methamphetamine Epedemic Act of 2005")

171. ^ USA PATRIOT and Terrorism Prevention Reauthorization Act of 2005 (U.S. H.R. 3199, Public Law 109-177), Title I, Sec. 106

172. ^ USA PATRIOT and Terrorism Prevention Reauthorization Act of 2005 (U.S. S. 2271, Public Law 109-178), Sec. 3.

173. ^ The reauthorization of the Patriot Act Feb 2010 http://www.csmonitor.com/USA/Politics/2010/0301/Obama-signs-Patriot-Act-extension-without-reforms/

174. ^ Obama signs one year extension of Patriot Act http://www.clevelandleader.com/node/13183

175. ^ Democratic Underground - Obama signs Patriot Act http://www.democraticunderground.com/discuss/duboard.php?az=view_all&address=102x4287047

176. ^ Sections of the Patriot act that will remain as of Feb 2010 http://www.foxnews.com/politics/2010/02/27/obama-signs-year-extension-patriot-act/

177. ^ [a] [b] [c] Breshahan, Jake; Cogan, Marin (February 8, 2011). "Rank-and-file take down Patriot Act in House". *Politico*. http://www.politico.com/news/stories/0211/49126.html.

178. ^ USA PATRIOT and Terrorism Prevention Reauthorization Act of 2005 (U.S. H.R. 3199, Public Law 109-177), Title I, Sec. 115

179. ^ [a] [b] USA PATRIOT and Terrorism Prevention Reauthorization Act of 2005 (U.S. H.R. 3199, Public Law 109-177), Title I, Sec. 116

180. ^ USA PATRIOT and Terrorism Prevention Reauthorization Act of 2005 (U.S. S. 2271, Public Law 109-178), Sec. 4.

181. ^ USA PATRIOT and Terrorism Prevention Reauthorization Act of 2005 (U.S. S. 2271, Public Law 109-178), Sec. 5.

182. ^ USA PATRIOT and Terrorism Prevention Reauthorization Act of 2005 (U.S. H.R. 3199, Public Law 109-177), Title I, Sec. 118

183. ^ USA PATRIOT and Terrorism Prevention Reauthorization Act of 2005 (U.S. H.R. 3199, Public Law 109-177), Title I, Sec. 108

184. ^ *American Civil Liberties Union*, ACLU Letter to Congress Urging A "No" Vote On the USA PATRIOT Improvement and Reauthorization Act Conference Report (December 12, 2005), accessed on October 6, 2007.

185. ^ USA PATRIOT and Terrorism Prevention Reauthorization Act of 2005 (U.S. H.R. 3199, Public Law 109-177), Title I, Sec. 114

186. ^ USA PATRIOT and Terrorism Prevention Reauthorization Act of 2005 (U.S. H.R. 3199, Public Law 109-177), Title I, Sec. 107

187. ^ USA PATRIOT and Terrorism Prevention Reauthorization Act of 2005 (U.S. H.R. 3199, Public Law 109-177), Title I, Sec. 109

188. ^ USA PATRIOT and Terrorism Prevention Reauthorization Act of 2005 (U.S. H.R. 3199, Public Law 109-177), Title I, Sec. 105

189. ^ USA PATRIOT and Terrorism Prevention Reauthorization Act of 2005 (U.S. H.R. 3199, Public Law 109-177), Title I, Sec. 104

190. ^ USA PATRIOT and Terrorism Prevention Reauthorization Act of 2005 (U.S. H.R. 3199, Public Law 109-177), Title I, Sec. 112

191. ^ Yeah, Brian T.; Doyle, Charles (December 21, 2006) (PDF). *USA PATRIOT Improvement and Reauthorization Act of 2005: A Legal Analysis*. Congressional Research Service. p. 24. http://fpc.state.gov/documents/organization/78416.pdf. Retrieved July 11, 2008

192. ^ USA PATRIOT and Terrorism Prevention Reauthorization Act of 2005 (U.S. H.R. 3199, Public Law 109-177), Title I, Sec. 110

193. ^ USA PATRIOT and Terrorism Prevention Reauthorization Act of 2005 (U.S. H.R. 3199, Public Law 109-177), Title I, Sec. 111.

194. ^ USA PATRIOT and Terrorism Prevention Reauthorization Act of 2005 (U.S. H.R. 3199, Public Law 109-177), Title I, Sec. 127.

195. ^ "History of the Patriot Act". Electronic Privacy Information Center. http://www.epic.org/privacy/terrorism/usapatriot/#introduction. Retrieved July 11, 2008. "Though the Act made significant amendments to over 15 important statutes, it was introduced with great haste and passed with little debate, and without a House, Senate, or conference report. As a result, it lacks background legislative history that often retrospectively provides necessary statutory interpretation."

196. ^ "EFF Analysis Of The Provisions Of The USA PATRIOT Act That Relate To Online Activities". Electronic Frontiers Foundation. October 31, 2001. http://www.eff.org/Privacy/Surveillance/Terrorism/20011031_eff_usa_patriot_analysis.php. Retrieved October 12, 2007. "...it seems clear that the vast majority of the sections included were not carefully studied by Congress, nor was sufficient time taken to debate it or to hear testimony from experts outside of law enforcement in the fields where it makes major changes."

197. ^ Michael Moore, *Fahrenheit 9/11* (documentary). Timestamp: 01:01:39–01:01:47.

198. ^ Michael Moore, *Fahrenheit 9/11* (documentary). Timestamp: 01:02:02–01:02:15.

199. ^ Michael Moore, *Fahrenheit 9/11* (documentary). Timestamp: 01:02:35–01:02:43.

200. ^ Lithwick, Dahlia; Turner, Julia (September 8, 2003). "A Guide to the Patriot Act, Part 1". *Jurisprudence* (Slate). http://www.slate.com/id/2087984/.

201. ^ "Analysis of Specific USA PATRIOT Act Provisions: Expanded Dissemination of Information Obtained in Criminal Investigations". *Analysis*. Electronic Privacy Information Center. http://www.epic.org/privacy/terrorism/usapatriot/#Analysis. Retrieved July 11, 2008.

202. ^ "Let the Sun Set on PATRIOT – Section 206: "Roving Surveillance Authority Under the Foreign Intelligence Surveillance Act of 1978"". *USA PATRIOT/Sunset*. Electronic Frontiers Foundation. http://www.eff.org/patriot/sunset/206.php.

203. ^ Cole, David. "The Patriot Act Violates Our Civil Liberties". *Is the Patriot Act Unconstitutional?* (Microsoft Encarta). http://encarta.msn.com/sidebar_701713501/Is_the_Patriot_Act_Unconstitutional.html

204. ^ Rosenzweig, Paul. "Terrorism is not just a crime". *Patriot Debates* (American Bar Association). http://www.abanet.org/natsecurity/patriotdebates/206-2#rebuttal

205. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title II, Sec. 209.

206. ^ James X. Dempsey, "Why Sections 209, 212, and 220 Should be Modified" (undated). Retrieved October 15, 2007.

207. ^ *EFF*, "Let the Sun Set on PATRIOT – Section 209: 'Seizure of VoiceMail Messages Pursuant to Warrants'". Retrieved December 29, 2005

208. ^ Orin Kerr, "Why Sections 209, 212, and 220 Should be Modified" (undated). Retrieved October 12, 2007.

209. ^ USA PATRIOT Act (U.S. H.R. 3162, Public Law 107-56), Title II, Sec. 220.

210. ^ [a b c] *EFF*, "Let the Sun Set on PATRIOT – Section 220: 'Nationwide Service of Search Warrants for Electronic Evidence'". Retrieved October 12, 2007.

211. ^ Analysis of Specific USA PATRIOT Act Provisions: Authority to Conduct Secret Searches ("Sneak and Peek"), Electronic Privacy Information Center. Accessed December 5, 2005.

212. ^ American Civil Liberties Union (September 10, 2003). "Uncle Sam Asks: "What the hell is going on here?" in New ACLU Print and Radio Advertisements". Press release. http://www.aclu.org/safefree/patriot/16745prs20030903.html.

213. ^ "ACLU Ad On "Sneak-and-Peek" Searches: Overblown". FactCheck.org. September 21, 2004. http://www.factcheck.org/aclu_ad_on_sneak-and-peek_searches_overblown.html

214. ^ Heather Mac Donald (undated), "Sneak-and-Peek in the Full Light of Day". American Bar Association. Retrieved October 12, 2007.

215. ^ "Apology Note from the United States Government". Washington Post. November 29, 2006. http://www.washingtonpost.com/wp-dyn/content/article/2006/11/29/AR2006112901155.html?nav=rss_nation/nationalsecurity.

216. ^ *EFF*, "Let the Sun Set on PATRIOT – Section 201: 'Authority to Intercept Wire, Oral, and Electronic Communications Relating to Terrorism,' and Section 805, 'Material Support for Terrorism'". Retrieved 2007-10-12.

217. ^ Although FBI officials have a series of internal "checks and balances" that must be met before the issue of an NSL, many government officials still cried foul.most controversial parts of the legislation were the National Security Letter (NSL) provisions/nationalsecurityletters/index.html "National Security Letters main page of the ACLU". American Civil Liberties Union. http://www.aclu.org/safefreee most controversial parts of the legislation were the National Security Letter (NSL) provisions/nationalsecurityletters/index.html. Retrieved October 13, 2007.[*dead link*]

218. ^ "Let the Sun Set on PATRIOT Section 505 – National Security Letters (NSLs)". Electronic Frontiers Foundation. http://www.eff.org/patriot/sunset/505.php. Retrieved October 13, 2007.

219. ^ "EPIC: National Security Letters (NSLs)". Electronic Privacy Information Center. http://www.epic.org/privacy/nsl/. Retrieved July 11, 2008.

220. ^ "FBI Unbound: How National Security Letters Violate Our Privacy". Bill of Rights Defense Committee. http://www.bordc.org/nsl/. Retrieved July 11, 2008.

221. ^ Dunham, Richard S. (November 10, 2005). "The Patriot Act: Business Balks". BusinessWeek. http://www.businessweek.com/bwdaily/dnflash/nov2005/nf20051110_9709_db016.htm. Retrieved July 11, 2008.

222. ^ American Civil Liberties Union (September 6, 2007). "Federal Court Strikes Down National Security Letter Provision of Patriot Act". Press release. http://www.aclu.org/safefree/nationalsecurityletters/31580prs20070906.html. "NEW YORK – A federal court today struck down the amended Patriot Act's National Security Letter (NSL) provision. The law has permitted the FBI to issue NSLs demanding private information about people within the United States without court approval, and to gag those who receive NSLs from discussing them. The court found that the gag power was unconstitutional and that because the statute prevented courts from engaging in meaningful judicial review of gags, it violated the First Amendment and the principle of separation of powers."

223. ^ Eggen, Dan (September 7, 2007). "Judge Invalidates Patriot Act Provisions". Washington Post. p. A01. http://www.washingtonpost.com/wp-dyn/content/article/2007/09/06/AR2007090601438.html.

224. ^ Neumeister, Larry (September 7, 2007). "Judge Strikes Down Part of Patriot Act". London: Guardian. http://www.guardian.co.uk/uslatest/story/0,,-6903200,00.html.[*dead link*]

225. ^ C. McCarthy, Andrew. "Why Sections 214 and 215 Should be Retained". American Bar Association. http://www.abanet.org/natsecurity/patriotdebates/214-and-215-2#opening. Retrieved July 11, 2008.

226. ^ "No Patriot Check Out At Libraries". CBS News. September 18, 2003. http://www.cbsnews.com/stories/2003/08/19/national/main569135.shtml.

227. ^ "Resolution on the USA Patriot Act and Related Measures That Infringe on the Rights of Library Users". American Library Association. January 29, 2003. http://www.ala.org/Template.cfm?Section=ifresolutions&Template=/ContentManagement/ContentDisplay.cfm&ContentID=11891. Retrieved July 11, 2008.

228. ^ Kasindorf, Martin (December 16, 2003). "FBI's reading list worries librarians". USA Today. http://www.usatoday.com/news/nation/2002-12-16-librarians-usat_x.htm. Retrieved July 11, 2008.

229. ^ Murphy, Dean E. (2003-04-0). "Some Librarians Use Shredder to Show Opposition to New F.B.I. Powers". New York Times. http://query.nytimes.com/gst/fullpage.html?res=940DE7DF1338F934A35757C0A9659C8B63 . Retrieved July 11, 2008.

230. ^ "Libraries Rally Against USA Patriot Act". *Politics* (Fox News Channel). May 7, 2003. http://www.foxnews.com/story/0,2933,86167,00.html. Retrieved July 11, 2008.

231. ^ Graham, Judith (April 3, 2003). "Libraries warning patrons: Federal government may be spying on you.". Chicago Tribune.

232. ^ Ramasastry, Anita (October 5, 2001). *Indefinite detention based on suspicion: How The Patriot Act Will Disrupt Many Lawful Immigrants' Lives.* FindLaw.

http://writ.news.findlaw.com/commentary/20011005_ramasastry.html. Retrieved July 11, 2008

233. ^ Feingold, Russell (October 25, 2001). "Statement Of U.S. Senator Russ Feingold On The Anti-Terrorism Bill From The Senate Floor". http://feingold.senate.gov/speeches/01/10/102501at.html. Retrieved July 11, 2008.

234. ^ "Resolution Passed at the May 6, 2004 Special Meeting of the Berkeley Division of the Academic Senate" (PDF). University of California. http://www.universityofcalifornia.edu/senate/reports/patriotact0704.pdf. Retrieved July 11, 2008.

235. ^ "Surveillance Under the USA PATRIOT Act > Non surveillance provisions". American Civil Liberties Union. April 3, 2003. http://www.aclu.org/safefree/general/17326res20030403.html. Retrieved July 11, 2008.

236. ^ "Patriot Act will prevail over B.C. privacy legislation". October 29, 2004. http://www.nupge.ca/news_2004/n28oc04d.htm. Retrieved March 6, 2008.

237. ^ "USA Patriot Act comes under fire in B.C. report". *CBC News*. October 30, 2004. http://www.cbc.ca/canada/story/2004/10/29/patriotact_bc041029.html. Retrieved March 6, 2008.

238. ^ [a] [b] "British Columbia Responds to USA Patriot Act with Tough New Rules on How Service Providers Manage Public Sector Data". November 11, 2004. Archived from the original on May 6, 2006. http://web.archive.org/web/20060506011905/http://www.osler.com/resources.aspx?id=8241. Retrieved March 6, 2008.

239. ^ "Hosting Sensitive Data? Canada May be the Answer". *Internet Industry Watch*. November 25, 2010. http://www.internetindustrywatch.com/2010/11/hosting-sensitive-data-canada-may-be-the-answer/. Retrieved December 7, 2010.

240. ^ "Protection of Privacy Legislation Proclaimed". November 15, 2006. http://google.com/search?q=cache:eDeYdfYYV7sJ:www.gov.ns.ca/news/details.asp%3Fid%3D20061115005+nova+scotia+patriot+act&hl=en&ct=clnk&cd=6&gl=us. Retrieved March 6, 2008.

# Останата литература користена во делот од Патриотскиот закон на САД

## Извадоци од законски осврти

- Chesney, Robert M. "The Sleeper Scenario: Terrorism Support Laws and the Demands of Prevention". *Harvard Journal on Legislation* (2005).

- Gouvin, Eric J. "Bringing Out the Big Guns: The USA PATRIOT Act, Money Laundering and the War on Terrorism". *Baylor Law Review* 55 (2003): 955.

- Kerr, Orin. "Digital Evidence and the New Criminal Procedure". *Columbia Law Review* (2005).

- Mojuyé, Benjamin, "What Banks Need to Know About the PATRIOT Act", 124 *Banking L.J.* 258, 258 (2007).

- Slovove, Daniel J. "Fourth Amendment Codification and Professor Kerr's Misguided Call for Judicial Deference". *Fordham Law Review* 74 (2005).

- Van Bergen, Jennifer. "In the Absence of Democracy: The Designation and Material Support Provisions of the Anti-Terrorism Laws". *Cardozo Pub. [?] Law Policy & Ethics Journal* 2 (2003): 107.

- Wong, Kam C. "Implementing the USA PATRIOT Act: A Case Study of the Student and Exchange Visitor Information System (SEVIS)". *Brigham Young University Education and Law Journal* 2 (2006).

- Wong, Kam C. "The making of the USA PATRIOT Act I: Legislative Process and Dynamics". *International Journal of the Sociology of Law* 34.3 (2006): 179–219.

- Wong, Kam C. "The making of the USA PATRIOT ACT II: Public Sentiments, Legislative Climate, Political Gamesmanship, Media Patriotism". *International Journal of the Sociology of Law* 34.2 (2006): 105–140.

- Wong, Kam C. "USA PATRIOT Act and a Policy of Alienation". *Michigan Journal of Minority Rights* 1 (2006): 1–44.

- Wong, Kam C. "USA PATRIOT Act: Some Unanswered Questions". *International Journal of the Sociology of Law* 43.1 (2006): 1–41.


## Книги


- Brasch, Walter. *America's Unpatriotic Acts: The Federal Government's Violation of Constitutional and Civil Rights.* Peter Lang Publishing , 2005. ISBN 0820476080 (A long list of civil rights abuse claims by the Bush Administration inside the United States and other countries.)

- Cole, Dave, and James X. Dempsey. *Terrorism and the Constitution: Sacrificing Civil Liberties in the Name of National Security.* 2nd ed. New York: W. W. Norton & Co., 2002. ISBN 1-56584-782-2. (Full discussion of prior legislative history of the Act, going back more than ten years.)

- Harvey, Robert and Hélène Volat. *De l'exception à la règle. USA PATRIOT Act* "DE L'EXCEPTION À LA RÈGLE : USA PATRIOT ACT" : Robert Harvey et Hélène Volat. Paris: Lignes, 2006. 215 p.

- Mailman, Stanley, Jeralyn Merritt, Theresa M. B. Van Vliet, and Stephen Yale-Loehr. *Uniting and Strengthening America by Providing Appropriate Tools Required to Intercept and Obstruct Terrorism (USA Patriot Act) Act of 2001: An Analysis.* Newark, NJ and San Francisco, CA: Matthew Bender & Co., Inc. (a member of the LexisNexis Group), 2002. (Rel.1-3/02 Pub. 1271) ("An expert analysis of the significant changes in the new USA Patriot Act of 2001 [which]...track[s] the legislation by section, explaining both the changes and their potential impact with respect to: enhanced surveillance procedures;money laundering and financial crimes; protecting the border; investigation of terrorism; information sharing among federal and state authorities; enhanced criminal laws and penalties for terrorism offenses, and more.")

- Michaels, C. William. *No Greater Threat: America Since September 11 and the Rise of the National Security State.* Algora Publishing, Completely Updated for 2005. ISBN 0-87586-155-5. (Covers all ten titles of the USA PATRIOT Act; Includes review and analysis of: Homeland Security Act, "PATRIOT Act II," Intelligence Reform and Terrorism Prevention Act, Supreme Court decisions, "National Strategy" documents, 9-11 Commission recommendations, and various ongoing developments nationally and internationally in the "war on terrorism.")

- Phelan, James Clancy; PATRIOT ACT, Hachette, ISBN 978-073-362283-0; 2007.

- Van Bergen, Jennifer. *The Twilight of Democracy: The Bush Plan for America.* Common Courage Press, 2004. ISBN 1-56751-292-5. (A constitutional analysis for the general public of the USA PATRIOT Act and other administrative measures, with the first half of the book spent on principles of democracy and constitutional law.)

- Wong, Kam C. "The Impact of USA Patriot Act on American Society: An Evidence Based Assessment" (N.Y.: Nova Press, 2007) (In print)

- Wong, Kam C. "The Making of USA Patriot Act: Legislation, Implementation, Impact" (Beijing: China Law Press, 2007) (In print)

## Владини извори

- "The USA PATRIOT Act: Preserving Life and Liberty" by the Department of Justice
- "The USA PATRIOT Act," the full text

2005 renewal

- H.R. 3199, Bill Summary and Status

Supportive views

- The Patriot Act and Related Provisions: The Heritage Foundation's Research
- Patriot Hysteria — The Zacarias Moussaoui Protection Act, article by Rich Lowry, National Review
- The Patriot Act under Fire by law professors John Yoo and Eric Posner, December 23, 2003
- The Patriot Act, Reauthorized, JURIST

## Критички осврти

- PATRIOT Games: Terrorism Law and Executive Power, JURIST
- American Library Association's Resolution on the PATRIOT Act
- "War on Terror" Human Rights Issues *Amnesty International USA*
- "Jennifer Van Bergen, Repeal the USA PATRIOT Act". Archived from the original on February 28, 2007. http://web.archive.org/web/20070228064707/http://truthout.com/docs_02/04.02A.JVB.Patriot.htm. A six-part series analyzing the Act.
- Beware of the "Domestic Security Enhancement Act" by activist group ReclaimDemocracy.org
- Thousands dead, millions deprived of civil liberties?, by Richard Stallman, September 17, 2001
- Sneak and Peek Search Warrants
- Analysis of the USA PATRIOT Act: PEN American Center
- League of Women Voters' Resources on the USA PATRIOT Act and Individual Liberties
- "The Chains of the Constitution and Legal Process in the Library: a Post-Patriot Reauthorization" by Susan Nevelow Mart, Hastings College of the Law

## Останато

- National Security and Freedom A series of short readings exploring historical and current issues of national security from Constitutional Rights Foundation.
- Patriot Act news and resources, JURIST
- Phillips, Heather A., "Libraries and National Security Law: An Examination of the USA Patriot Act". Progressive Librarian, Vol. 25, Summer 2005
- More on Wikipedia and its PATRIOT Act overview; Volokh Conspiracy, Orin Kerr